УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ

Докторска дисертација

**Тема:**

# ГРАНИЦИ НА СЛОБОДАТА НА ТВОРЕШТВОТО ВО ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО - ГРАЃАНСКО ПРАВНИ АСПЕКТИ

Кандидат: Вероника Рашковска

Ментор: проф.д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска

Скопје, јуни 2021

***На Дамјан и Миа. На Буби. На мајка ми. На нана ми и дедо ми. На себе и за себе и сѐ она коешто немаше да бидам да не е нивната несебична љубов и поддршка.***

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ..................................................................................................... 7
ДЕЛ ПРВИ - ПОИМ ЗА ПРАВОТО НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ/ ТВОРЕШТВО, ОСНОВИ ЗА НЕГОВО ОГРАНИЧУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО - НОРМАТИВНА РЕГУЛИРАНОСТ ВО РАМКИТЕ НА ЕУ И ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ ........................................................................ 20

1 ГЛАВА 1 - ДИГИТАЛНО НОВИНАРСТВО - ПОИМ, КАРАКТЕРИСТИКИ И НОВИ СОСТОЈБИ ........................................................................ 21
1.1 Поим за дигитално новинарство ........................................ 21
1.2 Историски осврт на дигиталното новинарство ........................ 24
1.3 Видови на дигитално новинарство ........................................ 26
1.4 Етички принципи во дигиталното новинарство ........................ 31

2 ГЛАВА 2 - СЛОБОДА НА ТВОРЕШТВО И СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ДИГИТАЛНИОТ МЕДИУМСКИ ПРОСТОР - ЕДНАКВОСТ ИЛИ РАЗЛИЧНОСТ? .. 36
2.1 Поим на слободата на изразување ........................................ 36
2.2 Дали слободата на изразување треба да се ограничи? ................ 40
2.3 Нормативно уредување на слободата на изразување со меѓународните правни инструменти ........................................ 45
2.4 Односот на правото на слобода на изразување со другите човекови права ........................................................................ 52
2.4.1 Слободата на творештво како дел од слободата на изразување. ........................ 52
2.4.2 Слободата на изразување и правото на приватност ........................ 54
2.4.3 Слободата на изразување и правото на интелектуална сопственост ........................ 55
2.4.4 Слободата на изразување и правото на трговска марка ........................ 55
2.5 Слобода на творештво во дигиталното новинарство ........................ 57

3 ГЛАВА 3 - ГРАНИЦИ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ........................................ 61
3.1 Оправданост и нормативна регулираност на ограничувањата на слободата на изразување со меѓународни правни инструменти ................ 61
3.2 Ограничување на правото на слобода на изразување водено од страна на Интернет агрегаторите и големите компании ........................ 68

4 ГЛАВА 4 - ГРАНИЦИТЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО РАМКИТЕ НА КОНЦЕПТОТ НА САМОРЕГУЛИРАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ........................................ 84
4.1 Поим и карактеристики на саморегулирањето на медиумите ............ 84
4.2 Саморегулацијата во рамките на Европската Унија ........................ 94

4.3 Правна регулација наспроти саморегулација ........................................ 96

5 ГЛАВА 5 - ПОЈАВАТА НА ШИРЕЊЕ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ ВО ИНТЕРНЕТ ПРОСТОРОТ КАКО ОСНОВА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ........................................ 99
5.1 Дефинирање на поимот „лажни вести“ и поимот ,,погрешни информации“ ........................................ 100
5.2 Начини на споделување на информации и веста и разликите помеѓу нив ........................................ 101
5.3 Борбата против лажните вести преку технологијата и на корсниците ........................................ 108

6 ГЛАВА 6 - РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО ПРАВНИТЕ СИСТЕМИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ ........................................ 114
6.1 Регулирање на правото на слобода на изразување во земјите од регионот водена од страна на ОБСЕ и оценка од страна на Европската Комисија ........................................ 114
6.1.1 Република Албанија ........................................ 116
6.1.2 Босна и Херцеговина ........................................ 121
6.1.3 Црна Гора ........................................ 126
6.1.4 Република Србија ........................................ 132
6.1.5 Република Косово ........................................ 138

7 ГЛАВА 7 - РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО НИЗ ПРИЗМАТА НА НЕГОВИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА ОД ГРАЃАНСКО ПРАВЕН АСПЕКТ ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........................................ 142
7.1 Последици од донесувањето и имплементацијата на Директива 2001/29 / ЕЗ за усогласување на одредени аспекти на авторското право и сродни права во информатичкото општество од 22 мај 2001 година ........ 143
7.2 Осврт кон Директивата 2019/790 ЕУ за авторско правна заштита на дигиталниот единствен пазар од 17.05.2019 година. ........................................ 147

ДЕЛ ВТОРИ - НОРМАТИВНА РЕГУЛИРАНОСТ И ОСНОВИ ЗА ОГРАНИЧУВАЊА НА СЛОБОДАТА НА ТВОРЕШТВОТО КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................................ 162

1 ГЛАВА 1 - ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НЕГОВИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА ........................................ 163

1.1 Нормативна поставеност на правото на слобода на изразување во Република Северна Македонија ..... 163
1.2 Ограничување на правото на слобода на изразување - национална безбедност ..... 169
1.3 Ограничувања на правото на слобода на изразување - Заштита на деловна тајна, заштита на јавниот морал и заштита на авторското право 169

2 ГЛАВА 2 - ПРАВНА НОРМИРАНОСТ И АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ОДНОС НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНАТА ЗАШТИТА ОД КЛЕВЕТА И НАВРЕДА КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.. 171
2.1 Појава, поим и нормираност на институтите клевета и навреда во правниот систем на Република Северна Македонија..... 171
2.2 Клеветата и навредата во светлото на Законот за облигациони односи и Законот за парнична постапка ..... 181
2.3 Преглед на актуелна состојба во правниот систем на РСМ по повод граѓанска одговорност за клевета и навреда кај дигитални медиуми - анализа и приказ на релевантни експертски мислења и приказ на примери од судската пракса (анонимизирани) ..... 184

3 ГЛАВА 3 - АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА - ГРАНИЦИ ИЛИ ПРОШИРУВАЊА НА ОБЕМОТ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО РАМКИТЕ НА ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО – ПРАВНА РЕАЛНОСТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА..... 206
3.1. Историска појава и регулираност на авторското право и сродните права со меѓународните правни инструменти и ЕУ законодавството..... 206
3.2 Поим и нормираност на авторско право и сродни права за електронски медиуми во РСМ ..... 209
3.3 Преглед на актуелна состојба во правниот систем на РСМ на односот авторско право и сродни права и право на слобода на творештво кај дигитални медиуми - приказ на релевантни експертски мислења и приказ на примери од судската пракса (анонимизирани) ..... 227

4 ГЛАВА 4 – САМОРЕГУЛИРАЊЕТО И САМОЦЕНЗУРИРАЊЕТО НА ДИГИТАЛНИТЕ МЕДИУМИ – ТЕКОВНИ СОСТОЈБИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА..... 245

ДЕЛ ЧЕТВРТИ - ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКО ТЕХНОЛОШКО РЕШЕНИЕ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ШИРЕЊЕ НА ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ ВО НАШАТА ЗЕМЈА, КАКО И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА НАЦРТ ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ..... 264

1 ГЛАВА 1 - ИНФОРМАТИЧКО ТЕХНОЛОШКО РЕШЕНИЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРОБЛЕМОТ НА ШИРЕЊЕ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР - СИМБИОЗА ПОМЕЃУ ПРАВОТО И ТЕХНОЛОГИЈАТА, КОМПРОМИС

ПОМЕЃУ ПРАВОТО НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ДРУГИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ........ 265
1.1 Информатичко-технолошко решение за разграничување на творештвото од копирање и разграничување на известувањето од лажните вести ........ 266
1.1.1 Модул за публикување на новинарски текст ........ 267
1.1.2 Време на веста ........ 269
1.1.3 Место на случување ........ 270
1.1.4 Возраст за која е наменет текстот ........ 271
1.1.5 Област во која се пишува ........ 272
1.1.6 Степен на сензационалност ........ 273
1.1.7 Модул за уредување на текст ........ 275
1.1.8 Дозвола за линкување на текстови ........ 280
1.1.9 Поднесување на тужби и жалби преку електронскиот систем ........ 281
1.1.10 Графичко уредување на новинраски текст и негово преземање на порталите ........ 284
1.1.11 Контролирање на текстовите во системот „кон надвор“ ........ 287
1.2 Прекершочни одредби ........ 288
1.3 Примена на системот од страна на судовите ........ 291
2 ГЛАВА 2 - НАЦРТ ЗАКОН ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ ........ 297
ЗАКЛУЧОК ........ 304
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 315

# ВОВЕД

Несомнено е дека новите технологии се веќе дел од секојдневието на значителен дел од човечката популација, па во такви услови активниот и пасивниот пристап до информациите е од особена важност и достигнува неверојатна вредност. Ако на ова надоврземе дека демократијата е правопропорционална со слободата на изразување во една земја, проучувањето на границите на слободата на изразување во дигититалното новинарство се чини дека е особено важна и актуелна тема. Точната, правовремена и брза информација може да спаси животи, да делува позитивно на здравјето, бизнисот, образованието, всушност, таа е во функција на остварување на сите универзално признати човекови права. Брзи информации денес, на глобално ниво се добиваат преку користење на информациските технологии, во дигиталниот простор со конвергенција на сите познати медиуми, за известување на јавноста. Притоа, ваквата интеракција повеќе не е привилегија само на мала технократска и информатичко-технолошки добро поткована група, туку пристапот до информации на интернет и активното учество во споделување, но и во креирање на информациите, коишто се шират со голема брзина секаде во светот станува технолошки овозможено и пристапно речиси за секаков човечки профил. Оттука, станува јасно дека дигиталниот простор може да се користи и за глобално влијание со негативни цели, што се остваруваат со ширење на дезинформации, споделување на лажни вести, спроведување на негативни политички влијанија, поттикнување на насилство, омраза и секаков вид на дискриминација. Пронаоѓање на вистинскиот баланс помеѓу остварувањето на демократијата преку слободата на изразување и воспоставување на вистински граници на оваа слобода, за да не премине во повреда на останатите универзални човекови права, се наметнува како императив на актуелниот момент, особено во дигиталниот простор. Формулата за пресметување на брзината на ширење на информациите на интернет, не е иста со формулата по која се пресметува брзината со која нормативните акти ја следат оваа појава. Дури и при исти импутни вредности (исти човечки капитал, исти материјални средства, ист пристап до материјални ресурси и исто потрошено време), резултатот е секогаш поголем во корист на ширењето на информациите, наспроти нормативната динамика. Тоа создава одредени проблеми, особено при ширењето на лажните вести.

Актуелноста на ова прашање се согледува и низ перманентните активности на Европската Унија на планот на зајакнување на слободата на медиумите и јакнење на демократијата. Покрај многуте други активности на Комисијата, Советот и Парламентот[1] за одбележување е дека Европскиот парламент на 15 ноември 2020 година донесе и Резолуција за јакнење на слободата на медиумите, заштита на новинарите во Европа, говорот на омраза и дезинформации и улогата на платформите.[2]

Поаѓајќи од насловот на докторската дисертација „Границите на слободата на творештвото во дигиталното новинарство – граѓанско-правни аспекти“ се наметнува како императив во трудот да проучиме и истражиме неколку институти и тоа „дигиталното новинарство“ и „слободата на творештвото и нејзините правни граници“, притоа фокусот да ни биде ставен кон граѓанско-правните аспекти, приватно-правните граници, а не исклучиво кон јавно-правната димензија на ова прашање. Секако, како што укажавме, мора да имаме предвид дека правото, понекогаш доцни во однос на развојот на новите технологии и дека понекогаш класичните правни институти се недоволни и неприменливи, а разграничувањата на приватно правните и јавно правните ограничувања на слободата на изразувањето особено во дигиталната сфера стануваат сосема непрепознатливи. За да се зголеми степенот на информираност, за да се поттикне слободата на известувањето и со тоа да се јакне демократијата, современата правна рамка која се однесува на слободата на изразување во дигиталната сфера се темели на што помала интервенција на државите и јавната власт и акцентот се става врз саморегулацијата - етичките кодекси и приватно-правната заштита. Меѓутоа, не треба да се направи длабинска анализа за да се разбере дека во определени ситуации кога е неопходно да се заштитат безбедноста, здравјето, универзалните човекови права, да се спречи говорот на омраза, поттикнување на насилство, заштита на децата, дискриминација, границата на

---

[1] 2030 Agenda for Sustainable Development and the commitments set out therein, inter alia promoting peaceful and inclusive societies for sustainable development, including by ensuring public access to information and protecting fundamental freedoms,; Commission communication of 26 April 2018 entitled ‘Tackling online disinformation: a European approach’ (**COM(2018)0236**); Commission’s Code of Practice to fight online disinformation, agreed on 26 September 2018,; Commission’s Action Plan against Disinformation of 5 December 2018,; Commission’s Code of Conduct on Countering Illegal Hate Speech Online, launched in May 2016 and to its fourth evaluation round, resulting in the document ‘Factsheet – 4th monitoring round of the Code of Conduct’,

[2] European Parliament resolution of 25 November 2020 on strengthening media freedom: the protection of journalists in Europe, hate speech, disinformation and the role of platforms (2020/2009(INI) https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2020-0320_EN.html (посетено на 23 декември 2020)

слободата на изразување се воспоставува со правни правила кои се императивни и содржани во закони. Меѓутоа, овие граници секогаш мора да се јасни и предвидени во закон за да не дојде до ситуација слободата на изразување неоправдано да се ограничува. Декриминилизација на клеветата и навредата, преку кои се штитат честа и угледот се оценува дека исто така, придонесуваат кон слобода на изразувањето. Секако, треба да се надминат состојбите на закани кон новинарите за висок надомест на штета, во случаи кога се водат постапките за заштита од клевета и навреда, што можат да влијаат за поголема автоцензура и страв од темелно истражувачко новинарство. Слободата на изразувањето не треба да ги повредува ни правата на интелектуална сопственост. Виртуелниот свет во кој лесно се достапни авторски дела и други креативни творби што уживаат заштита врз основа на правото на интелектуална сопственост, не треба да бидат поттик за злоупотреба. Информациите кои денес најчесто се во форма на аудиовизуелни дела, пропратени со текст што најчесто не е само симплифицирана, буквална вест, туку содржи и оригинални креативни коментари на авторот, фотографиите и слично, не би смееле да бидат преземани и пренесувани во функција на слободата на изразувањето, без согласност на авторот.

Во функција на главната хипотеза на трудот и истражувачките потхипотези што ќе бидат подетално образложени сметаме дека треба да најдеме одговор на прашањето: „Дали постои конфликт помеѓу: 1. слободата на творештвото; 2.слободниот пристап на информации; 3. авторското право; 4. правото на заштита на приватноста и посебно честа и угледот во дигиталното новинарство“. Исто така, очекуваме да ги појасниме сигнификантните граници и да укажеме на дилемите на регулаторите за наоѓање на вистинскиот баланс во судирите на две или повеќе човекови права како на пример: од една страна, слободата на творештвото, од друга страна, личните права на луѓето, од една страна слободниот пристап до информациите, од друга страна, заштитата на авторското право на творците, што ќе биде особено голем предизвик затоа што сите тие имаат огромно значење за човештвото, нивниот сензитивен однос се комплицира уште повеќе со дигитализацијата, а решенијата што ги нудат правните прописи во одделни случаи доведуваат до разлики во спроведувањето заштита на секое од овие права во практиката.

Слободата на творештвото и нејзините граници ќе ги проучуваме ограничено во рамките на дигиталното новинарство, затоа најнапред ќе се обидеме да дадеме одговор на

прашањето што е тоа дигитално новинарство. Иако не може да се најде јасна дефиниција за тоа што всушност претставува дигиталното новинарство, најшироко прифатена е онаа која го дефинира како каква било форма на новинарска содржина која е објавена на интернет. Се поставува и прашањето: кој денес може да се смета за „новинар“, дали кога зборуваме за дигитално новинарство зборуваме за професионално новинарство во класична смисла. Денес, во дигиталната ера секој има право на слобода на изразување, право да бара, добива и да испраќа информации независно од границите – а, се чини дека тоа е основен опис на работата на еден новинар. Во основа, дали некој се смета за новинар, не е релевантно за остварувањето на правото на слобода на изразување (творештво) или продуцирањето и објавувањето на содржината на интернет. Во дигиталната сфера со користење на новите технологии границите меѓу она што значи професионално новинарство и таканареченото граѓанско новинарство, не се цврсти. Определени содржини се прават од повеќе автори, што понекогаш е тешко да се идентификуваат и се шират понатаму [3].

Првата клучна промена во новата дигитална ера всушност, е порастот на бројот на медиуми и други објавувачи на информации. Пред нешто повеќе од една деценија, било неопходно да постои печатница, телевизиско студио или радиостаница, вклучувајќи и трансмитери за да се пренесе една порака. Денеска, интернетот овозможува сите медиуми да се дистрибуираат истовремено на еден единствен уред. Аналогните медиуми се заменети со дигиталните технологии и претходно се комбинираат одделните медиумски формати како што се: текст, аудиозапис, слики и видеозаписи во мултимедијална содржина. Интернетот овозможува лесно отворање на онлајн медиум со релативно низок трошок, што доведува до значајна демократизација на пристапот до технологиите за масовна комуникација. Циклусите за објавување на информациите во утврдени термини заменети се со отворен 24-часовен модел на инстантно информирање. Корисниците и граѓаните добиваат можност да објавуваат информации директно, без посредништво на новинарите и медиумите, а истовремено се појавуваат „нови форми на новинарство кои се непосредни и интерактивни“. Интернетот и информациско-комуникациските технологии создадаваат „четврт вид новинарство“, т.н. „кибер новинарство“, односно „дигитално новинарство“ или „онлајн новинарство“, кое се надоврзува на печатеното, радиското и

---

[3] https://www.osce.org/files/f/documents/3/5/316166.pdf (посетено на 16.08.2021)

телевизиското новинарство. Медиумската сфера постапно се преобликува во комуникациски простор кој го споделуваат новинари, јавни личности, аналитичари и експерти, како и корисници на социјалните мрежи, твитерџии, блогери и граѓански новинари. Преку објавување информации на дигиталните платформи сите тие имаат директен достап до масовната публика. Со појавата на блоговите и социјалните мрежи, објавувањето станува бесплатно. Кога ова го ставаме во контекст на нашата тема можеме да кажеме дека преку дигиталното новинарство, кое подразбира, како што видовме, мултипликација на извори на информации и воедно брз проток на информации, всушност, се обезбедува правото на корисниците на пристап до информацијата. Дигиталното новинарство, онлајн новинарството обезбедува остварување на правото луѓето да бидат информирани, да имаат пристап до информацијата поефтино и побрзо отколку преку печатените или радио и телевизиски медиуми.[4] Меѓутоа, иако ова може да се смета како голема предност, ваквото ново новинарство може да доведе до загрозување на други човекови права како што е правото на приватност. Како важен проблем кој се јавуваа во новиот вмрежен медиумски систем е известувачкиот сензационализам чии жртви се не само етичките стандарди, туку и приватноста, угледот и честа на поединци и разни социјални групи. При зголемен економски притисок и конкуренција, медиумите често посегаат по секакви средства за привлекување на публиката, во т.н. „борба за кликови“ создавајќи нова „економија на привлекување внимание“. Сериозен проблем е и вештата манипулација со визуелните содржини, овозможена од лесната достапност на технологија и софтвер за едитирање на фотографии и видеа.[5] Тука доаѓаме до судирот помеѓу слободата на творештвото и правото на приватност и заштита на честа и угледот на граѓаните, како и правото на граѓаните да имаат пристап до точна и вистинита, а не лажна информација. Границата која мора да се почитува за слободата на творештвото во дигиталната сфера, во услови кога нема класично професионално новинарство кое има повеќестепеност во проверката на информациите (најмалку двостепеност преку уредништвото), е со споделената информација да не се повредува приватноста, честа и

---

[4] Џигал С. „*Поголема одговорност или засилена пропаганда: новинарската етика во дигиталната ера*“Институт за комуникациски студии Висока школа за новинарство и за односи со јавноста 2017г.
[5] Џигал С. „*Поголема одговорност или засилена пропаганда: новинарската етика во дигиталната ера*“Институт за комуникациски студии Висока школа за новинарство и за односи со јавноста 2017г.

угледот на граѓаните и воедно тие да не бидат манипулирани и измамени. Брзото ширење на вестите во дигиталното опкружување носи уште една опасност, опасност од повреда на авторското право и сродните права. Преземањето на туѓи текстови, фотографии, аудиовизуелни дела и слично, станува многу лесно во дигиталната сфера со „copy paste“ технологијата при што, може да дојде до повреда на авторското и сродните права доколку содржините се преземаат без дозвола на авторот и носителите на сродните права.

Воведните напомени укажуваат на комплексноста на истражувачката тема. Слободата на творештвото преку слободата на изразување, може да биде филозовска тема, но нашиот интерес ќе биде фокусиран на правните аспекти и ќе ја разработиме како граѓанско, универзално човеково право. Слободата на творештвото е сама по себе контрадикторна, затоа што ова граѓанско човеково право, кое најчесто се гарантира во највисокиот акт на националните држави, Уставот, не може да биде над другите права, ограничено е со другите граѓански права, што значи дека авторите и творците мораат да ги почитуваат другите човечки, универзални права на другите во зедницата на која ѝ припаѓаат. Слободата на творештвото, значи дека творештвото нема да биде цензурирано од власта на државата во смисла да бидат забранети одредени содржини, но сепак, творештвото не смее да биде спротивно на моралот, да повикува на омраза, да повредува туѓи права. Слободата на творештвото се ограничува и со самоцензурата на авторите, што повторно е резултат на заедницата во која тие живеат и творат. Од друга страна, предмет на наш интерес ќе биде слободата на творештвото во дигиталната сфера. Дигиталната сфера пак, значи присуство на содржините на глобално ниво, надвор од заедницата во која творецот создава, што носи нови проблеми бидејќи од правен аспект, како и од морален, определени содржини во одредени средини се дозволени, а во други се сметаат за недозволени. Третото ниво што го отежнува нашето проучување е фактот што дигитализацијата носи децентрализација на разменување на вести помеѓу граѓаните, од кои секој е доволно технички опремен, што во еден миг може да сними, обработи, прати информација на другиот крај на светот, што на новинарите им претставува тежок предизвик. Оваа можност на технологијата го отвора прашањето дали и како новинарската професија ќе опстане? Предмет на нашиот интерес ќе биде токму дигиталното новинарство. И на крајот, дигиталното новинарство и слободата на творештвото ќе ги

разработиме низ призмата на граѓанското право во најширока смисла. Новинарите и оние кои ги пренесуваат информациите можат да повредат туѓи приватни права и нивните вести да подлегнат на граѓанско правна заштита за повреда на приватноста, за нарушување на честа и угледот, за повреда на авторско или сродни права, за носење на неинформирани одлуки поради лажните вести и трпење на штета од тоа. Меѓутоа, кога станува збор за дигиталното новинарство, секако треба да се има предвид и знаењето на новинарите за сопствените права vis a vis правото да ги заштитат своите извори, заштита на сопствениот интегритет, познавањето на современите технологии и техничките начини на кои тие можат да ги заштитат своите податоци, вести, изворите на информации, да ги извршат потребните проверки, како и да ги познаваат правните механизми за заштита на своите авторски дела, сопствена заштита од лажни вести и превенција на нивно ширење.

Предмет на проучување на оваа дисертација е слободата на изразување во дигиталниот медиумски простор и нејзините граници во современиот правен поредок. Воедно во докторскиот труд се проучуваат предностите и слабостите на правната и технолошката заштита од плагијатите и од лажните вести во дигиталниот медиумски простор. Со оглед на претензијата на нашата држава за членство во Европската Унија и потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европските заедници и нивните земји-членки (ССА)[6] и обврската постојано да го усогласуваме нашето законодавство со новините содржани во правните прописи на Европската Унија, од особен интерес за нашата тема ќе бидат повеќе правни прописи на ЕУ. Покрај Директивата 2001/79 ЕЗ на Европскиот парламент и совет за усогласување на одредени аспекти и сродни права во информациското општество[7], од наш непосреден интерес се новините во правната рамка на електронските комуникации на Европската Унија содржани во Директивата 2018/1972 ЕУ на Европскиот парламент и Советот за Европскиот законик за електронски комуникации[8], како и новините содржани во Директива (ЕУ) 2019/790 на Европскиот парламент и на Советот, за авторско право и сродните права на Единствен дигитален пазар и за изменување и дополнување на Директивите 96/9 / ЕЗ и 2001/29 / ЕК

---

[6] Република Македонија е првата земја која потпиша ССА и првата земја во која ССА стапи во сила. ССА била потпишана на 9 април 2001 година во Луксембург и по нејзината ратификација од сите потписници, стапи во сила на 1 април 2004 година.

[7] ELI: http://data.europa.eu/eli/dir/2001/29/2019-06-06

[8] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/PDF/?uri=CELEX:32018L1972&from=EN

од 17.04.2019 година (во понатамошниот текст Директива 2019/790 ЕУ)[9]. Имено, со оваа Директива за која најнапред три години жестоко се дискутираше во ЕУ, се воведува ново сродно на авторското право, право кое им припаѓа на издавачите на информативните публикации кои ги опфаќаат издавачите на вести и новинарски агенциии кога објавуваат информативни публикации, но и на самите автори и други носители на права во вид на определен надомест за пласирање на нивните вести. Директивата 2019/790 ЕУ е особено битна за нашата тема бидејќи мерките предвидени во оваа Директива 2019/790 ЕУ се однесуваат на големите интернетски платформи и сервиси за собирање на вести или услуги за следење на медиуми како што се сервисот на Гугл (Google), Google News, а на кои со оваа Директива им се наметнува обврска за обезбедување на соодветен надомест за носителите на авторското право и сродните права чии дела се искористуваат за комерцијални цели. Имено, таквите платформи и сервиси функционираат на деловен модел за собирање и повторно користење на информативни публикации, што им овозможува остварување на значителни приходи. За да се обезбеди одржливост на издавачката индустрија, квалитетот на новинарството и да се поттикне пристапот на граѓаните кон сигурни информации, Директивата 2019/790 ЕУ има за цел да обезбеди давање на усогласена правна заштита на информативните публикации наспроти интернетските користења на давателите на услугите на информациското општество, при што не се влијае на постоечките правила за авторското право во правото на Европската Унија кои се применуваат на приватни или некомерцијални користења на информативните публикации на поединечни корисници, вклучувајќи ги и корисниците што делат информативни публикации на интернет. Во таа смисла, Директивата 2019/790 предлага воведување на сродно право на авторското право во однос на користење (репродуцирање и ставање на располагање на јавноста) на информативни публикации на издавачите кои имаат деловно седиште во една од државите членки, во однос на интернетските користења на давателите на услуги на информациското општество, а сето тоа за да се овозможи законито користење на заштитените содржини и остварување приходи на самите носители на права. Притоа, користењето не значи користење на севкупната информација, туку и на делови од информативните публикации или статии, при што користењето само на определени зборови или многу куси извадоци би требало да

[9] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/HTML/?uri=CELEX:32019L0790&from=EN.

биде исклучено од подрачјето на примена на правилата предвидени во Директивата 2019/790 ЕУ.

Предмет на проучување на оваа дисертација се и правните институти за заштита на честа и угледот на поединецот и правото на слобода на изразување како глобално и правно признаени ограничувања на правото на слобода на изразување, при што во текстот на оваа докторска дисертација претставени се нивните поими, правна регулираност, декриминализација на овие институти, како и нивната поставеност и состојби во рамките на правниот систем на Република Северна Македонија.

Во насока на истражувањето се врши и анализа на судски случаи во рамките на нашиот правен систем започнувајќи од декриминализацијата на овие два институти и анализа на позициите на судиите добиени преку интервјуа со судии кои постапувале по судски предмети од оваа област, а сè со цел расветлување на судирот помеѓу правото на слобода на изразување и слобода на печат и правото на приватност и други приватни права и докажување на главната хипотеза.

Детално се разгледува и поставеноста на авторското право и сродните права и нивното остварување на полето на дигиталното новинарство, а сè со цел остварување на правото на слободата на изразување. Претставени се и правно позитивните решенија во нашиот правен систем кои се однесуваат на оваа проблематика, како и судски случаи од нашата пракса во однос на истото.

Предмет на оваа докторска дисертација е и претставување и анализа на проблемот на ширење на лажните вести во интернет просторот како една од причините за ограничување на слободата на изразување и слободата на печатот. Честопати дигиталните медиуми со цел поголема читаност и заработка, објавуваат спектакуларни вести кои воопшто немаат поврзаност со реалните состојби и случувања. Од таа причина се разгледуваат и анализираат правните решенија во рамките на правниот систем на Република Северна Македонија во однос на регулирање на границите на слободата на изразување во дигиталниот медиумски простор, гледано низ призмата на саморегулирањето на медиумите.

Имајќи ја предвид комплексноста на темата, докторската дисертација е поделена на три дела. Во првиот дел претставени се поимот на дигиталното новинарство, правото на слободата на изразување/творештво, неговите ограничувања, како и правните решенија за

ограничувањата на правото на слободата на изразување кај дигиталното новинарство во рамките на ЕУ и земјите од регионот. Посебна глава е посветена на појавата на лажните вести и алатките за справување со истата. Во вториот дел од десертацијата, обработени се позитивно правните решенија во нашиот систем за ограничување на правото на слободата на изразување, институтите на клевета и навреда што претставуваат повреда на честа и угледот на граѓаните, исто така, обработен е и односот на авторското право и сродните права, во однос на остварување и ограничување на правото на слобода на изразување, саморегулирање на медиумите, како и неговата поставеност и примена во рамките на нашата земја и сето ова се анализира низ призмата на дигиталното новинарство.

На крајот, во последниот трет дел од оваа дисертација, нудиме опис на едно инфоматичко технолошко решение за надминување на проблемот на ширење на лажните вести и загрозување на слободата на изразување кај дигиталното новинарство, како и нацрт-закон кој предлага соодветни решенија во однос на ограничувањето на слободата на изразување во дигиталниот медиумски простор и борбата со појавата на ширење на лажните вести во нашиот правен систем, а секако, во согласност со актуелните измени на законодавството на Европската Унија, а кои ќе овозможат *de lege ferenda* регулирање на односите помеѓу корисниците и медумите во дигиталното општество и во Република Северна Македонија.

Докторската дисертација не се задржува само на теоретска расправа околу решението за судирот помеѓу правото на слобода на изразување и слободата на печат од една страна, и правото на приватност до друга страна, гледано низ призмата на граѓанско-правните аспетки, а во рамките на дигиталното новинарство, туку е составен дел и опис на предлог информатичко-технолошко решение како технолошки одговор за надминување на оваа појава. Покрај главната цел, поставени се и посебни цели кои водат до кристализирање и докажување на тезата на која се темели оваа докторска дисертација.

Една од нив е претставувањето на неопходноста од концизно определување на границите на слободата на изразување во дигиталниот медиумски простор, кои воедно се легитимно и правно оправдани, како не би дошло до загрозување и прекумерна узурпација на ова право.

Понатаму, како посебна цел е да се претстават решенијата за надминување на овој конфликт, а во насока на поголема правна заштита на објавените текстови, вести,

информации, поточно на нивните автори (читај, медиумски актери), но кои решенија нема да дозволат повреда на приватноста на корисникот. За таа цел, посебно внимание се посветува на правните решенија кои ги нуди законодавството на Европската Унија, како и земјите од регионот.

Како посебна цел се јавува и инсистирањето на саморегулација на медиумите како метод којшто може да донесе ефикасни импулси во однос на креирање на професионално новинарство и во дигиталниот медиумски простор, но само и само доколку истото се потпира на императивни законски норми.

Во редот на најважните цели се вбројува и онаа која е фокусирана на пронаоѓање соодветни правни решенија за уредување на дигиталниот медумски простор во Република Северна Македонија, а во насока на оправдување на ограничувањата со кои се соочува правото на слобода на изразување.

Проблематиката која се анализира во истражувањето е предмет на отворена дебата помеѓу правните теоретичари во развиените земји. Тоа значи дека потребата од (ре)дефинирање на правните правила, односно нивно адаптирање на новиот начин на живот, произлегува од самите карактеристики на дигиталната ера која носи промени катадневно. Во таа насока го лоцираме и клучниот придонес кој ќе го воспостави ова истражување. Тоа ќе придонесе кон утврдување на соодветно решение кое е производ на здружувањето на информатичката технологија и правото сместено во нормативната рамка со која се уредуваат границите на слободата на изразувањето во дигиталниот медиумски простор и ќе укаже на можните модели за подобро и поефикасно регулирање на истите.

Целта на докторската дисертација е пронаоѓањето на соодветни мерки и техники во намалување на злоупотребата, а со тоа и зајакнување на заштитата на авторското и другите сродни права од една страна, како и правото на приватност од друга страна, поточно ќе послужи како корисно правно четиво со информатичко технолошки примеси, кое дава можни решенија како да се надмине конфликтот помеѓу правото на слобода на изразување/печат и правото на приватност во интернет просторот. Во секој случај, оваа дисертација ќе биде насочена кон доаѓање до најпрактичното решение за пронаоѓање начини за правно надминување на овој конфликт.

Работните хипотези во докторската дисертација се структуирани на начин на кој се воспоставува една основна хипотеза која има општа содржина и универзален опфат и пет

посебни хипотези кои ги потврдуваат општите презумпции на основната хипотеза, а со примена на методот на дедукција.

**Основна хипотеза** на докторската дисертација е: **Ограничувањата на правото на слобода на изразување во дигиталното новинарство се оправдани само доколку се во функција на заштита на останатите универзални човекови права .**

Претпоставките кои ги поставува основната хипотеза, ќе бидат дополнително тестирани од страна на пет помошни хипотези кои ќе го продлабочат опфатот на истражувањето и ќе придонесат кон посоодветно реализирање на целите на оваа докторска дисертација.

**Првата посебна хипотеза** гласи: ***Границите на слободата на изразување во дигиталното новинарство треба да се во функција на пронаоѓање на вистинскиот баланс помеѓу почитувањето на правото на приватност и почитувањето на авторското и сродните права.***

**Втората посебна хипотеза** се однесува на законодавството на Европската Унија насочено кон уредување на конфликтот помеѓу правото на слобода на изразување од една страна и правото на приватност во дигиталниот медиумски простор, од друга страна и гласи: ***Авторско-правната заштита на медиумските текстови во Европската Унија се соочува со најголемиот правен предизвик во својата историја.***

**Третата посебна хипотеза** се однесува на саморегулацијата на медиумите како механизам за остварување на правото на слободата на изразување и гласи: ***Саморегулацијата на медиумите и покрај суштинскиот елемент на автономност на регулирање, како поткрепа на постулатите на саморегулирањето потребно е да се потпира на јавниот поредок и императивни норми.***

**Четвртата посебна хипотеза** е во насока на проблемот на превенирањето на ширење на лажните вести и гласи***: Правото и нормативната рамка не секогаш можат да го следат рапидниот развој на новите технологии, затоа познавањето на техничките мерки за заштита и користењето на информатички технолошки***

***механизми се она што успешно ја надополнува правната рамка и понекогаш дава поефикасна заштита од правните прописи***.

**Петтата посебна** хипотеза се однесува на позитивно правните механизми за регулирање на правото на слобода на изразување кај дигиталното новинарство и гласи – ***Во нашата држава покрај подобрување и измена на правните прописи за заштита на авторското право и сродните права, правото на приватност, заштитата на честа и угледот во дигиталната сфера, неопходно е да се донесе посебен правен пропис за сузбивање на лажните вести.***

# ДЕЛ ПРВИ - ПОИМ ЗА ПРАВОТО НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ/ТВОРЕШТВО, ОСНОВИ ЗА НЕГОВО ОГРАНИЧУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО - НОРМАТИВНА РЕГУЛИРАНОСТ ВО РАМКИТЕ НА ЕУ И ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ

Овој дел од докторскиот труд има за цел да ја потврди **првата посебна хипотеза** којашто гласи: ***Границите на слободата на изразување во дигиталното новинарство треба да се во функција на пронаоѓање на вистинскиот баланс помеѓу почитувањето на правото на приватност и почитувањето на авторското и сродните права.*** Задача на овој дел од докторскиот труд е да се потврди **втората посебна хипотеза**, која се однесува на законодавството на Европската Унија насочено кон уредување на конфликтот помеѓу правото на слобода на изразување од една страна, заштита на авторското и сродните права во дигиталниот медиумски простор од друга страна, и која гласи: ***Авторско-правната заштита на медиумските текстови во Европската Унија се соочува со најголемиот правен предизвик во својата историја.***

# 1 ГЛАВА 1 - ДИГИТАЛНО НОВИНАРСТВО - ПОИМ, КАРАКТЕРИСТИКИ И НОВИ СОСТОЈБИ

## 1.1 Поим за дигитално новинарство

Брзината со која информациите патувале и се распространувале во никој случај не може да се каже дека се зголемува правопропорционално со развојот на човештвото. Големата технолошка револуција која се случи во 20 век со изумот на радиото, а нешто подоцна и на телевизијата, го смени светот на комуникацијата и начинот на кој ги добиваме информациите за светот околу нас. Дигиталната револуција која настапи со почетокот на 21 век од темел ги промени и ни овозможи некои нови комуникациски канали преку кои информациите пристигнуваат до нас. Со развојот на дигиталните и телекомуникациските технологии, со рапидната и неочекувана експанзија на интернетот започна едно сосема ново време, дигитално време. Технологијата имала влијание на новинарството од првите прапочетоци на новинарството преку изумување на Гутемберговата преса па сѐ до денес и секогаш носела промени. Во текот на дваесеттиот век од појавата на првиот телеграф и појавата на мобилниот телефон, новинарите секогаш ги прифаќале новите технологии и методите на собирање на вести, без оглед дали се работи за радио, телефон, интернетски пребарувачи или сателитски телефони, новинарите секој од тие изуми и алатки ги прифаќале за да си ја олеснат работата и за да го забрзаат процесот на собирање и објавување на вести. Дигиталното опкружување дополнително ги усложнува односите во медиумите воведувајќи нови пазарни играчи (интернет, платформи, пребарувачи, социјални мрежи), нова технологија за производство и дистрибуција на содржини, како и нови деловни односи со публиката и огласувачите. Брзата глобализација на електронскиот информациски пазар со престанување на постоење на било какви граници помеѓу државите, предизвика и голема конвергенција на компјутерските, електронските и телекомуникациските технологии помеѓу себе. Сето ова, се одразува врз начинот на кој се пласираат информациите, медиумските ресурси. Денес тие се фокусираат на екранот. Информацијата се пласира преку видеозапис, фотографии и графикони што ја зголемува перцепцијата на информацијата презентирајќи го својот потполн волумен на многу покус начин. Истовремено, тоа се реализира со комбинација на

звук и текст. Сосема е јасно дека интернетот ќе продолжи да влегува во сите сегменти на животот со голема брзина. Се очекува дека примарниот канал за информирање да бидат паметните телефони. Публиката се наоѓа на социјалните мрежи. Новинарите и сега мораат да се прилагодат и на публиката да ѝ се обраќаат таму каде што таа се наоѓа, на начин на кој тоа ѝ е најприфатливо. Новинарите и понатаму се професионалци, кои со своите вештини и во согласност со етичките кодекси ги селектираат и пренесуваат најбитните информации. Секако, технологијата дозволи вестите да ги селектираат, шират, коментираат и граѓаните кои имаат можност интерактивно да учествуваат во споделување на информации.

Улогата на новинарот како што веќе кажавме и кај традиционалното и кај дигиталното новинарство е еднаква, брзо и точно информирање на граѓаните. Дигиталното новинарство се карактеризира со тоа што информациите се пласираат најчесто како што веќе кажавме, со комбинирање на текст, звук, слика, графизми и дигитални ефекти; често се работи за куси, ударни ефективни информации; новинарите мораат да имаат определени информатички знаења; информацииите кај дигиталното новинарство се шират многу брзо и на глобално ниво; до изворите за своите информации новинарите можат да дојдат онлајн; новинарите мораат да имаат познавања на авторското право и сродните права за да не повредат туѓи права и да го штитат своето авторство; новинарите и во дигиталната сфера треба да ги почитуваат универзалните човекови права и уште повеќе да се придржуваат на саморегулацијата; новинарите мораат да знаат да се однесуваат интерактивно.

Дигиталното новинарство, условно речено, може да се подели на професионално дигитално новинарство каде најчесто постои регистрирана дејност и уредувачка политика и граѓанско новинарство затоа што на интернет можност за јавно информирање имаат и самите граѓани. Интернетот се смета за опкружување во кое не владеат правилата на квалитетно новинарство или дека секој може да пишува што сака. Така, дигиталното професионално новинарство има конкуренција во сите оние кои се обидуваат да информираат и да влијаат на јавното мислење. Од една страна, имаме школувано, уредничко обликувано новинарство, коешто доследно ги почитува законските и етичките норми. Новинарите на регистрираните медиуми исто така, уживаат право да ги заштитат изворите на своите информациии и ја уживаат заштитата за безбедност на

новинарите. Овие права не ги уживаат граѓанските новинари кои немаат еднаков пристап до информациите, а и органите на јавните власти различно ги третираат новинарите на регистрираните медиуми и граѓанските новинари.

Можеби изгледа изненадувачки што повеќе од 20 години откако новинарството во дигиталните медиуми ги презеде првите чекори, сè уште се нема постигнато компромис во рамките на научниот дискурс за една, единствена дефиниција, како и назив на овој вид на новинарство. Дури и денес, професионалците, новинарите и академската средина немаат постигнато договор кога станува збор за избор помеѓу изразите како „дигитално новинарство", „сајбер новинарство", ,,интернет-новинарство", „мултимедијално новинарство" и долг список на слични називи.[10]

Најраспространет израз кај професионалците во повеќето земји е дефинитивно називот „дигитално новинарство". Меѓутоа, на меѓународно ниво, академиците не се единствени во овој поглед и случаите се различни од земја до земја. Така, на пример, во истражувачки заедници кои зборуваат шпански и португалски јазик, поимот „сајбер новинарство" (ciberperiodismo на шпански и ciberjornalismo на португалски јазик) е најшироко користен. Спротивно на тоа, во францускиот јазик, формата „дигитално" преовладува кога станува збор за новинарството (Journalisme numérique). Меѓу англиските и германските говорници, најпосакуваните изрази во последните 25 години беа називите „интернет-новинарство" на англиски и „мрежно новинарство" на германски јазик.[11] Сепак, во последните 10 години називот „дигитално новинарство" постепено се распространува и прифаќа, за денес да ужива статус на најпопуларна форма. Притоа, сметаме дека е потребно да се забележи која е всушност, разликата помеѓу термините „сајбер" и „дигитално", секако однесувајќи се на новинарството. Првиот термин всушност ја дефинира специјалноста (функцијата) на новинарството кое го користи сајбер-просторот за да испитува, произведува и пред сè, дистрибуира содржина на вести. Вториот термин е поширок, и истиот се однесува на целото новинарство спроведено „со" дигитални технологии. Разликата е суптилна, но релевантна. Во пошироки рамки, изразот „дигитално

---

[10] Види Burton, Jonathon "*News-game journalism: History, current use and possible futures*". Australian journal of emerging technologies and society, v. 3, n. 2, 2005, pp. 87-99.

[11] Види Salaverría, Ramón "*Ideas para renovar la investigación sobre medios digitales*". El profesional de la información, v. 24, n. 3, 2015, pp. 223-226.

новинарство“ ги опфаќа сите форми на новинарство кои користат дигитални ресурси; затоа вклучува не само интернет ресурси и мобилни мрежи, туку и дигитална телевизија и дигитално радио.[12] Иако дигиталната телевизија и радио ретко се сметаат за дел од сајбер-новинарството, тие се дигитални изрази на новинарството.

Ова појаснување помага да се објасни од која причина го користиме изразот „дигитално новинарство“ во насловот на оваа дисертација, како и во рамките на самиот нејзин текст. Имаме за цел да ги вклучиме сите дигитални форми на новинарство, не само оние што се поврзани со интерактивни мрежи. Всушност, бидејќи компјутерските технологии почнаа да се прифаќани од медиумите, во оваа глава ќе се осврнеме на сите дигитални форми на новинарство, со посебно внимание и фокус на интернет медиумите.

## 1.2 Историски осврт на дигиталното новинарство

Првичната средба на новинарството со компјутерите му претходи на доаѓањето на интернетот. Всушност, истата датира од 1950-тите, кога некои медиуми почнале да експериментираат со употреба на компјутери во медиумското покривање. Експериментот од страна на телевизиската CBS на 4-ти ноември 1952 година, честопати се наведува како пионерски пример. По повод претседателските избори во САД, што се одржани на тој ден, телевизиските мрежи користеле примитивен компјутер, гигантскиот Univac, за да го предвидат (правилно) финалниот резултат на гласањето засновано врз пребројувањето на првите гласови.[13]

Во текот на следните четири децении, па сè до раните 90-ти, медиумите и дигиталната технологија продолжија во меѓусебно преплетување. Во меѓувреме, сè повеќе се развил научен и технолошки пристап кон ракување со информациите, под етикетата на прецизното новинарство.[14] Иако оваа идеја постигнала релативен успех кај новинарите,

---

[12] Види Pavlik, John V. “*Journalism and new mia. New York*”: Columbia University Press, ISBN: 978 0 23111483, 2001.
[13] Види Nielsen, Jakob, Multimedia and hypertext: “*The internet and beyond*”. Boston: AP Professional, ISBN: 978 0 125184083, 1995.
[14] Види Masuda, Yoneji, “*The information society as post-industrial society*”. Bethesda, MD: World Future Society, ISBN: 978 0 930242152, 1998, p.67.

таа имала значително влијание врз истражувачите и професорите по новинарство во следните децении.

Постои јасна врска помеѓу прецизното новинарство формулирано од Мајер во 1970-тите и еден од најуспешните аспекти на дигитално новинарство во нашата ера: новинарство управувано од податоци.[15]

До крајот на 1980-тите, за време на годините во кои дигитализацијата постепено се асимилира од медиумите, теоретските трактати и емпириското истражување на усвојувањето на „новите технологии“ во новинарството станало вообичаено. Во тоа време, повеќето истражувања за технолошка промена се фокусирале на телевизијата, за која тогаш се сметало дека е главен електронски медиум. Во многу помала мера, се објавувале и некои студии со употреба на компјутери и бази на податоци преточени во новинарски информации. Сепак, неколку автори, вклучително и апокалиптични автори, како што се Нил Постман (1992) и интегрирани автори како Николас Негропонте (1995) и Роџер Фидлер (1997), ја признале ширината на промената што се активирала на полето на медиумите. Во раните 90-ти, вистинската технолошка револуција затропала на вратата на новинарството.

Дејвид Карлсон го навел 19-ти јануари 1994 година како датум кога се појавило првото издание на вести на Светска мрежа. Според тој автор, честа да се инаугурира историјата на веб-базираното новинарство припаѓа на неделното Пало Алто, весник објавуван во заливот на Сан Франциско.[16] Пред овој датум, сепак, други поголеми медиуми објавувале онлајн изданија на трговските мрежи од тоа време, како America online (AOL), Computer and Products. Првиот што го сторил тоа бил Chicago Tribune, кој објавил издание на AOL во март 1992 година. Овој весник бил проследен со големи весници како New York Times, Washington Post, Los Angeles Times и USA Today. Покрај овие големи дневни весници, еден од највлијателните весници во тоа време бил калифорнискиот „San Oyeoze Mercur News“, со своето напредно дигитално издание наречено Mercur Centar.[17] Пролиферацијата на дигиталните медиуми била толку брза што,

---

[15] Види Koch, Tom, “*Journalism for the 21st century*”: Online information, electronic databases and the news. New York: Greenwood, ISBN: 978 0 313277504, 1991.
[16] Види Nielsen, Jakob “*The end of legacy media*” (newspapers, magazines, books, TV networks)”. NN/g Nielsen Norman Group, 1998.
[17] Види Perigoe, Ross , “*Ten-year retrospective: Canada and the United States in the age of digital journalism*”. Journal of media practice, v. 10, n. 2-3, 2009, pp. 247-253.

речиси веднаш, тие публикации станале познати како четврт медиум и релевантно пенетрирале во конкуренција на печатот, радиото и телевизијата.

## 1.3 Видови на дигитално новинарство

Тенденцијата да се „учат да делуваат глобално“ одредени медиуми, воопшто не е изненадувачка, со оглед на тоа што палетата на публикации на интернет е многу голема. Можеби подобро овој феномен на дигиталната доба се опишува како брзорастечка џунгла. Истражувањето спроведено во 2018 година открило повеќе од 3.000 активни публикации преку интернет само во Шпанија.[18] Повеќе од две децении по појавувањето од првите дигитални публикации, повеќето од нив се онлајн изданија на дневни весници, а тековната разновидност на мрежните медиуми е извонредна: денес има дигитални продавници поврзани со традиционалните брендови за новинарство, како и домашни дигитални медиуми. Иако публикациите прилагодени за различни уреди се речиси правило, сепак има публикации дизајнирани исклучиво за прегледување на персонални компјутери, а сè почесто се бележи и објавата на публикации дизајнирани исклучиво за таблети или паметни телефони.

Постојат неколку земји коишто посветуваат внимание на изработка на истражувачки трудови за потеклото и првичниот развој на мрежните медиуми во нивните соодветни области и територии. Иако не е познат бројот на дигитални публикации ширум светот, проценката е дека е тоа број од околу стотици илјади. Овој развој кој продолжува и денес и тоа на дневно ниво, бележи различни фази, кои истовремено претставуваат модели на дигиталното новинарство.

Првата фаза секогаш претставува транзиција помеѓу она што постои и она што е во процес на раѓање затоа што *„Секој нов медиум што се појавува го исполнува својот простор со содржина од други медиуми*“.[19] Неколку автори ја опишале оваа поврзаност помеѓу традиционалните медиуми — прес, радио, телевизија, новински агенции и „нови

---

[18] Види Cabrero-Rubio, Cristina , “*Periodismo digital en Bolivia*”. La Paz: Plural Editores, ISBN: 978 9990575989, 2005.

[19] Види Chung, Deborah S.; Nah, Seungahn, “*The effects of interactive news presentation on perceived user satisfaction of online community newspapers*”. Journal of computer-mediated communication, v. 14, n. 4, 2009, pp. 855-874, достапно на *https://academic.oup.com/jcmc/article/14/4/855/4583549* (пристапено на 01.11.2019 година).

медиуми“ како застарена етикета. Во 90-тите и во раните години на овој век, доминантниот модел во мрежните медиуми се засновал врз традиционалните медиуми, особено врз весниците.[20] Како и да е, со текот на времето, дигиталните медиуми стануваат сè повеќе независни и во форма и по содржина. Повеќето од првите дигитални публикации го користеле „пристапот за лопати“, издавачки модел што се состои од едноставна репродукција на содржината на интернет, првично создадена за друга платформа. Иако тој модел сепак може се најде во некои примитивни публикации на интернет, тој е надминат со друг модел, кој е заснован на производство на оригинална содржина за интернет. Исто како што се случи со жанровите во новинарството, дигиталните медиуми покажуваат еволуција во четири фази: повторување, збогатување, обнова и иновации.

Дваесет и седум години подоцна од раѓањето на првите интернет публикации, можеме да забележиме дека дигиталните медиуми конечно влегуваат во четвртата фаза. Како и да е, сепак во текот на овој временски период, имало некои големи тектонски поместувања. Едно од најзначајните од нив, за новинарството, е несомнено успехот на содржината генерирана и дистрибуирана од корисниците.

На почетокот на овој век, се појавија првите знаци на нов феномен: активно учество на граѓаните во јавната комуникација, кое со текот на времето ја трансформираше традиционалната улога на медиумите. Појавата на блогови, поздравена како револуција од страна на некои автори, го сигнализираше почетокот на овој феномен, кој брзо го вклучи гласот на граѓаните во јавната комуникација воопшто и, поконкретно, во новинарството. Се разбира, современите медиумски публикации одамна ги отворија своите врати за јавното мислење преку различни алатки, како што се, на пример, писма до уредникот. Но, доаѓањето на ерата на блоговите беше и сè уште претставува квалитативен скок. Оваа нова форма на објавување овозможи јавна комуникација која има три клучни карактеристики - бесплатна, едноставна и има огромен дострел. И, исто така, беше и е, ентузијастично прифатена од страна на милиони корисници низ целиот свет.

---

[20] Види Chung, Deborah S.; Nah, Seungahn, “*The effects of interactive news presentation on perceived user satisfaction of online community newspapers*”. Journal of computer-mediated communication, v. 14, n. 4, 2009 pp. 855-874, достапно на *https://academic.oup.com/jcmc/article/14/4/855/4583549* (пристапено на 01.11.2019 година).

Одеднаш, се појави нова поделба: професионално новинарство од една страна и содржина објавена од корисници, од друга. Оваа дихотомија доведе до појава на една од најплодните области на истражување во интернет новинарството во сите овие години: истражување на основните принципи, модалитети и последици од содржина генерирана од страна на корисници (UGC) и мачна асимилација на дневните професионални рутини на новинарите.[21] Овој историски момент се совпаѓа со растечката критика кон традиционалните медиуми кои не успеаја да се прилагодат на новиот контекст.

Додека некои автори критички ги разгледуваа теоретските основи на граѓанското новинарство, бројни емпириски студии го тестираа неговиот реален опсег на многу различни пазари за вести. Дел од овие студии го минимизираа триумфалниот тон на оние што најавуваа радикална промена во новинарството; новите форми за производство на новински содржини повеќе беа дополнување на медиумите отколку замена. Навистина, наскоро се виде дека, како што се случуваше во минатото, со други технолошки иновации, медиумите постепено ги асимилираа овие нови феномени во нивните секојдневни професионални рутини. Дигиталните медиуми вклучија блогови, отворија простор за коментари на читателите и генерално, понудија многу нови начини за јавноста да учествува и да придонесува во вестите, со што дојде до создавање на тренд наречен толпа од народот.

И покрај фанфарите што беа проследени со лансирање на одредени медиуми посветени на информации генерирани од корисникот, познат случај, несомнено е јужнокорејскиот OhmyNews. Граѓанското новинарство наскоро се покажа како ништо друго освен каприц и, како таков, брзо се намали, но значајно е да се напомене дека некои од основните карактеристики на оваа фаза (модел), преживеаја. Имено, иако стана јасно дека активната публика не сакаше да предизвика колапс и да доведе до итна замена на медиумите, тие предизвикаа неповратна основна трансформација во односот меѓу медиумите и јавноста. Јавноста повеќе не се состоеше од обични пасивни приматели, туку напротив, броеше поединци кои сега имаа улога на активни соговорници.

Оваа појава е позната како „Партиципативно новинарство“, исто така етикетирана како колаборативно новинарство, која со својата динамика донесе и нови предизвици.

[21] Види. Brennen, Bonnie; Dela-Cerna, Erika, “*Journalism in Second Life*”. Journalism studies, v. 11, n. 4, 2011, pp. 546-554, достапно на *https://epublications.marquette.edu/cgi/ viewcontent.cgi? article= 1065&context=comm_fac https://doi.org/10.1080/14616701003638418* (пристапено на 04.11.2019 година).

Академскиот интерес за овој тренд се зголеми со проширувањето на социјалните медиуми. Глобалниот успех на услугите како што се Фејсбук, Твитер и Инстаграм, секој со стотици милиони корисници, го привлече интересот на истражувачите затоа што истите имале брзо и длабоко влијание врз медиумите. Врз основа на клучната вредност постигната со чинот на споделување, оваа фаза е поврзана со такви широки аспекти како што се феномените на јавното мислење и политичкото учество во контекст на социјалните медиуми, нивното влијание врз медиумскиот бизнис и користените новинарски наративи на овие платформи.[22]

Сметаме, дека истражувањето на дигиталното новинарство во голема мера претставува истражување на мрежните медиуми, како еден од неговите модели. Во текот на овие први 27 години, еволуцијата на дигиталните медиуми била многу брза и интензивна. Како и кај луѓето, кои го доживуваат својот најбрз раст во раните фази од животот, по кој следи намален развој, мрежните медиуми покажаа значителна заемност и прогрес во овие години. Истражувачите се обидоа да ја објаснат оваа различност преку студии на различните видови, но еден од најчестите пристапи се фокусира на истражување на формите и стратегиите на дигиталните медиуми на платформите за последователно објавување:[23]

- World Wide Web
- таблети и
- паметни телефони.

Како резултат на популаризацијата на смартфоните и комуникациските системи засновани врз апликации, има голем број на студии, кои потенцираат дека новиот тренд довел до развој на нова дисциплина: мобилно новинарство.

И покрај главниот фокус на мрежните медиуми, значајно да се напомене е дека истражувањето на дигиталното новинарство е многу подалеку од истражување на неговите медиуми. Студијата за моделите на мрежни медиуми признава поделба воспоставена помеѓу публикации добиени од медиуми на други платформи и домашни

---

[22] Види Wolf, Cornelia; Godulla, Alexander , "*Potentials of digital longforms in journalism. A survey among mobile Internet users about the relevance of online devices, Internet-specific qualities, and modes of payment*". Journal of media business studies, v. 13, n. 4, 2016, pp. 199-221.

[23] Види Pavlik, John V. "*Journalism and new media. New York*": Columbia University Press, 2001.

дигитални публикации.[24] Во 1990-тите, дигиталните медиуми поврзани со традиционалните медиуми, познати како наследни, го сочинувале скоро целиот пазар; со текот на годините, сепак, бројот на домашни мрежни места значително се зголемил. Откако се појавија првите дигитални медиуми, стана јасно дека една од нивните карактеристични одлики била нивната способност да ги игнорираат географските граници. Во раните денови на дигитална ера, „на истите начини со кои хипертекстот ги отстранува ограничувањата на печатената страница, волјата на пост-информации ќе биде да ги отстрани ограничувањата на географијата. Дигиталното живеење ќе вклучува помалку и помалку зависност од тоа да се биде на специфично место во одредено време, а преносот на локацијата ќе стане возможен“.[25]

Навистина, за разлика од печатот, радиото и телевизијата, интернет медиумите од самиот почеток покажале досега непознати квалитети: тие дозволија максимална персонализација на содржината, го олеснија пренесувањето на нивната содржина до глобалната публика, надвор од физичката територија на различните медиуми. Во последниве години, овој транс-територијален опсег се соочил со правни ограничувања, бидејќи ограничувањата на правата на објавување се зголемувале, особено во однос на одредени содржини, како што се спортски видеа, аудиовизуелни серии и други слични содржини. Оваа содржина може да ја апсорбираат корисниците во една земја, но е блокирана за корисниците надвор од таа земја. И покрај овие законски ограничувања, сите дигитални медиуми, во суштина се глобални.

Покрај тоа, дигиталните медиуми се, или можат да бидат, персонализирани. Во 1990-тите, различни прототипови на дигиталните медиуми веќе биле дизајнирани како персонализирани новински услуги.[26] Со текот на годините, сепак, тоа ветување за à la carte дигитални медиуми постепено изгубило пареа, а брендовите сè повеќе се определуваа за дигитални публикации со ограничен степен на персонализација. Во последните десет години, развојот на социјалните медиуми заснован на лични профили сè повеќе се

---

[24] Види Reese, Stephen D, “*The new geography of journalism research: Levels and spaces*”. Digital Journalism, n. 4, v. 7, 2016, pp. 816-826.
[25] Види Steensen, Steen; Ahva, Laura, “*Theories of journalism in a digital age: An exploration and introduction*”. Digital journalism, v. 3, n. 1, 2015, pp. 1-18.
[26] Види Williams, Andy; Harte, David, “*Hyperlocal news*”. In: Witschge, Tamara; Anderson, C. W.; Domingo, David; Hermida, Alfred (eds.). The SAGE handbook of digital journalism. London: SAGE, 2016, pp. 280-293. ISBN: 978 1 473955066.

прилагодува на интересите и преференциите на секој корисник, на кој начин повторно заживеа старата идеја за персонализирани медиуми. Новиот бран на технологии кои користат вештачка интелигенција, и кои можат да произведат, организираат и дистрибуираат „свои“ информации до секој корисник, поставуваат неколку професионални и етички предизвици за новинарство кое активно го анализира академската заедница.

Тековниот развој на интернетот кој води до зародиш на нова генерација на технологии кои ќе овозможат поврзаност со кој било електронски уред, е предвесник на доаѓањето на нов пакет на мрежни медиуми. Во последниот четврт век, интернет медиумите се ограничени на компјутери и мобилни уреди. Сепак, во блиска иднина, иако веќе до одредена мера веќе е забележана појава, мрежните медиуми ќе се прошират на уредите како што се говорни асистенти, панели, предмети за домашна автоматизација и други бројни елементи што ги користиме во нашите секојдневни животи. Она за кое мора да се согласиме е дека содржината на вестите ќе мора да се прилагоди на оваа парадигма на новите технологии со надминување на концепцијата на конвергенција и мултиплатформа којашто новинарите и академците ја користат во последните години.[27]

## 1.4 Етички принципи во дигиталното новинарство

Етиката е основна гранка на филозофијата, која опфаќа правилно однесување и добар живот. Централен аспект на етиката е „добриот живот“, животот вреден за живеење или животот што го задоволува, што според многу филозофи е многу поважен од моралното однесување. Членовите на Друштвото на професионални новинари на САД сметаат дека просветлувањето на јавноста е предвесник на правдата и темел на демократијата. Должност на новинарот е да ги надмине тие цели со барање на вистината и да обезбеди фер и сеопфатен извештај за настаните и проблемите.

Етиката е неразделна од новинарството. Етиката е систем на принципи врз кои се темели секојдневната новинарска работа.

[27] Достапно на: *http://www.digitalnewsreport.org/publications/2018/journalism-media-technology-trends-predictions-2018/* (пристапено на 07.11.2019 година).

За Гордана Вилови новинарската етика е посебна етика која ја објаснува и толкува новинарската вокација врз основа на оптички принципи. Иако законот одредува што може и што не може да се направи во одредена ситуација, етиката кажува што треба да се направи. Етиката се базира на вредности - лична, професионална, социјална и морална одговорност. Етичкото донесување одлуки едноставно значи примена на овие вредности во секојдневната работа. [28]

Филозофот Милан Кангрга (Milan Kangrga) верува дека целото новинарство и сите негови форми се предмет на етичка проценка и евалуација, бидејќи тоа е јавна активност која има јавна одговорност.[29] Луиз Алвин Деј (Louise Alvin Day) истакнува дека професионалното етичко однесување не може да се одвои од општите морални стандарди на општеството. Етиката го одразува разбирањето на општеството за тоа што е и што не е правилно во некое поведение, како и разликата помеѓу доброто и злото. Тој го објаснува ова со пример: ако обвинувате некого дека е мрзлив или непрофесионален, тоа не значи дека сте го обвиниле дека е неморален. Но, ако некој лаже или украде, тоа е кршење на етичките принципи. Затоа етиката е опишана како збир на принципи на морално однесување.[30]

Членовите на Друштвото на професионални новинари на САД споделуваат посветеност на етичкото однесување и усвоиле Кодекс со цел да ги прогласат принципите и стандардите на практика на Друштвото. Во рамките на именуваниот Кодекс, поставени се основните принципи кои еден новинар е потребно да ги следи при истражувањето на одредена тема и творењето на дело за истата. Кои се нивните основни принципи?

- *Барајте ја вистината и пријавете ја*

Овој принцип поставува барања за новинарите да бидат чесни, фер и храбри во процесот на собирањето, известувањето и толкувањето на информациите. За таа цел новинарите треба да ја тестираат точноста на информациите од сите извори за да избегнат ненамерна грешка. Свесното и намерно искривување на вистината никогаш не е

[28] Види Vilović, G. (2004). „Etički prijepori u Globusu i Nacionalu 1999-2000“. Zagreb: Fakultet političkih znanosti, 2004., стр. 22
[29] Види Kangrga, M. (1998). „Etika i novinarstvo“. Medijska istraživanja, 4,1 стр 21
[30] Види Day, L. A. (2004). „Etika u medijima. Primeri i kontroverze“ (Ethics in Media Communications: Cases and Controversies). Beograd: Media centar, стр 20

дозволено. Тие исто така, треба да ги идентификуваат изворите секогаш кога е можно. Јавноста има право на што е можно повеќе информации за веродостојноста на изворите. И секогаш да ги откријат мотивите на изворите пред да ветат анонимност на изворот.

Според тоа, новинарите треба да се осигураат дека насловите, информациите за вести и промотивниот материјал, фотографиите, видеата, аудио, графиката и цитатите не создаваат погрешна претстава. Тие не треба да ги преистражуваат или потенцираат настаните надвор од контекстот, никогаш да не ја искривуваат содржината на вестите, фотографиите или видеата и во ниту еден случај да не се јават во улога на плагијатори. Треба да да ги испитуваат нивните културни вредности и да избегнуваат истите да ги наметнуваат на другите, да избегнуваат стереотипи и дискриминација по однос на раса, пол, возраст, религија, етничка припадност, географија, сексуална ориентација, инвалидитет, физички изглед или социјален статус. Тие треба да ја поддржуваат размената на ставови, дури и во случај кога ставовите што се презентираат ги сметаат за одвратни и да им дадат глас на безгласните; официјалните и неофицијалните извори на информации да можат да бидат еднакво валидни. Новинарите треба да прават разлика помеѓу застапувањето и известувањето за новости. Анализата и коментарот треба да бидат етикетирани, а не погрешно да претставуваат факт или контекст и да разликуваат вести од рекламирање и да избегуваат хибриди кои ги замаглуваат линиите меѓу двете.

- *Минимизирајте ја штетата*

Новинарите треба да поседуваат посебна чувствителност при работа со деца, неискусни извори или предмети, идентификувањето на малолетни лица осомничени или жртви на сексуални злосторства. Да бидат претпазливи кога бараат или користат интервјуа или фотографии од оние кои се погодени од трагедија или тага. Да имаат на ум дека собирањето и известувањето за информации може да предизвика штета или непријатност и да прават разлика помеѓу статусот на обичниот граѓанин и јавните функционери, притоа секогаш водејќи сметка за правото на приватност на обете. Во овие случаи границите се разликуваат, но за тоа збор подоцна, во темите кои следат.

- Принципот *дејствувајте самостојно*

Ја потенцира потребата новинарите да бидат ослободени од обврска кон кој било интерес, освен правото на јавноста да знае. За таа цел, новинарите треба да избегнуваат судир на интереси, реални или перцепирани. Еден вообичаен начин новинарите да

избегнуваат судир на интереси е да одбијат подароци или пари од извори што ги покриваат. Авторите кои прифаќаат подароци, плаќања или купувања на туѓа сметка од луѓе или групи што ги покриваат со својот интерес за истражување, се ставаат во улога на лесна мета за обвинение дека нивната работа е платена реклама за тие извори. Или, во најмала рака, дека тие новинари се премногу „блиски" до изворите кои треба да ги покријат. Оттука, од голема важност е новинарите да одбиваат подароци, услуги, такси, бесплатни патувања и специјален третман, како и да избегнуваат политичка вклученост, услуги во организации на заедницата, кои можат да го загрозат нивниот и воопшто, новинарскиот интегритет. Во таа насока, новинарите пожелно е да избегнуваат фаворизиран третман кон рекламни и посебни интереси и да се спротивставаат на нивниот притисок да влијаат врз покриеноста на вестите. Да бидат претпазливи со изворите кои нудат информации за услуги или пари.

- *Бидете одговорни*

Новинарите се одговорни пред своите читатели, слушатели, гледачи и едни пред други. Добриот новинар поседува способност да ја охрабри јавноста да изрази поплаки против медиумите и секогаш е доблесен да ги признае своите грешки и истите да ги поправи навремено. Истиот, ги зема во предвид неетичките практики на новинарите и медиумите.

Одговорноста понатаму подразбира и можност за соопштување на изворот на вестите. „Новинари, кажете им на читателите како ги добивте вашите информации и кои фактори влијаат врз вашата одлука да ги објавите. Ако имате лична или професионална врска со луѓе или групи за кои пишувате, опишете го. Вашите читатели заслужуваат да знаат што влијае врз начинот на кој истражувате или пишувате приказна/настан. Бидете искрени со вашите читатели и транспарентни за вашата работа. Ако луѓето макар и за момент се прашуваат за вашата искреност или вашите мотиви, сте го изгубиле кредибилитетот во нивните очи. Пронајдете факти, не само мислења на другите, за да ги поддржите вашите коментари. Проверете ги вашите информации пред да ги испечатите. Ако пишувате за некој друг, јавете се или испратете ги информациите преку е-пошта за коментар пред да ги објавите".[31]

[31]Достапно на: *https://slideplayer.com/slide/4658767/* (пристапено на 15.11.2019 година).

Друга проблематика е и конфликтот помеѓу брзината и точноста на вестите. Во сите форми на новинарство, постои конфликт помеѓу изборот да се објават непосредни информации или да се чека да се проверат фактите и да се обезбеди точност. Оваа состојба се влошува уште повеќе со рапидната употреба на интернетот, бидејќи една од најголемите одлики на овој медиум е неговата непосредност. Вестите честопати се објавуваат уште при самото случување на настаните, којшто факт овозможува ран пристап до информации, но постои голем ризик за точноста на содржината.

Основен, универзален етички документ на професионалните новинари е Декларацијата за правата и обврските на новинарите, донесена во Минхен, во 1971 година.[32]

Според Кодексот за етичко однесување на новинарите во дигиталното новинарство, на Меѓународното здружение на новинари[33]: „Суштински обврски на новинарот во прибирањето, редактирањето и коментирањето на вестите се: да ја почитува вистината, без оглед на последиците врз него, поради правото на јавноста да ја дознае вистината; да ја брани слободата на информирањето, коментирањето и критикувањето; да изнесува само факти чиј извор му е познат; да не ја сокрива информацијата и да не ги менува текстовите и документите; да не се служи со нечесни методи за да обезбеди вести, фотографии и документи; да ја почитува приватноста на другите личности; да ја почитува професионалната тајна и да не го предава изворот на информацијата добиена во доверба“. Според Кодексот, за тешка повреда на професијата се сметаат: плагијат, „фрлање кал врз личноста“, навредување, клеветење и неосновани обвиненија, примање на секаков поткуп, сеедно дали за објавување или сокривање на информацијата. Затоа, новинарот никогаш нема да ја меша професијата новинар со професијата продавач на огласи или пропагандист и да ги отфрла сите директни или индиректни налози од оној кој дава налози и да се спротивставува на секој притисок и уредувачките налози да ги прима само од надлежните личности од редакцискиот состав.

---

[32] Достапно на: *https://www.researchgate.net/publication/333731345* (пристапено на 20.11.2019 година).

[33] Достапно на: https://www.ifj.org/who/rules-and-policy/global-charter-of-ethics-for-journalists.html (пристапено на 20.11.2019 година).

# 2 ГЛАВА 2 - СЛОБОДА НА ТВОРЕШТВО И СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ДИГИТАЛНИОТ МЕДИУМСКИ ПРОСТОР - ЕДНАКВОСТ ИЛИ РАЗЛИЧНОСТ?

## 2.1 Поим за слобода на изразување

Слободата на изразување има најразлични дефиниции во зависност од аспектот врз кој се дефинира, филозофски, политиколошки, правен и слично. Слободата на изразување е поврзана со битието на човекот. Човекот е способен да мисли и да го изрази своето мислење. Слободата на изразување се однесува кога човекот своето мислење го прави достапно на јавноста. Во функција на темата на докторската дисертација ние ќе ја анализираме слободата на творештвото преку слободата на изразување во дигиталното новинарство од правен аспект. Да се разберат правните аспекти на слободата на творештвото и слободата на изразување потребно е да се анализираат дефинициите содржани во највисоките меѓународни и национални прописи со кои се гарантира слободата на изразувањето.

Како значајна за развојот на слободата на изразувањето се смета Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година која ги поставува темелите на слободата на поединецот. Декларацијата го дефинира општиот поим на слобода, како можност да се биде ограничен во своето постоење и постапување единствено со закон, со кој може да се забранат само дејствата кои се штетни за општеството. Личната слобода според Декларацијата е заштитена од каков било акт на обвинување, апсење, задржување на поединецот, освен во случај и во постапка утврдена со закон.

Правото на слобода на изразување им е гарантирано на граѓаните со меѓународните правни акти за човековите права како што е Универзалната декларација за човековите права, Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права, Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права, Европската конвенција за заштита на

човековите права и други акти.[34] Нашата земја ги ратификуваше овие меѓународни правни инструменти, гарантирајќи и регулирајќи заштита на правото на слободата на изразување. Со тоа нашата држава, презеде обврска за почитување, гарантирање и заштита на човековото право на слобода на изразување кое во исто време е инкорпорирано во член 16 од Уставот на РСМ. Имајќи предвид дека правото на слобода на изразување е уставна категорија, ова право понатаму е проследено преку низа закони и акти.

Општата Декларација за правата на човекот и граѓанинот на ООН од 1948 година го сублимира ова филозофско-правно стојалиште низ следната одредба (чл.1): „Сите човечки битија се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата“. Врз оваа концепција, прокламирана со Општата Декларација се надоврзуваат цела низа конвенции за правата и слободите на човекот (Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и др.).

Во Универзалната декларација за човекови права на Обединетите Нации (која е усвоена и објавена во Резолуцијата 217 А(III), од 10 декември 1948 година, на Генералното собрание ) во член 19 стои дека: „Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите“.

Во Европската конвенција за заштита на човековите права (во понатамошниот текст ЕКЗЧП)[35] од особено значење кога се има предвид слободата на изразување се членот 9 којшто се однесува на слобода на мислење, совест и вера, според овој член: Секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Ова право ја вклучува слободата за промена на верата и убедувањето, како и слободата за изразување на својата вера или убедување, сам или заедно со другите, јавно или приватно, преку богослужба, поука, проповеди, верски обреди и ритуали. Слободата за изразување на својата вера или на своите убедувања може да биде предмет само на оние ограничувања што се предвидени со

[34] Универзалната декларација за човекови права е акт усвоен од Генералното собрание на ОН на 10 декември 1948 година; Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права се донесени во 1966 од страна на ОН; Европската конвенција за човекови права е конвенција за заштита на човековите права донесена од страна на Советот на Европа во 1950 година.
[35]Европската конвенција за заштита на човековите права достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

закон и кои претставуваат мерки во интерес на јавната безбедност, поредокот, здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на други, неопходни во едно демократско општество. Членот 10 од ЕКЗЧП директно ја уредува слободата на изразување: Секој човек има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството. Заштитата што ја дава член 10, исто така, опфаќа информации и мислења што можат да шокираат, навредат или вознемират и затоа сите ограничувања на слободата на изразување треба да се применуваат рестриктивно. Иако членот 10 од Конвенцијата не ја споменува експлицитно слободата на медиумите, таа е вградена во правото на слобода на изразување. Улогата на медиумите како „чувар“ е многу важна во секое демократско и отворено општество, и оваа улога, со појавата на новите технологии, ја преземаат сè повеќе актери, бидејќи традиционалниот медиумски пазар целосно се промени со појавата на интернетот. Имено, дигиталната средина е јавен простор кој е трајно достапен за сите актери во однос на неговите карактеристики, овозможувајќи можност директно да учествува во размената на информации на глобално ниво. Во прилог на добро познатите традиционални медиуми, како што се печатените медиуми, радиото и телевизијата, како и нивните веб-страници, сега има бројни форми на онлајн медиуми. Земјите членки на Советот на Европа имаат позитивни и негативни обврски во однос на членот 10, односно се повикани активно да промовираат заштита и почитување на правата, но и да се воздржат од мешање во остварувањето на правото на слобода на изразување. Според член 10, став 2, мешањето на државата во ова право мора да исполнува строги критериуми: мора да биде пропишано со закон, неопходно во демократско општество и да има легитимна цел.

Слободата на изразување и комуникацијата меѓу различните индивидуи претставуваат ненадминливи средства за контрола на власта и истовремено, ограничување на моќта на властодавецот како резултат на која граѓанинот постепено успева „да го ослободи робот кој господари со неговата личност".

- ***Слободата на изразување на теренот на медиумското право***

Слободата на изразување е предмет на интерес и дебата уште од добата на првите демократии. Во грчката антика, Атина разработила систем што ќе им овозможи на граѓаните да се изразуваат, но сепак со граници на лицата кои имале државјанство.[36] Развојот на печатот, а подоцна и радиото и телевизијата ги зголемија можностите за изразување, но сепак со ограничена контрола. Антагонизамот помеѓу политичката и/или верската моќ и медиумите, граѓаните и слободата на уметникот, премина во постојана борба. Првиот пристап е поврзан со добивањето на одговорот на следното прашање: дали опишаната состојба ја опфаќа истата реалност во сите земји од светот? Што да се прави во демократиите каде ограничувањата на слободата на иразување се донесуваат со закон, правила или подзаконски решенија? Во овој контекст, настапувањето на дигиталната ера, особено социјалните медиуми, ги менува правилата на игра. Всушност, можноста за секој што има пристап на интернет да сподели информации, релативно легално, создава вакуум со меѓународна димензија, поддржан со високи економски ризици и професионализација на дигиталните практики на државите и различните социјални групи, кои се менуваат истовремено, а со тоа го менуваат и просторот за спроведување на слободата на изразување и слободата на говор. Имајќи ја предвид комплексноста на дигиталното општество кое го создадовме, неопходно е да се согласиме дека во оваа фаза од дигиталниот развој новите технологии се насекаде, користени од секој член на дигиталната заедница, но поважно од сè е ние како корисници да не им даваме идеолошки тонови.

Слободата на изразување уште многу одамна ужива статус на основно човеково право, а кој статус помага во одбрана на другите човекови права и слободи. За да дојде до реализација на ова човеково право, неопходно потребно е да се даде фокус на неговата

---

[36] Достапно на: *http://map.opennet.net/fi ltering-pol.htm* (пристапено на 08.12.2019 година).

јавна димензија - средство за комуникација - со цел да се олесни размената на мислења, идеи и информации. Оттука, следи и причината поради која активистите за слободно изразување посветиле и сè уште посветуваат големо внимание на структурата и регулирањето на медиумското опкружување, како главни платформи за јавно изразување. Денес, големо внимание се посветува на нормите и принципите коишто се поставени уште со воведување на традиционалните форми на медиуми, а врз кои се потпира слободата на изразување. Постои консензус дека медиумското опкружување кое ја поддржува слободата на изразување потребно е да ги има следните карактеристики: разновидна медиумска околина која ги инкорпорира интересите и на поединецот и на заедницата, да претставува множина од различни медиуми; и да биде систем кој е широко саморегулиран со исклучок на радиодифузерите (каде што спектарот е ограничен и одлуките ги донесува и спроведува специјализирано регулаторно тело).[37]

## 2.2 Дали слободата на изразување треба да се ограничи?

Постојат неколку принципи и начела врз основа на кои слободата на изразување може и треба да биде ограничена. Дел од нив се општоприфатени во глобални рамки и инкорпорирани во најопштите правни акти кои во себе ја обработуваат ова проблематика, а дел се својствени соодветно само за поразвиените или помалку развиените земји.

*Законски ограничувања:*

Согласно ова начело, секое ограничување на слободата на изразување мора да биде пропишано со закон. Ваквиот закон може да се воведе само од причини утврдени со меѓународното право за човекови права и мора да биде во согласност со длабинска анализа за неопходност и пропорционалност.

Злоупотребата на ова начело може да се искористи за да се цензурира критиката и да се дебатира за јавни прашања, и да се зајакне атмосферата на страв и самоцензура кај медиумските актери и пошироката јавност. Ограничувањата доаѓаат и во форма на закони кои воведуваат забрани или даноци, како и други форми на економски санкции и пазарни ограничувања. Произволните прописи и барања за акредитација на новинари, негирање на

[37] Достапно на: *https://www.bbc.com/editorialguidelines/* (пристапено на 21.12.2019 година).

новинарски пристап, кривично правни пречки за основање или работа на медиуми и прописи кои овозможуваат целосна или делумна, ex ante или пост факто цензура и забрана на одредени медиуми, се примери на законски ограничувања за правото на слобода на изразување.

Во однос на спецификите кои ги има интернет новинарството, законската регулираност на слободата на изразување обично доаѓа во форма на закони кои дозволуваат целосна или делумна забрана за одредени веб страници. Не се непознати и случаите каде одредени држави прибегнуваат кон целосно исклучување на интернет мрежата, со што земјата губи целосен контакт со светската мрежа.

*Ограничување заради злоупотреба на јавниот морал, националната безбедност или заштитата на националните интереси:*

Меѓународното право за човекови права не дозволува ограничување на остварувањето на слободата на изразување со единствена цел да се заштитат концептите, како што се: религијата, културата, школите на мислата, идеологијата или политичките доктрини. Некои држави го злоупотребуваат јавниот морал и го користат како средство за ограничување на правото на слобода на изразување.

Во некои земји има случаи кога заштитата на националната безбедност се злоупотребува на штета на слободата на изразување. Државите мора да обезбедат антитерористички закони, закони за предавство или слични одредби што се однесуваат на националната безбедност, сѐ со цел однапред, конкретно и концизно да се дефинирани случаите кога одредена новинарска активност односно изразување, ги исполнува елементите на загрозување на националната безбедност, во спротивно, истото многу лесно може да се злоупотребува, како за автоцензура, така и за активна цензура на новинарската професија или друг вид на слободно изразување.

*Клеветата треба да е регулирана со закон:*

Новинарите и другите медиумски работници, и други активни чинители во спроведување на човековите права не треба да се затвораат за клевета, односно клеветата не треба да претставува кривично дело. Законите за одговорност за клевета како кривично дело може да се силен механизам за автоцензура на истите и со тоа да се внесе стравот од

изложување на строги кривични или граѓански санкции. Законите за клевета не треба да се злоупотребуваат за да се цензурираат критиките и да се ограничи можноста да се дебатира за јавни прашања.

*Потреба од носење на закони за богохулство:*

Изразувањето на вероисповедта, како и изразувањето на верските обичаи и обреди во некои земји се сместени во посебни закони за криминализација на богохулењето. Со тоа се ограничуваат изразувањето на верски или други верувања што често се користи за прогон, злоупотреба или заплашување на лица кои припаѓаат на верски или други малцинства и можат сериозно да ја попречат слободата на изразување. Современото стојалиште е дека се препорачува декриминализација на таквите прекршоци и остро се спротивставува на употребата на смртна казна, физичко казнување или затвор како казна за богохулење.

*Ограничувања на медиумски плурализам:*

Недостатокот на медиумски плурализам може да ја попречи слободата за примање и обезбедување информации. Евентуалниот недостаток на медиумски плурализам ја намалува способноста на медиумите да дејствуваат како тело за јавен надзор кои треба активно да бараат одговори и одговорност од владите. Недостатокот на медиумски плурализам, целосен или делумен, е директно поврзан со демократијата во една земја и затоа во теоријата се зема како еден од индикаторите за пресметување на слободата на изразување.

*Недостаток на независност на регулаторните тела:*

Независноста на регулаторните тела од влијанието на државниот апарат или политичките партии е неопходен услов за развој на слободни и независни медиуми. Постапките за предлагање и именување на сите членови на регулаторните тела треба да ги следат правилата дизајнирани да ја заштитат нивната независност и непристрасност. Националните регулаторни тела треба да бидат ослободени од директни политички мешања и треба да имаат позитивна обврска да ги заштитат човековите права, вклучително и слободата на изразување.

*„Говор на омраза“:*

Во недостаток на дефиниција што е тоа говор на омраза, а со оглед на неговата честа употреба, овој термин најчесто се користи за изразување на погрдни, навредливи, застрашувачки или вознемирувачки изрази кои поттикнуваат насилство, омраза или дискриминација кон поединци или групи кои имаат специфични карактеристики. Според меѓународното право, државите се должни да ги спречат само најсериозните форми на говор на омраза, како што е застапување на национална, расна или верска омраза што претставува поттикнување дискриминација, непријателство или насилство согласно член 4 од Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација.[38]

Согласно тоа, владите не треба да го злоупотребуваат законодавството кое се однесува за говор на омраза за да ги обесхрабрат граѓаните да учествуваат во легитимни демократски дебати за прашања од општ интерес.

*Ограничување на интернет од страна на операторите:*

Во светот може да се забележат ограничувања на одредени содржини, апликации или услуги кои може да се целосно блокирани или да се дискредитирани во поглед на брзината со која може да се користат. Оваа појава секако дека не е во согласност со правото на слобода на изразување. Сепак, и ова начело не е апсолутно затоа што одредени рестрикции може да настанат поради примена на судска одлука или во усогласеност со прописите за борба против злоупотреба на деца, клучни прашања за безбедноста на мрежата, спречување на несакана комуникација, минимизирање на итен метеж итн, но секако, зад секое ограничување мора да постои пропорционалност со целта заради која се употребува ваквото ограничување. Мешањето со безжичните сигнали е уште една форма на цензура што им го одзема правото на поединците на слобода на изразување.

*Ограничувања на правото на приватност и заштита на податоците:*

Незаконско следење на комуникациите, нивно пресретнување, како и незаконско собирање на лични податоци го повредува правото на приватност и слобода на мислење и може да резултира со ограничување на слободата на изразување.

---

[38] Усвоена и отворена за потпишување, ратификување и пристапување со резолуција на Генералното Собрание на ОН 2106А(XX) од 21 декември 1965 год. Стапи во сила на 4 јануари 1969 год.

Неовластеното мешање во приватноста на поединецот може директно и индиректно да го ограничи слободниот развој и размена на идеи. Нелегален или произволен пристап од страна на јавните власти или приватните компании до лични податоци може да има негативни последици за слободата на изразување, бидејќи поединците можат да избегнат користење на истите во страв дека ќе следи законска санкција, а на штета на слободата на изразување.

Погоре напишаното нѐ доведува до заклучок дека онаму каде ограничувањата на слободата на изразување се сметаат за неопходни, потребно е да бидат прецизно дефинирани. Вакви ограничувања може да се забележат и во рамките на меѓународните инструменти за човекови права коишто ги уредуваат прашањата за клевета и навреда, поттикнување на насилство и говор на омраза, но пожелно е и секоја држава да ги инкорпорира, уреди и предвиди во рамките на националните законодавства, а кога е потребно истите да бидат спроведени пред националните и меѓународните судови.

Потребно е да се потенцира дека дигиталните медиуми не ги менуваат овие основни принципи на кој било фундаментален начин, но нивната експанзивна употреба води до инсистирање за признание дека е потребно да се предвидат нови форми на цензура, нови прашања за надлежност и нови норми и стандарди коишто допрва треба да се развиваат.

Така, економското комуникациско опкружување е трансформирано со можноста да се вртат различни видови на информации, без разлика дали станува збор за глас, звук, слика или текст во дигитален код, достапен од страна на голем број уреди, почнувајќи од персоналните компјутери па сѐ до мобилниот телефон. Појавувањето на интернетот го трансформира комуникацискиот капацитет од нешто што беше суштински локално (било да е тоа локација или земја) во медиум којшто поседува глобална димензија. Целата трансформација можеме да забележиме дека се темели на три клучни функции: формат на објавување, обележување на јазик на HyperText (HTML); адреса за секој дел од информациите (познат како нејзин унифициран локатор на ресурси или URL); и средство за пренесување на информации, преку протоколот за трансфер на HyperText (http).[39]

[39] Види Brogi Elda, "*Parcu luigi Pier, the evolving Regulation of the Media in Europe as an Instrument for Freedom and Pluralism*", Robert Schuman centre for advanced studies, 2014, достапно на:

Токму оваа комбинација на мрежи и услуги коишто работат на глобално ниво, создава бројни можности за комуникација во дигиталниот свет. Се создаде нов простор за објавување, без практично никакви влезни трошоци (за разлика од стартната позиција кај традиционалните мрежни медиуми). Дигиталните медиуми овозможуваат peer-to-peer соработка во форма генерирана од страна на корисниците, како и содржина креирана со посредство на корисникот.[40] Во оваа смисла, дигиталното новинарство има капацитет да доведе до она што во научниот дискурс е познато како „демократизација" на слободата на изразување во јавната сфера. Претходно, елитната група - формирана од новинари, издавачи, сопственици на медиуми, дури и владини цензори, го формираа јавното мислење.[41]

## 2.3 Нормативно уредување на слободата на изразување со меѓународните правни инструменти

Слободата на изразување пред сѐ, претставува можност за одржување и отворено изразување на нечии мислења или идеи без страв од цензура или мешање на властите. Правото на слобода на изразување не е ограничено на вербална комуникација, туку вклучува и можност за изразување на ставовите преку објавени написи, книги или летоци, телевизиско или радио емитување, уметнички дела, интернет и социјални медиуми. Вклучува и право на примање информации преку разни канали за комуникација.

Терминот „слобода на медиуми" честопати се користи заедно, или како алтернатива на термините „слобода на говор" или „слобода на изразување", но заштитата на слободата на медиумите зазема посебна позиција заради улогата на медиумите како „набљудувач на јавноста", како и нејзината функција да шири информации и идеи, со што се гарантира правото на јавноста да ги добие овие информации.

Слободата на изразување и слободата на медиумите се основни темели на секое отворено и демократско општество. Слободата да се изразат нечии идеи и да се формира

---

http://cadmus.eui.eu/bitstream/handle/1814/29923/ Rscas_2014_09.pdf?sequence=1&isallowed=y (пристапено на 22.12.2019 година).

[40] Достапно на: *https://www.rcfp.org/browse-media-law-resources/ digital-journalists-legal-guide/publishing-highlypersonal-and-embarrassi* (пристапено на 25.12.2019 година).

[41] Види Holoubek, Michael, Kassai, Klaus, "*Traimer Mathias, gründzüge des Rechts der Massenmedien*", springerWiennewyork, 2014, p.34.

мислење е важен предуслов за политичките процеси да функционираат на демократски начин. На национално ниво, слободата на изразување е неопходна за опстојување на секоја власт и, согласно тоа, за економски и социјален напредок. На индивидуално ниво, слободата на изразување е од витално значење за развојот, достоинството и исполнувањето на секоја личност. Без широко гарантирано право на слобода на изразување, заштитено од независни судови, нема демократија и слободна земја.[42]

Правото на слобода на изразување е загарантирано со меѓународни и регионални договори за човекови права. Најзначајни правни документи кои го регулираат оваа право се:

- ***Универзална декларација за човекови права, усвоена и прокламирана од Генералното Собрание на ОН со резолуција 217А(ИИИ) на 10 декември 1948***:[43]
- ***Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (Ратификуван од страна на РСМ на 18.01.1994)***:[44]
- ***Африканската повелба за правата на човекот и народите, усвоена на 27 јуни 1981 година, OAU Doc. CAB/LEG/67/3 рев. 5, 21 И.Л.М. 58 (1982), стапена на сила 21 октомври 1986 година***[45]
- ***Европска конвенција за човекови права, потпишана на 4 ноември 1950 година во Рим, влезена во сила во 1953 година (ратификувана од страна на РСМ на 10 април 1997 година)***[46]
- ***Повелбата за основни права на Европската Унија***
- ***Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси;***[47]

***Универзалната декларација за човекови права,*** е донесена од страна на Генералното собрание на Обединетите Нации на 10 декември 1948 година, во Париз,

---

[42] Види Christian, Hissen, "*Public service Media in the Information society. Media division, directorate general of human Rights*", Council of europe, 2011.
[43] Достапно на: *https://mppsmk.wordpress.com / (*пристапено на 25.01.2020 година).
[44] Види Мајхошев, Андон, „*Медиумско право*", Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Правен факултет Штип, септември 2015 година, стр. 18.
[45] Достапно на: https://www.african-court.org/wpafc/wp-content/uploads/2020/04/AFRICAN-BANJUL-CHARTER-ON-HUMAN-AND-PEOPLES-RIGHTS.pdf (пристапено на 26.01.20020 година).
[46] Достапно на: *https://biroescp.gov.mk* (пристапено на 26.01.2020 година).
[47] Види *Директивата 89/552/ЕЕС* на Европскиот парламент и на Советот од 3 октомври 1989 година, изменета со *Директивата 97/36/ЕК* од 30 јуни 1997г. *и Директивата 2007/65/ЕК* од 11 декември 2007г.

Франција. Декларацијата е произлезена од искуството од Втората светска војна и го претставува првото глобално изразување на права на коишто, по својата природа имаат право сите човечки суштества. Се состои од 30 члена, а во однос на слободата на изразување најзначаен е член 19 каде е дефинирано дека секој има право на слобода на мислење и изразување кое право вклучува слобода да се има мислења без мешање и да се бараат, примаат и разнесуваат информации и идеи преку било какви медиуми и без оглед на границите.

***Меѓународниот пакт за граѓански и политички права*** е ратификуван од страна на РСМ на 18.01.1994. Овој пакт претставува повеќестран договор усвоен од Генералното собрание на Обединетите нации на 16 декември 1966 година, која резолуција стапила во сила од 23 март 1976 година во согласност со член 49 од пактот. Пактот ги обврзува своите членки да ги почитуваат граѓанските и политичките права на поединците, вклучително и правото на живот, слободата на вероисповед, слободата на говорот, слободата на собирање, избирачките права и правата на правичен процес и фер судење.

Од аспект на слободата на изразување, најзначаен е член  според кој секој има право на слобода на изразување; Ова право подразбира слобода да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или во уметничка форма, или со кое било друго средство по свој избор.

Слободата на изразување може да биде подложна на одредени ограничувања кои мора да бидат изрично утврдени со закон и кои се нужни за почитување на правата и угледот на другите лица и за заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје и морал.

Во ***Африканската повелба за правата на човекот и народите*** утврдено е дека секој поединец има право да прима информации, односно во рамките на законот, да го изразува и шири своето мислење. Исто така, регулирано е дека државите членки на Организацијата на африканското единство се должни да ги гарантираат сите права и слободи утврдени со Повелбата.

Повелбата претставува меѓународен инструмент за човекови права кој има за цел да ги промовира и заштити човековите права и основните слободи на африканскиот

континент. Оваа повелба се појави под покровителство на Организацијата на африканското единство (оттогаш беше заменета со Африканската унија) која, на своето Собрание на шефови на држави и влади во 1979 година, донесе резолуција со која се повикува на создавање на комитет на експерти за изготвување на инструмент за човекови права, сличен на оној што веќе постоел во Европа (Европска конвенција за човекови права) и Америка (Американска конвенција за човекови права). Овој комитет бил уредно формиран и тој произведе нацрт кој бил едногласно одобрен на 18 собрание на ОАУ одржано во јуни 1981 година, во Најроби, Кенија.[48]

Покрај наведените меѓународни правни акти кои ја познаваат и ѝ посветуваат особено внимание на слободата на изразување важно место зазема и ***Европската конвенција за човекови права.*** Во член 10 е нагласено дека секој има право на слобода на изразување. Ова право вклучува слобода на мислење и примање и размена на информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат дозвола за радиодифузија, телевизија или кино претпријатија. Спроведувањето на овие слободи, бидејќи носи обврски и одговорности, може да подлежи на такви формалности, услови, ограничувања или казни, предвидени со закон и се неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување или нарушување криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на угледот или правата на другите, за спречување на откривање на информации добиени со доверба, или за одржување на авторитет и непристрасност на судството.

Содржината на ставот 1 на членот 10 упатува на тоа дека слободата на изразување опфаќа три компоненти:

- Слободата на мислење
- Слободата на примање на информации и
- Слобода на пренесување информации или идеи.

Сите три горенаведени аспекти на слободи на изразување потребно е да се остваруваат без мешање на јавната власт. Секој обид за ограничување на оваа слобода се

---

[48] Достапно на: *https://au.int/en/treaties/african-charter-human-and-peoples-rights* (пристапено на 26.01.2020 година).

смета како директна закана на демократијата и сите случаи на дискриминација на луѓето поради тоа што имаат поинакво мислење од другите се третираат како грубо кршење на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Остварувањето на овие слободи ...може да бидат ограничени со закон... ако станува збор за зачувување на безбедноста, јавниот поредок, спречување нереди и злосторства, заштита на здравјето, зачувување на моралот, за угледот или правата на другиот, за спречување на ширење на доверливи информации или зачувување на авторитетот и непристрасноста при донесувањето судски одлуки".

Притоа, член 10 не го штити само изразувањето преку текст или говор, туку се однесува и на слики, идеи, филмови, радиодифузија, цртежи (карикатури) итн.

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи е меѓународен договор врз основа на кој државите членки на Советот на Европа се обврзуваат дека ќе им ги обезбедат основните граѓански и политички права, не само на нивните државјани, туку и на сите лица под нивна надлежност. Конвенцијата, којашто била потпишана на 4 ноември 1950 година во Рим, влезе во сила во 1953 година.

Исто така значаен правен докуемнт во оваа област е и ***Повелбата за основни права на Европската Унија.*** Во член 11 се нагласува дека ***с***екој има право на слобода на изразување. Правото вклучува слобода на мислење и примање и размена на информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите и да се почитува слободата и плурализмот на медиумите.

Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија штити одредени политички, општествени и економски права на граѓаните и жителите на Европската Унија (ЕУ), во правото на ЕУ. Таа била изготвена од страна на Европската конвенција и свечено прогласена на 7 декември 2000 година од страна на Европскиот парламент, Советот на министри и Европската комисија. Сепак, нејзиниот тогашен правен статус бил неизвесен и немаше целосен правен ефект до стапувањето во сила на Договорот од Лисабон на 1 декември 2009 година.

Посебно значајно во оваа насока за да се прегледа е и секундарното законодавство на ЕУ.

Друг, многу значаен документ е и ***Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси,*** согласно која медиумските услуги се културни услуги, но истовремено се и економски услуги. Нивната растечка важност за општеството, за демократијата - посебно за обезбедувањето на слобода на информации, различност на мислења и медиумскиот плурализам - оправдува примена на посебни правила. Оваа Директива тргнува од претпоставката дека аудиовизуелните и медиумските услуги во современата ЕУ треба со помош на различните технологии да ги надминат границите на поединечните држави членки. Оттаму, со нормативниот дел на Директивата се утврдуваат мерки кои ќе овозможат и ќе обезбедат премин на националните пазари и фер конкуренција имајќи го предвид секогаш јавниот интерес. Натаму, Директивата прави напори во својот нормативен дел да го земе предвид развивањето и ширењето на информатичката и комуникациската технологија и технолошкиот развој на бизнис моделите, како и да обезбеди правна сигурност и почитување на културната и јазичната разновидност.[49]

За ЕУ е од исклучително значење оваа Директива да превенира преземање на дејствија кои би биле штетни за слободата на изразување, но и за размената на телевизиска програма и на тој начин ќе обезбедат доминантна положба на пазарот. Доминантната положба на пазарот, во овој случај, ЕУ не ја гледа како препрека за конкуренцијата и слободата на пазарот, туку и како пречка за остварување на слободата на изразување на мислата и правото на пристап до информации од повеќе извори. Механизмот на кој се заснова Директивата не предвидува нови правила, ниту пак нови системи за лиценцирање или издавање на согласност од државен орган. Напротив Унијата е многу јасна кога вели дека „...независноста и културниот развој во државите членки и заштитата на културната различност во Унијата треба да останат недопрени“.[50]

Листата на правни акти во рамките на ЕУ не е ограничена само на Директивата за аудиовизуелни и медиумски услуги, напротив, истата опфаќа и други аспекти на слободата на изразување иако не директно поврзани со нејзиното уживање, како што се:[51]

---

[49] Види „*Остварување на правото на слобода на изразување - теорија и практика*“, Здружение на граѓани, Институт за човекови права, Здружение за развој, Центар за управување со промени, 2017, стр.53-55.
[50] Види *Directive 2014/56/EU* of the European Parliament and of the Council of 16 April 2014.
[51] Наведените директиви се достапни на: *https://eur-lex.europa.eu/homepage.html* (пристапено на 01.02.2020 година).

• ***Директива 98/34/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 22 јуни 1998 година*** за утврдување постапка за обезбедување на информации во областа на техничките стандарди и прописи и правила за услугите на информатичкото општество. Заменета со Директива (ЕУ) 2015/1535 на Европскиот парламент и на Советот од 9 септември 2015 година за утврдување на постапка за обезбедување информации од областа на техничките регулативи и правилата за услугите на информатичкото општество[52];

• ***Директива 2007/65/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2007 за изменување на Директивата 89/552 / ЕЕЗ на Советот за координација на одредени одредби утврдени со закон, регулатива или административна постапка во државите членки во врска со вршење на радиодифузна дејност***. Заменета со Директива 2010/13 / ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 10 март 2010 година за координација на одредени одредби утврдени со закон, регулатива или административно дејствие во земјите членки во врска со обезбедување на аудиовизуелни медиумски услуги[53];

• ***Директива 2002/21/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 7 март 2002 година за заедничка регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги***. Заменета со Директива (ЕУ) 2018/1972 на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2018 година за воспоставување на Европскиот кодекс за електронски комуникации[54] ;

• ***Директива 2000/31/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 8 јуни 2000 година за одредени правни аспекти на услугите на информатичкото општество, особено на електронската трговија, на внатрешниот пазар***;

• ***Директива 2001/29/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 22 мај 2001 година за хармонизација на одредени аспекти на авторското право и сродните права во информатичкото општество.***

---

[52] Види *Directive (EU) 2015/1535* of the European Parliament and of the Council of 9 September 2015 *laying down a procedure for the provision of information in the field of technical regulations and of rules on Information Society services.*

[53] Види *Directive 2010/13/EU* of the European Parliament and of the Council of 10 March 2010 *on the coordination of certain provisions laid down by law, regulation or administrative action in Member States concerning the provision of audiovisual media services (Audiovisual Media Services Directive).*

[54] Види *Directive (EU) 2018/1972* of the European Parliament and of the Council of 11 December 2018 *establishing the European Electronic Communications Code.*

Поголемо внимание на дел од овие Директиви, посветуваме во делот кој следи, а кој е посветен на огранчувањата на правото на слободата на изразување во рамките на Европската Унија, секако во контекст на новите струења кои се јавија во 2017 година, а своја завршна форма и полет добија официјално во 2019 година.

## 2.4 Односот на правото на слобода на изразување со другите човекови права

### 2.4.1 Слободата на творештво како дел од слободата на изразување

Слободата генерално значи состојба во која субјектот може да дејствува без принуда и забрана, поседувајќи способност да се самоопредели со избирање на целта и средствата за постигнување на истата. Слободата е недостаток на неопходност, слобода е она што не е обврзувачко. Уметничката слобода или слободата на уметничкото творештво би биле, значи, креативност што е неограничена и неконтролирана од социо-економските околности.

Слободата на творештво, иако не смее да биде условена од ниеден надворешен фактор, сепак, никој не може да се пофали со целосна безусловеност, од причина што, опкружувањето, природно и социо-економско, свесно или несвесно, детерминираат голем дел од човековата способност за творење, а со тоа и дозволуваат негова слободна експресија. На сето ова мора да се додаде и психолошката состојба на самите творци која трпи условеност од лични состојби, што директно може, а во најголем случај и влијаат на финалниот изглед на творечкото дело. И не треба да се оди подалеку за ова да се потврди, туку фактот дека најпознатите уметнички творби, па дури и архитектонски или друг вид на творби биле инспирирани од лични чувства на нивните творци, љубовни, семејни, патриотски или слично.

Кога зборуваме за социо-економските услови, треба да напоменеме дека тие можат да се катализатор, но и инхибитор на творештвото. Речиси и да нема забелешки кога творештвото е катализирано од социо-економското опкружување и тука секогаш се вели дека овие два процеси се на иста линија која тече паралелно, но ситуацијата е различна кога ваквото опкружување го успорува или забранува творештвото. Тука веќе се јавува

потребата од активирање на правните механизми со цел негова заштита. Ниедна појава не е имуна на ваков тип на негативни влијанија, така и слободата на творештво.

Гледајќи низ историјата, би било погрешно да се каже дека на уметниците им се потребни соодветни и позитивни социо-политички околности за целосно да се изразат. Всушност, токму негативните околности силно ги мотивираат уметниците да творат. Може да се каже дека самата уметност се обликува преку општествени околности, така што, како што кажавме и негативните социо-економски појави може да се мотивација за катализирање на творештвото. Не ретки се примерите каде што во најтешките општествени состојби се создадени најголемите творби на човештвото. Социо-економските околности затоа се неразделни од уметноста и таквиот однос е реципрочен, двонасочен, со тоа што историјата познава и промена на социо-економските состојби врз база на некои творби. Затоа не може да се стави знак на равенство помеѓу нив, но може слободно да се стави знак на заемност.

Целосното остварување на слободата на творештво, исто како и остварувањето на сите други слободи е речиси невозможно. Постоењето на различни степени на правен и општествен развој, социо-економски состојби, постоење на цензура, како и заштитата на моралните вредности се само дел од механизмите кои оправдано или неоправдано ја ограничуваат оваа слобода. Најисправно е кога сето ова би било ограничено со закон, но свесни сме дека творештвото има многу појавни форми и содржини за кои правото не може да даде соодветна правна формулација како би ги опфатило сите нив. Не секогаш она што „се смее“ е исто со она што е „општествено прифатливо“. Кај творештвото, неговиот создавач најчесто се води од своите чувства, па затоа се смета дека автоцензурата е гланиот механизам кој му ја кочи слободата на изразување. Но, неретко и творбите по нарачка, заради економски или друг вид на бенефит се во корелација со слободното творештво. Но, за тоа дали или не, некоја творба направена од економски причини може да се смета за слободно творештво или наметнато, се чини дека е филозофско прашање на кое одговор треба да даде филозофијата.

Наш интерес е да ја ставиме слободата на творештвото, како подвид на слободата на изразување, од причина што, голем дел од новинарските текстови се творба на авторите, голем дел од новинарското изразување може да биде составено и од друг вид на творба,

освен пишаната, па согласно тоа, слободата на изразување и она што правно важи за неа, може да кажеме дека може да се примени и на слободата на творештвото.

Секако дека слободата на изразување како човеково право има свои граници во другите човекови права, како што се правото на приватност, заштита на честа и угледот, правата од интелектуална сопственост и др.

### 2.4.2 Слободата на изразување и правото на приватност

Правото на приватност и слободата на изразување, можат да бидат во судир. Во такви случаи, националните судови треба да одлучат како да се реши конфликтот. Давање превласт на едно право на друго не е најпосакувана опција. Наместо тоа, судот треба да ги афирмира и двете човекови права колку што е можно. Бидејќи ова не е секогаш можно, судот би требало да утврди кое право заслужува предност пред другото. Постојат различни (академски) пристапи кон методот што може да го примени судот.[55]

Европскиот суд за човекови права применува два методи при оценување дали мешањето во правото на приватност, вклучително и угледот, е оправдано. Прво, Судот го користи „класичниот“ метод за анализа на пропорционалноста за да се утврди дали во конкретниот случај би се применувал членот 8 од ЕКЧП. Вториот метод, кој понатаму треба да се анализира и дискутира е методот на балансирање на правата. Правото за приватност според членот 8 обезбедува широка заштита на нечија личност. Балансирајќи ги тие права со другите права од Конвенцијата, Судот утврдил дека државата е повикана да ги гарантира двете права и ако заштитата на едното води кон мешање на другото, да се изберат соодветни средства за да се направи мешање кое ќе е пропорционално на целта што треба да се постигне. При балансирање на слободата на изразување заштитена со член 10 и право на почитување на приватниот живот заштитено со член 8, Судот развил методологија и општи принципи на оваа методологија, кои беа сумирани во различни пресуди, особено оние на Големиот совет[56].

---

[55] Види Stijn Smet, "Freedom of Expression and the Right to Reputation: Human Rights in Conflict." American University International Law Review, vol. 26, no. 1, 2010, p.183-236. HeinOnline.

[56] Види Здравева, Неда *„Freedom of expression vs. Right to privacy: The role of ECHR in modelling civil liability for damage“* е достапен на*: https://ukimmk-my.sharepoint.com/personal/ikt_pf_ukim_edu_mk/_layouts /15/onedrive.aspx?id* (пристапено на 01.08.2021 година).

### 2.4.3 Слободата на изразување и правото на интелектуална сопственост

Кога станува збор за односот на слободата на изразување и интелектуалната сопственост, правото на слободно изразување може да се ограничи со барањето за почитување на правата од интелектуална сопственост. Не може слободно и секогаш да се користат туѓи интелектуални креации и мораат да се почитуваат овие правила и правата на авторите и творците или да се бара согласност, дозвола од титуларите на правата за нивно користење.  Преку анализа на дефинициите и основните карактеристики на правото на интелектуална сопственост, може лесно да се заклучи дека системот за интелектуална сопственост им овозможува на креаторите да добијат признание и финансиска корист од нивните креации, но исто така промовира инвентивност, економски развој и социјална благосостојба. Она што е потребно е да се пронајде вистинскиот баланс помеѓу заштитата на правото на интелектуална сопственост и заштитата на човековите права. Јазот помеѓу овие две заштити на правото на слободно изразување и интелектуалната сопственост, полека се намалува. Соживотот и паралелниот напредок на човековите права и правата на интелектуална сопственост е вистинскиот пат за решавање на дилемата, од причина што истите отсекогаш постоеле заедно и целта е да се задржи ова постоење колку што е можно покохерентно.[57]

### 2.4.4 Слободата на изразување и правото на трговска марка

Конфликтот помеѓу правата на трговски марки и правото на заштита на слободата на изразување не е во фокусот на јавната правна дебата бидејќи трговските марки беа земени предвид само во нивната комерцијална функција и покрај нивната социјална, културна, па дури и политичка улога во демократско општество. Трговските марки се сметаат само за „знак што служи за идентификување на стоките на одредено претпријатие и за нивно разликување од оние на другите“[58]. Главната функција на правото за трговски

[57] Види Пепељугоска Костовска, Ана *„Human Rights and Intellectual Property“* достапен на: *https://ukimmk-my.sharepoint.com/personal/ikt_pf_ukim_edu_mk/_layouts/c* (пристапено на 01.08.2021 година).

[58] Види De Propiedad Intelectual, Organizacin Mundial. Introduction to Trademark Law and Practice: The Basic Concepts: a WIPO Training Manual. WIPO, 1993, 15.

марки е да служи за заштита на потрошувачите против фалсификувани производи и конфузија во однос на нивното потекло[59].

Случаите на хоризонтален конфликт помеѓу слободата на изразување и заштитата на трговските марки покажуваат дека интелектуалната сопственост има тенденција да стане механизам за заштита на приватните интереси, наспроти заштитата на јавниот интерес. Правата на имателот на трговска марка го вклучуваат „правото да се забрани“ кое често се активира во случај на критика за да се спречи тоа. Иако човековите права, генерално, можат да бидат предмет на одредени граници наметнати од јавниот интерес, ограничување на слободата на изразување во форма на забрана за секаква употреба на заштитен знак дури и кога се користи за пародична намена може да доведе до сериозна штета врз либералните вредности во едно демократско општество.[60]

Интересно е да се истакне дека во денешно време, во ерата кога слободата на изразување „е една од основите на едно демократско општество и еден од основните услови за негово напредување и самоисполнување на секој поединец“, но постојат случаи кога моќните компании ја контролираат слободата на изразувањето со цел заштита на трговските марки дури кога се користат и во пародичен/критички контекст. Дури и кога говорот се смета за некомерцијален, ЕСЧП е принудена да ја балансира слободата на изразување со економските интереси на сопственикот на трговската марка. За жал, со оглед на утилитарните преференции на судовите, обвинетите кои се потпираат на оваа одбрана, честопати била неуспешна[61].

[59] Види Pak, Irina. "The expansion of trademark rights in Europe." IP Theory 3 (2012): xiii, 166.
[60] Види Рунчева-Тасев, Христина, Алексов, Мартин „Article 10 ECHR: Freedom of expression in the context of trademarks“ е достапен на: https://ukimmk-my.sharepoint.com/:b:/g/personal/ikt_pf_ukim_edu_mk/ERC9afkyw5JJr8MFzzT5QLYB2bqrRGpQhqKnsaInuazl4A?e=vp8cBJ (пристапено на 01.08.2021 година).
[61] Puma (n.1200). Lamparello v. Falwell, 420 F.3d. 309, (Va. 2005) In Basma, Dima. The nature, scope, and limits of modern trademark protection: A luxury fashion industry perspective. The University of Manchester (United Kingdom), 2016, 334.

## 2.5 Слобода на творештво во дигиталното новинарство

Слободата на творештво или попозната како уметничка слобода, била во центарот на вниманието на Светскиот ден на слободата на печатот (WPFD) којшто се одржа во Акра, Гана (2 и 3 мај 2019 година). За да ја одбележат оваа прилика, уметниците, активистите за човекови права и медиумските професионалци се собрале да дебатираат за глобалните предизвици за уметничката слобода во дигиталното опкружување. Повикот за заедничко дејствување на уметниците и новинарите, да соработуваат заедно во застапувањето за печатот и уметничките слободи, е упатен за време на заедничкото започнување на двата нови глобални извештаи на УНЕСКО, „Реоформување на културни политики" и „Глобален извештај за развој на светски трендови во слободата на изразување и медиумите".[62]

Како што веќе укажавме, предмет на наше интересирање е правната рамка на слободата на творештвото. Веќе зборувавме за најважните документи со кои се гарантира слободата на изразување. Видовме дека слободата на уметничката креативност произлегува од слободата на изразување и е основно право заштитено со меѓународните и регионалните инструменти за човекови права, како и во рамките на националните устави. Постојат правни извори на меѓународното право коишто ја признаваат слободата на уметничката креативност, експлицитно или имплицитно, како својствен елемент на правото на слобода на изразување. Во овие инструменти честопати индивидуалното право на човекот да креира идеи, е неповратно поврзано со правото на нивно примање, па така, во член 19 од (ICCPR), правото на слобода на креативност е формулирано како: „Секој има право на слобода на изразување; ова право вклучува слобода за барање, примање и раздавање на информации во форма на уметност или преку кој било друг медиум по негов избор".[63]

Исто така, во член 13 (1) од Конвенцијата за човекови права на САД, слободата на уметничка креативност е изедначена со слободата на изразување. Притоа, врската помеѓу

---

[62] Достапно на: *https://freemuse.org/news/un-report-on-the-right-to-artistic-expression-and-creation-now-available/* (пристапено на 05.02.2020 година).
[63] Достапно на: *https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/385977?download=true* (пристапено на 13.02.2020 година).

изразувањето и приемот го артикулира правото што се однесува на неговиот ограничен централен предмет.[64] Таков е и случајот со членовите 1324 и 3125 од Конвенцијата за правата на детето.[65] Член 15 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (ратификуван од страна на РСМ на 18.01.1994) (ICESCR) ги задолжува државите да ја почитуваат неопходната слобода за научно истражување и креативна активност“.[66]

Имплицитното право на слобода на уметничка креативност е изведено преку судското толкување на Европската конвенција за човекови права (ECHR), поточно од член 10, којшто го штити правото на слобода на изразување. Проширувањето на член 10, се забележува во императивот во одлуката во случајот Aıакк против Турција, во чии рамки Европскиот суд за човекови права (ECHR) ја истакна граѓанската важност на слободата на уметничката креативност и наметна соодветна должност за европските држави да ја почитуваат. Според мислењето на Судот, „признавањето на уметничкиот израз... дава можност да се искористи учеството во јавната размена на културни, политички и социјални информации и идеи во сите видови и форми... Оние што создаваат, изведуваат, дистрибуираат или изложуваат уметнички дела, придонесуваат размена на идеи и мислења коишто се неопходни за демократско општество. Оттука, постои обврска на државата да не се повредува неосновано слободата на изразување на авторот“.[67]

Правото на слобода на уметничката креативност е, исто така честопати замислено како нераскинливо од правото на уживање на уметноста и правото на преземање дејства во културниот живот, видливо во член 27 од Универзалната декларација за човекови права (UNDHR) и член 15 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (ICESCR), како и во други важни регионални инструменти за човекови права.[68]

Признавањето на правото на слобода на уметничка креативност во рамките на националните легислативи бележи бројни форми, во зависност од правните системи. Така, во националните устави, како и со меѓународните и регионалните инструменти, слободата

---

[64] Достапно на: *https://www.cidh.oas.org/basicos/english/basic3.american%20convention.htm* (пристапено на 15.02.2020 година).

[65] Закон за ратификација на Конвенцијата за првата на детето, Службен весник на Социјалистичка Република Југославија, бр. 150/1990 - Службен весник на Република Македонија, 1993.

[66] Достапно на*: https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/cescr.aspx* (пристапено на 17.02.2020 година).

[67] Види *ECtHR, Alınak v. Turkey, no. 40287/98, 29 March 2005, § 42; ECtHR, Karataş v. Turkey [GC], no. 23168/94, 8 July 1999, § 49; ECtHR, Müller and Others v. Switzerland, no. 10737/84, 24 May 1988, § 27.*

[68] Види *Nimmer, David, "Fairest of Them All" and Other Fairy Tales of Fair Use, 66 Law and Contemp.probs. 263, 282 (2003)*, p.12.

на уметничката креативност (творештво) честопати се наоѓа во закрилото на силно заштитеното право на слобода на изразување. На пример, член 5 од Basic Law for the Federal Republic of Germany содржи посебен став што го поврзува правото на слобода на изразување со правото на слободно развивање на уметноста и науките.[69] Fundamental Law on Freedom of Expression, кој е еден од четирите закони што го сочинуваат Шведскиот Устав, експлицитно ја вклучува слободата на уметничкото творештво како дел од клучните цели на слобода на изразување: „Целта на слободата на изразување согласно овој закон е да се обезбеди слободна размена на мислења, слободен тек на сеопфатни информации и слобода на уметничко создавање“.[70]

Уставите на одредени други земји ја признаваат слободата на уметничкото изразување како дел од групата на правата на науката и културата. Во американската судска пракса, слободата на уметничката креативност е опфатена со првиот амандман на Уставот на САД, иако Врховниот суд на САД никогаш не ја сметал оваа слобода како посебна категорија слична на политичкиот говор, наместо тоа, практиката се осврнува на различните форми на уметност во однос на првиот амандман на контекстуална основа.[71] Имено, според Судот, слободата на уметничката креативност е елемент на почитување на слободата на изразување, една од основните вредности вклучени во првиот амандман и воопшто, вредности врз кои се темели американската демократија.

Во можеби најискристализираната форма на заедништво на двете доктрини, судската пракса на американското авторско право дефинитивно наложува дека првиот амандман и клаузулата за авторското право работат заедно за промовирање на слободата на уметничката креативност. Како што е формулирано од страна на Врховниот суд на САД, улогата на клаузулата за авторско право, во промовирањето на утилитарната претстава за јавното добро и улогата на првиот амандман, во одржувањето на правото на

---

[69] Види *German Basic Law, Art. 5. https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_gg/* (пристапено на 23.02.2020 година).
[70] Види *Swedish Fundamental Law on Freedom of Expression, Chapter 1, Art. https://fra.europa.eu/en/law-reference/fundamental-law-freedom-expression* (пристапено на 23.02.2020 година).
[71] Види Davies, Gillian, "*Copyright and the Public Interest*", 2nd ed., 10 (2002); Pamela Samuelson, "*Copyright, Commodification, and Censorship: Past as Prologue - But to What Future?"* Commodification of Information Conference (1999), достапно на: http://works.bepress.com/pamela_samuelson (пристапено на 23.02.2020 година).

изразување на индивидуата, е да се увери „дека владата не фрла никаква пречка за дисеминација на креативна содржина“.[72]

Откако се утврди дека крајните цели на авторското право и слободата на творештвото не се непомирливи, постигнат е баланс со цел да се овозможи креативна слобода, во услови додека се одржува одредена претстава за ексклузивна контрола. Токму од тие причини, во творењето, слободата на изразување заедно со ексклузивното авторoско право, играат суштинска улога во поттикнување на креативно опкружување.

---

[72] Види Christophe, Geiger, “*Promoting Creativity through Copyright Limitations, Reflections on the Concept of Exclusivity in Copyright Law*”, 125152010, p.10.

# 3 ГЛАВА 3 - ГРАНИЦИ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО

## 3.1 Оправданост и нормативна регулираност на ограничувањата на слободата на изразување со меѓународни правни инструменти

Слободата на изразување и слободата на печатот и покрај нивната природа, не се апсолутни права и истите можат да бидат ограничени со цел да се заштитат други човекови права или угледот на човековата личност (на пример, забрана на говор којшто поттикнува насилство или омраза против одредена група на луѓе, понатаму забрана за печат во случај на заштита на децата од сексуална експлоатација или за заштита на репутација на поединци од лажни обвинувања и клевети).

Овие права исто така, можат да бидат ограничени во случај кога е загрозена националната безбедност, јавниот ред, јавното здравство или моралот. Во случај на конфликт помеѓу правото на слобода на изразување и други човекови права, коишто се заштитени со меѓународните и националните правни инструменти, како што е на пример, правото на приватност, слободата на изразување може да подлежи на одредени ограничувања. Сепак, ограничувањата можат да се воведат само доколку тие се „неопходни во демократско општество“, „пропишани со закон“ и имаат „легитимна цел“.[73] Правото на слобода на изразување не е апсолутно и може да биде предмет на ограничувања во случај кога се повредува правото на приватност на други луѓе.

Мас-медиумите со своите објави можат да го повредат правото на приватност на други луѓе на неколку начини. Еден пример за оваа повреда е токму ширењето на лажни информации за одредена личност коешто може негативно да влије врз нејзината/неговиот углед, повреда којашто е позната како навреда и/или клевета.[74] Овие повреди пред сè, се однесуваат на голем број права коишто го штитат достоинството, емоционалниот и психолошкиот интегритет на една личност.

---

[73] Види Vitaliev, D. “*Content and Censorship*”. In APC ICT Policy Handbook, November 2009, достапно на *http:// www.apc.org/en/pubs/books/apc-ict-policy-handbook-second-edition.*

[74] Види ITU, „*Measuring the Information Society*“, 2010, Executive Summary, достапно на http://www.itu.int/ITU-D/ ict/publications/idi/2010/index.html (пристапено на 18.03.2020 година).

Од она што досега е кажано следи дека улогата на мас-медиумите е од особено значење. Повторно, улогата на медиумите на „јавен чувар“ е епитет којшто ЕСЧП во многу наврати го истакнува:[75]

,,Не само што [печатот] има задача да дава вакви информации и идеи, јавноста исто така, има право да ги прими. Во спротивно, печатот не би можел да ја игра својата витална улога на чувар во доменот на јавноста“.

Слободата на печатот ѝ овозможува на јавноста да управува со едно од најдобрите средства за откривање и формирање на мислење за идеите и ставовите на своите политички лидери. Особено им дава можност на политичарите да размислуваат и коментираат за преокупациите на јавното мислење; на кој начин им овозможува на сите да учествуваат во слободната политичка дебата, што е и всушност основата на концептот за демократско општество. Оттука, Европскиот суд за човекови права и националните судови во Европа развија една доктрина која цврсто инсистира дека правото на слободата на печатот не припаѓа само на индивидуалните новинари, поточно ова право го уживаат не само оние што пишуваат, уредуваат и објавуваат, туку и оние што читаат. Членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи не ги спречува државите,  компаниите за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа“. Сепак, лиценцирањето треба да се смета како механизам за обезбедување фер дистрибуција и пристап до медиумите.

Слободата на изразување не е апсолутно право. Тоа е општ принцип на правните инструменти кои ги уредуваат човековите права, вклучувајќи ги инструментите на ООН и Европската конвенција за човекови права (член 17), во чии рамки се потенцира дека човековите права не можат да се остваруваат на начин што ќе ги кршат правата на другите. Како во член 19 од (ICCPR), така и во член 10 од ЕКЧП се утврдени голем број цели за кои може да биде ограничена слободата на изразување: остварување на правата од член 10 став 2 носи со себе посебни должности и одговорности. Она што се јавува како услов е овие ограничувања да бидат предвидени со закон и истите да се неопходни:

- за почитување на правата или угледот на другите;
- за заштита на државната безбедност или јавниот ред;
- или заштита на јавното здравје или морал.

---

[75] Достапно на: *https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf* (пристапено на 18.03.2020 година).

Согласно Европската конвенција за човекови права, остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за:[76]

- државната безбедност,
- територијалниот интегритет и јавната безбедност,
- заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства,
- заштитата на здравјето или моралот,
- угледот или правата на другите,
- за спречување на ширењето на доверливи информации или
- за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Иако на прв поглед списокот со основи за ограничување на правата на изразување изгледа долг, па дури и застрашувачки, од гледна точка на новинар или друг бранител на слободата на медиумите, процесот на ограничување на слободата на изразување се темели на добро воспоставена проверка и систем којшто не остава простор за изигрување од страна на владините претставници и креатори на политика, дури ни во државите во кои сè уште владеат репресивни режими.

Имено, станува збор за процес којшто е воспоставен од страна на ЕСЧП и е познат како тест од три чекори:

- Чекор 1: Секое ограничување на правото мора да биде пропишано со закон.
- Чекор 2: Ограничувањето мора да темели основа во една од наведените цели во текстот на инструментот за човекови права.
- Чекор 3: Ограничувањето мора да биде неопходно за да се постигне пропишаната цел во едно демократско општество.

Накратко, да ги образложиме чекорите:

- **Чекор 1: Секое ограничување на правото мора да биде пропишано со закон**

Овој чекор едноставно претставува изјава за принципот на законитост, врз кој се темели концептот на владеењето на правото. Законот треба да биде јасен и неретроактивен. Мора да биде недвосмислено утврден со постојниот закон дека може да

---

[76] Достапно на: *https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf* (пристапено на 18.03.2020 година).

биде ограничена слободата на изразување (на пример, во интерес на заштита на правата и угледот на другите).

ЕСЧП потенцира дека, со закон предвиденото ограничување треба да биде „соодветно достапно“ и „формулирано со доволна прецизност за да му се овозможи на граѓанинот регулирање на неговото однесување“.[77]

Комитетот за човекови права (тело формирано врз основа на член 28 на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права) додава дека секој закон кој предвидува ограничување на правото на слобода на изразување мора да биде во согласност со принципите во Конвенцијата како целина, а не само во духот на член 19. Поточно, тоа значи дека ограничувањата не смеат да бидат дискриминирачки, а казните за кршење на законот не треба да ги нарушуваат основните постулати врз кои е изграден Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.[78] Но, што точно се подразбира под поимот закон? Во наведената смисла, се мисли на тоа дека законот со кој се ограничува правото на слобода на изразување мора да биде пишан извор, но мора да се внимава на основите за ограничување на правото на слободното изразување.

✓ **Чекор 2: Ограничувањето мора да темели основа во една од наведените цели во текстот на инструментот за човекови права**

Списокот на легитимни цели кои даваат основа правото на слобода на изразување да може да биде ограничено, се наведени во став 2 член 10 од ЕКЧП:

- државната безбедност,
- територијалниот интегритет и јавната безбедност,
- заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства,
- заштитата на здравјето или моралот,
- угледот или правата на другите,
- за спречување на ширењето на доверливи информации или
- за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

---

[77] Достапно на: *https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf* (пристапено на 18.03.2020 година).
[78] Достапно на: *http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Megjunaroden-pakt-za-gragjanski-i-politicki-prava.pdf* (пристапено на 20.03.2020 година).

- **Чекор 3: Ограничувањето мора да биде неопходно за да се постигне пропишаната цел во едно демократско општество**

МКЦПП бара секое предложено ограничување да биде „неопходно“, за кое пак ЕКЧП додава уште еден доста важен сегмент којшто е дел од фраза што се наоѓа во УДХР „во едно демократско општество“. Ова ја нагласува претпоставката дека ограничувањето на правото е последна опција како средство и секогаш мора да биде сразмерно со целта што се остварува. „Неопходно“ е посилен стандард отколку само „разумен“ или „пожелен“, иако ограничувањето не е „неопходно“. Законот мора да биде прецизен и достапен пред јавноста. При одлучувањето дали ограничувањето е „неопходно во едно демократско општество“, ЕСЧП го разгледува јавниот интерес за секој поединечен случај. Ако информацијата што треба да се ограничи се однесува за прашање од јавен интерес, би било неопходно да се докаже дека е „апсолутно сигурно“ дека дисеминацијата ќе му наштети на тој што е идентификуван со легитимната цел. При проценката на легитимноста на ограничувањата, ЕСЧП дозволува таканаречена „маргина на благодарност“ на државата. Ова значи дека постои одреден степен на флексибилност во толкувањето, што е особено применливо ако ограничувањето се однесува на прашања за коишто може да постојат значителни разлики помеѓу европските држави, на пример, заштитата на моралот. Маргината на благодарност ќе биде помала кога целта на ограничувањето е пообјективно по природа (како што е заштита на авторитетот на судството).[79]

Членот 10 од ЕКЧП не претставува апсолутно, туку квалификувано право, коешто означува дека правата на поединецот мора да бидат избалансирани во однос на интересите на општеството. Ограничувањето на слободата на изразување, веројатно зависи од бројни фактори, вклучувајќи го и идентитетот на говорникот (авторот), контекстот на говорот и неговата цел, како и вистинските зборови изговорени или напишани. Говорот којшто има за цел да информира наместо да навредува, привлекува поголема заштита, дури и во случај кога истиот може да се толкува како расистички. Верувањата, мислењата и идеите - дури и длабоко всадените верувања - не можат да бидат имуни на критика или сатира. Демократијата зависи од тоа колку луѓето слободно ги изразуваат, дебатираат и

---

[79]Достапно на: *http://bezomrazno.mk/wp-content/uploads/2013/10/Megjunaroden-pakt-za-gragjanski-i-politicki-prava.pdf* (пристапено на 20.03.2020 година).

критикуваат спротивставените ставови. Се провејува заклучокот дека судовите во земјите на развиените демократии генерално сметаат дека правото на слободно изразување не треба да се ограничува, едноставно затоа што другите луѓе сметаат дека тоа е навредливо. Дури и кога ограничувањето ја наоѓа својата основа во една од погоренаведените легитимни цели, мора исто така, да се покаже дека ограничувањето е законско (што значи дека е јасно утврдено во законодавството и дека мешањето со слободата на изразување е „неопходно во демократско општество"). Судот ова го толкува така што, во секој случај кога има мешање во слободата на изразување, мора да се воспостави рамнотежа помеѓу правото на поединецот да се изрази и поширокиот јавен интерес што го оправдува мешањето (на пример, заштитата на правата на другите). Особено ограничувањето мора да биде пропорционално на легитимната цел што државата или јавните тела се обидуваат да ја поддржат.

Во однос на поставеноста на ова право кон заштитата на јавниот морал, потребно е да се истакне дека постојат бројни разлики помеѓу решенијата на земјите низ светот, бидејќи станува збор за една растеглива категорија, која во голема мера зависи од културниот контекст. Сепак, постојат генерални правила, како што е, на пример, грижата за правилниот развој на младата личност, кои изложувањето на младите на прекумерно насилство и порнографски материјал го сметаат за повреда на јавниот морал и повреда на правото на личноста да се развива во здрава средина, па оттука системот на рејтинзи и прагови во однос на ова прашање постои речиси во сите земји.

Во односот слобода на изразување и авторско право потребно е да се напомене дека ширењето материјал кој е авторско право на друго лице не може да потпадне под слобода на изразување, односно под слобода на примање и предавање информации. Постојат специфични услови определени со законите за авторското и сродни права кои дозволуваат користење делови и цитати од авторско дело во точно определен обем и тоа за научни цели и за информирање на јавноста.[80]

Заедно со Парламентот и судовите, медиумите играат витална улога како јавно надзорно тело во едно демократско општество. Медиумскиот надзор на владата и опозицијата го охрабрува доброто управување, помагајќи да се разоткрие корупцијата или

---

[80] Достапно на : *https://www.pravdiko.mk/granitsite-na-pravoto-na-sloboda-na-izrazuvan-e/* (пристапено на 19.03.2020 година).

судирот на интереси. Овозможува јавноста да учествува во донесувањето одлуки преку слободен пристап до информации и идеи. Според тоа, членот 10 им дава на новинарите значителна ширина за изразување на контроверзни ставови и мислења, врз основа на тоа дека „слободата на печатот и другите медиуми за вести ѝ овозможуваат на јавноста едно од најдобрите средства за откривање и формирање на мислење за идеите и ставовите на политичките лидери". Весниците и другите форми на печатени медиуми (вклучувајќи веб-страници и други електронски медиуми) сепак, можат да извршат кривично дело доколку објават „пишан материјал" којшто е „заканувачки, или навредлив" и, со тоа, или имаат намера да „разгорат расна омраза" или се свесни дека расната омраза „веројатно ќе се разбуди". Сепак, издавачите нема да бидат виновни за прекршок ако можат да докажат дека „не биле свесни за содржината на материјалот и не се сомневале и немале причина да се сомневаат дека е заканувачки или навредлив".[81] Како и секогаш, контекстот во кој публикацијата презентира контроверзен материјал веројатно ќе направи значителна разлика при проценка на степенот до кој е заштитен од кривично гонење или поведување граѓански постапки согласно член 10 од ЕКЧП.

Издавачите и сопствениците на медиумите мора да се залагаат и постојано да објавуваат содржини од јавен интерес без страв и без пристрасност. Уредниците мора да се борат против извртувањето на слободата на говор, против манипулацијата со зборовите, против говорот на омраза, давајќи отпор кон притисоците кои доаѓаат и од владите, од корпорациите, судиите, адвокатите или кон кој било друг создавач на вести, кој манипулира нарекувајќи ја лагата со име вистина и војната со име мир. Најдиректен контакт со случувањата на терен и создавачите на вести и содржини се новинарите. Првиот контакт со граѓаните, темите, проблемите и претставувањето на деликатни прашања пред јавноста е во нивни раце. Меѓутоа, како секоја слобода или право, и слободата на медиумите завршува таму каде што почнуваат правата на другите. Новинарите не смеат во ниту една ситуација бесправно да етикетираат, напаѓаат, омаловажуваат, навредуваат или клеветат кој било поединец. Новинарите не смеат да ги

---

[81] Види "*Media Ownership and Its Impact on Media Independence and Pluralism*" (Ljubljana: The Peace Institute and the Institute for Contemporary Social and Political Studies, 2004)

лишат читателите од своето право на точно и вистинито информирање. Слободата на медиумите значи слободно известување за вистината, во рамките на новинарската етика.[82]

## 3.2 Ограничување на правото на слобода на изразување водено од страна на интернет агрегаторите и големите компании

Низ целиот свет, мал број интернет платформи, мобилни еко-системи и телекомуникациски услуги станаа моќни креатори за водење на јавниот дискурс и пристап до информации. Фејсбук (Facebook), Гугл (Google) Јутјуб (Youtube) и Твитер (Twitter) немаат надзор и механизми за проценка на ризик којшто може да им помогне да ги идентификуваат начините на кои нивните платформи се користени од страна на малициозни актери за организирање и поттикнување насилство или за манипулирање со јавното мислење.[83]

Концентрираната моќ на неколку компании над милијарди луѓе коишто преку интернет го контролираат текот на остварувањето на правото на слобода на изразување и пристапот до информации, предизвикува големи и нови општествени, политички и регулаторни предизвици на нациите и заедниците низ целиот свет. Сепак, овие предизвици не ја намалуваат виталната важност на слободата на изразување како основно човеково право, од кое во крајна линија зависи одбраната на сите други права од злоупотреба на политичката и економската моќ.

Компаниите и граѓанското општество го забележуваат брзото глобално зголемување на барањата на владите за компаниите да го ограничуваат и блокираат правото на слобода на изразување преку интернет, а телекомуникациските компании да го гаснат или дури и да го затворат пристапот до интернет. Правните акти чија содржина во преден план инсистира на остварување на основните човекови права, дозволува ограничување на слободата на изразување на „неопходен и пропорционален“ начин дискутиран во страниците кои претходат. Но, дури и демократските влади поднесоа барања за цензура на компаниите кои не го исполнуваат овој трипартитен тест, што резултираше со цензура на новинарите, активистите и воопшто изразувањето од страна на

[82] Достапно на: *http://makedonskosonce.com/39592/* (пристапено на 25.03.2020 година).
[83] Види “*Government requests to remove content*” Google Transparency Report, достапно на *transparencyreport.google.com/government-removals/overview?hl=en* (пристапено на 29.03.2020 година).

верските, етничките и сексуалните малцинства.[84] Како треба да се управува со слободата на изразување низ глобално вмрежените дигитални платформи и услуги на начин којшто ги поддржува и одржува сите човекови права? За решавање на овој проблем ќе бидат потребни иновации и соработка од страна на владите, индустријата и граѓанското општество, втемелени во заедничката посветеност на меѓународните принципи и стандарди за човекови права. Во време кога регулаторниот пејзаж се менува брзо и на начини што ја загрозуваат слободата на изразување, од витално значење е компаниите да спроведат максимална транспарентност за тоа како, зошто и од кого се обликува и контролира слободата на изразување и пристапот до информации. Компаниите можат и мораат да ги подобрат резултатите.

Транспарентноста за тоа како компаниите, владите и другите субјекти влијаат и го контролираат изразувањето преку интернет, останува несоодветна. Слободата на изразување преку интернет може да биде ограничена на повеќе начини. Владата може да испрати до компаниите директни барања за отстранување или блокирање на содржината, сметката на корисникот да се деактивира или ограничи, цели апликации да бидат отстранети од продавницата за апликации или да бара блокирање на давател на услуги на интернет, како и да побара да се исклучат цели мрежи. Приватните организации или индивидуи можат да користат правни механизми како што се известувања за повреда на авторското право или тврдења за „право да се заборават“ (the right to be forgotten) во рамките на Европската Унија. Компаниите, исто така, го ограничуваат правото на слобода на изразување кога ги применуваат своите приватни услови за користење. Правата на слободата на изразување на луѓето се повредени кога законите на земјата кои го регулираат ова право не се усогласени со меѓународните стандарди за човекови права, кога владините службеници ја злоупотребуваат моќта да цензурираат без надзор, кога спроведувањето е прекугранично или кога поединци ги злоупотребуваат правните механизми наменети за заштита на нивните сопствени права да ги замолчат критичарите.[85]

---

[84] Види “*The Freedom Online Coalition Joint Statement on State Sponsored Network Disruptions*” (Freedom Online Coalition, 2017),достапно на *www.freedomonlinecoalition.com/wp-content/uploads/2017/03/FOCJointStatementonStateSponsoredNetworkDisruptions.docx.pdf* (пристапено на 30.03.2020 година).
[85] Види MacKinnonetal, Rebecca, “*Fostering Freedom Online: The Role of Internet Intermediaries*“(UNESCO,2014), *www.unesco.org/new/en/communication-and-*

Според Слобода на изразување на RDR индексот[86] (Ranking Digital Rights Corporate Accountability Index)[87] се очекува компаниите да ги обелоденат своите политики и практики коишто влијаат на слободата на изразување на корисниците, вклучително и како тие реагираат на барањата на владата и другите видови на барања од трети лица, како и начинот на кој тие ги одредуваат, комуницираат и спроведуваат приватните правила и комерцијални практики коишто влијаат на слободата на изразување на корисниците.[88] За таа цел, потребна е евалуација на тоа колку компаниите се транспарентни во однос на политиките и практиките што влијаат на слободата на изразување. Поточно, потребно е да се види што е тоа што го проценува RDR индексот: RDR индексот го проценува обелоденувањето на компаниите за политиките и практиките коишто влијаат на слободата на изразување преку 11 индикатори. Индикаторите проценуваат:

- Пристапност и јасност на условите: дали компанијата обезбедува услови за остварување на услуга коишто се лесни за наоѓање и разбирање? Дали компанијата се обврзува да ги извести корисниците кога ќе направат промени во овие услови (F1, F2)?
- Ограничувања на содржината и сметката: колку е транспарентна компанијата во врска со правилата и нејзините процеси за нивно спроведување (F3-F4)? Дали компаниите ги информираат корисниците кога содржината е отстранета или сметките се ограничени и зошто (F8)?
- Барања на владата и трети лица: колку е транспарентна компанијата во однос на постапувањето со барањата на владата и другите видови барања од трети страни за ограничување на содржината или сметките (F5-F7)?
- Управување и исклучување на мрежата (за телекомуникациски компании): дали компанијата се обврзува да практикува неутралност на мрежата (F9)? Дали компанијата го открива својот процес за постапување со владините барања за исклучување мрежа (F10)?

---

*information/resources/ publications-and-communication-materials/publications/full-list/fostering-freedom-online-the-role-of-internet-intermediaries/* (пристапено на 03.04.2020 година).

[86] Достапно на: https://rankingdigitalrights.org/ (пристапено на 03.03.2021 година).

[87] Достапно на : https://dig.watch/updates/2020-ranking-digital-rights-corporate-accountability-index (пристапено на 03.03.2021 година).

[88] Достапно на: *https://rankingdigitalrights.org/index2020/key-findings* (пристапено на 03.04.2020 година).

- Политики за идентитет: дали компанијата бара од корисниците да го потврдат својот идентитет со лична карта издадена од владата (F11)?

Просечната вкупна изведба на компаниите во категоријата Слобода на изразување се зголеми само малку во периодот помеѓу 2018 и 2019 година.[89] Ова значи дека на корисниците на интернет сè уште им недостигаат соодветни информации за тоа како може да се ограничи нивното право на слобода на изразување или пристап до информации, од кого, под кое овластување или околности.

Неколку интернет компании направија големи чекори напред во зајакнување на транспарентноста за обемот и природата на содржината и сметките што беа избришани или ограничени при спроведување на нивните сопствени услови за остварување на услуга. Google ја зголеми својата вкупна оценка за слободата на изразување првенствено поради оваа причина. Сепак, другите направија чекори наназад што ги надминаа нивните чекори напред. Додека Facebook направи некои значајни подобрувања во транспарентноста за условите за спроведување на услугите, како што е наведено подолу, неговиот вкупен резултат во однос на остварување на правото на слобода на изразување сепак се намали поради намалената транспарентност во однос на барањата на трети страни и владата. Една телекомуникациска компанија, Телефоника, направи големи чекори во транспарентноста во врска со барањата на владата и барањата на трети страни кои влијаат особено на слободата на изразување на корисниците. Но, со исклучок на малите подобрувања од страна на MTN, сите други телекомуникациски компании беа или во застој или повлечени. Имено, Vodafone, којшто се рангираше на високо ниво во целина и напредуваше во другите категории, малку се повлече во однос на остварување на правото на слободата на изразување поради намалената јасност во однос на нејзините правила и нивното спроведување.[90]

---

[89] Види MacKinnonetal, Rebecca, "Fostering Freedom Online: The Role of Internet Intermediaries" (UNESCO, 2014), www.unesco.org/new/en/communication-and-information/resources/publications-and-communication-materials/publications/full-list/fostering-freedom-online-the-role-of-internet-intermediaries/ (пристапено на 03.04.2020 година).

[90] Види Ghosh, Dipayan and Ben Scott, "*Digital Deceit: The Technologies Behind Precision Propaganda on the Internet*" New America Public Interest Technology, January 23, 2018, *www.newamerica.org/public-interest-technology/policy-papers/digitaldeceit/ and Shoshana Zuboff, The Age of Surveillance Capitalism (PublicAffairs, 2019), www.publicaffairsbooks .com/titles/shoshana-zuboff/the-age-of-surveillance-capitalism/9781478947271*. ( пристапено на 05.04.2020 година).




**Графикон 1 – Рангирање на највлијателните компании во степенот на слободата на изразување[91]**

Додека неколку компании презедоа чесни чекори објавувајќи податоци за обемот и природата на содржината отстранета поради кршење на условите за користење, ниту една не откри доволно за нивните правила за уредување на правото на слобода на изразување или преземени активности за нивно спроведување, а повеќето не обелоденија никакви податоци.

Кога се започна со примена на првиот индекс на RDR во 2015 година, ниту една компанија не добила кредит на индикаторот за мерење дали тие редовно објавуваат податоци за обемот и природата на преземените активности за ограничување на содржината или сметките коишто ги кршат правилата на компанијата (F4). Оттука, логично следи прашањето: Што мери RDR индексот? Индикаторот F4 од RDR индексот проценува дали компаниите јасно откриваат и редовно објавуваат податоци за обемот и природата на преземените активности за ограничување на содржината или сметките коишто ги кршат правилата на компанијата.

---

[91] Види MacKinnonetal, Rebecca, "Fostering Freedom Online: The Role of Internet Intermediaries" (UNESCO, 2014), www.unesco.org/new/en/communication-and-information/resources/publications-and-communication-materials/publications/full-list/fostering-freedom-online-the-role-of-internet-intermediaries/ (пристапено на 03.04.2020 година).

Елемент 1: Дали компанијата јасно открива податоци за обемот и природата на ограничување на содржината и сметките заради кршење на правилата на компанијата?

Елемент 2: Дали компанијата ги објавува овие податоци барем еднаш годишно?

Елемент 3: Може ли податоците објавени од компанијата да се пренесуваат како структурирана датотека со податоци?

Додека повеќето компании во RDR индексот сè уште не успеаја на било каков начин да профитираат од нивното рангирање на овој индикатор, три компании – Facebook, Google и Twitter - направија значителни чекори објавувајќи сеопфатни податоци за отстранување на содржините поради условите за спроведување на услугите, додека друга компанија, Microsoft, објави некои информации, иако на помалку систематски начин.

„Facebook, Google и Twitter" објавија повеќе податоци за отстранување на содржини поради условите за спроведување на услугите отколку што тоа го правеле претходно. Во мај 2018 година, Facebook објави нов Извештај за спроведување на стандардите на заедницата со посеопфатни податоци за условите за спроведување на услугите за социјалната мрежа. Непосредно пред тоа, во април 2018 година, Google го објави својот прв Извештај за спроведување на упатствата на заедницата за YouTube, со посеопфатни податоци во врска со природата и обемот на отстранувања поради условите за спроведување на услугите. Twitter направи чекор напред објавувајќи, во декември 2018 година, единствен, сеопфатен извештај фокусиран на условите за спроведување на услугата, кој вклучуваше податоци за бројот на сметки против кои биле преземани дејствија и категории на повреди на правата.[92]

[92] Види Gillespie, Tarleton, "*How Social Networks Set the Limits of What We Can Say Online*," WIRED, June 26, 2018, *www.wired.com/story/how-social-networks-set-the-limits-of-what-we-can-say-online* (пристапено на 08.04.2020 година).




**Графикон 2 – Просечен број на сметки врз кои биле преземени соодветни дејствија поради повреда на права / 100**[93]

И покрај објавувањето на структурирани и сеопфатни извештаи за транспарентност, резултатите на Facebook и Google на овој индикатор - кои се пресметуваат со просечна оценка на неколку услуги - завршија пониски од оние на Microsoft, којшто објави помалку сеопфатни податоци, но бил поконзистентен во однос на остварување на услугите. Facebook постигна понизок резултат од Microsoft затоа што неговиот нов Извештај за спроведување на стандардите во заедницата се однесуваше само на Facebook (социјалната мрежа), а не на Instagram, WhatsApp или Messenger. Слично на тоа, новиот извештај на Google се однесуваше само на YouTube. Twitter изгуби поени за недоставување на податоците во структуриран формат и затоа што не било јасно дали компанијата планира редовно да ги објавува овие податоци.

Telenor обелодени повеќе информации од која било друга телекомуникациска компанија за нејзините правила за остварување на услугата и како тие се спроведуваат (F3). Сепак, треба да се напомене дека ова е единствениот индикатор на кој сите компании во индексот RDR добија барем одреден бенефит. Сите компании објавија услови за остварување на услуги кои вклучуваат барем основни информации за забранети активности или содржина, како што се правила против користење на нивните услуги за кршење на законите за авторско право или за навреда или клевета на други. Компаниите

[93] Види Gillespie, Tarleton, “How Social Networks Set the Limits of What We Can Say Online,” WIRED, June 26, 2018, www.wired.com/story/how-social-networks-set-the-limits-of-what-we-can-say-online (пристапено на 08.04.2020 година).

со седиште во јурисдикции каде законот експлицитно забранува одредени видови на правото на слобода на изразување, исто така, имаат тенденција да ги наведат овие забранети активности и содржини во нивните услови за остварување на услуга. Токму поради оваа причина, првенствено, Ooredoo со седиште во Катар - кој се најде на последното место во целиот индекс на RDR - заработи поени во категоријата Слобода на изразување, за обелоденувања за содржината и примена на правилата за остварување, додека ниту еден кредит не заработи категоријата за управување и категориите на приватност.[94]




**Графикон 3 – Рангирање според RDR[95]**

Настрана од карактеристичните и забележителни подобрувања, повеќето компании не покажуваат транспарентност за тоа како се справуваат со формалните владини барања и приватните барања за цензурирање на содржината или ограничување на сметките. Десет компании во индексот RDR изработуваат извештаи за транспарентност кои содржат податоци за обемот и природата на барањата на владата за отстранување или ограничување на слободата на изразување преку интернет. Повеќето од овие извештаи покажуваат зголемување на барањата на владата во текот на изминатите две години. На

---

[94] Види „*Online Harms White Paper*" (Department for Digital, Culture, Media & Sport et al, April 8, 2019), *www.gov.uk/government/consultations/online-harms-white-paper* (пристапено на 03.05.2020 година).
[95] Види „Online Harms White Paper" (Department for Digital, Culture, Media & Sport et al, April 8, 2019), www.gov.uk/government/consultations/online-harms-white-paper (пристапено на 03.05.2020 година).

пример: најновиот извештај за транспарентност на Twitter, кој ги опфаќа владините барања за отстранување содржина од јануари до јуни 2018 година, откри дека тој „добил приближно 80% повеќе глобални правни барања коишто влијаат на приближно повеќе од двојно повеќе сметки, во споредба со претходниот период на известување“.[96] Најновиот извештај за транспарентност на Google покажува дека во периодот од јуни 2016 до јуни 2018 година, бројот на примени барања е зголемен повеќе од тројно.[97] За жал, корпоративната транспарентност за обемот и природата на таквите барања не се подобрува со зголемувањето на побарувањата дури, во некои случаи, транспарентноста се намалува.

Додека Facebook и Twitter направија значителни напори да обелоденат повеќе податоци поврзани со условите за спроведување на услугите, како што е опишано во претходниот дел, и обете компании всушност обезбедија помалку сеопфатни податоци за владините барања за отстранување, филтрирање или ограничување на сметките или содржината во споредба со резултатите од 2018 година (F6).[98] Извештајот за транспарентност на Facebook не појаснуваше дали податоците содржеле информации за WhatsApp или Messenger, а Twitter не вклучил доволно детали за примените барања поврзани со неговиот видеосервис, Periscope. Откривањето на својот процес на Facebook за одговор на барањата на трети страни за ограничување на содржината или сметката (F5) исто така не било јасен во однос на тоа кои услуги ги покриваат процесите со кои раководи. Додека пак, вкупниот резултат на Twitter на овој индикатор се подобри благодарение на новите информации којшто ги спроведува соодветно и внимателно, но мора да се напомене дека не е разјаснето дали оваа политика се однесува на Periscope, како и на нејзината главна платформа за социјално вмрежување (F5).[99] Apple објави подостапни податоци за владините барања за отстранување или ограничување на сметките - што било единственото подобрување на Apple во категоријата Слобода на изразување.

---

[96] Види “*Regulation on Security Assessment of Internet Information Services Having Public-Opinion Attributes or Social Mobilization Capabilities*” (Cyberspace Administration of China, November 15, 2018), www.cac.gov.cn/2018-11/15/c_1123716072.htm (пристапено на 04.05.2020 година).

[97] Достапно на: *https://www.ohchr.org/Documents/Publications/GuidingPrinciplesBusinessHR_EN.pdf* (пристапено на 05.05.2020 година).

[98] Достапно на: *https://rankingdigitalrights.org/resources/readings/samway_hria/* (пристапено на 05.05.2020 година).

[99] Достапно на: *https://www.theguardian.com/technology/technology+content/interactive#meta=1100110* (пристапено на 05.05.2020 година).

Но, компанијата сѐ уште не понуди информации за барањата за отстранување содржина (F6).[100]

Она што се поставува како прашање е, како всушност RDR ги дефинира државните и приватните барања? Владините барања различно ги дефинираат различни компании и правни експерти во различни земји. За целите на методологијата на RDR индексот, сите барања од владини министерства или агенции, спроведување на законот и судски налози во кривични и граѓански предмети, се оценуваат како „владини барања“. Владините барања можат да вклучуваат барања за отстранување или ограничување на содржината којашто е во спротивност со националните закони, ограничување на сметките на корисниците или блокирање на пристапот до цели веб-страници или платформи. Приватните барања за целите на методологијата на RDR индексот, се сметаат како барања коишто ги упатува кое било лице или субјект преку процеси што не се под директно владино или судско овластување.

Facebook објави подостапни податоци за приватни барања што ги доби за ограничувања на содржина или сметка (F7). Така, Facebook и Google ги подобрија своите политики за известување на корисниците за ограничувања на содржината или сметката: Facebook се обврза да ги известува корисниците кога содржината што тие ја создаваат и објавуваат е ограничена и се обврза да ги известува корисниците кога ќе се обидат да пристапат до содржина што е ограничена поради барање на владата; во меѓувреме, Google се обврза да ги известува корисниците на Gmail во одредени случаи кога го ограничува пристапот до нивната сметка (F8).[101]

Telefonica била појасна од која било друга телекомуникациска компанија за тоа како реагира на владините барања за отстранување, филтрирање или ограничување на содржината или сметките (F5-F7). Ниту една телекомуникациска компанија не открила никакви податоци за барањата што ги добиле за отстранување или блокирање на содржината како одговор на барањата што доаѓаат од субјекти различни од владите и покрај фактот, што во некои земји се повикуваат невладини субјекти, како што е Internet

---

[100] Достапно на: *https://www.ftc.gov/sites/default/files/documents/reports/federal-trade-commission-report-protecting-consumer-privacy-era-rapid-change-recommendations/120326privacyreport.pdf* (пристапено на 10.05.2020 година).
[101] Достапно на: *https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000231162* (пристапено на 11.05.2020 година).

Watch Foundation во Велика Британија.[102] Само три телекомуникациски компании обелоденија какви било податоци за владините барања за ограничувања на содржина или сметка (F6): AT&T, Telefónica и Telenor. AT&T и Telenor го обелоденија бројот на барања за блокирање на добиената содржина по земја, додека Телефоника обелодени посеопфатни информации (како што се бројот на засегнати URL-адреси и предметот поврзан со барањата), иако не е конзистентно за секоја земја во својот Извештај.[103]

Некои телекомуникациски компании почнуваат да откриваат повеќе за нивните политики за известување на корисниците, при што AT&T, Telenor и Telefónica откриваат повеќе од другите за тоа дали ги известуваат корисниците за блокирање содржина или ограничување на кориснички сметки (F8). Telenor откри дека ги известува корисниците кога ја ограничува нивната сметка. Телефоника откри дека ги известува корисниците кои се обидуваат да пристапат до ограничена содржина дека е ограничена и причината за ограничувањето, кога властите тоа го бараат од нив. AT&T откри дека се обидува да ги извести корисниците до оној степен што е дозволен со закон. [104]

Корисниците на повеќето даватели на услуги на Интернет остануваат во темнина од причина што се соочуваат со исклучувања на мрежата и нејасност во однос на тоа кој е одговорен за овие состојби. RDR со својата методологија проценува дали телекомуникациските компании јасно ги прецизираат околностите под кои тие можат да го затворат или ограничат пристапот до мрежата. Индикаторот F10 оценува колку се транспарентни телекомуникациските компании во врска со барањата на владата за затворање или ограничување на пристапот до мрежата. Се проценува дали компаниите ги откриваат причините за исклучување на услугата на одредена област или група на корисници, дали компаниите јасно го објаснуваат процесот за одговор на барањата за исклучување на владината мрежа - вклучително и ако компанијата се обврзе да ги врати ваквите барања - и дали компаниите го откриваат бројот на овие типови на барања што ги примаат и ги исполнуваат. Интернет исклучувањето експертите го дефинираат како „намерно нарушување на интернет или електронска комуникација, што ги прави

---

[102]Достапно на: *https://www.dnb.com/business-directory/company-profiles. voch_med ia.de2f83216d78 f77307cca8c0 968d2e6e.html* (пристапено на 11.05.2020 година).

[103] Достапно на: *http://www.bsr.org/reports/BSR_Rights_Holder_Engagement.pdf* (пристапено на 12.05.2020 година).

[104]Достапно на: *https://datasociety.net/wp-content/uploads/2018/04/Data_Society_Algorithmic_Accountability_Primer_FINAL-4.pdf* (пристапено на 12.05.2020 година).

недостапни или ефективно неупотребливи, за одредена популација или на одредена локација, честопати сè со цел да се изврши контрола врз протокот на информации“.[105]




**Графикон 4 – вредност на индексните поени според RDR**

Според Проектот за оптимизација за следење на исклучување што го спроведува Access Now, бројот на исклучувања на интернет што го наметнуваат владите на давателите на услуги на интернет секоја година, е повеќе од двојно зголемен меѓу 2016 и 2018 година.[106] Оттука, мерките наменети да ги направат услугите на интернет и мобилната мрежа недостапни или ефективно неупотребливи за одредена популација или локација и кои го задушуваат спроведувањето на слободите на изразување, здружување и мирно собирање преку интернет, ги поткопуваат многуте придобивки од употребата на интернет и ИКТ“.[107]

Telefonica скокна на првото место како најтранспарентна компанија за исклучување на мрежата поради подобрено обелоденување на нејзиниот процес за одговор на барањата

---

[105]Достапно на: *https://privacyinternational.org/sites/default/files/2018-04/Privacy%20and%20Freedom%20of%20Expression%20%20In%20the%20Age%20of%20Artificial%20Intelligence.pdf* (пристапено на 12.05.2020 година).
[106] Види “*Keep It On*”, 2019, www.accessnow.org/keepiton (пристапено на 20.05.2020 година).
[107] Достапно на: *https://rankingdigitalrights.org/index2019/report/freedom-of-expression/* (пристапено на 25.05.2020 година).

за исклучување на мрежата. Vodafone (непроменет од 2018 година) и Telenor ги обелоденија околностите под кои може да ја исклучат услугата, и обете обелоденија јасна обврска да ги вратат барањата за исклучување на мрежата. Telefonica, Telenor и Vodafone јасно го открија својот процес за одговор на барањата за исклучување на мрежата. America Movil остана единствената телекомуникациска компанија во индексот RDR што не успеа да открие какви било информации за исклучување на мрежата.

Понатаму, Индикаторот F9 проценува колку се транспарентни телекомуникациските компании за нивните политики и практики за управување со мрежата. Се проценува дали компаниите јавно се обврзуваат да ги почитуваат принципите на нето неутралност со јасно откривање дека не даваат приоритет, блокираат или одложуваат одредени видови сообраќај, апликации, протоколи или содржина од која било причина, освен за да се обезбеди квалитет на услугата и сигурност на мрежата. Компаниите кои нудат програми со „нула рејтинг“ или слични спонзорирани програми за податоци, или се вклучуваат во какви било други видови на практики кои имаат приоритет, или обликуваат мрежен сообраќај што ја поткопува неутралноста на мрежата - не само што треба јасно да ги обелоденат овие практики, туку треба да објаснат и зошто. Telefonica и Vodafone се истакнаа како најтранспарентни меѓу сите телекомуникациски компании за нивните политики за управување со мрежата. Тие беа единствените две компании во индексот RDR кои откриваат дека не даваат приоритет, блокираат или одложуваат одредени видови сообраќај, апликации, протоколи или содржина од која било причина, освен за да се обезбеди квалитет на услугата и сигурност на мрежата.[108]

Во рамките на спроведената анализа, благодарение на методологијата која ја користи RDR индексот, а во однос на ограничувањето и остварувањето на правото на слобода на изразување во интернет просторот, водени од страна на погорепретставените компании, сметаме дека е потребно да се претстави листата на неодамна донесените и предложени закони и правни акти што влијаат на слободата на изразување по региони или земји каде што имаат седиште компаниите што ги оценуваме:

- Европската Унија: Во април 2019 година, Европскиот парламент ја одобри Регулативата за справување со ширењето на терористичка содржина преку

[108] Достапно на: *https://www.eff.org/deeplinks/2013/08/pushing-perfect-forward-secrecy-important-web-privacy-protection* (пристапено на 12.05.2020 година).

интернет, со која се бара платформите да отстранат одредена содржина во рок од еден час по известувањето или да се соочат со казни до 4 проценти од годишниот глобален обрт на компанијата.[109] ЕУ ја усвои Директивата за авторското право и сродните права на единствениот дигитален пазар, која била значително критикувана од страна на активисти за дигитални права за вклучување на мерки коишто можат да ја нарушат слободата на изразување и да доведат до надцензура на содржината.[110]

- Република Франција: Во декември 2018 година, Франција донесе нов Закон за дезинформации.[111] Создаден да наметнува строги правила за медиумите во текот на три месеци пред сите избори, законот има за цел да ги спречи „лажните вести" коишто можат да влијаат на изборните резултати. Законот вклучува „должност за соработка" на онлајн платформите.
- Сојузна Република Германија: Во јануари 2018 година стапи во сила Законот за спроведување на мрежата (NetzDG). Тој има за цел да спречи ширење на говор на омраза и друга незаконска содржина преку интернет, со барање од социјалните мрежи да ја отстрануваат содржината во рок од 7 дена, а во некои случаи и во рок од само 24 часа, во спротивно, истите ќе се соочат со многу високи казни.[112]
- Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска: Во април 2019 година, Владата на Велика Британија објави Бела книга за „Злоупотреби на Интернет", во која се предлага да се направат интернет компании одговорни за незаконска, штетна или дискредитабилна содржина на нивните платформи и да се воведе нов регулатор преку органот за спроведување.[113]
- Народна Република Кина: Во ноември 2018 година, Кина ја објави Регулативата за безбедносна проценка на интернет информативните услуги што имаат атрибути за

---

[109] Види *Regulation (EU) 2021/* .. of the European Parliament and the Council *on addressing the dissemination of terrorist content online*. Достапно на: *https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-8-2019-0231_EN.html?redirect#BKMD-16* (пристапено на 27.05.2020 година).

[110] Види Directive (EU) 2019/790 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 on copyright and related rights in the Digital Single Market and amending Directives 96/9/EC and 2001/29/EC.

[111] Достапно на: *http://www.assemblee-nationale.fr/dyn/15/textes/l15t0190_texte-adopte-provisoire.pdf* (пристапено на 27.05.2020 година).

[112] Достапно на: *https://www.bmjv.de/SharedDocs/Gesetzgebungsverfahren /Dokumente /Netz DGengl.pdf?__blob=publicationFile&v=2* (пристапено на 27.05.2020 година).

[113] Достапно на: *https://www.gov.uk/government/consultations/online-harms-white-paper* (пристапено на 27.05.2020 година).

јавно мислење или можности за социјална мобилизација.[114] Оваа регулатива ги обврзува компаниите да ги следат, а во некои случаи и да ги блокираат, знаците на активности или мислења за кои владата смета дека се заканувачки.

- Република Индија: Во декември 2018 година, Индија објави Правила за посреднички упатства во информатичката технологија (измени и дополнувања).[115] Според нацрт-правилата, официјалните лица можат да бараат од компаниите за социјални медиуми да отстранат одредени објави или видеа. Иако правилата појаснуваат дека барањата мора да бидат издадени преку владина или судска наредба, тие исто така, бараат од давателите на услуги проактивно да филтрираат незаконска содржина. Критичарите велат дека видовите содржини што ќе треба да ги забранат од давателите на услуги ги надминуваат уставните ограничувања на слободата на изразување.[116]
- Руска Федерација: Во март 2019 година, Русија усвои законски измени со кои за направено кривично дело од страна на поединци или дигитални медиуми се смета „да не ја почитуваат“ државата и да шират „лажни вести“ на интернет, овластувајќи ја владата да блокира веб-страници, да изрекува парични и затворски казни.[117] Во мај 2019 година, Путин го потпиша контроверзниот закон за „Суверен интернет“, што дополнително ќе ја зацврсти владината контрола врз интернетот.

Оттука, клучна загриженост во однос на спроведувањето на човековите права е дека може да се злоупотреби посредничката одговорност, особено кога дефинициите за дезинформација, говор на омраза и екстремизам се предмет на дебата дури и во некои од најстарите демократии во светот. Друга загриженост произлегува од доказите собрани од истражувачите во земјите каде што строгите закони за одговорност се веќе во сила: кога се сомневаат дека платформите може да се прецензурираат доколку се соочат со строги казни или други казни за недоволно цензурирање. Развојот на ефективни способности за

---

[114] Достапно на: *https://edition.cnn.com/2019/01/04/asia/china-internet-censorship-2019-intl/index.html* (пристапено на 27.05.2020 година).
[115]Достапно на: *https://www.freedomonlinecoalition.com/wp-content/uploads/2017 /03/FOCJointStatementon StateSponsoredNetworkDisruptions.docx.pdf* (пристапено на 27.05.2020 година).
[116] Достапно на: https://edition.cnn.com/2019/01/04/asia/china-internet-censorship-2019-intl/index.html (пристапено на 27.05.2020 година).
[117]Достапно на: *https://www.bloomberg.com/opinion/articles/2019-03-14/russian-censorship-laws* (пристапено на 27.05.2020 година).

запирање на сериозни штети без нанесување на колатерална штета на легитимните права на другите ќе бара поголема соработка помеѓу владите, компаниите и граѓанското општество повеќе од било кога досега. Потребна е иновација во техничкиот дизајн на дигиталните медиуми, деловните практики и владините регулаторни пристапи, како дополнување на поактивниот ангажман во дебатата со граѓанските општества. Понатаму, компаниите посветени на почитување на слободата на изразување мораат да ја максимизираат транспарентноста за сите начини на кои протокот на содржина и информации се ограничуваат или на друг начин се манипулираат на нивните платформи и услуги. Ова е особено од витално значење во време кога владините побарувања, механизмите и регулаторните рамки се развиваат брзо и непредвидливо по обем низ целиот свет. Како што јасно покажуваат резултатите од RDR индексот во 2019 година, компаниите не се приближиле до максималниот степен на транспарентност за сите начини на кои слободата на изразување може да се ограничи преку нивните платформи и услуги. Во сегашната регулаторна клима, поголемото ниво на транспарентност е поголема итност во постапувањето кај компаниите кои е неопходно да се посветат што повеќе на креирање и спроведување на своите политики за права на интернет, а во светлина на остварување на правото на слобода на изразување, без притоа да ги пречекорат барањата при градење на неговите ограничувања.

# 4 ГЛАВА 4 - ГРАНИЦИТЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО РАМКИТЕ НА КОНЦЕПТОТ НА САМОРЕГУЛИРАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ

## 4.1 Поим и карактеристики на саморегулирањето на медиумите

Идејата за слободни, независни, плурални и разновидни медиуми стана катализатор на патот до остварување на основното право за пристап, прием и пренесување на информации. Наоѓањето на соодветна форма за учество на државата во решавање на оваа равенка за идеални медиумски системи обдарени со овие карактеристики, води до составување на посакуваната сложувалка. Овој предизвик стана особено сложен кога радиодифузијата ја презеде водечката улога во системот на медиумскиот простор во почетокот на изминатиот век. Можната хипотеза дека секој легитимен интерес може да се изрази од страна на различни социјални групи, не се покажа вистинита во однос на функционирањето на телевизијата и радиото. Конечните заклучоци водеа до тоа дека и оваа област потребно е да биде регулирана рака под рака со гарантирање, унапредување и заштита на правото на слободата на изразување. Всушност, крајната цел за регулирање на медиумите треба да биде токму заштита и продлабочување на ова основно човеково право.

Во минатото многу застапници расправаа за минималното државно мешање во регулација на медиумите како неопходен услов за медиумско опкружување што може да ја поддржи демократијата. Овој аргумент има особена важност во САД со својот прв амандман во чии рамки се изјавува дека „Конгресот нема да донесе закон... кој ќе ја скрати слободата на говор или печат...“.[118] Други, вклучувајќи ги и UNESCO тврдат дека конструкцијата на модерна медиумска средина способна за поддршка на демократијата и доброто управување може да бара проактивна улога од државата - во обезбедувањето инфраструктура, финансирање на јавниот радиодифузер, обезбедување на вистински вид на регулаторна средина. Норис и Зинбауер тврдат дека независното новинарство, како

---

[118] Достапно на: *https://www.le.ac.uk/oerresources/media/ms7501/mod2unit11/page_11.htm* (пристапено на 04.10.2020 година).

потенцијална проверка на злоупотребата на моќта е неопходно, но не и доволно само по себе за зајакнување на доброто управување и унапредување на човечкиот развој. Тие сугерираат дека овие цели се постигнуваат најефикасно под два понатамошни услови:[119] прво, во општества каде што постојат канали на масовни комуникации, истите потребно е да бидат слободни и независни од утврдените интереси; и второ, неопходен е широк и лесен пристап до медиумите. Обата услови можат да бараат одредено дејство од страна на државата. Сепак, отсуството на државна интервенција во регулацијата на медиумите, само по себе не е гаранција за богата медиумска средина. Напротив, да се промовира медиумско опкружување кое се карактеризира со плурализам и разновидност, претпоставува дека интервенцијата е неопходна. Да се гарантира плурализам претпоставува носење на одредби кои ќе го уредуваат јавното емитување, комерцијално емитуваните и печатените содржини. Покрај државната интервенција, потребни се инвестиции во човечките ресурси, конкретно во градењето на професионален капацитет на медиумските работници, и на новинарите, и на менаџерите на медиуми, преку академска и стручна обука, развој на „работно место“ и развој на професионалните здруженија. Капацитетот на инфраструктурата е исто така клучен: унапредувањето на разновидна медиумска средина бара финансиска поддршка на средствата за комуникација, вклучувајќи го и квалитетот на приемот во емитувањето, обезбедување и снабдување со електрична енергија и пристап до телефони и интернет, а за сето тоа да биде возможно потребна е државна поддршка. Во многу делови од светот има малку или воопшто нема пристап до средствата за комуникација, па во такви средини, формалното постоење на слободите и човековите права има многу мало значење. За да се обезбеди медиумски плурализам честопати се подразбира и примена на законот за конкуренција од страна на државата за да се спречи одреден монопол. Конечно, многу земји прифаќаат дека за медиумите навистина да ја играат улогата на моќна и влијателна алатка во демократијата на една држава, потребно е државата да одржува степен на рамнотежа во известувањето помеѓу медиумите.

Справувањето со слабостите на механизмите за саморегулација, особено во однос на одрживото финансирање, нивното ефективно и професионално функционирање и

---

[119] Достапно на: *https://books.openedition.org/ceup/2172* (пристапено на 04.10.2020 година).

нивната редовна и транспарентна отчетност, се најголемиот предизвик со кој овој феномен треба да се справува.

Механизмот на саморегулација не е присутен само во сферата на новинарството, тој го има и во другите општествени делувања како на пример: заштита на малолетници (во Холандија) и новинарска етика (во Белгија), преку обезбедување силни стимулации, како што се целосна правна регулација (во Холандија) или неможноста да се добие каква било директна или индиректна економска државна поддршка (во Белгија) во случај на непристапување кон шемата за саморегулација. Овие системи не се автохтони, туку оставаат заштитни овластувања во рацете на државата во случај на неуспех на саморегулација.

Ваквиот, ако може да се нарече „паралелизам во саморегулацијата“ раѓа потреба од справување со преклопувањето на надлежностите помеѓу саморегулацијата и правното регулирање на медиумите.

Новинарските работници и правните лица кои се занимаваат со новинарската професија, саморегулацијата многу често ја сведуваат на интерна регулација, а тоа го нарекуваат саморегулација. Прашањето кое тука се поставува во однос на општеството е дали таквите услуги, особено кога тие контролираат поголем дел од пазарот, се транспарентни и неутрални. Односно, дали таквата саморегулација е вистинска саморегулација или е регуација на мнозинството медиуми над малцинството. Ова нѐ води до заклучок дека состојбата во однос на регулацијата е многу покомплексна.

Саморегулацијата е процес во кој оној кој подлежи на регулација е самиот медиум, од страна на самиот себеси или од страна на оној во чија група припаѓа. Основното правило кое треба да се почитува е дека колку е поефективен внатрешниот процес на саморегулација, толку е поголема пропорционалноста и почитувањето на основните права. Една од модификациите на процесот на саморегулација е кога процесот на регулација не го развила самата компанија и компанијата не врши регулација на себе, туку на своите клиенти. Кога правилата не се на самата компанија, кога целите на политиката не се правила на самата компанија, кога компанијата самата не ја врши своја регулација, во тој случај, станува збор за потполно различен процес од „саморегулацијата“ и би било посоодветно да се опише како „приватно спроведување на законите“. Ова е суштинска разлика, затоа што погрешното поимање, води до големи заблуди, често повикувајќи се на

присуство на саморегулација кое во суштина е регулација на интерните процедури, а во истата компанија се јавува само како спроведувач на тие правила, а не и креатор на истите. Сепак, ваквото саморегулирање колку и да изгледа дека е најисправно, се соочува со бројни недостатоци но и бројни неможности да ја покаже својата силина која на хартија ја има. Ова е пред сè затоа што зад таквата саморегулација многу често стои само декларативна заложба и нереален страв од физичка принуда. Стравот од репресија која зад себе ја има државниот апарат, овде недостасува. Формите на саморегулација не можат „да се пофалат“ дека можат да применат физичка сила во случај на непочитување или да применат заплашување со кривична одговорност, особено во земји како нашата, каде кривични дела можат да бидат предвидени само со закон. Новинарските чинители во најголема мера се приватни компании на кои приоритет им е да остварат профит и да останат во бизнисот, а не да ја штитат слободата на изразување. Линијата на помал отпор кај нив е многу изразена и секогаш ќе бидат и ќе настојуваат да бидат на страната која им дава безбедност, несакајќи да го нарушат комфорот кој во тој момент го имаат, а особено не доколку услугите кои ги даваат во голема мера се бесплатни за пошироката маса, секогаш правејќи баланс помеѓу она што смеат и треба, и она што не мора. Дури и да дојде до некаква можност за покренување на кривична одговорност, се чини дека преовладува праксата истата да се сведе на можност за примена на некоја од одредбите на саморегулација, сè со цел да не се трошат ресурсите на државната власт за нешто што е „туѓа игра“.

Дали постои некаква форма на новинарство со која не се врши „саморегулација?“ Секој блог има одреден јазичен регистар, секој автор има свој стил кој го приспособува на читателите и секој автор врши „саморегулација“ на напишаното на начини со кој сака да избегне или да повика на контроверзност. Дали новите медиуми треба да вршат саморегулација на содржината која ја генерираат во свое име, за да се задржи одредено ниво на квалитет, јазичен стил или тематски фокус? Апсолутно, би било апсурдно да се тврди спротивното. Дали блог услугите треба да станат блогови кои ќе вршат контрола и ќе вршат претходна цензура, ќе ги бришат или дисконектираат блогерите врз основа на правила пропишани со условите за нивните услуги, со што ќе се поставуваат построги и помалку транспарентни стандарди отколку демократски одобрените закони? Апсолутно не - постојат добри причини зошто секој од поголемите инструменти за човекови права

експлицитно наведува дека ограничувањето на основните слободи, како што е слободата на комуникација, мора да бидат засновани на закон.[120]

Оттука, што всушност подразбираме под поимот саморегулација? Накратко, саморегулацијата на медиуми претставува комбинација на утврдени стандарди, соодветни кодекси на однесување за медиумите кои се неопходни за поддршка на слободата на изразување и истовремено, процесирање како ќе се следат тие однесувања или како истите ќе одговараат. Придобивките од саморегулацијата се добро познати. Саморегулацијата ја зачувува независноста на медиумите и ги штити истите од владино мешање. Во одредени случаи се смета како значително подобар систем на регулација кога медиумите умеат да ја разберат сопствената средина подобро отколку владата (иако тие можат да го искористат тоа знаење за да ги унапредат своите сопствени комерцијални интереси на сметка на јавниот интерес). Како што медиумското опкружување станува глобално (преку развојот на интернет и дигиталните платформи), така и прашањата за надлежноста стануваат посложени од улогата на саморегулација да ги пополни празнините на државната регулатива. Саморегулацијата како придобивка ја краси и флексибилноста, како и ниските трошоци во споредба со регулацијата водена од страна на владата, затоа што самата медиумска индустрија ги сноси трошоците и саморегулацијата може да биде концепт далеку пофлексибилен од владината регулатива. Саморегулацијата може да придонесе за зголемување на професионалните стандарди со барање до организациите да размислуваат, па дури и да ги развиваат своите сопствени стандарди на однесување.

Многу години се сметаше дека саморегулацијата претпоставува професионална одговорност на самите новинари, во која насока се преземени разновидни облици на кодифицирање на одговорноста на новинарите најчесто од страна на професионалните здруженија. Постојат бројни кодекси за професионална одговорност на новинарите, кои иако имаат одредени разлики, повеќето содржат заеднички елементи, вклучувајќи ги принципите на вистинитост, точност, објективност, непристрасност, правичност. Најран обид за создавање на еден ваков етички кодекс се чини дека е Кодексот за етика на новинарите усвоен од првиот пан-американски печат на Конференција одржана во Вашингтон во 1926 година. Првата меѓународна федерација на новинари, основана во

---

[120] Види Водич за саморегулација на онлајн медиуми/Уредници А. Хулин и М. Стон; Виена: Претставник за слобода на медиумите на ОБСЕ, 2013

1926 година, но распуштена по Втората светска војна, презеде различни чекори насочени кон саморегулација на професијата, вклучително и воспоставување на Меѓународен суд на честа во Хаг во 1931 година и усвојување на Професионален кодекс на чест во 1939 година.[121] Обновена во 1952 година, таа разви кодифициран професионален етички кодекс за новинари со декларација за новинарски должности. И во рамките на Европската заедница, синдикатите на новинарите се здружија и усвоија Декларација за должностите и правата на новинарите во ноември 1971 година. Сите овие кодекси имаат тенденција да се фокусираат на одредени прифатени принципи, почитување на вистината и на правото на јавноста до вистината; право на фер коментар и критика; фактичко и објективно известување; употреба на фер методи за добивање информации; подготвеност да ги исправат грешките; почитување на доверливоста на изворите. Овие кодекси се потпираат на она што вообичаено се смета за основни елементи на новинарството, кои се дефинираат како:[122]

- Првата обврска на новинарството е кон вистината;
- Неговата прва лојалност е кон граѓаните;
- Неговата суштина е дисциплина на верификација;
- Неговите практичари мора да одржуваат независност од оние што ги покриваат;
- Мора да служи како независен монитор на моќноста;
- Мора да обезбеди форум за јавна критика и компромис;
- Мора да се стреми да ги направи вестите значајни, интересни и релевантни;
- Мора да ги задржи вестите сеопфатни и пропорционални.

Ограничувањето на кодексите на однесување е тоа што е тешко поставено како цел да се изведе во реалноста. Тие во својата суштина се доброволно усвоени од страна на новинарите, но освен моралот како свој императум, речиси и да не располагаат со некоја санкција. Возможно е одреден член да биде протеран доколку свесно го крши кодексот, но тоа не значи дека истиот понатаму нема да може да работи како новинар. Покрај тоа, новинарите честопати имаат мала моќ како поединци во нивните организации. Вистински

[121] Види Tambini, D., Leonardi, D.. "*The privatisation of censorship: self-regulation and freedom of expression", In: "Codifying cyberspace: communications self-regulation in the age of internet convergence*", London: UCL Press, 2008: pp. 269-289.
[122] На иста линија биле и Бил Ковач и Том Розенстиел - Види Campbell, A. "*Self-Regulation and the Media*", Federal Communications Law Journal, 51 (11), 1999, pp. 712-772.

одлуките ги носат самите уредници на медиумите или високите менаџери. Сопствениците на медиуми можат да ја користат својата моќ да влијаат на тоа како се известуваат вестите и како истите се објавуваат, на кој начин ги обликуваат приоритетите на медиумите како организација. Во такви околности, новинарските кодекси на етика се релативно немоќни.

Заедно со новинарските етички кодекси, корисно е да постојат гаранции за уредничка независност, на кој начин новинарот е во можност да работи без директна контрола на комерцијалните интереси на сопствениците на медиумите. Редакциската независност се смета за право на новинарите да одлучат што да покриваат, како да покриваат и каде да ја сместат приказната во весникот, списанието или емитувањето, без оглед на гледиштата на сопствениците на медиумот. Во повеќето земји, уредничката независност е недефинирана со тоа што има релативно малку формални кодови прецизирајќи што истата може да означува. Забележителен исклучок е договорот меѓу тогашната Национална асоцијација на норвешки весници, сега Здружение на деловни медиуми и Здружението на норвешки уредници. Тие усвоија декларација за правата и должностите на уредниците во 1953 година, што во Норвешка е позната како Redaktørplakaten или Код на уредници. Овој код го вклучува следново:

„Уредникот ја промовира слободата на мислење и во согласност со најдоброто од неговите/нејзините способности се стреми кон она што тој/таа чувствува дека му служи на општеството. Преку својот труд уредникот ќе промовира непристрасна и слободна размена на информации и мислење“.[123] Исто така, се претпоставува дека уредникот е законски одговорен за содржината на медиумите што ги уредува. Иако ова беше доброволен договор, во последните години постои обид истиот да се направи правно обврзувачки.

Трет елемент на професионалното саморегулирање на медиумите се професионалните упатства усвоени од медиумските организации како прашање на уредничка политика. Можеби најдобар пример за ова се различните упатства усвоени од БиБиСи. Главната рамка на овие упатства е изјава на вредности:[124]

---

[123] Достапно на: *https://cadmus.eui.eu/bitstream/handle/1814/34047/RSCAS_WP_2014_127.pdf?sequence=1* (пристапено на 05.10.2020 година).

[124] Достапно на: *https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/10999922.2018.1549341* (пристапено на 05.10.2020 година).

„Затоа, мора да ја балансираме нашата претпоставка на слободата на изразување со нашите одговорности, на пример, да се почитува приватноста, да се биде фер, да се избегне неоправдано дело и да се обезбеди соодветно заштита на нашата публика од штета“. Тука постои свесна рамнотежа помеѓу слободата и одговорноста, признание дека слобода на медиумите за да опстои самостојно од владината контрола, треба да подразбира одговорности во остварувањето на таа слобода. Упатствата се детални до степен што опфаќаат прашања како што се точност, правичност, непристрасност, приватност, избегнување на штета, одговорност на медиумите за време на избори, судир на интереси и покривање на чувствителни прашања, како што се, конфликт, млади луѓе, религија, криминал и сексуалност.

Во приватниот сектор, Уредничкиот код на Guardian наведува дека неговата цел е „да ја заштити и негува врската на доверба помеѓу Guardian и неговите читатели“. Кодот е доброволен и е со цел да се дефинира културата на новинарството. Сепак, придржувањето до Кодексот на пракса на Комисијата за жалби за печатот е запишано во условите за вработување на новинари во Guardian.

Постојат три испреплетени аспекти на професионално саморегулирање кое го зајакнува новинарството и кои формираат сеопфатен пристап кон професионално саморегулирање:

• Етички кодекси на новинарите;

• Стандарди кои обезбедуваат уредничка независност;

• Медиумски организации кои поседуваат упатства за покривање на настани.

Неизбежно, ова отвора прашања за процесот, како се придржуваат овие самостојни кодови, дали потпирајќи се единствено на моќта на моралното охрабрување, или може да им се даде сила на некој начин. Во многу сектори на деловниот живот, саморегулацијата е доверена на тело на професионалци кое ја администрира истата. Внатре во медиумската организација вообичаен пристап е да постои медиумски народен правобранител од страна на медиумската компанија, чија задача е да да ги прими и истражи поплаките од читателите, слушателите или гледачите на радио и телевизиски станици за точност, правичност, рамнотежа и добар сенс во покриеноста на вестите. Тие можат да препорачаат соодветни лекови или одговори за корекција или разјаснување на извештаите за вестите.

Еден од најраните примери за таква позиција бил весникот „The Asahi Shimbun" во Токио кој имал Комитет во 1922 година за примање и одговор на поплаките на читателите.

Многу земји имаат печат или медиумски совети што ја претставуваат медиумската индустрија и се основани со цел да ги бранат своите интереси и подобрување на професионалните стандарди.

Во последниве години посеопфатен пристап се развива преку Глобалната иницијатива за известување - GRI којашто веројатно е најголемото здружување на компаниите за заеднички стандарди за сите аспекти на нивната економска, еколошка и социјална изведба во светски рамки. GRI се обидува да ја направи одржливоста како рутински дел од активноста на компаниите чија рамка може да се искористи за да се демонстрира организациска посветеност на одржлив развој, да се спроведат организациските перформанси со текот на времето и да се измери организациската изведба во однос на законите, нормите, стандардите и доброволните иницијативи".[125] Нивната хипотеза е дека поголемата транспарентност ќе дејствува како поттик за подобрување на стандардите за одржливост низ областите на општествената средина, како и до поголема општествена одговорност на претпријатијата. Во моментов, нивна главна цел е развивање на упатства за одржливост на медиумскиот сектор во партнерството со бројни медиумски организациии ширум светот, како и одржливост и општествена одговорност на претпријатијата. Користејќи ги индикаторите за рамки за медиуми на UNESCO, нацрт-индикаторите ќе ги изложат одговорностите на медиумските организации за поддршка на слободата на изразување, обезбедување на транспарентноста на сопственоста и ќе придонесат за подобар пристап до комуникациите. Сето ова само би придонело до развивање на различни форми на саморегулација со посочување на обврските на медиумските компании кон себе, со видна дистинкција на поимите и улогите на новинари и уредници.

Комуникациското опкружување подразбира можност за трансформација на различни видови на информации во форма на глас, звук, слика, текст во дигитален код, достапен со помош на низа уреди почнувајќи од персонален компјутер, па сè до мобилен телефон. Појавата на интернетот овозможува таа трансформација на комуникациски

---

[125] Достапно на: *https://law.unimelb.edu.au/__data/assets/pdf_file/0009/1587024/383FinkelsteinandTiffen2.pdf* (пристапно на 05.10.2020 година).

капацитет да премине од локална во глобална. Во нивната прва инкарнација, интернетот и мрежата беа поздравени како опции кои нудат нов глобален, безграничен простор способен да ја избегне традиционалната цензура. Како мрежа на мрежи, интернетот претставува меѓународна платформа врз која ниту една земја нема директна и исклучива надлежност. Неговото управување е обезбедно од различни компоненти и институции кои егзистираат и функционираат во многу различни јурисдикции. Меѓународните надлежни тела како на пример, Интернет корпорацијата за доделени имиња и броеви (ICANN), Меѓународната телекомуникациска унија (ITU) и Конзорциумот за светска мрежа (W3C), како национални тела кои управуваат со националните домени се занимаваат повеќе со ефикасното работење на системот, неговата функционалност, отколку со управување со животната средина на начин на кој регулаторите управуваат со емитуваните медиуми. Следствено, постои надлежен вакуум над содржината на мрежата. Оттука, не постојат средства за регулирање на содржината на меѓународно ниво, ниту каков било консензус за нормите коишто треба да се применат, па затоа главен акцент е ставен токму на саморегулацијата, кој пак пристап носи и своевидни опасности. Саморегулацијата пред сѐ се одвива и развива во вакуум којшто е обликуван од комерцијани цели или владини притисоци. На пример, давателите на интернет услугата (провајдери), кои традиционално се очекува да бидат само канали за услугите кои ги пружат, побарале да соберат податоци за нивните корисници (на пример, од правата предвидени со Директивата за задржување на податоците на ЕУ 2006/24/ЕС), дури издејствувале и следење на историите на прелистување преку доброволни договори со владите кои немаат законски надзор над овие процеси.[126] Недостатокот на правен надзор доведува до можност од бројни ревносни активности од страна на интернет провајдерите, коешто резултира со широк режим на цензура која е во контраст со тесното толкување на законот и внимателна примерна на стандардите којашто се очекува во офлајн светот. Оттука извира важноста секој систем да ја имплементира регулативата во согласност со транспарентни и јасни норми во услови на надлежен вакуум над содржината на мрежата.

[126] Достапно на: *https://www.trin.cam.ac.uk/wp-content/uploads/Xinyi-Gao.pdf* (пристапно на 06.10.2020 година).

## 4.2 Саморегулацијата во рамките на Европската Унија

Саморегулацијата редовно се промовира од Европската Унија, како и од Советот на Европа. На ниво на ЕУ, Меѓуинституционалниот договор за подобро донесување закон инсистира на важноста од користење алтернативни методи на регулирање: трите институции потсетија на „обврската на Заедницата да донесува закони само кога е потребно, во согласност со Протоколот за примена на принципите на супсидијарност и пропорционалност. Се користат алтернативни регулаторни механизми, во соодветни случаи или кога Договорот експлицитно не бара употреба на правен инструмент".

Овој процес доведе до усвојување на Принципите за подобра саморегулација и корегулација во 2013 година (ЕК 2013). Оваа иницијатива имаше за цел „да им помогне на актерите вклучени во саморегулација и ко-регулација да направат подобро и да добијат подобро признание, почит и кредибилитет за нивните напори" и „да помогнат активностите за саморегулација и корегулација да ги постигнат своите цели повеќе ефективно и ефикасно, но и социјални, еколошки и цели за управување".

Поконкретно во аудиовизуелниот сектор, Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕП и Совет, 2010) член 4.7. предвидува дека „земјите членки ќе поттикнуваат режими за ко-регулација и/или саморегулација на национално ниво во областите опфатени со оваа Директива до степен што е дозволен од нивните правни системи. Таквите режими ќе бидат широко прифатени од главните засегнати страни во земјите членки загрижени за обезбедување ефикасно извршување".

Исто така, треба да се нагласи дека Европската комисија, ги охрабрува земјите кандидати да преземат чекори во оваа насока: во своите Упатства за поддршка на ЕУ за слободите на медиумите и интегритет на медиумите во земјите за проширување (ЕК 2014), Генералниот директорат за проширување ги повикува уредниците и сопствениците на медиуми да се придржуваат до „јасно (и јавно) дефинирани уреднички и етички кодови" и смета дека „треба да постојат ефективни механизми за постапување со фер и транспарентни жалби од читатели/гледачи".

На ниво на Советот на Европа, постои долга традиција за промовирање саморегулација. На Третата европска министерска конференција за масовни медиуми во 1991 година, министрите ја усвоија Резолуцијата за медиумската економија и политичкиот и културниот плурализам во која, со фокус на саморегулација во заштитата на

потрошувачите, „ги охрабруваат релевантните професионални кругови да усвојат саморегулаторни мерки за придонес кон националните и европските политики за рекламирање, спонзорство и нови форми на комерцијална промоција и финансирање на радиодифузерите“.

На Четвртата европска министерска конференција за масовни медиуми во 1994 година, министрите се фокусираа на новинарската етика и усвоија резолуција за новинарските слободи и човекови права во која се согласија за листа од осум принципи, вклучувајќи го и принципот дека „јавните власти треба [...] признаваат дека сите вклучени во новинарството имаат право да формулираат стандарди за саморегулација, на пример, во форма на кодекси на однесување, кои опишуваат како нивните права и слободи мора да се усогласат со другите права, слободи и интереси со кои тие можат да дојдат до конфликт, како и нивните одговорности“.

Оваа поддршка за алтернативни методи на регулирање е проширена и во новата медиумска средина. На конференцијата на министри одговорни за медиумите и новите комуникациски услуги во 2009 година, била усвоена резолуција „Кон нов концепт на медиуми“, во која министрите изразија став дека „што се однесува до традиционалните медиуми, саморегулацијата треба да биде клучен елемент во обезбедувањето усогласеност со стандардите". Уредувачката независност, онаму каде што е потребно, саморегулацијата може да се поддржи или зајакне со корегулација. Како форма на мешање, регулативата треба да подлежи на ограничувањата и условите утврдени со Европската конвенција за правата на човекот и релевантната судска практика на ЕСЧП и ги исполнуваат барањата елаборирани во судската пракса на ЕСЧП. Или регулаторни механизми, или отчетност слични на медиумите, без разлика дали се саморегулаторни или ко-регулаторни или, каде што е соодветно, предводени од државата, мора да бидат ефикасни, транспарентни, независни и Советот на Европа треба да истражува како да се подобри функционирањето на овие механизми, особено како да се подобри пристапот до овие механизми од лица или групи кои веруваат дека медиумите или давателите на услуги слични на медиумите ги прекршиле нивните права“.

На Конференцијата на министри одговорни за медиумите и информатичкото општество во 2013 година, во Резолуцијата за зачувување на суштинската улога на медиумите во дигиталната ера (СЕ - Конференција на министри одговорни за медиумите и

информатичкото општество, 2013), еден од заклучоците на министрите бил дека е важно понатамошно консолидирање на ефективната медиумска саморегулација како предуслов за медиумските слободи и независност на медиумите; регулативата, вклучително и поблага форма на ко-регулација, или „регулирана“ саморегулација, мора да биде во согласност со барањата од член 10 од Европската конвенција за заштита на основните човекови права и слободи и стандардите што произлегуваат од соодветната судска практика на Европскиот суд за човекови права. Затоа министрите го повикаа Советот на Европа „да промовира вистински независни медиуми во Европа врз основа на ефективна саморегулација“.

## 4.3 Правна регулација наспроти саморегулација

Правната регулација со саморегулацијата можат да се доведат во чиста правопропорционалност или пак, одредена комплексна условеност, зависно од стадиумот на развој на општеството. Намалувањето на правната регулација, процес уште познат и како дерегулација, што значи олабавување на државното влијание и контрола, може да ја сметаме за правопропорционална зависност, за разлика од одредената меѓусебна комплексна условеност, која создава нова регулаторна рамка која може да ја наречеме транснационален консензус за сегашноста и иднината на медиумите. Вториот процес може да кажеме дека е поприсутен низ Европа. Процесот на дерегулација одамна ги одредува условите во кои се создаваат печатените медиуми, кои, според искуството и обемот на развој на демократските земји, можат да се воспоставaт без никакви предуслови, односно дозволи, по иницијатива на секое физичко и правно лице. Овој тренд неодамна ги вклучи и електронските медиуми, кои иако уште во рамките на регулативата, односно принципот на дозволи и обврската за почитување на одредени правила, сепак послободно ја замислуваат својата програмска ориентација. Се разбира, ова првенствено се однесува на комерцијалните медиуми и нивната способност да одговараат на потребите на публиката, но и барањата на пазарот, кои на крајот можат да бидат исти, но не мора.

Се чини дека работите можеби се полесни за саморегулирање во однос на новите медиуми, заради заостатокот на правните норми во процесот на нивното регулирање, па неможејќи да ја стигнат оваа појава, помошта и излезот од ваквата ситуација се бара во воспоставување на саморегулација, која многу побрзо треба да ја даде посакуваната

реакција. Сведоци сме на примери за деструктивни сајбер-комуникации со што би ја оправдале појавата на воспоставување правила и примена на санкции. Ова не треба да се гледа само низ призмата на ваквото санкционирање, туку да стане дел од една сложена стратешка активност за зајакнување на регулаторната рамка која на европско тло треба максимално да ги приближи, обедини и зајакне заедничките принципи и стандарди, кои се резултат на подобрување на медиумските системи на демократските земји.

Ова тешко дека би се постигнало без трансформација на сопственоста кој бара обемни подготовки и јасна стратегија, каде што јавниот интерес треба да биде во преден план и кој треба да биде усогласен со слободата на лична иницијатива и медиумско претприемништво. Ослободувањето на медиумскиот простор од државно влијание, пред сѐ преку приватизација на сопственоста, се зема како позитивен коефициент на страната на пропорционалноста за саморегулација, кој во дадени моменти може да има и негативен импакт кој првично мора да се издржи, а пред сѐ да се издржат турбуленциите кои настануваат кога еден приватен медиум се затвора поради финансиска неконсолидираност, што е поретко кога станува збор за државен медиум. Оттука, приватните медиуми кои тежнеат кон саморегулација може да станат и жртва на истото, додека државните ќе продолжат да ја уживаат благодетта на „државната капа“.

Една од целите на транзицијата е примена на принципот на дерегулација, што значи дека во поранешните социјалистички земји треба да се применува правилото за целосно бесплатно основање на печатени медиуми без никакви дозволи, а во случај на електронска комуникација преку радио и телевизија земајќи го во предвид фактот дека фрекфенциите се природно лимитирани, се воспоставува преку издавање лиценци за емитување радио и телевизиски програми. Едно од помодерните достигнувања на европската регулаторна рамка е создавањето на национални независни регулаторни тела. За разлика од претходните времиња кога министерствата или другите владини тела ја имаа оваа обврска, тие имаа овластување, во согласност со законските услови и повторно, од јавен интерес, преку јавни наддавања, односно целосно транспарентно, да дадат дозволи за емитување.

Како би можела да се сублимира целта која се сака да се постигне со тежнеењето кон саморегулација, наспроти регулација со државни норми? Се чини најисправно дека државите треба да преземат одредени мерки за да го потиснат сопственото влијание врз јавната сфера и да овозможат граѓанскиот сектор, ослободената јавност, да не бидат само

потрошувачи на медиумските содржини, но и нивниот најважен фактор, контролор и критичар, а со тоа и контролор и критичар на самата влада. Сето тоа мора да биде потпомогнато со промовирање и поддржување на идејата за воведување на медиумскиот пазар, односно двоен модел на медиумска сопственост, при што само радиодифузните медиуми од типот на јавниот сервис можат да бидат во државна сопственост, а сите други, печатени и електронски, се приватни или комерцијални во сопственост.

# 5 ГЛАВА 5 - ПОЈАВАТА НА ШИРЕЊЕ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ ВО ИНТЕРНЕТ ПРОСТОРОТ КАКО ОСНОВА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

Петтата глава од првиот дел од оваа дисертација е насочена кон прикажување на улогата на технологијата како главна алатка за креирање и распространување на лажните вести, истовремено претставувајќи пристапи за борба против истите, алатки со кои може да се справиме со лажните вести и да ги запреме на соодветен начин. Промените кои ги донесе развојот на интернетот од една страна позитивно придонесуваат во насока на создавање нови содржини и пристап до истите во насока на обезбедување информации и во одреден степен и образование за корисниците, но факт е дека самиот тој процес драстично го промени начинот на кој се споделуваат креираните содржини. И покрај позитивноста на промените, истите истовремено предизвикуваат и проблеми поради неможноста за контрола на квалитетот и проверка на фактите на содржините пред нивното објавување. Со тоа се создаваат ситуации во кои погрешните, па дури и штетни содржини многу полесно циркулираат во мрежата, создавајќи ги таканаречените лажни вести или погрешни информации. Социјалните медиуми како Facebook, Youtube, Twitter и слични служат како средства за распространување на лажните вести и малку е преземено нешто за да се направи некаква разлика во содржините кои истите ги имаат од своите корисници.

Од друга страна, ваквиот тип на технологија, развиен веќе до висок степен, може значително да помогне во подобрување на квалитетот и точноста на информациите и вестите кои се дисеминираат, комбинирајќи ги човечките напори и вештачката интелигенција во насока на контрола на квалитетот и проверка на фактите, спомнати погоре.

## 5.1 Дефинирање на поимот „лажни вести“ и поимот „погрешни информации“

Првата појава на користење на поимот „лажни вести“ (англ. fakenews) е забележана во декември, 2016 година, пред одржувањето на изборите за претседател на САД, кога група момчиња од Велес, се најдоа на страниците на еден напис на „Базфид“ (Buzzfeed) за постоењето на интернет страници кои објавуваат лажни вести во корист на тогашниот кандидат Трамп.[127] Вестите брзо се ширеа на социјалните мрежи, а и самиот Трамп многу брзо започна да го користи истиот поим како карактеристика на вести кои не му се допаѓаа, со тоа поттикнувајќи ја и широката понатамошна употреба на поимот.[128]

Во текот на 2017 година, поимот „лажни вести“ нашироко ја добива својата популарност поттикната од работата на Европскиот парламент, после спроведени јавни консултации, Европската комисија ја формираше Високата експертска група за борба против лажни вести и онлајн погрешни информации како советодавно тело на Комисијата во утврдување на феноменот на лажни вести.[129] Групата е составена од соодветни експерти за областа за која е назначена и својот прв извештај го објави во март, 2018 година.[130] Истата година, поимот „лажни вести“ (англ. fake news) влезе на листата на поими на годината на познатиот издавач на речници „Колинс“ (Collins).[131] Според издавачот, поимот се дефинира како „лажни, често сензационални информации кои се шират под превезот на вести“. [132]Со текот на употребата на поимот, истиот почна не само да се употребува, туку и да се злоупотребува, со што и почна да го губи своето првично значење.

---

[127] Види BuzzFeed. „*How Teens in The Balkans Are Duping Trump Supporters with Fake News*“. BuzzFeed. n.d. 4 Aug 2019. *https://www.buzzfeed.com/craigsilverman/how-macedonia-became-a-global-hub-for-pro-trump-misinfo* (пристапено на 11.11.2020 година).

[128] Види Twitter. "Donald J. Trump on Twitter." Twitter. n.d. 4 Aug 2019.*https://twitter.com/realDonaldTrump/status/807588632877998081*(пристапено на 11.11.2020 година

[129] Види “*Fighting Fake News: transparency, responsibility and Internet literacy needed | News | European Parliament*" EU. n.d. 4 Aug 2019. *http://www.europarl.europa.eu/news/en/press-room/20171123IPR88715/fighting-fake-news-transparency-responsibility-and-internet-literacy-needed* (пристапено на 11.11.2020 година).

[130] Види “*Final report of the High Level Expert Group on Fake News and Online Disinformation*" Digital Single Market. n.d. 4 Aug 2019. *https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/news/final-report-high-level-expert-group-fake-news-and-online-disinformation* (пристапено на 11.11.2020 година).

[131] Види “*The Collins Word of the Year 2017 is....*", Collins English Dictionary, Collinsdictionary.com. n.d. 4 Aug 2019. *https://www.collinsdictionary.com/woty* (пристапено на 11.11.2020 година).

[132] Види “*Fake news definition and meaning*”, Collins English Dictionary. Collinsdictionary.com. 4 Aug 2019. *https://www.collinsdictionary.com/dictionary/english/fake-news* (пристапено на 15.11.2020 година).

Гореспоменатата група на Европската комисија внимателно ги разгледа околностите на употребата на поимот „лажни вести“ и одлучи истиот да го замени со поимот „погрешни информации“ (англ. disinformation), дефинирајќи го во гореспоменатиот конечен извештај како „секоја форма на лажни, неточни или грешни информации создадени, претставени или промовирани за намерно предизвикување јавна штета или за стекнување добивка“. Како што се наведува во извештајот, тука спаѓаат „одредени форми на автоматски креирани сметки кои се користат за астротуирање, мрежи со лажни следбеници, фабрикувани или изманипулирани видеа, насочено рекламирање, организирано тролање, визуелни меми и многу повеќе од тоа. Тоа може да вклучува и цела низа дигитално однесување кое во поголем дел се однесува на раширување погрешни информации отколку нивно создавање, опфаќајќи објавување, коментирање, споделување, твитање и одговор на твитови итн“. Проблемот настанува тогаш кога погрешните информации, според погоре кажаното во извештајот, се користат за намерно предизвикување јавна штета или за стекнување добивка. Развојот на технологијата, за жал, во однос на оваа состојба, создава загриженост дека комуникацијата и ширењето лажни вести понатаму ќе се продлабочува и преку лични пораки и гласовни системи, како и содржини генерирани или управувани од вештачката интелигенција.

Имајќи го предвид брзиот развој на технологијата и брзата промена на околностите во кои живееме, ширењето информации, вести и идеи никогаш не било така овозможено како што е денес. Во овој дел ќе ги разгледаме и споредиме традиционалните начини на споделување вести со современите начини на споделување на истите преку користење на интернет мрежата, опфаќајќи ги начините на креирање, уредување, објавување, важност и употреба на информациите, вестите и идеите.

## 5.2 Начини на споделување на информации и веста и разликите помеѓу нив

Традиционалните начини на споделување информации, вести и идеи ги опфаќаат добро познатите печатени и аудиовизуелни медиуми, како што се весници, списанија, книги, радио, телевизија, сниман материјал и слично. Содржината на информациите и вестите ја креира професионално лице или повеќе такви лица, а истата потоа се уредува содржински и јазично од страна на уредникот/уредниците на начин соодветен на

избраниот медиум. Откако ќе се добие содржина со соодветен квалитет, истата се објавува од страна на одговорен и погоден издавач, на пример, се печати или се емитува соодветно на избраниот медиум. Во зависност од важноста на веста, информацијата, идејата и слично, издавачот може да посвети особено внимание на одредена содржина и истата да ја стави како ударна (на пример, на насловна страница или во воведниот дел на емитување) и како таква да им ја пласира на корисниците. Потоа останува на корисниците соодветно да ја искористат таа вест, информација или идеја. Контролирањето на содржината се јавува во уредувањето, објавувањето и истакнувањето на веста, информацијата, идејата, но станува збор за мал број луѓе кои го работат тоа затоа што и без надворешно влијание, разумните уредници и издавачи ги почитуваат стандардите и принципите за работа во уредништвото и издаваштвото во однос на содржината затоа што одговорноста за крајниот производ секако, е нивна.

За разлика од горенаведените карактеристики на традиционалниот начин на споделување вести, информации и идеи, начинот на споделување на истите на интернет, на светската мрежа, се разликува благодарение на развојот на интернет услугите во последните десетина години. Ваквиот развој овозможува постоење простор за објавување на содржини кои ги поврзуваат оние кои ги создаваат истите и оние кои ги читаат/гледаат, на таков начин создавајќи триаголник на интеракција. Типичен пример за тоа се социјалните мрежи Facebook и Twitter чија основна функција, а и на останатите социјални мрежи, не е објавувањето на содржините, туку нивно споделување и соодветно коментирање на содржините кои се споделени од други платформи или интернет медиуми.

Постапките до добивање на содржината за објавување и нејзино споделување не вклучуваат рачно уредување, објавување или истакнување затоа што технологијата дозволува секој поединец, без разлика на неговата стручност, да ги помине сите тие чекори до крајниот производ. Дел од авторите на т.н. онлајн содржини дури и не ги поминуваат чекорите на уредување на содржините и проверка на нивниот квалитет. Така неуредените и непроверени содржини се објавуваат на мрежните сервери, социјални мрежи и во таков случај истакнувањето на содржината (информација, идеја, вест) го прават самите корисници. Тука се јавува и една од главните разлики споредено со традиционалниот начин на споделување, а тоа е неможноста на регулирање, контрола и

потврда на квалитетот, со тоа што корисниците самите треба да знаат да ја поставaт границата. Имајќи го предвид фактот дека сите тие чекори до крајниот производ се одвиваат на платформа, сепак постои начин со истите тие платформи да може да извршат влијание врз наведените чекори со нивната поставеност.

Со сумирање на горенаведените карактеристики на двата начини на споделување содржини, многу лесно може да донесеме заклучок за разликите во сите чекори до добивање краен производ, содржина. Истите се сумирани во Табела 1. И покрај разликите, постојат и сличности и треба да се истакне дека лажните вести и погрешните информации се јавуваат и кај двата начини спомнати погоре, но она што е важно е дека корисниците треба да знаат да направат разлика.

| **Чекор** | **Содржини споделени на традиционален начин** | **Содржини споделени преку интернет мрежата** |
|---|---|---|
| **Креирање** | Во голем дел, содржината е задача на лица стручни за таа област и авторот на истата секогаш е познат. | Голем број луѓе слободно можат да пишуваат содржини, да ги објавуваат и снимаат и притоа да останат анонимни како автори. |
| **Уредување** | Стручни уредници и лектори се дел од тимот и одговорноста за објавената содржина е на уредникот преку нивниот избор за објавување или не. | Иако во одредени содржини е забележано уредување, во принцип не постојат уредници затоа што самите автори го прават тоа. |
| **Објавување** | Ограниченоста на просторот за објавување подразбира избор на содржини кои можат да се најдат во традиционалните аудио-визуелни медиуми. | Неограниченоста на простор за објавување на интернет платформите овозможува слобода во споделување на содржините, без никакво внимание и со сѐ поголем интензитет. |
| **Истакнување** | Одлуката за истакнување на одредени содржини е на уредниците и издавачите, со ретки | Содржините се препорачуваат од страна на корисниците и корисниците се тие кои одлучуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | случаи на усни препораки за истото. | што другите корисници ќе добијат преку таквиот начин на споделување содржини. |
| **Користење** | Вниманието од страна на корисниците е загарантирано затоа што бројот на аудио-визуелни медиуми каде што се пласира содржината е добро познат. | Бројот на интернет медиуми и платформи каде што се пласира одредена содржина е неограничен, не може да се следи и затоа вниманието кон одредена содржина претставува предизвик. |

**Табела 1. Разлики во начините на споделување содржини**

Погоре спомнавме дека поимот „лажни вести" првпат се спомнува во изборите за претседател на САД во 2016 година и во текот на истите се покажа дека интернетот не е единствениот извор на информации, содржини, како што е прикажано на сликата подолу. Од истражувањето може да се види дека највежен извор на информации била телевизијата (за повеќе од 50% од корисниците), а интернетот бил важен извор на информации и содржини за помалку од една третина од жителите на САД. 14% добивале информации од социјалните медиуми.



**Слика 1. Најважни извори на информации според жителите на САД во текот на изборите[133]**

Статистичките податоци укажуваат на сосема различни бројки, а тоа е дека 64% од полнолетните лица во САД користат Facebook, а 30% од нив се информираат преку Facebook. Според подолу дадениот график на Слика 2 во поднасловот посветен на социјалните медиуми, тие ги добиваат информациите и преку Youtube или Twitter.[134]

Социјалните медиуми и содржините кои ги споделуваат претставуваат синоним за лажни вести затоа што се сметаат како главен поттикнувач на истите. Не е потребно многу да се истражува за да се утврди дека најголем дел од остварените пристапи до лажни вести се преку социјалните медиуми и алатките за пребарување. Ако ги видиме резултатите од две истражувања за лажните вести покажаа дека, гледано во апсолутни вредности, страниците за лажни вести имаат само околу 10% посетители споредено со вистинските вести.[135] Тоа значи дека вкупниот интернет сообраќај на страниците со лажни вести е со вредност од 10% од сообраќајот што го остваруваат страниците за главните вести преку социјалните медиуми (Слика 2).




**Слика 2. Анализа на сообраќајот на интернет на страниците за лажни и главни вести[136]**

---

[133] Види Allcott, Hunt & Gentzkow, Matthew, 2017. "*Social Media and Fake News in the 2016 Election*." Journal of Economic Perspectives, vol. 31(2), pp 211-236 .

[134] Види Richter, Felix. "*Infographic: 30% of U.S. Adults Get News on Facebook*." Statista Infographics. 20 Mar. 2018. Web. 4 Aug 2019. *https://www.statista.com/chart/2069/news-consumption-on-social-networks/* (пристапено на 18.11.2020 година).

[135] Види Fletcher, Richard, Cornia, Alessio, Graves, Lucas, and Kleis Nielsen, Rasmus, 2018. "*Measuring the reach of "fake news" and online disinformation in Europe, Global Initiative*", Reuters Institute for the Study of Journalism." Reutersinstitute.politics.ox.ac.uk. n.d. Web. 4 Aug 2019. Достапно на *https://reutersinstitute.politics.ox.ac.uk/our-research/measuring-reach-fake-news-and-online-disinformation-europe* (пристапено на 18.11.2020 година).

[136]Види Засновано на анализи според изворите во точките 10, 12 и 13.

Постоењето на многу дискусии и разговори на самите социјални мрежи покажува дека влијанието на истите врз ширењето лажни вести е очигледно и степенот до кој се дискутира за истите е сосема еднаков од степенот до кој се дискутира за реалните вести и покрај горeспоменатиот низок процент во споредбата.[137] Ако направиме споредба помеѓу отпорноста на лажните вести во Америка и во Европа, ќе видиме дека, според истражувањата, европските општества се далеку поотпорни споредено со американското општество, што се докажува со податокот дека во текот на последните избори во САД, нивото на споделување на лажните и реалните вести е еднакво, што не е случај со Германија, на пример, каде на претседателските избори во 2017 година соодносот бил шестпати повисок во корист на реалните вести.[138]

Трите најголеми социјални мрежи за споделување вести се Facebook, Youtube и Twitter, а според степенот на нивното користење воопшто, како и користењето за споделување и читање вести, предноста несомнено му припаѓа на Facebook, следен од Youtube и Twitter. Сите тие влијаат на начинот на кој вестите доаѓаат до нас, а разликата меѓу нив е во начинот на кој ги истакнуваат објавените содржини и политиката на работење.[139]

Концептот на истакнување содржини се однесува на активности со кои одредена платформа фаворизира одредени содржини и им ги пласира на корисниците, потиснувајќи на тој начин други содржини. Во овој случај, значење имаат и уредничкото работење преку, на пример, ограничување на содржини за возрасни, спречување крадење на авторско право, оттргнување говор на омраза и слично. Секоја платформа има свој начин на истакување на содржините, а нивните сличности се однесуваат на мерките за

---

[137] Види Lee, Timothy B.. "*The top 20 fake news stories outperformed real news at the end of the 2016 campaign*." Vox. 16 Nov. 2016. Web. 4 Aug 2019. Достапно на *https://www.vox.com/new-money/2016/11/16/13659840/facebook-fake-news-chart* (пристапено на 24.11.2020 година).

[138] Види Howard, Philip N., Bolsover, Gillian, Bence Kollanyi, Bradshaw, Samantha, and Neudert, Lisa-Maria. “*Junk News and Bots during the U.S. Election: What Were Michigan Voters Sharing Over Twitter?*” Data Memo 2017.1. Oxford, UK: Project on Computational Propaganda. Достапно на *www.politicalbots.org* (пристапено на 24.11.2020 година).

[139] Види Richter, Felix. "*Infographic: 30% of U.S. Adults Get News on Facebook*." Statista Infographics. 20 Mar. 2018. Web. 4 Aug 2019. Достапно на *https://www.statista.com/chart/2069/news-consumption-on-social-networks/* (пристапено на 24.11.2020 година).

спречување објавување на нелегални содржини, на пример, поврзани со авторски права и содржини за возрасни.

Познато им е на сите корисници на Facebook дека секојдневно пред нив се претставуваат огромен број на содржини, но факт е дека корисниците на дневна основа прегледуваат само 10% од сите оние објави на пријатели или организации или страници за кои се претплатиле или ги следат.[140] Приоритетот на поставување на објавите и нивните содржини го одредува алгоритам вграден во Facebook и тој одлучува што корисниците гледаат, а што не. Оправдувањето за ваквиот алгоритам е подобрување на корисничкото искуство, прикажување содржини интересни и привлечни за корисниците и максимизирање на интеракцијата. Во суштина, таквиот алгоритам е и познат затоа што тој се заснова на заинтересираноста за одредена страница, карактеристиките на објавата, минати објави од одредена страница или пријател, видот на содржината, времето на нејзино споделување или објавување и слично.[141]

За разлика од ова, другите два гореспомнати медиуми имаат друг поставен алгоритам во однос на истакнувањето содржини. Така, на пример, корисниците на Twitter добиваат хронолошко претставување на твитовите на корисниците кои ги следат, а со новитетите кои од неодамна ги воведоа, постојат можности да се добијат истите функции на пропуштени и најдобри твитови. Споредено со Facebook, лажни кориснички профили управувани од соодветни уреди лесно се отвораат и со тоа лесно се истакнуваат „најдобрите“ или „пропуштените“ твитови.

Погоре ги спомнавме изборите за претседател на САД во 2016 година. Интересен и впечатлив податок поврзан со ширењето лажни вести е тоа што автоматските програми за споделување вистинити и лажни вести го забрзуваат таквото ширење, но со ист степен на застапеност, ама сепак преовладуваат лажните вести затоа што луѓето се тие кои ги споделуваат лажните вести и придонесуваат кон нивно истакнување.[142]

---

[140] Види Nevue, Dave. "*How Many People See Your Facebook Posts?” –* Revised 2017." Nevue Fine Art and Marketing. 22 Sept. 2015. Web. 14 Aug 2019. *https://www.nevuefineartmarketing.com/how-many-people-see-your-facebook-posts/* (пристапено на 27.11.2020 година).
[141] Види Page, Marie. "*A new definition of Facebook's News Feed algorithm | LinkedIn*." Linkedin.com. 22 Oct. 2016. Web. 14 Aug 2019. *https://www.linkedin.com/pulse/new-definition-facebooks-news-feed-algorithm-marie-page/* (пристапено на 27.11.2020 година).
[142] Види Vosoughi, Soroush, Roy, Deb, and Aral, Sinan. "*The spread of true and false news online*." Science 359, no. 6380 (2018 pp.1146-1151.

## 5.3 Борбата против лажните вести преку технологијата и на корсниците

Во традиционалниот начин на споделување содржини потешко е да се запре споделувањето лажни вести, но тоа не значи дека тоа е невозможно, а тоа полесно се изведува со содржините на интернет, имајќи ги предвид карактеристиките на интернетот. Сите учесници, во сите фази до добивање на крајната содржина можат да влијаат на борбата против лажните вести и да ги спречат истите.

Секоја содржина, вклучително и лажната, има свој автор и секогаш мотивите на авторот за креирање на содржината се различни, но вистината е дека таквите вести се привлечни за корисниците, а од друга страна, заслугите за успешноста на објавите му припаѓа на авторот на содржините. Мал е бројот на услугите кои поставуваат рекламни содржини на страниците на интернет.[143] Најголема од нив е Ad-Sense на Google. Нивна задача е да направат поврзување на читателот со рекламата, а многу малку автори се занимаваат со оние дејности кои се насочени на реклами и рекламни агенции. Демотивирачки за авторите би било доколку најголемите агенции одлучат да не објавуваат реклами на страниците за лажни вести. Ваквиот пристап се нарекува демонетизација.

Платформите ги земаат во предвид алгоритмите и поплаките на корисниците, што значи дека ако поголем број корисници се пожалат за иста содржина, тогаш таквата содржина се демонетизира. Но, праксата покажува дека наместо да ги искажат ставовите за идеите претставени со одредена содржина, корисниците на кои не им се допаѓаат такви содржини, истите ги демонетизираат и предизвикуваат нивно отстранување. Тоа, за жал, доведува до отстранување содржини кои не се незаконски и наместо наплив на идеи, се случува наплив на жалби.

Објавувањето на содржините се однесува на нивното објавување на интернет, а сето тоа се одвива преку сервер кој ја прикажува таа содржина, интернет поврзаност со серверот и обврска серверот да биде регистриран во директориум познат како DNS.[144] За оние кои не поседуваат сервери, постојат т.н. серверски имоти кои опслужуваат различни

---

[143] Види Stream SEO. "*10 Best Google Adsense Alternatives (2018 Edition)*." Stream SEO. 17 Aug. 2012. Web. 14 Aug 2019. *https://stream-seo.com/best-google-adsense-alternatives/* (пристапено на 30.11.2020 година).

[144] Види Wikipedia Contributors. "*Domain Name System*." Wikipedia, the Free Encyclopedia. Wikipedia Foundation, n.d. Web. 14 Aug 2019. *https://en.wikipedia.org/wiki/Domain_Name_System* (пристапено на 01.12..2020 година).

интернет страници и самите можат да ги одбијат содржините за кои сметаат дека се несоодветни. Тоа значи дека содржините не се незаконски, туку истите заслужуваат прекор заради она што го искажуваат. Пример за тоа е одбивањето за хостирање на интернет локацијата на една нео-нацистичка група после немил настан во Шарлотсвил.[145] Согласно своите општествени стандарди, Facebook, Twitter и Youtube како најпосетени социјални мрежи ги отфрлаат содржините кои сметаат дека се несоодветни со таквите стандарди, на таков начин, имајќи ја предвид нивната моќ, со одбивањето за објавување ефективно ставаат цензура на говорот, не според законите, туку според приватните „општествени стандарди“. За да го поткрепиме ваквиот начин на борба против лажните вести во фазата на објавување, пример ќе ги спомнеме забранетиот пристап за интернет врска со одредени сервери на кои може да се најдат објави на „лоши“ содржини, начин на кој Кина и Иран го решаваат проблемот со лажни вести.[146] Друг пример е Словенија која забрани пристап до интернет страница со содржини поврзани со комунистички тајни врски со полицијата, а и Шпанија која забрани пристап до страници кои промовираат содржини поврзани со независноста на Каталонија.[147]

Овој дел се однесува на уредувањето и истакнувањето на содржините на платформи. Веќе погоре спомнавме дека Facebook, Twitter и Youtube по своите карактеристики многу наликуваат на традиционалниот начин на уредување и истакнување на содржини, а уште еднаш ќе спомнеме дека речиси половина од интернет сообраќајот на страниците за лажни вести доаѓа од социјалните медиуми, по што следат пребарувачите, со што тие самите природно се кандидати преку кои може да се контролира распространувањето на лажните вести. Повторно ќе се вратиме на кажаното дека платформите можат да ги користат алгоритмите при изборот на содржините кои би се

---

[145] Види Selk. Avi, "*A running list of companies that no longer want the Daily Stormer's business*" Washington Post. 16 Aug. 2017. Web. 14 Aug 2019. *https://www.washingtonpost.com/news/the-switch/wp/2017/08/16/how-the-alt-right-got-kicked-offline-after-charlottesville-from-uber-to-google/* (пристапено на 01.12..2020 година).

[146] Види Bloomberg.com. "*The Great Firewall of China*." Bloomberg.com. 13 Oct. 2017. Web. 14 Aug 2019. *https://www.bloomberg.com/quicktake/great-firewall-of-china* (пристапено на 01.12..2020 година).

Види Center for Human Rights in Iran. "*Iran's Severely Disrupted Internet During Protests: 'Websites Hardly Open*'". Center for Human Rights in Iran. 2 Jan. 2018. Web. 14 Aug 2019. *https://www.iranhumanrights.org/2018/01/irans-severely-disrupted-internet-during-protests-websites-hardly-open/* (пристапено на 01.12..2020 година).

[147] Види Smith, Lydia. "*Spain blocks Catalan independence websites in bid to prevent referendum*." The Independent. 28 Sept. 2017. Web. 14 Aug 2019. Web. 14 Aug 2019. *http://www.independent.co.uk/news/world/europe/catalan-independence-referendum-spain-websites-blocked-spanish-constitution-votes-a7971751.html* (пристапено на 04.12.2020 година).

истакнувале и оние кои би се потиснувале и оттргнувале од објавување. Неколкупати Facebook и Google беа предупредени да го објават начинот на кој одлучуваат кои содржини ќе се појават како први затоа што со тоа лесно се наведува платформата да ги прикажува како први содржините кои можеби се наметнати од злонамерни учесници. Со тоа се создава сомнеж дека можеби плаформата се меша во праведната и непристрасна размена на информации.




**Слика 3. Известување од Фејсбук за корисниците дека одредена содржина е спорна во понудени алтернативи (лево) и предупредување до корисникот пред нејзино споделување (десно).**

**Извор: Фејсбук[148]**

На Слика 6 е прикажана многу јасна техника за намалување на пропагандата на лажни вести преку означување, со додавање информации за кредибилитетот на содржината и предупредување до корисникот пред истиот да ја сподели лажната содржина.

Сличен пример на прикажување и пребарување е со користење на Google. Секој резултат од пребарувањето е соодветно означен и го означува нивото на доверливост на прикажаната врска. Лесно се забележува дека првата и последната врска се во ред, но кај втората има знак за предупредување, а на сликата не е прикажан, но постои трето ниво означено со црвена боја.

---

[148]Види Smith, Jeff. "*Designing Against Misinformation – Facebook Design – Medium.*" Medium. 20 Dec. 2017. Web. 13 Apr. 2018. *https://medium.com/facebook-design/designing-against-misinformation-e5846b3aa1e2* (пристапено на 14.12.2020 година).




**Слика 4. Резултати од пребарување означени соодветно според нивото на кредибилитет на информациите**

Имајќи го предвид масовното ширење на лажни вести, се појавија и сервиси на интернет кои се специјализирани за брза проверка на содржините и платформите и почесто започнаа да ги користат како трети страни кои генерираат информации за доверливост на објавени содржини. Еден од поголемите проблеми со кои се соочуваат платформите се лажните кориснички профили кои навидум, изгледаат како да се профили на реално постоечки личности и кои во алгоритмите на платформите се прикажуваат како такви. Во суштина тоа се програми кои симулираат корисник на социјална мрежа. Facebook има најстроги правила во однос на тоа, така што зад секоја сметка треба да има реално лице и секое лице може да има само една сметка, но за разлика од него, Twitter и Youtube се полиберални, иако Twitter има опција „потврдена сметка“ која, всушност, се однесува на сметките на славните личности.

Идентификувањето на лажните вести е клучен момент за нивно запирање. И покрај тоа што сервисите за проверка на факти и самите платформи го прават тоа, постојат потешкотии во самото одредување на лажните вести или погрешните информации, тешко е да се опише дали одредена објавена содржина е лажна или не. Сепак, постојат одредени стратегии кои луѓето, со вештачка интелигенција можат да ги спроведат, а секако, тука е и заедничкиот труд на машините и луѓето. Делот за скенирање на голема количина содржини може да го сработи вештачката интелигенција, а оние ситни делови за кои ВИ (Вештачката интелигенција) не може да пресече, би ги завршиле луѓето.

Идентификувањето на лажните вести се одвива со два чекори, првиот е идентификација на содржината, а вториот за општествениот контекст, на таков начин овозможувајќи автоматска идентификација.[149]

1. Идентификација на содржината – овој метод е насочен кон утврдување на точноста на содржината. Имајќи предвид дека голем дел од содржините на лажните вести се поврзани со политика, многу е тешко да се направи анализа на содржината поради тоа што вештачката интелигенција тешко може да го разбере природниот јазик. Не залудно Џорџ Орвел кажал дека „Јазикот на политиката [....] е создаден за да прави лагите да звучат вистинито и убиствата да изгледаат пристојно, и да создадат впечаток на сигурност на ветерот“.[150]
2. Идентификација на општествениот контекст – овој метод е насочен кон изворот на содржината и начинот на кој истата се изнесува. Постојат интернет страници кои се специјализирани исклучиво за лажни вести и потеклото на содржините од таквите страници е соодветно мерило за веродостојноста на содржината. Но, во ситуација кога позната интернет страница со добар углед ќе објави лажна содржина, настанува проблем затоа што лажните вести се изнесуваат од неколку влијателни сметки кои се поддржани од лажни кориснички профили. Со анализата на таквата мрежа може да се најде соодветен начин за откривање на погрешните информации, особено кога станува збор за државни чинители. Такви системи за предупредување против погрешни информации веќе функционираат во рамките на Прегледот на погрешни информации на работната група „East StratCom“ на Европската Унија.[151]

Погрешно е да се верува дека компјутерите можат да ги откријат целосно лажните вести со помош на вештачката интелигенција и алгоритмите затоа што вештачката интелигенција функционира на принципот на податоци дадени и избрани од луѓето, а истото важи и за алгоритмите затоа што и тие се креирани од луѓето.

Корисниците на содржините кои се пласираат на глобалната мрежа не секогаш сакаат некој друг да одлучува какви содржини да читаат и некој друг да ги филтрира

---

[149] Види Kai Shu, Amy Sliva, Suhang Wang, Jiliang Tang, and Huan Liu. "*Fake news detection on social media: A data mining perspective*." ACM SIGKDD Explorations Newsletter 19, no. 1 (2017): pp. 22-36.
[150] Види Orwell, George. "*Politics and the English Language*", First published: Horizon. — GB, London. — April 1946
[151] Достапно на*: https://euvsdisinfo.eu/* (пристапено на 07.12.2020 година).

вестите и информациите кои им се пласираат, но факт е дека тоа се прави идеолошки или политички. На таков начин, многу лесно се оформува јавното мислење, а платформите, поддршката за да го прават тоа можат да ја добиваат од оние кои се на власт, од нивната опозиција и општо, од политичарите.

Начините за запирање на ширењето на лажните вести се наоѓаат во рацете на крајните корисници на пласираните содржини, не на платформата затоа што веќе кажавме, дека луѓето можат да имаат различно мислење во однос на тоа што е лажно, а што не и нивната доверба може да се заснова на различни проверки на факти. Во поново време на пазарот се појавуваат екстензии на пребарувачите кои овозможуваат избор на сервиси за проверка на факти и рангирање на содржините според квалитетот што го пласираат, на пример, како што веќе погоре го прикажавме со Слика 4.[152] Уште поважен елемент во запирањето на лажните вести е здравиот разум, нетехнички начин за борба против лажните вести, што поконкретно се нарекува медиумска писменост. Тоа е, всушност, совеста на корисниците дека телевизијата и весниците се медиуми различни од интернетот, интернетот нема уредници или лица кои ги избраат содржините, па затоа тие како корисници мора да бидат внимателни за да не наседнат на секоја лажна вест и секој ден да им биде ден на шегата, или едноставно кажано, треба критички да пристапуваат кон секоја содржина на која наидуваат. Како заклучок, здравиот разум е од голема помош во одредено време, голема е важноста на медиумската писменост, а од голема помош е и техологијата, знаејќи го нејзиниот брз развој.

---

[152] Види "*ZenMate SafeSearch - Fake News Detector*." Zenmate.com. 12 Apr. 2018. Web. 14 Ауг 2019. *https://zenmate.com/products/safesearch/* (пристапено на 07.12.2020 година).

# 6 ГЛАВА 6 - РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО ПРАВНИТЕ СИСТЕМИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ

## 6.1 Регулирање на правото на слобода на изразување во земјите од регионот водена од страна на ОБСЕ и оценка од страна на Европската Комисија

Брзиот развој на интернетот го трансформира медиумскиот пејзаж присутен во земјите од Западен Балкан. Истото влијаеше на функционирањето и значењето на традиционалните медиуми и понуди нови можности за создавање на плуралноста на платформите за мрежни медиуми во последниве години. Во целиот регион, либералната правна рамка го олеснува развојот на нови медиуми, вклучувајќи го и развојот на регионалните медиуми. Од друга страна пак, отсуството на ограничувања на користење на медиумите во интернет просторот го отвори патот за проширување на слободата на изразување, вклучително и слобода на медиумите преку интернет и овозможи пристап до повеќе различни извори на информации. Како директна последица, во државите од регионот започнати се иницијативи за саморегулација, пред сè со поддршка на мисиите на ОБСЕ како претставник за слобода на медиумите.

Сепак, она што не смее да се занемари е фактот дека земјите од Западен Балкан се соочуваат со големи проблеми коишто директно влијаат на регулирањето на интернетот, како што се говорот на омраза, терористичките и екстремистичките пропаганди и актуелната појава на „лажни вести“. Токму од таа причина, неопходно е да се обезбеди идните политики и законодавната регулација да не ја уништат постојната либерална клима којашто постои во рамките на правните системи на земјите од регионот, а која придонесува за развој на слободен и разновиден медиумски пејзаж во интернет просторот на регионот. Секое регулирање на медиумите во интернет просторот треба да дава гаранција дека нема да влијае негативно на остварување на правото на слобода на изразување и дека ќе биде целосно во согласност со меѓународните стандарди поставени во однос на правото на слободата на изразување и слободата на медиумите. За таа цел, од големо значење е регионалната соработка помеѓу земјите од Западен Балкан, на кој начин

ќе се избегне фрагментација на интернетот и ерозија на нормите за правото на слобода на изразување во интернет просторот.

Интернетот ја трансформира денешната комуникациска околина повеќе од која било друга технологија. Традиционалните медиуми (печатот, радиото и телевизијата), како и радиодифузерите и професионалните новинари и комуникатори, повеќе не поседуваат монопол над јавниот дискурс. Различните платформи на веб 2.0 (на пр. блогови, социјални медиуми, викии) им овозможија на корисниците на интернетот да станат „медиуми“ со содржина генерирана од нивна страна - како што се слики, видеа и твитови, а на кој начин се создаде нова дигитална култура на споделување и размена на информации на глобално ниво.[153] Двонасочна стана и комуникацијата, помеѓу новинарите и ангажираните лица, која пак, е од суштинско значење за онлајн изданијата на традиционалните медиуми.

Во регионот на Западен Балкан ОБСЕ, има неколку пристапи кон официјално признавање на медиумите: известување, регистрација и лиценца. Поимот „известување“ значи дека медиумот треба да ги извести надлежните органи за своето постоење и работа, при што неговото постоење е запишано во специфичен регистар. „Регистрацијата“ бара медиумите да добијат дозвола од надлежните органи пред да започнат со работа на пазарот. Режимот за „лиценцирање“ е типичен за радио и телевизиски станици, бидејќи на тој начин е применлива за алокација на конечни или ограничени ресурси (на пр. радиофреквенции).

Според стандардите на ОБСЕ, бидејќи платформите за мрежни медиуми немаат широкопојасен опсег на ограничувања за користење на интернет, нема потреба или услов за нивна регистрација или лиценцирање.[154] Традиционалните организации за медиуми опфаќаат регистрирани медиуми, како што се радиото и телевизиските станици, вклучувајќи ги и нивните онлајн изданија. Додека интернет медиумите - блоговите, социјалните медиуми, пребарувачите, агрегаторите, независните веб портали и останатите дигитални платформи, може, но и не мора да бидат опфатени со опсегот на

---

[153] Види „*OSCE Representative on Freedom of the Media (2008) The media self-regulation guidebook*“. Достапна на https://www.osce.org/fom/31497?download=true ( пристапено на 01.06.2020 година).
[154] Достапно на *https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805c3f20* (пристапено на 01.06.2020 година).

законодавството за медиуми, истото не го менува фактот дека може да се соочат со кривично и граѓанско правна одговорност.

Земјите од Западниот Балкан имаат развиена практика за саморегулација на интернет медиуми. Така, Советот за печат на Република Србија, Советот за медиумска етика на Република Северна Македонија, Прес советот на Босна и Херцеговина, Советот за медиуми за саморегулација на Црна Гора и Советот за медиуми на Република Албанија ја покриваат работата на онлајн медиумите.

Следи краток преглед на правните рамки кои ја регулирааат работата на мрежните медиуми во интернет просторот кај државите од Западен Балкан:[155]

### 6.1.1 Република Албанија

Законот за печат на Република Албанија, изменет во 1997 година, се чини како најмалку развиен, што произлегува од фактот дека истиот се потпира на само еден став кој гласи: „Печатот е бесплатен. Слободата на печатот е заштитена со закон". Во меѓувреме, медиумските организации не се регулираат на кој било правен и нормативен начин. Понатаму, Законот за аудиовизуелни медиумски услуги на Република Албанија е доста критикуван и постојат бројни барања за негови измени од страна на Советот на Европа.[156] Постои и Закон со кој се уредуваат електронските комуникации во Република Албанија.[157]

Согласно спроведените анализи на Европската комисија, презентирарани во извештајот „Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 2019, Communication on EU Enlargement Policy, Brussels, 29.5.2019, COM(2019) 260", земјата има одредено ниво на подготовка и е умерено подготвена во областа на слободата на

---

[155] Види „*Детален приказ на состојбите во интернет просторот во однос на дигиталните медиуми кај земјите од Западен Балкан*" достапно на *https://www.csce.gov/international-impact/publications/reform-and-human-rights-eastern-europe?page=33* (пристапено на 03.06.2020 година).

[156] Види *Law No. 97/2013 on audivisual media with draft amendments adopted* on 18.12.2019 година, достапен на : *https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-REF(2020)007-e.* (пристапено на 03.06.2020 година).

[157] Види *Law nº 9918/2008*, of 19.05.2008 *onElectronic Communications in the Republic of Albania*. Достапно на : *http://www.informatica-juridica.com/anexos/legislacion-albania-law-no-9918-2008-of-19-05-2008-electronic-communications-in-the-republic-of-albania/.* (пристапено на 03.06.2020 година).

изразување.[158] Во текот на истражувачкиот период е забележан ограничен напредок, пред сè поради заканите и говорот на омраза против новинарите, кои се зголемени, иако од страна на системот истите се санкционираат. Во истиот период, финансиските ресурси и нивото на организираност на органот за регулирање за аудиовизуелни медиуми беа зајакнати. Новиот етички кодекс за новинари беше промовиран во март 2018 година и вклучува етички упатства за мрежни медиуми. Целокупното законодавно опкружување е погодно за развој и остварување на слободата на изразување, но спроведувањето на ова законодавство останува предизвик. Сопственоста на аудиовизуелните медиуми и транспарентноста на финансирањето на медиумите и јавното рекламирање остануваат клучни прашања. Треба да се обезбеди саморегулација кај мрежните медиуми. Потребно е воведување на законодавство за јавно рекламирање за да се подобри транспарентноста во согласност со најдобрите меѓународни практики. Европската комисија истакнува дека во наредниот период, Албанија треба:

- да обезбеди спроведување на Кодексот на труд и зајакнување на заштитата на албанскиот јазик во однос на работничките и социјалните права на новинарите;
- да внесе законски барања за транспарентност на сопственоста на медиумите и нејзините ограничувања да ги креира во согласност со меѓународните стандарди;
- да воведе законодавство во согласност со најдобрата меѓународната практика за јавно рекламирање со цел да се зголеми транспарентноста. [159]

За време на извештајниот период, имало два случаи на физички напади врз новинари, пријавени во јуни и септември 2018 година. Медиумските здруженија и јавните власти решително ги осудија овие напади. Истрагите биле покренати, но немало апсења за овие случаи. Во мај, еден политичар бил осуден во врска со случајот за клевета во кој учествуваше новинар, додека првостепениот суд го отфрлил случајот за клевета против двајца истражувачки новинари.[160] Вкупно биле регистрирани 13 случаи во кои новинари или весници биле страни во судскиот процес во првостепените судови во 2018 година со

---

[158] Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/default/files/20190529-communication-on-eu-enlargement-policy_en.pdf (пристапено на 04.06.2020 година),
[159] Достапно на *https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/E-9-2020-000907_EN.html* (пристапено на 07.06.2020 година).
[160] Достапно на *https://www.coe.int/en/web/media-freedom/albania* (пристапено на 07.06.2020 година).

10 првостепени судски пресуди. Покрај тоа, имало 7 случаи регистрирани во апелационите судови во 2018 година со 1 пресуда.[161] Албанија треба дополнително да ги зајакне своите напори да обезбеди политика на нулта толеранција за заплашување на новинари и закани против медиумите, вклучително и во политичкиот дискурс.

Уставот на Република Албанија и соодветните закони се во согласност со меѓународното право за човекови права. Тие гарантираат индивидуални слободи, вклучително и право на приватност и слобода на изразување. Тие, исто така, вклучуваат санкции против поттикнување на омраза. Клеветата останува кривично дело, иако не е предвидена казна затвор за истото. Сепак, новинарите осудени за клевета се изложени на ризик од казни. Во декември 2018 година, Владата објавила пакет амандмани на Законот за аудиовизуелни медиуми и Законот за електронски комуникации и јавност. Гледано од страна на меѓународната заедница, како проблематични се јавиле прашањата за опсегот на дефиницијата за електронска публикација, степенот на обврската за регистрација на домен и последиците од неуспехот да се регистрира. Албанија сè уште треба да воведе законодавство за зајакнување на транспарентноста во јавното рекламирање. Потребно е да се добие пристап до информации за договори за набавки, ревизии и плати на службените лица, како еден од начините да се постигне посакуваната цел.

Аудиовизуелниот орган за медиуми (АМА), регулаторниот орган во областа на аудио и визуелни радиодифузни услуги, го одобри својот стратешки акционен план 2017 година, согласно кој финансирањето на АМА е двојно зголемено и ја смени структурата за посилно да се фокусира кон активности за надзор и инспекција за идентификување на нелегално емитување.[162] Активностите на АМА се предмет на парламентарен надзор од страна на Комисијата за образование и информации од јавен карактер.

Новиот рок утврден од АМА за процесот на дигитално префрлување бил септември 2019 година, иако инфраструктурата за пристап до дигиталното емитување е веќе воспоставена. Сепак, АМА го одложи крајниот рок за дигитално префрлување во Тирана и Драч поради недостигот на дигитални декодери DVB-T2 на пазарот и јавното незадоволство за истото. Овие настани укажаа на недостаток во улогата на АМА во

---

[161] Достапно на *https://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Albania/Albania-the-controversial-media-law-195917* (пристапено на 07.06.2020 година).

[162] Достапно на: *https://cpj.org/2019/12/albanian-media-legislation-threatens-to-restrict-o/* (пристапено на 08.06.2020 година).

управувањето со процесот, како и недостаток на јавната свест за дигиталното префрлување.

Јавниот радиодифузер РТСХ има нова внатрешна структура којашто го рефлектира процесот на дигиталното префрлување. РТСХ разви и одобри уреднички принципи со цел да се заштити од политички влијанија. РТСХ сè уште треба да ја обезбеди својата финансиска одржливост. Во јуни 2018 година, приватните радиодифузери се залагаа за измени на Законот за аудиовизуелни медиуми, со кои ќе се дозволеше дел од надоместокот за ТВ-лиценца да биде пренасочен од јавниот радиодифузен сервис на приватни ТВ-канали.[163] Оваа иницијатива била отфрлена од владата.

Презаситеноста на медиумскиот пејзаж и нетранспарентната сопственост на медиумите создаваат загриженост во врска со фер конкуренција за независни медиумски организации. Уредничкиот правец на приватните медиуми продолжува да биде предмет на политички и деловни интереси. Финансирањето на медиумите останува клучно за подобрување на слободата на медиумите, особено со оглед на новите предизвици, како што се, лажните вести и влијанијата на трети лица. Самоцензурата и неизвесноста за вработување на новинарите остануваат проблеми за загриженост.

Во октомври 2018 година, Регулаторното тело за електронски и поштенски комуникации (АКЕП) предупреди дека 44 интернет портали ќе бидат затворени доколку не бидат регистрирани во рок од 72 часа во Националниот деловен центар и доколку не успеат да го објават својот даночен број/деловен број за регистрација. Како што споменавме погоре, неодамна предложените измени и дополнувања на правната рамка за Законот за медиуми ја вклучува обврската за регистрација на медиуми преку интернет, додека прашањето за обемот на истото останува неразјаснето.

Неодамнешна анкета поддржана од ЕУ укажува на тоа дека вработувањето во медиумскиот сектор продолжува да биде проблематично, при што една третина од испитаниците потенцираат дека во моментов немаат договор за вработување. Повеќе од половина од испитаниците тврдат дека платата што ја примиле е помала отколку просечната плата во јавниот сектор и истиот процент се жали на одложувања во

[163] Достапно на: *https://legalealbania.com/* (пристапено на 09.06.2020 година).

навремено примање на нивните плати.[164] Одложувањата што траат неколку месеци се редовно пријавени. АМА, заедно со собранискиот Комитет за медиуми, вршат притисок врз властите правилно да го имплементираат Кодексот за труд на новинарите. Сепак, треба да бидат покренати институционални чекори за да се обезбеди оваа имплементација.

Албанија е умерено подготвена во областа на информатичкото општество и аудиовизуелните медиуми. Постигнат е одреден напредок во стратегијата за дигитална агенда и услугите за е-влада. Не е постигнат напредок за финализирање на дигиталното префрлување, што останува да се финализира заедно со ревизија на Националниот план за широкопојасен интернет со јасни цели планирани во стратегијата за јавен ред 2015-2020 година.

Фиксната пенетрација на широкопојасен интернет е мала, приближно 38% од домаќинствата се поврзани. Во областа на услугите на информатичкото општество се спроведуваат Меѓусекторската стратегија за дигиталната агенда во Албанија за 2015-2020 година и Планот за развој на широкопојасен интернет. Одобрен е нов Акционен план за услугите на информатичкото општество за 2018-2020 година.[165] Законот за сајбер безбедност е донесен во февруари 2017 година и е делумно усогласен со Директивата за безбедност на мрежни и информациони системи.[166] Одлуката на Советот на министри „за одобрување на списокот на критични инфраструктури за информации“ беше одобрен во 2018 година заедно со потребното споредно законодавство. Како дел од мапирањето на Европската комисија на „Центри за дигитални иновации“, од 3 подобни центри што беа регистрирани, 2 сè уште работат, а 1 е деактивиран поради реструктуирање на институциите.[167] Со цел да се следи напредокот постигнат од Албанија кон усогласеноста со правила за електронски комуникации и услуги на информатичко општество на Европската Унија и конвергенција со внатрешниот пазар, како и усогласување со дигиталната агенда за Западен Балкан, земјата треба да го подобри собирањето на статистички податоци за дигиталните перформанси и дигиталната конкурентност.

---

[164] Достапно на: *http://www.medialawinternational.com/albaniarankings.html* (пристапено на 09.06.2020 година).

[165]Достапно на: *https://www.ifj.org/es/centro-de-medios/noticias/detalle/category/press-freedom/article/ albania-efjifj- urge-parliament-to-reject-online-media-law.html* (пристапено на 09.06.2020 година).

[166] Directive (EU) 2016/1148 of the European Parliament and of the Council of 6 July 2016 concerning measures for a high common level of security of network and information systems across the Union

[167] Достапно на: *https://library.fes.de/pdf-files/bueros/sofia/08490.pdf* (пристапено на 09.06.2020 година).

### 6.1.2 Босна и Херцеговина

Во Босна и Херцеговина, не постои национален закон којшто генерално ги опфаќа медиумите и јавните информации, со оглед на тоа што земјата се состои од два ентитета: Република Српска и Федерацијата на Босна и Херцеговина, додека со третиот, управува Округот Брчко како дел од локалната самоуправа. Република Српска има донесено свој Закон за информации од јавен карактер, кој датира назад во 1997 година, додека во Федерацијата на Босна и Херцеговина има само закон за информации од јавен карактер на кантонот Тузла. Сепак, ниту еден од овие закони не го познава, ниту регулира поимот на мрежни или интернет медиуми, па оттука не наметнува никакви правни и нормативни обврски на медиумите во дигиталниот простор.

Согласно спроведената анализа од страна на Европската комисија во извештајот „Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 2019, Communication on EU Enlargement Policy, Brussels, 29.5.2019, COM(2019) 260", се оценува дека во земјата постои одредено ниво на подготовка за остварување на слободата на изразување.[168] Законодавната рамка на слободата на медиумите, вклучително и говорот на омраза, клеветата и пристапот до информации треба да се применуваат ефективно и да се усогласуваат со ЕУ и меѓународните стандарди. Законот за јавниот радиодифузен систем не е имплементиран. Финансиската состојба на јавните радиодифузери не е одржлива и истите се предмет на политичко влијание. Насилството, заканите и политичкиот притисок врз новинарите се причина за загриженост, со загрижувачки тренд на самоцензура поради недостаток на системско и институционално следење.

Во наредниот период, Босна и Херцеговина треба:

- да обезбеди заштита на новинарите и систематско институционално следење на заканите и насилството врз нив;

[168] Достапно на*: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/default/files/20190529-communication-on-eu-enlargement-policy_en.pdf* (пристапено на 11.06.2020 година).

- да обезбеди финансиска одржливост и политичка независност на јавните радиодифузери и усогласување на законодавството на ентитетот со законот на критериуми за јавно рекламирање. [169]

Слободата на изразување, вклучително и слободата на медиумите, е загарантирана со Устав и со закон. Медиумскиот пејзаж, иако се состои од релативно голем број медиуми, не ја одразува реалната разновидност и плурализмот, и истиот е сегментиран врз основа на етничка, деловна и политичка припадност.

Политичкиот притисок и заплашувањето врз новинарите се причина за загриженост; физички и вербалните напади се случуваат без систематски институционален одговор и ефективни заштитни мерки. Властите често ги минимизираат заплашувањата на новинарите и нивната реакција, па оттука и јавната осуда кон истите е слаба. Податоци за закани и напади врз новинари и медиумски работници се собираат од професионални организации, но не и од јавните институции. Па така, линијата за бесплатна помош на медиуми на здружението „Новинари” забележа 58 случаи на повреда на правата на новинарите во 2018 година, вклучувајќи 6 случаи на физички напади, 17 закани и 9 случаи на политички притисок.[170] Еден случај на напад врз новинар кој известуваше за демонстрациите „Правда за Давид“ во Бања Лука е под истрага како обид за убиство. Во два наврати, висок политички лидер вербално нападна независни новинари во јавноста.[171]

Полицијата и судството треба да обезбедат непристрасни, навремени, темелни, независни и ефективни истраги и гонења во случаи на закани и насилство врз новинари и медиумски работници. На новинарите под закана треба да им се обезбеди соодветна полициска заштита. Од властите се очекува да дејствуваат брзо и да демонстрираат нулта толеранција за закани или напади против медиумите и треба да се воздржат од давање на изјави коишто можат да создадат средина што не е погодна за остварување на слободата на изразување.

---

[169] Достапно на: *https://safejournalists.net/wp-content/uploads/2018/12/2018-BiH-Indicators-on-the-level-of-media-freedom-and-journalists-safety.pdf* (пристапено на 11.06.2020 година).
[170] Достапно на: *http://library.fes.de/pdf-files/bueros/sarajevo/11101.pdf* (пристапено на 14.06.2020 година).
[171]Достапно на: *http://www.unesco.org/new/en/communication-and-information/freedom-of-expression/professional-journalistic-standards-and-code-of-ethics/south-east-europe-and-turkey/bosnia-and-herzegovina/media-legislation/* (пристапено на 14.06.2020 година).

Клеветата е декриминализирана од 2002 година, но политичарите честопати користат граѓански тужби за заплашување на новинари. Судовите треба да обезбедат соодветно процесирање на случаите за клевета и конзистентност на судската пракса за доделување на штета, бидејќи злоупотребата на тужбите за клевета ризикува да има застрашувачки ефект врз слободата на изразување и ги носи новинарите кон самоцензура.
Законодавството за говорот на омраза треба да биде целосно усогласено со судската практика на ЕСЧП и законодавството на ЕУ, бидејќи во овој момент предвидено е само кривично дело - поттикнување на верска и национална омраза и нетолеранција. Законодавството за слобода на пристап до информации на ниво на држава и ентитет треба да се усогласени низ целата земја и треба истите да се усогласени со меѓународните и европските стандарди.

Законските одредби за заштита на податоците и пристап до информации од јавен карактер се конструирани на начин којшто ги штити приватните интереси повеќе отколку јавните интереси. Агенцијата за регулирање на комуникациите (ЦРА) има моќ да го регулира пазарот на аудиовизуелните медиуми и ужива политичка и институционална независност, но не и целосна финансиска независност. Босна и Херцеговина треба да ја подобри постапката за назначување на управата на ЦРА за да се обезбеди транспарентност и отвореност и да се обезбедат доволно заштитни мерки од какво било политичко и економско мешање.[172] Советот за печат работи како саморегулирачко тело засновано врз членство. Советот за печат издава препораки, но нема моќ да изрекуваат казни за медиуми. Тој игра важна улога во подобрувањето на квалитетот на медиумите и во давањето сигурност дека медиумите се во согласност со професионалните стандарди. Од 1999 година, Советот за печат го издаде Кодексот за печат и медиумите на интернет во Босна и Херцеговина, согласно кој сите големи медиуми се обврзаа да ги почитуваат одредбите кои ги содржи.[173]

Законот за јавниот радиодифузен систем од 2003 година се спроведува само делумно, па оттука трите јавни радиодифузни сервиси се изложени на политичко влијание, особено преку политички контролирани управни одбори, со загрижувачка

---

[172] Достапно на : *https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/E-8-2018-005784_EN.html* (пристапено на 15.06.2020 година).
[173] Достапно на: *https://www.irex.org/sites/default/files/pdf/media-sustainability-index-europe-eurasia-2018-bosnia.pdf* (пристапено на 18.06.2020 година).

состојба и тенденција кон самоцензура.[174] Босна и Херцеговина нема соодветен и усогласен модел на наплата на РТВ такса, како што е предвидено со закон. Радиодифузерите на субјектите имаат суштински неплатени долгови кон радиодифузерот на државно ниво, кои се предмет на долги судски процеси. Овие прашања водат кон закони упатени до финансиската независност и одржливост на системот за јавна радиодифузија.

Босна и Херцеговина треба целосно да го спроведе законот за јавниот радиодифузен систем, да ја зајакне политичката и финансиска независност на јавните радиодифузери и да продолжи со процесот на дигитализација. Понатаму, Босна и Херцеговина треба да донесе правна регулатива за транспарентност на сопственоста на медиумите и да воспостави детален регистар на сопственост на медиумите со цел да се овозможи систематски увид во сопственичката структура, со што се спречува ризикот од концентрација на скриена сопственост на медиумите. Локалните јавни радиодифузери, коишто не се во рамките на јавниот радиодифузен систем, добиваат средства од буџетите на локалната самоуправа и честопати се под силен политички притисок и влијание. Потребно е да се зголеми транспарентноста на работата на маркетинг компаниите, честопати поврзани со политички партии и т.н. реклами од јавни агенции и јавни компании.

Недостатокот на транспарентност и јасни критериуми во распределбата на субвенциите е загрижувачки. Сигурноста на работата за новинарите е многу ограничена, бидејќи голем дел од нив се вработени на краткорочни договори или работат како хонорарни работници. Оваа состојба води до нивна ранливост на непотребно влијание од уредниците или сопствениците, бидејќи новинарите немаат соодветни гаранции против отпуштања или дисциплински мерки. Клубот на новинари во Бања Лука игра важна улога во заштитата на новинарите и медиумите, покрај Здружението БХ Новинари.[175]

Слободата на изразување преку интернет не е специфично регулирана, освен со Законот за јавен ред и мир на Република Српска, кој ги вклучува социјалните медиуми во дефиницијата за јавно место во кои можат да бидат сторени повреди на јавниот ред и мир.

---

[174] Достапно на: *https://accountablejournalism.org/ethics-codes/Bosnia-Herzegovina-Press* (пристапено на 18.06.2020 година).

[175] Достапно на: Fazlić, Arman „*E journalist – editorial*“, 52 (2018): *https://bhnovinari.ba/wp-content/uploads/2018/04/52enovinar.pdf* (пристапено на 18.06.2020 година).

Интернет медиумите се саморегулираат преку Советот за печат, кој постапува по поднесени поплаки од јавноста.

Босна и Херцеговина е во рана фаза на подготовки во областа на информатичкото општество и медиумите. Законодавната и стратешката рамка се нецелосни. Потребно е да се воведе европскиот број за итни случаи 112, системот за е-потпис, додека јавните институции треба да воспостават регистри за да обезбедат електронски услуги.

Во наредниот период, Босна и Херцеговина треба:

- да донесе закон за електронски комуникации и електронски медиуми во согласност со законодавството;
- да го финализира преминот во дигиталното емитување;
- да донесе стратешка рамка за пристап до широкопојасната мрежа. [176]

Спогодбата за стабилизиација и асоциација (ССА) предвидува Босна и Херцеговина и земјите членки на ЕУ да соработуваат со Агенцијата, во однос на понатамошно развивање на информатичкото општество, вклучително и подготвување на општеството како целина за дигитализација, привлекување инвестиции и обезбедување на интероперабилност на мрежите и услугите. Според уставната и законската рамка, надлежностите во областа на информатичкото општеството и медиумите преовладуваат главно на државното ниво, кое донесува законска регулатива, меѓу другото тука се мисли на јавниот радиодифузен систем, електронски потпис за комуникации и е-трговија. Еден од главните актери на државно ниво е и Министерството за комуникации и транспорт со својата канцеларија за надзор и акредитација на сертификатори и регулаторната комуникација.[177]

Во врска со електронските комуникации и информатичката и комуникациската технологија, бил донесен Закон за комуникации во 2003 година. ССА предвидува Босна и Херцеговина да донесе нов закон за електронски комуникации и усогласени електронски медиуми усогласен со законодавството на ЕУ, којшто ќе овозможува либерализација на секторот за телекомуникации и електронски медиуми која во моментот не е воспоставена. Во оваа насока, политиката за секторите за електронска комуникација за 2017-2021 година

---

[176]Достапно на: *https://www.vzs.ba/index.php?option=com_content&view=article&id=218&Itemid=9* (пристапено на 19.06.2020 година).

[177] Достапно на: *https://www.rak.ba/bs-Latn-BA/* (пристапено на 19.06.2020 година).

и придружните акциони планови за спроведување, се воспоставени. Оваа политика е предуслов за развој на регулаторната рамка во областа на радиофреквенцијата. Треба да се направат напори за понатамошно усогласување на оваа политика со стартегијата на единствениот дигитален пазар на ЕУ, како и Дигиталната агенда за Западен Балкан. Во таа насока, потребно е земјата да работи на подобрување на собирањето на статистички податоци за дигиталните перформанси и дигиталната конкурентност.[178]

Законот за електронски правен и деловен сообраќај (закон за е-трговија) е на ниво на целата држава и во голема мера е усогласен со Директивата за електронска трговија. Канцеларијата на инспектори основана во рамките на Министерството за комуникации и транспорт на Босна и Херцеговина е задолжена за надзор над нејзината имплементација. Земјата треба да овозможи обезбедување на електронски услуги, што е предусловено со воведување на интероперабилен систем за е-потпис низ целата земја. Јавните регистри, иако постојат во некои области, не се нужно интероперабилни. Во однос на аудиовизуелната политика, Законот за комуникација воспоставува Агенција за регулирање на комуникациите (ЦРА) како регулатор на пазарот за аудиовизуелни медиумски услуги и радиодифузија. Агенцијата дозволува и следи радио и телевизиско емитување, вклучувајќи мрежни медиуми и има моќ да го регулира пазарот на медиуми.

Во однос на процесот на дигитализација, завршена е само првата фаза од предвидени три. Недостатокот на дигитално вклучување ја загрозува работата на одредените предаватели на радиофреквенција и на локално и на регионално ниво. Финансирањето на локалните јавни радиодифузери од јавниот буџет исто така, треба да биде усогласено со законодавството на ЕУ бидејќи тоа претставува државна помош и дава можности за политички притисок и влијание.

### 6.1.3 Црна Гора

Законот за медиуми во Црна Гора, изменет во 2011 година, не се однесува на интернет медиумите. Дефиницијата за медиуми е поширока, опфаќа печатење, радио, телевизија, вести, агенциски услуги, телетекст и „други форми периодично објавени и

[178] Достапно на: *https://www.media.ba/bs* (пристапено на 19.06.2020 година).

уредени со форма и содржина кои се пренесуваат со звук или слика на начин достапен за јавноста“. Нема одредби кои поставуваат барања за мрежните медиуми, како на пр. блогови, лични веб-страници, канали за социјални медиуми, да бидат регистрирани или наметнуваат законски обврски за нив. Според Правилникот за електронски публикации, електронските публикации треба да бидат регистрирани во Регистарот на електронски медиуми, управуван од Агенцијата за електронски медиуми, иако за нив не се применуваат санкции во случај на отсуство на регистрација.

Европската комсија во извештајот ,,Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 2019, Communication on EU Enlargement Policy, Brussels, 29.5.2019, COM(2019) 260“, оценува дека Црна Гора иако постигнала одредено ниво на остварување на правото на слободата на изразување на интернет, заклучно нема напредок во истражувачкиот период, пред сѐ поради ниското ниво на заштита на безбедоста и интегритетот на новинарите и политичкото влијание во работата на медиумите.[179] Нема напредок во работењето на националниот јавен радиодифузер (РТЦГ) и Агенцијата за електронски медиуми (АЕМ). Медиумската сцена продолжува да биде високо поларизирана, а механизмите за саморегулација на медиумите остануваат слаби. Обуката на судството за судската пракса на ЕСЧП за спроведување на правото на слободата на изразување треба и понатаму да продолжи.

Во решавањето на недостатоците, Црна Гора во наредниот период треба:

- значително да ги засили и да даде приоритет на напорите за истражување на случаи на напади врз новинари;
- да обезбеди финансиска и уредничка независност на РТЦГ и АЕМ, како и на нивните раководни тела и на сите други медиуми;
- да го поддржува воспоставувањето ефективни механизми за саморегулација. [180]

Напредокот во справувањето со насилството врз новинарите и медиумите е сѐ уште на многу ниско ниво, а судските процеси со години остануваат заглавени во системот.

[179] Достапно на*: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/default/files/20190529-communication-on-eu-enlargement-policy_en.pdf* (пристапено на 14.06.2020 година).

[180]Достапно на: *https://www.icj.org/wp-content/uploads/2013/05/Montenegro-Media-Law-2002-eng.pdf* (пристапено на 01.07.2020 година).

Четири напади биле регистрирани од властите во 2018 година; во три од овие, осудувачки пресуди беа донесени против четири лица за загрозување на безбедноста на засегнатите новинари. Покрај тоа, беа пријавени и сајбер напади против медиуми. Најсериозниот напад, квалификуван како обид за убиство, се случи во мај 2018 година против истражувачката новинарка Оливера Лакиќ. Тогаш, Владата даде силна поддршка за истражување на случаи на насилство врз новинарите. Сепак, додека истрагата за нападот од мај 2018 година ги покажа првичните резултати, властите не успеаа да покажат засилени напори да се решат старите случаи, вклучително и убиството на главен уредник во 2004 година.[181] Ад хок комисијата за следење на насилството врз медиумите која е формирана во септември 2016 година, изготви пет извештаи кои се фокусираат на неодамнешните и старите случаи, идентификувајќи голем број недостатоци, вклучително и одложувања во истрагите. Комисијата доби пристап до документи со нередактирани имиња, но се соочи со потешкотии во добивањето навремени и целосни информации од властите. Препораките на комисијата допрва треба да бидат имплементирани во целост и се очекува властите да демонстрираат нулта толеранција за закани или напади против медиумите и истите треба да се воздржат од давање изјави коишто можат да создадат средина којашто не е погодна за остварување на правото на слобода на изразување.

Предвидени се донесувања на Закон за медиуми, Закон за јавен радиодифузер РТЦГ и за електронски медиуми коишто треба да се однесуваат на препораките утврдени со секторското истражување на медиуми и да бидат надополнети со сеопфатна стратегија за медиуми.[182] Сите закони што регулираат или кои влијаат на медиумскиот сектор треба да бидат подготвени инклузивно, кохерентно и координирано и истовремено да бидат усогласени со законодавството на ЕУ и меѓународните стандарди. Црна Гора треба да се осигура дека нејзината законодавна рамка обезбедува цврст камен темелник за остварување на слободата на изразување, заснован врз транспарентноста на финансирањето и сопственоста на медиумите, интегритетот и плурализмот.

Телата за саморегулација продолжија да ја рефлектираат целокупната поларизација на медиумската сцена во Црна Гора и едно од нив ги прекина своите активности во август

---

[181] Достапно на: *http://www.balkancsd.net/progress-on-media-law-in-parliament-in-montenegro/* (пристапено на 01.07.2020 година).

[182] Достапно на: *https://balkaninsight.com/2020/07/28/adopted-laws-trigger-new-fears-for-media-freedom-in-montenegro/* (пристапено на 01.07.2020 година).

2018 година. Треба да се засилат напорите за воспоставување ефективни механизми за саморегулација, со цел да дојде до подобрување на професионалните стандарди во известувањето за медиуми и создавањето на клима каде што слободата на изразување не може да се злоупотреби. Ефективна и рамномерна примена на ревидираниот етички кодекс на новинарите допрва треба да се постигне.

Замената на членовите на Советот на јавниот радиодифузен сервис РТЦГ, а потоа и на нејзините органи на управување, ја поттикна понатамошната загриженост за непотребно политичко мешање и притисок врз РТЦГ. Досега, во четири од овие случаи домашните судови утврдија дека отказите на новинарите не биле во согласност со законот. Уредничката независност и професионалните стандарди на РТЦГ треба да бидат обновени, а Советот на РТЦГ заштитен од непотребно влијание и политички притисок, вклучително и при изборот на неговите членови. Договорот за обезбедување на јавни услуги меѓу владата и РТЦГ беа потпишани во март 2018 година, според кои од владата се бара да го следи спроведувањето на финансиските обврски.[183] Прашањето на финансирањето треба да остане одвоено од обезбедувањето услуги и надзор над производството на услуги треба да му се довери на независно тело, во согласност со европските стандарди. Колективниот договор за регулирање на работата на вработените во РТЦГ сè уште не е потпишан, што ја зголемува неизвесноста на вработените во ова тело.

Загриженоста за транспарентност и недискриминација во државното рекламирање продолжува. Фактот дека многу медиуми не се финансиски одржливи, има негативно влијание врз квалитетот на известување и професионалноста, па оттука и одржливоста на медиумите треба да биде адресирана во претстојниот закон за медиуми.

Новинарите се заеднички застапени во синдикатот за медиуми на Црна Гора. Две здруженија имаат за цел да придонесат за поттикнување и унапредување на професионалното новинарство низ поларизираната медиумска сцена, но во престојниот период треба да го достигнат својот целосен потенцијал.[184] Економската состојба на новинарите останува несигурна, особено поради несигурност во работата и ниските плати, ставајќи се под ризик од мешање на уредниците во нивната работа и тенденција кон

---

[183] Достапно на: *https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/montenegro* (пристапено на 02.07.2020 година).
[184] Достапно на*: https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media/419687* (пристапено на 02.07.2020 година).

самоцензура. Сè уште нема структуриран дијалог помеѓу владата и медиумската заедница за условите за работа на новинарите.

Црна Гора е карактеризирана од страна на Европската комисија како умерено подготвена во областа на информатичкото општество и медиумите. На ова поле нема напредок во текот на истражувачкиот период и претходните препораки не биле спроведени. Нов сет на закони за медиуми, насочени кон зајакнување на одговорностите на регулаторните тела за електронска комуникација и електронски медиуми се во фаза на консултации. Капацитетот и независноста на регулаторните тела ќе треба да се подобрат со импелметнација на новите закони за медиуми.

Во наредниот период, Црна Гора треба:

- да создаде услови за работа на регулаторите за медиуми и јавниот радиодифузен сервис ослободени од непотребно политичко мешање и во согласност со професионалните стандарди;
- да даде овластувања на Агенцијата за електронски медиуми (АЕМ) да наметне комплетен пакет мерки, вклучувајќи предупредувања, казни, суспензии и одземање на лиценците што обезбедуваат пропорционалност и ефективност;
- да воспостави евиденција за докажување на административниот капацитет за спроведување на правото на ЕУ за електронски комуникации, услуги на информатичко општество и аудиовизуелни медиумски услуги, вклучително и во однос на регулаторната независност. [185]

Електронските комуникации и секторот за информатички и комуникациски технологии е регулиран со Законот за електронски комуникации. Министерството за економија, поточно Генералниот директорат за електронски комуникации, поштенски услуги и радиоспектар е одговорен за оваа област. Мапирањето на националната широкопојасна инфраструктура продолжи со намалување на трошоците за распоредување на широкопојасен интернет, како што е препорачано во Програмата за економска реформа (ERP).[186]

---

[185] Достапно на: *https://www.coe.int/en/web/human-rights-rule-of-law/-/supporting-media-legislation-reform-in-montenegro* (пристапено на 02.07.2020 година).
[186] Достапно на: *https://www.amazon.com/Media-Law-Montenegro-Aneta-Spaic/dp/9041189122* (пристапено на 04.07.2020 година).

Информатичкото општество е под одговорност на Министерството за јавна администрација. Усвоен е акциониот план за спроведување на стратегијата за развој на информатичкото општество 2018-2020 година, којшто се заснова на Дигиталната агенда за Европа и Стратегијата за единствен дигитален пазар и ги идентификува клучните чекори за постигнување на неопходните стандарди како што се пристапност до широкопојасните услуги, сајбер безбедност, дигитален бизнис, е-здравство и е-образование.[187] Советот за безбедност на информации е во функција и е во согласност со Директивата за безбедност на мрежата и информациите на ЕУ (НИС). Правните одредби за електронска идентификација и електронски потпис беа дополнително детализирани во согласност со регулативата за услуги за електронска идентификација и доверба (eIDAS). Порталот за е-влада во моментов поддржува 527 електронски услуги под надлежност на 50 институции, а меѓу нив 191 услуги се за физички лица, 313 услуги се за правни лица и 23 услуги се услуги коишто се за интерна употреба само за јавната администрација.[188]

Во однос на аудиовизуелната политика, АЕМ - Регулаторната агенција за електронски медиуми продолжува да го води својот мандат на професионален начин. Агенцијата е одговорна за надгледување на медиумите за време на изборите, иако според законот за тоа треба да се формира ад-хок парламентарен комитет, со што се создава судир на надлежност. Тенденцијата за во иднина е АЕМ да биде единственото тело одговорно за надзор на радиодифузерите за време на изборите. Изготвен е нов пакет закони за медиуми, вклучително и за електронските медиуми и за националниот јавен радиодифузер. Законот за јавна радиодифузија се очекува да продолжи да го регулира финансирањето на јавниот радиодифузер Радио Телевизија Црне Горе (РТЦГ) преку договор помеѓу радиодифузерот и владата. Државата во моментов одвојува 0,3% од БДП за РТЦГ, додека дополнителите приходи се генерираат од маркетинг активности. Законот утврдува јасна разлика помеѓу комерцијални и јавни фондови, со проценка дека вторите сочинуваат 90% од приходите.[189] Треба да се обезбедат стабилни финансиски ресурси, и уредничка независност и да се обноват професионалните стандарди. Отпуштањата од

---

[187] Достапно на: *https://cms.law/en/mne/global-reach/europe/montenegro/expertise/tmc-technology-media-communications/media-law* (пристапено на 04.07.2020 година).
[188] Достапно на: *http://www.sindikatmedija.me/images/Sindikat_medija_engleski.pdf* (пристапено на 04.07.2020 година).
[189] Достапно на: *https://seemo.org/ressources/montenegro-amendments-to-the-law-on-public-service-broadcasting-of-montenegro/* (пристапено на 04.07.2020 година).

советите на РТЦГ и АЕМ станаа сериозни основи за загриженост, па во иднина се очекува да им се посвети големо внимание токму на овие точки.

### 6.1.4 Република Србија

Согласно српскиот Закон за информации од јавен карактер и медиуми донесен во 2014 година, интернет медиумските платформи не се правно сметани за медиуми, со дополнителни права и одговорности, освен ако не се подготвени да се регистрираат во Регистарот на медиуми. Ова им обезбедува можност за оптимизација на медиумите и досега се има докажано како најоптимално решение во земјите од регионот. Покрај тоа, природата на одредбата која е јасна, ги минимизира можностите за несоодветни толкувања кои негативно влијаат врз слободата на изразување.[190]

Во овој контекст, а од особено значење за настан одржан во границите на нашата земја, е да се спомене и Конференцијата за медиуми на Југоисточна Европа организирана од Канцеларијата на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје и поддршка од теренските операции на ОБСЕ во Југоисточна Европа, во мај 2018 година во Струга, Република Северна Македонија, која броеше повеќе од 160 учесници, вклучително и медиумски актери, владини претставници и граѓански организации од целиот регион на Западен Балкан, а кои се собраа со цел да разговараат за најактуелните предизвици за слободата на медиумите и да дадат препораки за подобрување на слободата на печатот и медиумската средина во регионот. По драматичното пукање на Оливера Лакиќ на 8 мај во Црна Гора, учесниците усвоија Декларација во која се повикуваат државите да сторат што повеќе за заштита на безбедноста на новинарите и слободата на медиумите во регионот.

Србија бележи одредено ниво на подготвеност во спроведување на правото на слобода на изразување, иако Европската Комисија донесе заклучок дека земјата генерално нема направено напредок во текот на истражувачкиот период за 2019 година, а кој заклучок е истакнат во рамките на извештајот „Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the

---

[190] Види "*Sl. glasnik RS*", br. 120/2004, 54/2007, 104/2009 i 36/2010.

Committee of the Regions 2019, Communication on EU Enlargement Policy, Brussels, 29.5.2019, COM(2019) 260“.[191] Овој недостаток на напредок денес претставува прашање на сериозна загриженост. Поднесена е нацрт стратегија за развој на јавен информатички систем (стратегија за медиуми) од страна на работна група составена од здруженија на медиуми и јавни службеници, до владата во декември 2018 година; досега е спроведен процес на консултации во транспарентен и инклузивен начин.[192]

Во однос на препораките на Комисијата, целокупното опкружување сѐ уште не е погодно за остварување на слободата на изразување. Случаите на закани, заплашувања и насилство врз новинари сѐ уште се загрижувачки. Додека неколку случаи се решени и поднесени се неколку кривични пријави, истраги и конечни одлуки сѐ уште се реткост во правниот систем на земјата. Српските власти треба да реагираат навремено и јавно осудувајќи го говорот на омраза и заканите кон новинарите. Законодавство за медиумскиот сектор сѐ уште треба целосно да се спроведе. Правната рамка на Србија треба да обезбеди построги критериуми во однос на транспарентноста на сопственоста и финансирањето на медиумите. Треба да се спроведе кофинансирање на медиумска содржина за исполнување на обврските од јавен интерес во согласност со законодавната рамка. Ова бара транспарентни и фер процедури без мешање од страна на државната администрација, особено на локално ниво.

Во решавањето на недостатоците, Србија во наредниот период треба:

- да создаде погодна околина во која слободата на изразување може да се оствари без пречки и да воспостави сигурност дека заканите, физичките напади, поттикнувањето на насилство навремено и будно се следат од страна на органите на прогонот и судските органи;
- да се обезбеди целосна имплементација на законите за медиуми и да се зајакне независноста на Регулаторно тело за електронски медиуми и да се работи на зајакнување на неговиот капацитет за проактивна работа;
- да усвои и спроведе нова стратегија за медиуми, на транспарентен и инклузивен начин;

[191] Достапно на: *https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/default/files/20190529-communication-on-eu-enlargement-policy_en.pdf* (пристапено на 12.07.2020 година).
[192] Достапно на : *https://www.lexology.com/library/detail.aspx?g=a737081a-1c40-4142-b813-f0f916e9ec2d* (пристапено на 12.07.2020 година).

- да обезбеди соодветно финансирање на јавните радиодифузни услуги, транспарентно и правично финансирање на медиумски содржини што служат за јавен интерес и да се работи на зголемена транспарентност во сопственоста на медиумите и рекламирањето. [193]

Седум физички напади и напади врз имотот на новинарите беа снимени од страна на српските власти за време на истражувачкиот период. Во овој поглед, Србија треба да ги категоризира овие кривични дела како кривични или како други видови на дела и да обезбеди соодветни истраги и пресуди. Потребни се сериозни напори за идентификување и гонење на лицата кои се јавуваат како злоупотребувачи на правата и на слободите на интернет, како и за оние кои ги користат социјалните мрежи за заплашување и им се закануваат на новинарите. Меморандумот за разбирање од 2016 година меѓу организициите на новинари, Обвинителството и Министерството за внатрешни работи потенцира дека во овие случаи е неопходно потребно да се обезбеди пристап до правдата.[194]

Треба да се зајакне самостојноста во одлучувањето на Регулаторното тело за електронски медиуми чија задача, пред сѐ, треба да е заштитата на плурализмот во медиумите.[195] Советот за печат продолжи да бележи зголемување на прекршувањата на новинарскиот кодекс на професионално однесување во печатените медиуми. Честите одбивања од јавните тела за откривање на информации и нивното административно молчење, значително ја попречуваат работата на новинарите.

Моделот на финансирањето на двата јавни радиодифузни сервиси кој се применува во моментот, е недоволен. Станува збор за комбинација на претплата, буџетски субвенции и придонеси од рекламирање, кој модел ги остава јавните радиодифузери ранливи на политичко влијание.[196] Оттука, јавните радиодифузни сервиси треба поактивно да се вклучат во отворање на нивните програми кон мноштво погледи и промовирање на јавен

---

[193] Достапно на: *https://lrus.wolterskluwer.com/store/product/media-law-in-serbia-second-edition/* (пристапено на 12.07.2020 година).
[194] Достапно на: *https://crta.rs/wp-content/uploads/2019/01/Protection-of-public-interest-and-media-pluralism-in-Serbia.pdf* (пристапено на 12.07.2020 година).
[195] Достапно на: *http://www.rem.rs/#gsc.tab=0* (пристапено на 12.07.2020 година).
[196] Достапно на: *https://safejournalists.net/wp-content/uploads/2018/12/Full-report-Indicators-on-the-level-of-media-freedom-and-journalists-safety-Serbia-2018.pdf* (пристапено на 13.07.2020 година).

дијалог. Треба да се зајакнат јавните радиодифузни услуги на јазиците на малцинствата, особено во однос на Радио телевизија на Србија.

Политичкото и економското влијание врз медиумите продолжува да претставува основа за загриженост. Недостатокот на транспарентност во сопственичките структури и финансирањето од државни ресурси, особено на локално ниво, продолжува да биде главна карактеристика на медиумското опкружување. Регистарот на медиуми треба да се подобри и будно да се следи. Информациите содржани во регистарот е ограничен, тешко се прегледува и не дава можност за ефикасно откривање кој е во состојба да влијае на медиумите, директно или индиректно. Покренати се тврдења дека фискалните инспекции се користат непропорционално за да се изврши економски притисок врз одредени медиуми. Треба да се донесе кофинансирање на медиумски содржини што служат за јавен интерес во согласност со постојното законодавство и критериуми и истото да се спроведува на фер и транспарентен начин којшто не е штетен на еднаквоста на пазарот, особено на локално ниво. Ова вклучува поставување на разумни рокови за повици за предлози, избор на членови на комисии за проценка на транспарентен начин, водејќи сметка за претходните прекршувања на кодексот на новинарската етика при проценка на апликантите и следење на ефективната имплементација на доделените грантови.[197]

Новинарите имаат мала безбедност на работата, а уредничката околина, која го фаворизира „таблоидизмот“, не е погодна за подобрување на новинарските стандарди. Треба да се зајакне безбедноста на работата на новинарите и асоцијациите за печат треба да ја зајакнат својата улога во прашањата кои се однесуваат на синдикатот и вработувањето.

Србија е умерено подготвена во областа на информатичкото општество и медиумите. Одреден напредок беше направен во изминатата година, особено во врска со дигиталниот единствен пазар и во областа на информатичко општество и е-влада. Сепак, препораките од претходниот извештај не се исполнети.

Оттука во наредниот период, Србија треба:

- да ја усогласи својата законодавна рамка за електронските комуникации со Регулаторната рамка на ЕУ од 2009 година;

---

[197] Достапно на: *https://cpj.org/reports/2000/08/serb-info-law/* (пристапено на 13.07.2020 година).

- да обезбеди финансиска и оперативна независност на регулаторите за електронска комуникација и поштенски услуги (РАТЕЛ) и за електронски медиуми (РЕМ);
- да преземе мерки за да се обезбеди спроведување на конкурентни заштитни мерки и да се олесни пристап на операторот за телекомуникациската инфраструктура до пазарот (канали, антени, оптички влакна и инфраструктура за фиксна телефонија).[198]

Во согласност со целите на дигиталниот единствен пазар на ЕУ, беше постигнат напредок со усвојувањето Стратегија за мрежи од следна генерација 2018-2023, преку промовирање на Cloud технологиите и развој на 5G мобилни системи. Иако, економскиот раст на дигитална Србија е стабилен, сепак, се препорачува покохерентен пристап кон дигитализацијата, како и ефективна координација на засегнатите страни.

Во областа на електронските комуникации и информатичката технологија, Законот за електронски комуникации усогласен со законодавството на ЕУ допрва треба да биде усвоен. Финансирањето на регулаторната агенција сè уште не е во согласност со законодавството на ЕУ. Административниот и инспекцискиот капацитет на ресорното министерство се врати неколку чекори station наназад, особено кога станува збор за областа на инспекции. Промената на кадарот останува загрижувачка. Властите учествуваа во подготовките на Регионален договор за роаминг и го потпишаа договорот во април 2019 година. Европскиот број за итни случаи 112, заедно со неговата структура за финансирање, допрва треба да се стави во функција.[199] Не може да се забележи напредок во врска со зајакнувањето на финансиската и оперативната независност на РАТЕЛ. Иако, неговите административни капацитети се малку подобрени, потребно е натамошно зголемување. Што се однесува до спроведувањето на заштитните мерки на конкуренцијата, РАТЕЛ регулираа четири релевантни пазари, назначувајќи „значајни провајдери на пазарот“ за крај на повик во фиксна телефонија, прекинување на повик во мобилна телефонија, широкопојасен пристап и пристап до инфраструктурата.[200]

---

[198] Достапно на: *https://www.gradjanske.org/wp-content/uploads/2019/04/FREEDOM-OF-EXPRESSION-AND-MEDIA-FREEDOM-IN-SERBIA-IN-THE-EU-INTEGRATION-PROCESS.pdf* (пристапено на 13.07.2020 година).
[199] Достапно на: *https://euobserver.com/opinion/143268* (пристапено на 14.07.2020 година).
[200] Достапно на: *https://www.zslaw.rs/new-media-legislation-adopted-in-serbia/* (пристапено на 14.07.2020 година).

Во областа на услугите на информатичкото општество, беше постигнат напредок во зајакнувањето на координативна улога на нововоспоставената Канцеларија за ИТ и е-влада, кои даваат известувања на премиерот. Донесен е Закон за е-управа и нов информативен систем со кој е воспоставена и поврзаност на шесте најголеми бази на податоци во Србија.[201] Беше постигнат напредок со понатамошно воведување и развој на е-услуги на националниот портал за е-влада, забележано е лансирање на портал за отворени податоци и подобрена е интероперабилност на јавните регистри, преку кои се овозможи полесна размена на податоци и надградба на центарот за податоци. Во април 2018 година, Законот за електронска администрација бил донесен, со цел да се претстави регулатива којашто ја регулира употребата на информатички технологии од страна на јавната администрација, и на државно, и на локално ниво.[202]

Во истражувачкиот период не е направен напредок во аудиовизуелната политика. Законот за електронски медиуми ги регулира медиумските услуги и за комерцијалните и за јавните сервиси. Законот го дефинира Регулаторниот орган на електронски медиуми (РЕМ) како независно регулаторно тело овластено да подготви стратегија за развој на радио и аудиовизуелни медиумски услуги, да издава лиценци за обезбедување медиумски услуги, да ги следи и казнува давателите на медиумски услуги, како и да управува со Регистарот на медиумски услуги и евиденцијата на давателите на услуги OnDemand Media.[203] Од 2015 година, РЕМ го одложува усвојувањето на новата стратегија за развој на радио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со законот. Советот на РЕМ донесува одлуки за сите прашања поврзани со доменот на регулаторот и има девет членови.

Законодавството коешто утврдува извори на финансирање за јавните радиодифузни сервиси треба да биде подобрено. Измените и дополнувањата на Законот за јавните медиумски услуги и на Законот за привременото регулирање на наплатата на надоместокот за јавните служби за медиуми, донесени во декември 2015 година како привремено решение, сè уште се на сила. Оваа состојба предизвикува понатамошна

---

[201] Види *Службени гласник РС*, број 27 од 6. априла 2018.
[202] Достапно на: *https://serbia.mom-rsf.org/en/context/law/* (пристапено на 14.07.2020 година).
[203] Достапно на: *https://seemo.org/ressources/serbia-seemo-ipi-concerned-about-proposed-amendments-to-serbian-law-on-public-information/* (пристапено на 15.07.2020 година).

неизвесност во однос на финансирањето и уредничката самосостојност на јавните радиодифузери РТС и РТ Војводина.[204]

Во 2018 година, РТС воведе неколку минути телевизиски вести на албански јазик, што е прв чекор во исполнувањето на нејзината обврска да произведува и емитува програмски содржини наменети за националните малцинства. Министерството за култура и медиуми игра проактивна улога во промовирање и поддршка на иницијативи за медиумска писменост. Во функција на систематско подобрување на оваа област, Министерството формираше работна група со задача да изработи прирачник за промоција и развој на медиумска писменост во предучилишно образование (предучилишно, основно и средно образование).[205]

### 6.1.5 Република Косово

Во извештајот на Европската комисија „Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 2019, Communication on EU Enlargement Policy, Brussels, 29.5.2019, COM(2019) 260" се оценува дека Косово има одредено ниво на подготовка во однос на остварување на правото на слобода на изразување, коешто е гарантирано во Уставот којшто инсистира на плуралистичко и живо медиумско опкружување.[206] Посебни грижи се јавуваат за имплементација на ова право на северот на Косово, забележувајќи и изразена појава на самонцензура. И покрај некои напори на Собранието, одржливо решение за финансирање на јавниот радиодифузер останува да се донесе, којшто е ранлив на политички притисок и влијание. Во наредниот период, Косово треба:

- да работи на понатамошно подобрување на соработката и одговор на одговорните институции кон физички напади против новинари и други форми на притисок;
- да обезбеди одржливо финансирање на јавниот радиодифузер на начин којшто ја зачувува неговата независност;

---

[204] Достапно на: *https://www.irex.org/resource/media-sustainability-index-msi* (пристапено на 15.07.2020 година).
[205] Достапно на: *https://www.kultura.gov.rs/lat/dokumenti/propisi-iz-oblasti-medija* (пристапено на 15.07.2020 година).
[206] Достапно на: *https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/default/files/20190529-communication-on-eu-enlargement-policy_en.pdf* (пристапено на 18.07.2020 година).

- да го анализира законот за независна комисија за медиуми за да ги ажурира своите надлежности, вклучително и во врска со онлајн аудиовизуелните медиумски услуги опфатени со Директивата за аудиовизуелните медиумски услуги од 2010 година;
- да ја зголеми достапноста на податоците на аудиовизуелниот пазар, особено во врска со сопственоста на медиумите. [207]

Бројот на закани и напади врз новинари е намален. Во согласност со податоците со кои располага Здружението на новинари на Косово, во 2018 година се најде само едно обвинение и три пресуди во врска со закани и напади врз новинари.

Слободата на изразување на медиумите, законодавството за клевета, говорот на омраза и навредата, се уставно загарантирани како правни институти, во согласност со судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Законот за независна комисија за медиуми доведе до создавање на независен регулатор и властите му обезбедија доволно регулаторни овластувања за следење и спроведување коишто се во насока да го заштитат внатрешниот и надворешниот медиумски плурализам.[208] Сепак, таквото законодавство не ги покрива медиумите достапни на интернет. Новото усвоено законодавство за „свиркачи“ ја зајакнува заштитата на новинарски извори. Правото на јавноста за одговор и корекција останува нерегулирано. Новиот Закон за пристап до јавни документи сè уште не е донесен.[209]

Независната комисија за медиуми (МОС) не спроведе анализа на пазарот во последните години и заостанува во покренување случаи и спроведување казни за законски прекршувања. Владата не ја одобри нацрт-стратегијата на МОС за дигитално префрлување. Советот за прес го следи онлајн печатот реагирајќи на жалби, но ги нема потребните ресурси за извршување истраги или анализи на пазарот. Независната комисија за медиуми нема моќ да ги лиценцира и следи аудиовизуелните медиумски услуги преку интернет (на прв, WebTV), кои веќе беа покриени со Директивата за аудиовизуелните медиуми и услуги на ЕУ од 2010 година. Иако оваа состојба создава плодна околина за развој на интернет медиуми, истовремено ја поткопува приватноста на поединците, што

---

[207] Достапно на: *https://www.researchgate.net/publication/289529488_MEDIA_FREEDOM_-A_CHALLENGE_IN_ KOSOVO'S_EUROPEAN_INTEGRATION_PROCESS* (пристапено на 20.06.2020 година).
[208] Види *Per Komisionin e paravur te mediave,* Ligji Nr. 02/L-15.
[209] Достапно на: *http://agk-ks.org/wp-content/uploads/2018/12/Summary-of-the-findings-Indicators-on-th-elevel-of-media-freedom-and-journalists-safety-Kosovo-2018.pdf* (пристапено на 20.06.2020 година).

доведува до случаи на наводен говор на омраза, клевета и навреда. Правото на пристап до информации од јавен карактер е нарушено од страна на властите со фрагментирано спроведување на релевантното законодавство. Владата треба да биде поактивно вклучена во развој на политиките во медиумскиот сектор.

Собранието подготви нов Закон за јавниот радиодифузер, вклучително и потенцијално решение за одржливо финансирање на Радио-телевизија на Косово (РТК). До денес, радиодифузерот останува директно финансиран од државата, со свој буџет утврден еднаш годишно од Собранието. На овој начин се поткопува независноста на ова тело, ја ослабува неговата долгорочна одржливост и го остава наклонето на политичко влијание.

Медиумите обично не се економски одржливи. Согласно спроведените истажувања од страна на ОБСЕ, приватните радиодифузери зависат од други извори на финансирање и малкумина се во можност да работат без силни врски со политички и групи на деловни интереси.[210] Недостаток на податоци е уште еден голем предизвик за Косово: информации за структурите за сопственост на медиуми, особено за мрежните медиуми, остануваат нејасни и честопати измислени. Нема податоци за корисниците или за дистрибуција на средства за рекламирање или средствата обезбедени на радиодифузерите од централните или локалните власти. Следствено, нема ниту транспарентност, ниту правична дистрибуција на изворите на финансирање меѓу медиумите и нема начин да се знае дали тие се концентрирани во рацете на малку луѓе кои можат да ја загрозат слободата на изразување.

Здруженијата на новинари на Косово беа активни во осудата на инциденти и закани против новинари. Тие исто така, ја зголемија соработката со косовската полиција и обвинителството да ги следи овие случаи. Сепак, нивната вклученост во дискутирање и редефинирање на постојните законски решенија за медиумски теми остануваат ограничени. Новинарските здруженија во голема мера остануваат поделени по етничка линија и се сметаат за слаби. Новинарите често работат без договори, што ги прави ранливи на корупција и склони кон самоцензура.

Косово има одредено ниво на подготовка во областа на информатичкото општество и медиумите. Законодавната рамка е соодветна, но нема напредок во спроведувањето.

[210] Достапно на: https://www.osce.org/press-releases (пристапено на 24.06.2020 година).

Останува да се донесе одржливо решение за финансирање на јавниот радиодифузер. Нема подобрување во финансиската и организациската независност на Регулаторното тело за електронски комуникации и информатички и комуникациски технологии (ИКТ). Од друга страна пак, среднорочните цели на дигиталната агенда 2013-2020 за Косово се целосно постигнати и стратегијата се спроведува.[211]

Косово моментално работи на усогласување на законодавството за услугите за електронска идентификација, верификација и доверба со Директивата за безбедност на мрежни и информациони системи и Директивата за намалување на трошоците за широкопојасен интернет.[212] Модернизацијата на јавната администрација е клучен елемент за успешна дигитализација. Косово треба да вложи повеќе напори во спроведувањето на рамката за е-влада.

Во однос на аудиовизуелната политика, Независната комисија за медиуми повторно не успеа да направи значителен напредок во спроведувањето на дигиталното префрлување, иако рокот истече уште во јуни 2015 година.[213] За истиот процес нема доделени средства. Законот за независна комисија за медиуми му обезбедува доволно регулаторни овластувања на ова тело за следење и спроведување, со цел да се поттикне плурализмот и конкурентноста на пазарот, но со години истото не спроведува анализа на пазарот и не се санкционирааг радиодифузерите ефикасно за непочитување на законот. Ова делумно се должи на недостатокот на податоци за распределбата на средствата за рекламирање и сопственоста на структурата на ТВ и радиоканалите и медиумите.

Со ревизијата на Законот за независна комисија за медиуми треба да се прошират нејзините овластувања за аудиовизуелни медиумски услуги достапни на интернет. Косово треба да ги забрза своите напори и да осигури дека дигиталното префрлување е извршено во целост транспарентно и во согласност со стандардите на ЕУ. Јавниот радиодифузен сервис, Радио-телевизија на Косово (РТК), останува директно финансирана од државата, а на тој начин останува склон на политичко влијание.

---

[211]Достапно на: *http://www.gazetazyrtare.com/e-gov/index.php?option= comcontent&task= view& id=248&Itemid=28&lang=en* (пристапено на 24.06.2020 година).
[212] Достапно на: *https://www.eulex-kosovo.eu/?page=2,10,1116* (пристапено на 24.06.2020 година).
[213] Достапно на: *https://www.lexadin.nl/wlg/legis/nofr/eur/lxwekos.htm* (пристапено на 24.06.2020 година).

# 7 ГЛАВА 7- РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО НИЗ ПРИЗМАТА НА НЕГОВИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА ОД ГРАЃАНСКО ПРАВЕН АСПЕКТ ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

За да дојдеме до одговорите кои ги бара оправданоста на ограничувањето на правото на слобода на изразување кај дигиталното новинарство разгледувани од граѓанско правен аспект, неопходно потребно е да посветиме одредено внимание на авторското право, поточно на неговиот развој во рамките на Европската Унија, како предмет на интерес на оваа глава.

За тоа што претставува авторско право и авторско дело, секоја земја се одлучува за различен пристап на дефинирање, но кој пристап не ги надминува, ниту запоставува постулатите дефинирани со најважните меѓународни инструменти за авторско право како што се: Бернската конвенција за заштита на книжевни и уметнички дела; Римската конвенција за заштита на уметници изведувачи, фонограмски продуценти и радиодифузни организации; Договорот на СОИС (Светска организација за интелектуална сопственост, во понатамошниот текст СОИС) за авторско право (WCT); Договорот на СОИС за изведби и фонограми (WPPT); и Договорот за трговските аспекти од правата на интелектуалната сопственост (TRIPS) управуван од Светската трговска организација.[214]

Создавањето на внатрешниот пазар на Европската Економска Заедница – сега Европската Унија – јасно ја потенцираше потребата од хармонизација на националното законодавство за авторско право. Досега се донесени седум директиви на ЕУ кои се однесуваат на одредени аспекти од авторското право, а кои датираат уште од 1991 година.[215]

---

[214] Имено, овој дел е преземен од труд објавен од моја страна, а во насока на истражувањето на докторската дисертација со наслов „Новини во авторско правната заштита на медиумските текстови во Европската Унија“.

[215]*Директива 91/250/ЕЕЗ за законска заштита за компјутерски програми (од 14.05.1991 година), Директива 92/100/ЕЕЗ за правото на изнајмување, позајмување и поврзани права на индустриска сопственост (од 19.11.1992 година) – заменета со Directive 2009/24/EC, Директива 93/83/ЕЕЗ за авторското право и*

За да ја разбереме состојбата на авторско правната заштита на медиумските текстови во ЕУ, пред донесување на новата Директива за авторското право и сродните права на единствениот дигитален пазар[216] и Директива за авторско правна заштита на дигиталниот пазар од 26.03.2019 година[217], потребно е да посветиме внимание на директивата „ИнфоСок" – или поточно, „Директивата за хармонизирање на одредени аспекти од авторското право и сродните права во информатичкото општество" – од 22 мај 2001 година.[218] (во понатамошниот текст Директива 2001/29 ЕЗ или Директива ИнфоСок)

## 7.1 Последици од донесувањето и имплементацијата на Директива 2001/29 / ЕЗ за усогласување на одредени аспекти на авторското право и сродни права во информатичкото општество од 22 мај 2001 година

Донесувањето на Директивата 2001/29 ЕЗ имаше за цел да се прилагоди законодавството за авторското право и сродните права со цел да ги одразува технолошките случувања и да ги транспонира во правото на Заедницата главните меѓународни обврски што произлегуваат од двата договори за авторско право и сродни права донесени во рамките на Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) во декември 1996 година.[219]

---

*поврзаните права применливи на сателитско емитување и кабловски пренос (од 27.09.1993 година), Директива 93/98/ЕЕЗ за хармонизација на времетраењето на заштитата на авторското право и поврзаните права на индустриска сопственост (од 29.10.1993 година) – заменета со Directive 2006/116/EC, Директива 96/9/ЕЗ за правната заштита на базите на податоци (од 11.03.1996 година), Директива 2001/84/ЕЗ за правото на авторот на препродажба на оригинално уметничко дело (од 27.09.2001 година), Директива 2001/29/ЕЗ која хармонизира одредени аспекти од авторското право и поврзаните права во информатичкото општество (од 22.05.2001 година), позната уште како Infosoc directive, Директива 2004/48/ЕЗ за спроведување на правата на интелектуална сопственост (од 29 април 2004 година)*, *Directive 2012/28/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 on certain permitted uses of orphan works, Directive 2014/26/EU of the European Parliament and of the Council of 26 February 2014 on collective management of copyright and related rights and multi-territorial licensing of rights in musical works for online use in the internal market Text with EEA relevance, Directive (EU) 2017/1564 of the European Parliament and of the Council of 13 September 2017 on certain permitted uses of certain works and other subject matter protected by copyright and related rights for the benefit of persons who are blind, visually impaired or otherwise print-disabled and amending Directive 2001/29/EC on the harmonisation of certain aspects of copyright and related rights in the information society .*

[216] Види: https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2018/1808/oj

[217] Види *Directive (EU) 2019/790 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 on copyright and related rights in the Digital Single Market and amending Directives 96/9/EC and 2001/29/EC.*

[218]Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=celex:32001L0029* (пристапено на 20.07.2020 година).

[219] Види Bernd Justin Jütte, "*Reconstructing European copyright law for the digital single market: between old paradigms and digital challenges*" (Nomos, 2017), p.244.

Директивата 2001/29 ЕЗ е е најсеопфатниот правен инструмент што ЕУ го донела во областа на авторското право. Врз основа на поранешниот член 95 од Treaty on European Union (TEU), се бараше Директивата да ги отстрани разликите помеѓу националните одредби главно преку редефинирање на европското ниво на предметната материја и проширување на економските права на креативните дела. Претпоставка на која се потпира целата Директива на ИнфоСок е дека авторското право и сродните права треба да бидат прилагодени и дополнети со цел соодветно да одговорат на новите економски реалности преку промовирање инвестиции во нови форми на експлоатација на креативни дела и во развој на мрежна инфраструктура (Рецитал 5 од Директивата ИнфоСок). Во таа насока, пратениците на ЕУ требало да интервенираат на ниво на ЕУ со сет мерки за усогласување на терен во насока на заштита на авторското право како би спречиле некоординирани и изолирани иницијативи на национално ниво што може да резултира „во значителни разлики во заштитата и со тоа во ограничувања на слободното движење на услуги и производи кои вклучуваат или се засноваат на интелектуална сопственост“. (сп. Рецитал 6).[220] Овие потенцијални разлики на национално ниво би предизвикале нарушувања на конкуренцијата во внатрешната трговија, ослабувајќи го индустрискиот развој на информатичкото општество.

Преамбулата на Директивата ИнфоСок јасно покажува дека, и покрај горенаведената правна основа, целта на зајакнување на заштитата на авторското право преку проширување на дигиталните права на авторите, изведувачите и производителите на содржини преовладува над целта за отварање на патот за „Единствен дигитален пазар“. Внатрешниот пазар за нови производи и услуги, чие создавање, развој и маркетинг треба да биде заштитено и стимулирано од авторското право и сродните права се смета како предуслов за развој на информатичко општество во Европа (сп. Рецитал 2). Во време кога авторското право станува лесна мета за прекршување поради децентрализираната структура на интернетот, законодавците на ЕУ имале намера да поттикнат значителни инвестиции во креативноста и иновациите со цел „раст и зголемена конкурентност на европската индустрија“ (сп. Рецитал 4 од Директива ИнфоСок). Изборот на законодавците на ЕУ да ѝ дадат предност на целта на редефинирање на обемот на заштита на авторското

---

[220] Види Usadel, Philipp. “*Copyright law and the access to education and knowledge in the digital age: matching limitations and exceptions in Portugal, Brazil and Mozambique*”. Dissertation. Maastricht University: Shaker, 2016.

право за остварување на целите на интеграцијата на внатрешниот пазар се должел најмногу на обврските утврдени во Договорот за авторско право на СОИС од 1996 година и СОИС - Договор за изведби и фонограми.[221] Целта да се обезбеди усогласеност со тие меѓународни договори ја принудиле ЕУ ефективно да признае пошироки права кои се опфатени во договорите кои им се доделуваат на авторите, изведувачите и продуцентите на фонограми во однос на нивните дела. Овие пошироки права означувале прилагодување и проширување на перцепцијата на авторското право и образложение за нови форми на дисеминација и употреба на содржини што ги овозможуваат дигиталните технологии и електронските мрежи од средината на 90-тите години наваму.

Договорите на СОИС за интернет барал проширување на традиционалното право на комуникација кон јавноста со цел вклучување на интерактивни преноси на содржини за авторско право во делокруг на авторското право.[222] СОИС договорните страни се обиделе да дадат сигурност дека оваа нова форма на пренос на содржина „од точка до точка“, овозможена од дигиталните мрежи била експлицитно вклучена во правниот концепт на „Комуникација со јавноста“, во корист на авторите, изведувачите и креативните индустрии.

Генерално, критиките на Директивата 2001/29 ЕЗ[223] покажуваат дека нејзините правила се нејасни и создаваат неизвесност кај законодавците и судовите. Исто така, Директивата 2001/29 ЕЗ е критикувана затоа што нејзините одредби не го земаат во предвид технолошкиот развој и потенцијал на интернетот. Европската комисија се соочи со потребата од реформа и усогласување на законот за авторско право за да се воспостави правна рамка што ќе одговара соодветно на барањата на дигиталната ера.

Така, во декември 2013 година, Европската комисија започна јавна консултација на прегледот на правилата за авторско право на ЕУ, која траела до март 2014 година.[224] Оваа консултација била адресирана до различни засегнати страни, вклучително и крајни корисници, институционални корисници, носители на права, претставници на индустрии,

---

[221] Достапно на: *https://allpartywritersgroup.co.uk/Documents/PDF/Modernising-copyright.aspx* (пристапено на 22.07.2020 година).
[222] Достапно на: *https://www.ceps.eu/wp-content/uploads/2015/11/SR120_0.pdf* (пристапено на 22.07.2020 година).
[223] Достапно на: https://link.springer.com/article/10.1007/s12689-020-00089-5 пристапено на 24.07.2020 година).
[224] Достапно на: *https://www.ceps.eu/ceps-projects/the-implementation-application-and-effects-of-directive-2001-29-ec-on-the-harmonization-of-certain-aspects-of-copyright-and-related-rights-in-the-information-society-and-of-its-related-instruments/* (пристапено на 24.07.2020 година).

организации за колективно управување, јавни органи, земјите членки и други. Една група од прашањата во оваа консултација била поврзана со ограничувањата и исклучоците. Извештајот за оваа консултација, кој генерираше повеќе од 9500 одговори, бил објавен од Европската комисија во јули 2014 година.[225] Овој извештај покажал дека мислењата на различни засегнати страни се поделени на темата ограничувања и исклучоци. На пример, крајните корисници ја заземаат позицијата на опционалната природа на ограничувањата и исклучоците која создава правна несигурност. Тие сакаат да ги зачуваат постојните исклучоци и ограничувања, а предлагаат и воведување на нови. Институционалните корисници сметаат дека опционалната природа на ограничувањата и исклучоците е проблематична и тврдат дека тие треба да бидат задолжителни или усогласени. Многу од нив се залагале за отворена норма, која може да го комплетира списокот на исклучоци во Директивата 2001/29. Авторите и изведувачите не гледале потреба да ја менуваат тековната листа и се против какви било усогласувања или вклучувања на нови исклучоци.

Некои земји членки сметаат дека ограничувањата и исклучоците треба да останат опционални. Претставниците на академскиот дискурс ја сметаат опционалната природа на исклучоците и ограничувањата проблематична и се води расправа за понатамошно усогласување. Крајните корисници, институционалните корисници и мнозинството од академската средина ја поддржуваат идејата за единствен наслов на авторско право на ЕУ. Врз основа на овој извештај, од страна на Европската комисија е изготвена Стратегијата за единствен дигитален пазар, која била презентирана во мај 2015 година.[226] Една од целите на оваа стратегија била да се намалат разликите помеѓу националните законодавства за авторско право. Првиот чекор на ова поле бил направен во декември 2015 година, кога европската Комисија го претставила акциониот план за модернизација на правилата за заштитени права на ЕУ.[227]

---

[225] Види *Study on the application of Directive 2001/29/EC on copyright and related rights in the information society // http://ec.europa.eu/internal_market/copyright/studies/index_en.htm.* (пристапено на 25.07.2020 година).

[226] Види "*Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions: A Digital Single Market Strategy for Europe*". COM(2015) 192 final, 06.05.2015.

[227] Види *Public Consultation on the Review of the EU Copyright Rules // http://ec.europa.eu/internal_market/consultations/2013/copyrightrules/docs/consultation-document_en.pdf.* (пристапено на 25.07.2020 година).

## 7.2 Осврт кон Директивата 2019/790 ЕУ за авторско правна заштита на дигиталниот единствен пазар од 17.05.2019 година

Донесувањето на оваа Директива означува крај на еден контроверзен законодавен процес воден на ниво на ЕУ. Истовремено, го означува почетокот на она што сигурно ќе биде комплексен процес за земјите членки на ЕУ при националното спроведување на оваа Директива. Целта на донесувањето на овој законодавен инструмент е промовирање на единствениот дигитален пазар претворен во алатка за индустриска политика, којшто според критичарите кои упатуваат на негативните влијанија од донесувањето на оваа правна алатка претставува резултат на ефективно лобирање и истата не се темели на издржани докази и научна експертиза.[228] Според многумина од нив, оваа Директива претставува сложен текст со повеќекратни нејаснотии, кои најверојатно нема да успеат да го промовираат посакуваното усогласување и правната сигурност во оваа област.

Предлогот за Директива е објавен во септември 2016 година од страна на Комисијата. Процесот го следеше вообичаената законодавна постапка, која ги поставува Европскиот парламент и Советот на Европската Унија на еднакво рамниште, што значи дека посебен процес за проценка на предлогот се одвивал во рамките на секоја институција. На Советот, се постигнал договор на 25 мај 2018 година за изменета верзија на предлогот, во кој е утврден ставот на Советот и предвидена е основата за нејзиниот мандат за преговори. Во парламентот на ЕУ, биле вклучени пет комисии во кои се воделе дискусии, завршувајќи со Комитетот JURI (правни работи), кој гласал на 20 јуни 2018 година. По одреден отпор, текстот на крајот стигнал до повеќестрани преговори кои биле заклучени на 13 февруари 2019 година. Компромисниот текст бил одобрен од парламентот на ЕУ на 26 март.[229] Потоа бил одобрен од Советот на 15/17 Април со квалификувано мнозинство. Најголеми критики се упатувале на член 13 и таканаречениот временски јаз или одредбата за „филтер за поставување" (тогаш член 13, сега 17).[230]

---

[228] Види *Directive (EU) 2019/790 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 on copyright and related rights in the Digital Single Market and amending Directives 96/9/EC and 2001/29/EC For an earlier overview of the directive, see T Shapiro & S. Hansson, "The DSM Copyright Directive - EU copyright will indeed never be the same", E.I.P.R. 2019, 41(7), pp 404- 414.*

[229] Види *CREATe, 'Copyright Directive approved at plenary vote' (26 March 2019) https://www.create.ac.uk/copyright-directiveapproved-at-plenary-vote* (пристапено на 04.08.2020 година).

[230] Достапно на: *https://www.create.ac.uk/policy-responses/eu-copyright-reform/* (пристапено на 04.08.2020 година).

Може да се изнесе аргумент дека последната верзија на Директивата е подобрување во однос на Оригиналниот предлог на Комисијата. За жал, тоа и не претставува чекор за расчистување, особено во врска со најконтроверзните одредби.

Директивата е една од најдолгите во законодавството за авторско право, со 86 рецитали и 32 члена. Поделена е на пет наслови: општи одредби (I), мерки за прилагодување на исклучоците и ограничувањата на дигиталното и прекуграничното опкружување (II), мерки за подобрување на практиките за лиценцирање и обезбедување поширок пристап до содржина (III), мерки за постигнување на добро функционален пазар за авторско право (IV) и крајните одредби (V).[231]

Наслов I ја појаснува темата и обемот на овој правен инструмент. Директивата понатаму се обидува да инсистира на усогласување на правните прописи за авторско право на ЕУ со посебен фокус на „дигиталната и прекуграничната употреба на заштитените содржини". Ги чува недопрените постојни правила во законодавството за авторско право, со некои исклучоци. Овие се утврдени во член 24, кој воведува измени во Директивата за базата на податоци и ИнфоСок Директива. Насловот I исто така, ги содржи дефинициите, вклучувајќи ги и оние за истражувачка организација, пребарување на текст и податоци (ТДМ), институција за културно наследство, публикација за печат, услуга за информатичко општество и давател на услуги за споделување содржина преку интернет.[232]

Наслов II од Директивата ДСМ[233] од 17 април 2019 воведува пакет мерки за прилагодување на исклучоците и ограничувањата на дигиталното и прекуграничното опкружување. Членовите 3 и 4 содржат исклучоци поврзани со ТДМ. ТДМ се дефинира како „секоја автоматизирана аналитичка техника насочена кон анализа на текст и податоци во дигитална форма со цел да се генерираат информации кои вклучуваа, но не се ограничени на обрасци, трендови и корелации".[234] Членот 3 предвидува исклучок за акти на ТДМ за целите на научно истражување, опфаќајќи ги и двете природни и хумани науки

---

[231] Види 62. Reda, Julia, „*EU copyright reform: Our fight was not in vain*" (18 April 2019), *https://juliareda.eu/2019/04/not-in-vain/* (пристапено на 04.08.2020 година).

[232] Види *Art. 1 DSM Directive.*

[233] DIRECTIVE (EU) 2019/790 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL on copyright and related rights in the Digital Single Market and amending Directives 96/9/EC and 2001/29/EC

[234] Достапно на: *https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/9ebb5084-ea89-4b3e-bda2 33816f 11425b/language-en* (пристапено на 06.08.2020 година).

- од истражувачки организации и институции за културно наследство, во врска со дела/предмет на кои имаат законски пристап и подлежат на бројни дополнителни услови. Ова ќе треба да се артикулира со опционален исклучок што ги опфаќа употребите за цели на научно истражување во член 5 (3) (а) Директива ИнфоСок, која се однесува на одредени ТДМ активности.[235] Членот 4 утврдува исклучок за репродукции и вадење на законски пристап до дела/предмет за целите на ТДМ. Ова има за цел да додаде правна сигурност за тие дела што може да не ги исполнуваат условите за исклучок на повремена и привремена копија во член 5 (1) од Директива ИнфоСок. Новиот исклучок е предмет на резервација на носителите на права, вклучително и преку „машински читливи средства во случај на содржина јавно објавена на интернет", за пример преку употреба на метаподатоци и термини и услови на веб-страница или услуга.

Член 5 содржи исклучок за употреба на дела/предмет во дигитални и прекугранични наставни активности. Одредбата има за цел да додаде правна сигурност за дигиталните наставни активности како во споредба со постојните исклучоци во Директивите ИнфоСок и базите на податоци.[236] Но, неговиот обем е доста ограничен. Опфаќа употреба само со единствена цел на илустрација за настава на едукативно ниво во установи, до степен оправдан со некомерцијална цел (на конкретната наставна активност) што треба да се постигне. Ова ги исклучува образовните употреби од други видови институции, како што се библиотеки и музеи, како и чисто комерцијални образовни услуги. Конечно, членот 5 им овозможува на земјите членки целосно да ја исклучат нејзината примена во однос на специфични употреби или видови на дела/предмет доколку има соодветни лиценци на пазарот, т.е. опфаќајќи барем иста употреба како и оние дозволени како исклучок. Членот 6 утврдува исклучок за акти на репродукција на одредени дела направени од институции од областа на културното наследство заради - и во обемот неопходен за – зачувување на истото.[237] Ова вклучува акти од трети лица кои дејствуваат во име и под одговорност на институцијата корисник. Не вклучува копии или

---

[235] Види Angelopoulos Christina, *On Online Platforms and the Commission's New Proposal for a Directive on Copyright in the Digital Single Market,* University of Cambridge, 06.04.2017. Достапно на: *https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2947800;* (пристапено на 06.08.2020 година).

[236] Достапно на: *http://copyrightblog.kluweriplaw.com/2019/03/19/limitations-to-text-and-data-mining-and-consumer-empowerment-making-the-case-for-a-right-to-machine-legibility/* (пристапено на 07.08.2020 година).

[237] Види Poort, Joost and Pedro Quintais, João, "*The Levy Runs Dry: A Legal and Economic Analysis of EU Private Copying Levies*" (2013) 4 J.I.P.I.T.E.C. 205 para 1, p. 209

други активности поврзани со авторското право за различни цели, кои бараат овластување на носителот на правата, освен ако делото не е дозволено со различни исклучоци.

Наслов III од Директивата се состои од четири поглавја за колективно управување со работи надвор од трговија, колективно лиценцирање со проширен ефект, пристап до и достапност на аудиовизуелни работи на платформи за видеоматеријали по барање и дела за визуелна уметност од јавен домен. Во првото поглавје се утврдени правила за колективно управување со работи надвор од трговија (OOC – Out Of Commerce) дела/предмет во постојаните збирки на институциите за културно наследство врз основа на неексклузивни лиценци за некомерцијални цели. Онаму каде што се доделува лиценца согласно новата шема, делата на OOC можат да се користат од културните институции за наследство во која било земја членка. Меѓутоа, ако употребата за која станува збор е привилегирана од исклучок, се смета дека се јавува единствено во земјата на основање на институцијата корисник.[238] Второто поглавје од Наслов III содржи една одредба - член 12 - за мерките за олеснување на колективното лиценцирање со проширен ефект кои вклучуваат три можни механизми за „лиценцирање“. Првиот е соодветен на продолжено колективно лиценцирање (ECL), согласно кој CISAC (Confederation of Societies of Authors and Composers), како водечка светска асоцијација на здруженија за авторско-правна заштита која склучува договор за лиценцирање и таквиот договор се однесува на правата на носителите на застапништво.[239] Вториот механизам е местото каде CMO (Collective Management Organizations) има законски мандат да ги застапува носителите на правата кои не ја овластиле организацијата за тоа. Додека третиот механизам се однесува на ситуација во која овластувањата за застапување произлегуваат од законска претпоставка. Како општо правило, овој вид колективно лиценцирање може да се применува само: (i) за управувани од CMO, (ii) во добро дефинирани области на употреба, (iii) каде што индивидуалното лиценцирање е „типично мачно и непрактично“ (т.е. сценарио за неуспех на пазарот) и (iv) на начин што „ги штити легитимните интереси“ на носителите на

---

[238] Види *Art. 2 DSM Directive.*

[239] Достапно на: *http://copyrightblog.kluweriplaw.com/2019/06/21/the-new-copyright-directive-digital-and-cross-border-teaching-exception-article-5/* (пристапено на 09.08.2020 година).

правата.[240] Иако овие услови носат некои сличности со тестот во три чекори, Директивата не го квалификува овој вид колективно лиценцирање како исклучок или ограничување.

Третото поглавје се состои единствено од член 13. Оваа одредба има за цел да го олесни склучувањето на договори заради ставање на располагање на аудиовизуелни дела, особено Европски дела, на платформи за видеоматеријали по барање. Тешкотиите во лиценцирањето се јавуваат на пример, поради одбивање на лиценца.[241] За да ги надминат овие предизвици, земјите членки ќе воспостават или назначат „непристрасно тело“ на медијатори за да им помогне на страните кои се соочуваат со тешкотии во преговарањето за потребните лиценци, со обезбедување на „професионален, непристрасен и надворешен совет“. Ова е механизам за доброволно преговарање за страните, кои ја задржуваат слободата на договорите.

Четвртата глава содржи единствена, но важна одредба. Во членот 14 се вели дека сите материјали што произлегуваат од репродукција на визуелни уметности за кои е истечен рокот на заштита, не се заштитени со авторско право или сродни права, т.е. тие се во јавен домен.[242] Како што појаснува рециталот 53, оваа одредба главно има за цел да овозможи циркулација на „верните репродукции“ на овие видови на права. Меѓутоа, ова се однесува само на добиените материјали од разгледуваните репродукции и тие не се само по себе оригинални во смисла дека тие се „сопственост на авторот на интелектуално творештво“.[243]

Насловот IV ги содржи најконтроверзните одредби на Директивата, кои се од најголемо значење за темата на докторскиот труд. Во овој дел е содржано новото право за печат на издавачи и новиот режим на одговорност за платформите за поставување корисници. Првото поглавје за правата во публикациите има две одредби: членови 15 и 16. Во член 15 е утврдено новото сродно право за издавачите на печатот, означено од некои

---

[240] Достапно на: *http://copyrightblog.kluweriplaw.com/2019/06/21/the-new-copyright-directive-digital-and-cross-border-teaching-exception-article-5/*(пристапено на 09.08.2020 година).
[241] Достапно на: *https://www.create.ac.uk/policy-responses/eu-copyright-reform/* (пристапено на 09.08.2020 година).
[242] Достапно на: *https://www.create.ac.uk/copyright-directive-approved-at-plenary-vote/* ( пристапено на 09.08.2020 година).
[243] Достапно на: *https://www.liberties.eu/en/news/delete-article-thirteen-open-letter/13194* (пристапено на 11.08.2020 година).

критичари во текот на законодавниот процес како одредбата „данок на линк“.[244] Оправдувањето за новото право, како што е наведено во рециталите 54 и 55, може да се сумира како што следува. Повторната употреба на публикациите во печатот е основен дел од деловниот модел на давателите на услуги на одредено информатичко општество, како што се онлајн агрегатори на вести и услуги за следење на медиуми. Издавачите имаат потешкотии при лиценцирање на нивните права на овие даватели на услуги. Како резултат, тие не можат да ги повратат своите инвестиции. Оваа инвестиција е од суштинско значење за „да се обезбеди одржливост на издавачката индустрија и со тоа да се поттикне достапноста на веродостојни информации“. Да се заштитат нивните инвестиции и да се олесни лиценцирањето и спроведувањето против давателите на информатичко општество, потребно е ново право.

Новите сродни права имаат придобивки за издавачите на печатот (потенцијално вклучително и издавачи на вести или вести агенции) основани во земја членка на ЕУ. Опфаќа репродукција и создавање преку интернет, достапно на публикации од давателите на услуги на информатичко општество. Правото е дефинирано со упатување на членовите 2 и 3 Директива на ИнфоСок, и предмет на исклучоците во член 5 од него. Сепак, има и специфични исклучувања или издвојувања. Особено, ова право не опфаќа приватни или некомерцијални употреби на публикации од печат од страна на индивидуални корисници, акти на хипервrска или употреба на одделни зборови и „многу кратки извадоци од публикација за печатот“. Овие исклучени дела остануваат предмет на веќе постоечките норми во законодавството.[245]

Рецитал 58 ги оправдува исклучувањата врз основа на тоа дека ваквите акти не влијаат на образложението за заштита на инвестициите на новото право, но инсистира за строго толкување на поимот „многу кратки екстракти“. Правото на издавачот на печатот се признава како додаток на постојните права во однос на дела/предмет/материја од други носители на права вклучени во публикации за печатот. Новото право не може да се повика против нив и не влијае на нивната независна експлоатација. Тоа трае две години после објавувањето на публикацијата, сметано од 1 јануари во годината по објавувањето (и само

---

[244] Достапно на: *https://www.communia-association.org/2019/02/27/education-exception-gutted-trilogues/* (пристапено на 11.08.2020 година).
[245] Достапно на: *http://www.fosspatents.com/2019/02/germanys-federal-data-protection.html#translation;* (пристапено на 15.08.2020 година).

за публикациите за печатот, објавени по 6 јуни 2019 година). Важна карактеристика е дека им се дава право на авторите на дела вклучени во публикациите на печатот на „соодветен удел на приходите“ добиени од издавачите на печатот. Како ќе се дефинира и актуелизира тој удел, ќе биде посебна точка на интерес којшто се движи напред. Дали ова ново право ќе ги постигне своите цели? Најверојатно не. Како што тврдат повеќе студии, како и неуспехот во Германија и Шпанија, многу малку е веројатно дека ова право ќе доведе до позитивни исходи.[246]

Втората одредба во ова поглавје е член 16. Ова воведува побарување за праведен надомест за издавачи. Тоа се однесува на издавачите воопшто, не само на публикациите во печатот, туку и на книгите, научните и музичките публикации. Одредбата претставува законски одговор заради тоа што им беше скратено на издавачите правото на фер надомест според репрографијата и исклучоци од приватното копирање.[247] Новата одредба експлицитно им дозволува на земјите членки да препознаат право на издавачите да поднесат барање за учество во фер надоместок што им се должи на авторите во контекст на исклучок или ограничување. Побарувањето се активира во случаи кога авторите пренеле врз издавачите такво право или лиценцирале дело чија употреба носи таков фер надомест.

Второто поглавје од Наслов IV го содржи еден од главните членови коишто се јавуваат како предмет на дискусија - членот 17 (поранешен член 13). Најпрво**,** треба да се напомене дека оваа одредба е дел од пошироката иницијатива „Справување со нелегална содржина преку интернет“, веќе претходно прифатена уште во 2017 година и 2018 година.[248] Овој член од Директивата, е дел од предлогот за регулатива наменета за спречување на ширење на терористичка содржина преку интернет, и се претпоставува дека ќе биде централен дел од претстојниот преглед на Директивата за електронска трговија. Член 17 е насочен кон справување со таканаречениот јаз во вредноста: „несовпаѓање помеѓу вредностите поради кои платформите за споделување преку интернет ги извлекуваат од креативна содржина и приходите се враќаат на носители на

[246] Достапно на*:* *https://link.springer.com/article/10.1007/s12689-020-00089-5* (пристапено на 15.08.2020 година).
[247] Достапно на: *https://www.telemedicus.info/article/3402-Copyright-Directive-Does-the-best-effort-principle-comply-with-GDPR.html* (пристапено на 15.08.2020 година).
[248] Види Senftleben, Martin, “*Bermuda Triangle – Licensing, Filtering and Privileging User-Generated Content Under the New Directive on Copyright in the Digital Single Market*” E.I.P.R. 2019, 41(8), pp. 480-490.

авторско право". Имено, овој член ги регулира правата на „давателите на услуги за споделување содржина преку интернет". Истите се дефинирани во член 2 како платформи со профитна цел што ја складираат и даваат на јавноста пристап до голема количина на дела/добра што ги поставуваат нивните корисници и кои тие ги организираат и промовираат.[249] Станува збор за тип на платформи како што се добро познатите YouTube, Facebook или Vimeo, како и сите други типови на платформа за поставување од страна на корисниците, што одговара на оваа широка дефиниција и не е експресно исклучена во неисцрпната листа на одредби за исклучување, и тоа: услуги за електронска комуникација, даватели на услуги од Cloud технологија од деловна активност и услуги во Cloud, мрежни пазари, непрофитни енциклопедии преку интернет, непрофитни едукативни и научни складишта и отворени изворни софтвери за развој и споделување на платформи.[250] Наспроти она што е наведено во рецитал 64, одредбата не ја појаснува имплементацијата на позитивно правните норми.

Како резултат на наведеното, овие платформи стануваат директно одговорни за поставувањето на нивните корисници. Тие исто така, се исклучени во став 3 од хостирање на безбедно пристаниште за акти поврзани со авторско право, претходно достапни за многу од нив согласно член 14 од Директива за е-трговија.[251] Веројатно, ова го прави членот 17 lex specislis за Директивата за електронска трговија. Таквите платформи тогаш имаат две можности да избегнат директна одговорност. Прво и најважно, тие можат да добијат овластување за комуникација/ставање на располагање на содржината поставена од корисниците. Одредбата е пример со (директно) лиценцирање од носителот на авторското право, но остава отворени и други модалитети на одобрување.[252] Сепак, лесно е да се види дека ќе биде скоро невозможно да се добијат сите потребни овластувања за потенцијално милиони активни предмети што ги поставуваат корисниците, дури и со прибегнување кон доброволно или проширено колективно лиценцирање. Ова е особено точно за други

---

[249] Види Buttarelli, Giovanni, "*Comments of the European Data Protection Supervisor on Article 13 of the proposal for a directive of the European Parliament and of the Council on copyright in the Digital Single Market*" (3 July 2018).

[250] Види Urban, Jennifer, Karaganis, Joe, and Schofield, Brianna, "*Notice and Takedown: Online Service Provider and Rightsholder Accounts of Everyday Practice*" (November 1, 2017).

[251] Види Ananay, Aguilar, "*The New Copyright Directive: Fair remuneration in exploitation contracts of authors and performers – Part 1, Articles 18 and 19*" (15 July 2019)- Kluwer Copyright Blog.

[252] Достапно на: *https://www.youtube.com/channel/UCl1OA6-H9MTCJJBPvTn4LLw* (пристапено на 15.08.2020 година).

видови содржина освен музика преку интернет, каде што управувањето со колективните права е најразвиено како прашање на закон и пракса.

Затоа, ова ќе доведе до тоа, многумина од засегнатите да се потпрат на втората можност што им овозможува да се избегне одговорност доколку исполнуваат голем број кумулативни услови, наведени во член 17, поддржани меѓу другото, со двосмислен рецитал 66.[253] Тие мора да покажат дека: (i) вложиле најдобри напори да се добие овластување; (ii) вложиле максимални напори да обезбеди недостапност на специфични дела за кои носителите на правата им доставиле релевантни и потребни информации; и (iii) постапиле експедитивно. Состојбата (ii) се чини дека го наметнува она што критичарите го означуваат како обврска за филтрирање на поставување, додека условот (iii) воведува и механизам за известување и отстранување и обврска за известување и застој.[254]

За време на законодавниот процес, многу критичари тврдеа дека превентивните обврски воведени овде не само што ќе бидат некомпатибилни со постојните директиви, туку и со Повелбата за основните права на ЕУ.[255] Всушност, за платформите за да се избегне одговорност и да се исполнат условите погоре, тие веројатно ќе мора да се распоредат со автоматски технологии за препознавање содржина кои ја испитуваат целата поставена содржина.

Членот 17 се обидува да избегне некои од неговите негативни ефекти на различни начини. Прво, со толкување на член 17, од исфрлање на низа неисцрпни фактори, како што се дополнително наведени, е малку веројатно дека овие проблеми ќе бидат соодветно решени со бараната жалба и механизми за надомест на штета за корисниците назначени во член 17, бидејќи таквите механизми се типично неефикасни. Второ, одредбата наведува дека обврските што ги активира нема да доведат до идентификување на корисниците или обработка на лични податоци, освен во согласност со Директивата за е-приватност и GDPR (General Data Protection Regulation).[256]

---

[253] Достапно на: *https://edri.org/our-work/failure-of-licenses-for-europe/* (пристапено на 15.08.2020 година).
[254] Види Samuelson, Pam, "*Legally Speaking: Europe's Controversial Digital Copyright Directive Finalized*", Communications of the ACM, Vol. 19/2019.
[255] Види Bridy, Annemarie, "*Faith in Filters and the Fate of Safe Harbors*" (22 May 2019), достапно на : *https://balkin.blogspot.com/2019/05/faith-in-filters-and-fate-of-safe.html?m=1* (пристапено на 18.08.2020 година).
[256] Види *Art. 17(5) DSM Directive. (Text with EEA relevance*) (notified under document number C(2003) 1422) (OJ L 124, 20.5.2003, p. 36

Конечно, како одобрување за комплексноста на регулаторната рамка, што ја вклучува член 17, Комисијата има задача да организира дијалози на заинтересирани страни за да обезбеди униформна примена на обврската за соработка помеѓу OCSSP (Online Content-Sharing Service Providers) и носителите на права и да се воспостават најдобри практики во врска со соодветните индустриски стандарди за професионална трудољубивост. Секако, формулацијата на одредбата остава одредена маргина на дискреција за толкување. Доколку Комисијата правилно ги искористи националните законодавци, таа маргина може да се искористи за да се избегнат некои негативни ефекти од оваа одредба.

Последното поглавје од Наслов IV се однесува на фер надоместокот во договорите за експлоатација на делата на автори и изведувачи (заеднички: креатори), со исклучок на авторите на компјутерски програми. Може да се каже дека ова поглавје се справува со вистинскиот јаз во вредноста во светот на авторското право. Прво, членот 18 утврдува принцип на соодветна и пропорционална награда за креаторите што ги лиценцираат нивните дела. Рециталот 73 појаснува дека паушалната исплата може да претставува сразмерна награда „но тоа не треба да биде правило“. Второ, членот 19 утврдува обврска за транспарентност. Според ова, креаторите мора да добијат на редовна основа - земајќи ги предвид спецификите на секој сектор - детални информации за експлоатација на нивните дела/изведби од нивните даватели на лиценца или пренесувачи.[257] Ова вклучува информации за начините на експлоатација, остварените приходи и доспеаните надоместоци. Понатаму, земјите членки можат да донесат одлука за правила за транспарентност во колективните договори коишто ќе се применуваат наместо нив, под услов да ги исполнуваат критериумите утврдени во овој член. Трето, член 20 им дава на договорните страни механизами за прилагодување на договорите за истите да можат да бараат „дополнителни, соодветни и фер надоместци“ од едната договорна страна (или нејзините наследнички наслови) доколку првично договорениот надоместок се покаже како несразмерно низок во споредба со приходите генерирани со последователна експлоатација на работите/изведбите од предметот на договорот.[258] Четврто, според член

[257] Достапно на: *https://www.ivir.nl/academics-against-press-publishers-right/* (пристапено на 20.08.2020 година).
[258] Достапно на: *https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/ 2017/596810/IPOL_ STU(2017) 596810 EN.pd* (пристапено на 20.08.2020 година).

21, споровите во врска со обврската за транспарентност и механизмот за прилагодување може да се доставaт кон доброволна постапка за алтернативно решавање спорови, која може да биде иницирана од СМО на барање на креатор што тој го претставува.[259] Петто, креаторите имаат право на отповикување според член 22. Тие можат да се одземат во целина или делумно со ексклузивна лиценца или трансфер врз основа на недостаток на експлоатација на нивната работа/дело, освен ако таквиот недостаток не се должи на околности што од креаторот „може разумно да се очекува да ги поправи". Правото на отповикување може да се искористи само во „разумен рок" по склучувањето на релевантниот договор, а креаторот може да се одлучи за раскинување на ексклузивноста наместо поништување.[260]

Насловот V ги содржи завршните одредби. Овие вклучуваат измени и дополнувања на Дирекивата за базите на податоци и ИнфоСок Директивата во врска со заштитата на примената на новите задолжителни исклучоци во оваа Директива, како и одредба за односот со исклучоците во другите директиви.[261]

Она што можеме да го заклучиме е дека Директивата 2019 / 790 на ЕУ претставува чекор напред кон усогласување во областа на авторското право во рамките на правото на ЕУ. Хармонизацијата главно се однесува на правата на авторите (со ставање акцент на одредени категории на права) и исклучоци на тие права.

Накратко, беше предвидено Директивата ДСМ да ги примени правата и обврските поврзани со авторското право кои се остваруваат преку интернет. Нејзината мисија е изразена уште од самиот почеток, бидејќи рециталите 1 и 2 наведуваат дека постојните правила за авторското право во законодавството на ЕУ се функционални за постоењето на систем којшто гарантира дека конкуренцијата на внатрешниот пазар не е нарушена и се очекува да стимулира „иновации, креативност, инвестиции и производство на нови содржини, исто така, во дигиталното опкружување, со цел да се избегне фрагментација на внатрешниот пазар". Амандманите кои произлегуваат од Директивата ДСМ имаат за цел да го поттикнат создавањето и слободното движење на културните производи, со што ќе

---

[259] Достапно на: *https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=3412249* (пристапено на 20.08.2020 година).
[260] Достапно на *: https://ipkitten.blogspot.com/2019/04/dsm-directive-series-3-how-far-does.html* (пристапено на 21.08.2020 година).
[261] Види Axhamn, "The New Copyright Directive": Collective licensing (2019)), p.11.

се зајакнат плурализмот и европските културни индустрии наспроти моќта на преговарање на водечките платформи. Едноставно кажано, со Директивата ДСМ се предлага да се обезбеди ширење и наградување на „малите играчи“ пред Google, Facebook, Youtube и сличните.

Опфатот, ефектите и прекуграничната димензија на целите проследени со реформата којашто со себе ја носи оваа Директива му дадоа можност на законодавецот на ЕУ лесно да демонстрира дека принципите на супсидијарност и пропорционалност може да се почитуваат дури и ако новата законска рамка ги компресира овластувањата на земјите членки во однос на à vis Европската Унија.

Како и Директивата ИнфоСок, новата Директива 2019/790 на ЕУ има повеќе од една правна основа. „Центарот на гравитација“ е секогаш уметноста или поточно креативното изразување, уште пошироко творештво. ДФЕУ (Договор за формирање на Европската Унија) (претходно, чл. 95 од Договорот за економска заедница - ЕЕЗ) им овозможува на Европскиот парламент и Советот да усвојат мерки за приближување на националните закони, регулативи или административни акти со цел да се обезбеди воспоставување и функционирање на внатрешните пазари.[262]

Споредбено, вреди да се потенцира дека новата Директива не влијае на трите ексклузивни права утврдени во Директивата ИнфоСок. Првото е право да се одобри или забрани директна или индиректна, привремена или трајна репродукција со какви било средства и во каква било форма, целосно или делумно, за предметите наведени во чл. 2 од Директивата 2001/29 / ЕЗ. Второто право, поставено на чл. 3, е правото на корисниците наведено во чл. 2 да одобрат или забранат каква било комуникација со јавноста за нивните „дела“ (сфатена во широка смисла), преку жица или безжични средства, вклучително и ставање на располагање на нивните дела до јавноста на таков начин што пристапот до делата е избран индивидуално во однос на време и место од страна на самата јавност. Третото право е правото да се одобри или забрани каква било форма на дистрибуција до јавноста, со продажба или на друг начин, на оригиналното дело или на неговите копии (чл. 4).[263]

---

[262] Достапно на: *https://www.europarl.europa.eu/news/en/press-room/20190111IPR23225/questions-and-answers-on-issues-about-the-digital-copyright-directive* (пристапено на 22.08.2020 година).

[263] Достапно на: *https://www.ivir.nl/academics-against-press-publishers-right/* (пристапено на 22.08.2020 година).

Разликата којашто ја носи донесувањето на новата Директива споредбено со Инфосок Директивата е фактот дека претходно, земјите членки не беа слободни да влијаат на ексклузивните права на репродукција, комуникација со јавноста и дистрибуција, дозволувајќи други исклучоци и ограничувања освен оние наведени во Директивата од 2001 година. Тие сè уште можат да одлучат да ги одобрат тие исклучоци и ограничувања во нивните законски наредби и, во овој случај, тие имаа одреден простор за маневар за да ги обликуваат наведените отстапувања. Само во некои случаи, земјите членки мораа да применуваат исклучоци и ограничувања во однос на правото на фер надомест.

Исклучоците и ограничувањата на Директивата за ДСМ се „претходно спакувани" и земјите членки не можат да се воздржат од нивно пренесување во националното законодавство. Сепак, овие обврски на крајот се насочени кон поединци, кои ќе мора да се држат до новите национални одредби за авторското право, усвоени од земјите членки, со цел да бидат целосно усогласени со одредбите од Директивата 2019/790 на ЕУ.

Она што е сигурно, е дека со новата Директива, Европската Унија ги искористи амбициозните цели и иницираше сосема нова ера. Сигурно, правните и практичните последици не можат соодветно да се проценат во оваа фаза, бидејќи е потребно да се почека спроведувањето на Директивата од страна на сите земји членки. Но, она што може да се забележи како реална и постоечка контроверзија од носењето на оваа Директива, се темели на два централни проблеми:

1) Земјите членки продолжуваат да ги задржуваат широките овластувања, пред сè затоа што Директивата се потпира на премногу нејасни концепти и прешироки дефиниции прикажани во текстот погоре. Вистината е дека националните регулативи донесени за да се примени Директивата ќе варираат од една до друга земја членка. Значи, можно е една од главните цели на Директивата - имено рушење на домашните бариери што ги попречуваат транснационалните дигитални активности со усогласување на одредени аспекти на законот за авторско право на ЕУ - да остане мртво слово на хартија и изгледа дека правната сигурност што ЕУ толку многу ја посакува, ќе продолжи да биде уште еден недостижен сон на мало детенце. Правните аналитичари укажуваат дека во случаите коишто ќе следат,

Европскиот суд на правдата (ЕСП) ќе продолжи да ја извршува функцијата на „квази законодавна" власт.[264]

2) Директивата најверојатно ќе доведе до ограничување на категоријата „вистински корисници" на законот за авторско право на ЕУ. Тесниот опсег на исклучоци, улогата што ја играат мерките за техничка заштита и постоењето на технички потешкотии што произлегуваат од обврските утврдени во членовите 15 и 17, не можат да не ги попречуваат интересите на многу корисници и многу мали/средни даватели на услуги. Токму поради ваквиот недостаток на поедноставување, позицијата на технолошките гиганти реално можеме да очекуваме да ја видиме со епитет - зајакната. Ова мислење е поткрепено и со пример што произлегува од националната пракса. Франција веќе ја спроведе Директивата; сепак, новата француска регулатива (и, како последица на тоа, самата Директива) се покажува како „неспособна" да се спротивстави на преговарачката моќ на Google кон останатите фирми. Навистина, фактот дека Google истакна дека ќе прикажува статии, слики и видеа во резултатите од пребарувањето само доколку медиумските фирми се воздржат од барање за надомест на штета со давање поголем пристап до работите што кружат преку интернет, доведува до ризик од бројни злоупотреби уште од самиот почеток.[265]

На самиот крај, не треба да се занемари дека Директивата (ЕУ) 2019/790 се занимава само со „традиционални" стоки/добра прикачени преку интернет; наместо тоа, содржините коишто не се произведени од креативни индустрии не спаѓаат во рамките на примената на Директивата. И покрај тоа, стоките/добрата создадени од пошироката јавност и споделени преку интернет се очекува да бидат во првите редови на сѐ поголемиот број спорови од областа на авторско право. Тоа на крајот покажува дека дури и по последната реформа, правните прописи за авторско право на ЕУ не престануваат да бидат прилично фрагментирани и неконзистентени.

---

[264] Достапно на: *https://www.create.ac.uk/wp content/uploads/2017/02/OpenLetter_EU_Copyright_Reform_24 _02_2017.pdf* (пристапено на 23.08.2020 година).

[265] Достапно на: *https://www.european-views.com/2019/10/french-media-to-sue-google-for-refusing-to-pay-under-eus-new-copyright-law/* (пристапено на 23.08.2020 година).

Она што е впечатливо како политички цели коишто стојат зад Директивата, несомнено е модернизација на авторското право на ЕУ и нејзино изготвување во насока на подобрување на дигиталната иднина. Истите промовираат усогласување и правна сигурност и олеснуваат прекуграничен пристап до заштитената содржина. Но, некаде на патот, Директивата стана алатка за индустриска политика, фокусирана на заштита на интересите на актуелните носители на правата. Политичкиот компромис доведе до тоа, финалниот текст да се обликува повеќе со ефективно лобирање отколку со звучни емпириски докази и совети од експертите. Крајниот резултат е несовршен правен инструмент, со некои позитивни аспекти и неколку загрижувачки, за чии импликации допрва ќе сведочиме.[266]

[266] Меѓу клучните политички приоритети на ЕУ во периодот 2019-2024 година е „Европа спремна за дигиталната ера“. Во рамките на политичката агенда се споменуваат и неколку иницијативи кои се однесуваат на онлајн платформите - „Закон за дигитални услуги“, заеднички пристап и стандарди за прашања како дезинформации и онлајн говор на омраза, подобрување на работните услови за лицата ангажирани од онлајн платформите и оданочување на дигиталните бизниси. Политичките насоки беа проследени со објавување на Стратегијата „Обликување на дигиталната иднина на Европа“ во февруари 2020 година. Стратегијата предвидува низа законодавни и други мерки во насока на регулирање на различни аспекти на функционирањето на онлајн платформите. Комисијата дава визија за ЕУ која е придвижувана од дигитални решенија вкоренети во европските вредности и фундаментални права. Намерата е да се зајакне „европскиот технолошки суверенитет“, што ќе ѝ овозможи на ЕУ да дефинира сопствени правила и вредности во дигиталното опкружување. Во рамките на својата цел на постигнување отворено, демократско и одржливо општество, Комисијата има намера: да усвои нови правила за хармонизација на одговорностите на онлајн платформите (вклучително и во однос на содржината) и на провајдерите на информатички услуги, како дел од пакетот „Закон за дигитални услуги“. Да објави Акционен план за европска демократија за да се зајакне отпорноста на демократските системи, да се поддржи медиумскиот плурализам и да се одговори на заканите од надворешна интервенција во европските избори. Целта е да се развие заеднички пристап и заеднички стандарди за прашања како што е ширењето дезинформации“.

# ДЕЛ ВТОРИ - НОРМАТИВНА РЕГУЛИРАНОСТ И ОСНОВИ ЗА ОГРАНИЧУВАЊА НА СЛОБОДАТА НА ТВОРЕШТВОТО КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Вториот дел од оваа дисертација е посветен на правото на слобода на творештво кај дигиталното новинарство во Република Северна Македонија, разгледувана низ призмата на неговите ограничувања од граѓанско правен аспект. Особено внимание ќе се посвети на границите што произлегуваат од заштита на приватноста, заштита на честа и угледот и заштита на авторското и сродните права. Меѓутоа, за правилно да се разбере што значат границите на слободата на изразување, најнапред ќе се анализираат одредбите на Уставот на нашата држава, потоа одредбите содржани во Законот за медиумите. Овој дел има за цел да ја претстави и оправда третата посебна хипотеза поставена во рамките на дисертацијата којашто гласи: ***Саморегулацијата на медиумите и покрај суштинскиот елемент на автономност на регулирање, како поткрепа на постулатите на саморегулирањето потребно е да се потпира на јавниот поредок и императивни норми.***

# 1 ГЛАВА 1 - ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И НЕГОВИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА

## 1.1 Нормативна поставеност на правото на слобода на изразување во Република Северна Македонија

Едно од основните човекови права коишто уживаат гаранција согласно Уставот на РСМ[267], како највисок правен акт, е токму правото на слобода на изразување, чии гаранции пак, во рамките на член 16 од Уставот, може и потребно е, да се сфатат како гаранции кои се однесуваат на слободата на изразување на поединецот, односно граѓанинот и гаранции на слободата на јавно информирање и медиумите. Ваквата поделба е условна бидејќи правата се заемно тесно поврзани, а постојат и права кои подеднакво се однесуваат и на поединецот и на медиумите.[268] Во рамките на член 16 од Уставот на РСМ, а кои претставуваат права на поединецот, се вбројуваат правото на мисла, совест и убедување, правото на говор и јавен настап и правото на одговор и исправка во средствата за јавно информирање.[269] Во истиот член се предвидени и правата кои се поврзани со основањето и функционирањето на медиумите - правото на јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање и правото за заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Правото на слободен пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации и забраната за цензура пак, претставуваат права кои ги засегаат како поединците, така и медиумите. Член 16 од Уставот на РСМ се темели на правото на слободата на

---

[267] Уставот на РСМ, (донесен на 17 ноември 1991 година, и објавен во „Службен весник на РМ“ број 52 од 22.11.1991 година), со Амандманите од I до XXXII, објавени во „Службен весник на Република Македонија“, и тоа: - Амандманите I и II, во број 1 од 10 јануари 1992 година; - Амандманот III, во број 31 од 2 јули 1998 година; - Амандманите IV до XVIII, во број 91 од 20 ноември 2001 година; - Амандманот XIX, во број 84 од 30 декември 2003 година; - Амандманите XX до XXX, во број 107 од 9 декември 2005 година; - Амандманот XXXI, во број 3 од 9 јануари 2009 година, и испр. во број 13 од 29 јануари 2009 година; и - Амандманот XXXII, во број 49 од 12 април 2011година). Види Службен весник на РМ, бр. 6 од 12.1.2019 година, за одлука за прогласување за амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија.

[268] Види Шкариќ, Светомир, Силјановска- Давкова, Гордана, „Уставно право“, 2009, стр.67.

[269] Достапно на: *https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf* (пристапено на 24.08.2020 година).

уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, кое во својата суштина подразбира дека не може да постои слободата на изразување без да биде гарантирана слободата на мислата, пристап прифатен и во рамките на Европската конвенција за заштита на човековите права, каде со член 9 се гарантира слободата на мислата, совеста и верата, а со член 10 се заштитува правото на слобода на изразување, со сите различни аспекти на ова право, меѓу кои и правото на слобода на мисла, кое пак право е апсолутно право и не постои никаква можност истото да подлежи на определени ограничувања кои најчесто се предвидени, пред сѐ, заради заштита на определени општествени вредности и другите човекови права, гарантирани со Уставот и меѓународните документи.

Во став 2 од член 16 од Уставот на РСМ се гарантира правото на поединецот на слобода на говор и јавен настап, како и правото јавноста да биде информирана преку основање и функционирање на медиуми, чија заштита е нормативно прецизирана со донесување на низа закони со кои се воспоставуваат правилата за основањето на медиумите и информирањето на јавноста од нивна страна.[270] Со следниот став во рамките на овој член се гарантира слободниот пристап кон информациите и слободата на примање и пренесување на информации детално разработен во рамките на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.[271][272] Ова право е од исклучителна важност за обезбедување на слободата на функционирање на медиумите. Согласно ставовите 3 и 4 од членот 16 од Уставот, гарантирани се и правото на одговор и исправка во средствата за

---

[270] Види член 16 став 2 од *Уставот на РСМ* (донесен на 17 ноември 1991 година, и објавен во „Службен весник на РМ“ број 52 од 22.11.1991 година), со Амандманите од I до XXXII, објавени во „Службен весник на Република Македонија“, и тоа: - Амандманите I и II, во број 1 од 10 јануари 1992 година; - Амандманот III, во број 31 од 2 јули 1998 година.; - Амандманите IV до XVIII, во број 91 од 20 ноември 2001 година; - Амандманот XIX, во број 84 од 30 декември 2003 година; - Амандманите XX до XXX, во број 107 од 9 декември 2005 година; - Амандманот XXXI, во број 3 од 9 јануари 2009 година, и испр. во број 13 од 29 јануари 2009 година; и - Амандманот XXXII, во број 49 од 12 април 2011година). Види Службен весник на РМ, бр. 6 од 12.1.2019 година, за одлука за прогласување за амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија.

[271] Види член 16 став 3 од *Уставот на РСМ*, (донесен на 17 ноември 1991 година, и објавен во „Службен весник на РМ“ број 52 од 22.11.1991 година), со Амандманите од I до XXXII, објавени во „Службен весник на Република Македонија“, и тоа: - Амандманите I и II, во број 1 од 10 јануари 1992 година; - Амандманот III, во број 31 од 2 јули 1998 година.; - Амандманите IV до XVIII, во број 91 од 20 ноември 2001 година; - Амандманот XIX, во број 84 од 30 декември 2003 година; - Амандманите XX до XXX, во број 107 од 9 декември 2005 година; - Амандманот XXXI, во број 3 од 9 јануари 2009 година, и испр. во број 13 од 29 јануари 2009 година; и - Амандманот XXXII, во број 49 од 12 април 2011година). Види Службен весник на РМ, бр. 6 од 12.1.2019 година, за одлука за прогласување за амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија.

[272] Види Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија” бр. 13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/2015, 55/2016, 64/2018 и 101/2019)

јавно информирање. Со одредбата од ставот 5 од членот 16 од Уставот се гарантира правото на заштита на изворот на информација во средствата за јавно информирање, кој се однесува на информациите со сензитивна содржина, како и на свиркачите, како лица кои се спремни да изнесат вакви информации (whistleblowers). За таа цел во 2015-та кај нас е донесен и посебен Закон за заштита на укажувачите[273], со кој се регулираат заштитеното пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите, односно правните лица во врска со заштитено пријавување и обезбедувањето заштита на свиркачите.[274]

Во следниот став од член 16 од Уставот, предвидена е забрана на цензурата, која се дефинира како превентивен претходен преглед од страна на некое тело, орган на власта, црква, партија или приватно лице, на материјал кој треба да се објави преку печатот, радиото, телевизијата или некој друг медиум, пред неговото објавување, а заради давање на дозвола за негово објавување, или пак, забрана за објавување на определени материјали и нивна заплена и уништување.[275]

Еден од основните уставни принципи (член 8 став 2 од Уставот на РСМ), а кои се од исклучителна важност за остварување на правото на слобода на изразување е следниот - слободно е сѐ што со Устав и закон не е забрането. Оттука, при пласирање на одредена вест во јавниот етер потребно е да се постави свесно прашање за тоа дали одредена работа, вест, настан е дозволено да биде кажана, споделена или објавена.

Интернетот како насекаде низ светот, така и во нашата земја се развива со едно рапидно темпо, кое води до зародиш на нови бројни сајтови и нови оналјн услуги, кои промени ја диктираат политиката на пазарот на содржини и услуги. Интернет медиумите сѐ почесто се јавуваат како главен извор на информации, но за поголем дел од експертскиот, образовниот и јавниот дискурс истите се неверодостојни и невистинити и ѝ

[273] Види Закон за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18).
[274] Достапно на: *https://vistinomer.mk/zakonot-za-svirkachite-vo-sila-implementatsijata-ke-bide-glavniot-test/* (пристапено на 25.08.2020 година).
[275] Види член 16 од Уставот на Република Северна Македонија, (донесен на 17 ноември 1991 година, и објавен во „Службен весник на РМ“ број 52 од 22.11.1991 година), со Амандманите од I до XXXII, објавени во „Службен весник на Република Македонија“, и тоа: - Амандманите I и II, во број 1 од 10 јануари 1992 година; - Амандманот III, во број 31 од 2 јули 1998 година.; - Амандманите IV до XVIII, во број 91 од 20 ноември 2001 година; - Амандманот XIX, во број 84 од 30 декември 2003 година; - Амандманите XX до XXX, во број 107 од 9 декември 2005 година; - Амандманот XXXI, во број 3 од 9 јануари 2009 година, и испр. во број 13 од 29 јануари 2009 година; и - Амандманот XXXII, во број 49 од 12 април 2011 година). Види Службен весник на РМ, бр. 6 од 12.1.2019 година, за одлука за прогласување за амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија.

нудат на публиката информации и вести кои водат до појави на пропаганда и говор на омраза, од кои понатаму се раѓаат политичките, етничките и верските поделби кои доминираат на социјалните мрежи. Имено, оваа состојба е последица од тоа што поголем број од медиумите кои постојат единствено на веб (веб-домородни медиуми, или веб-нативни медиуми) вработуваат мали некадарни екипи, од неколку луѓе, кои пласираат содржина која честопати е на многу ниско професионално ниво. Голем број од нив сè уште немаат кориснички правила или политики за приватност[276].

Доста впечатлива појава е повторувањето на речиси идентична содржина (содржината на вести или мислења на истакнати јавни личности) на неколку онлајн медиуми истовремено, како и на многу тривијална содржина, која во повеќето случаи е нелегално преземена од друг дигитален медиум, која појава само говори за фактот дека Законот за авторското право и сродните права бележи слаба имплементираност. За жал, сè повеќе се добива впечаток дека истражувачкото/граѓанското новинарство во рамките на дигиталните медиуми е речиси отсутно, додека интерактивноста и мултимедијалноста се сведени на базично ниво на користење. Често не постојат РСС-врски (Real Simple Syndication) со содржината (РСС-фидови), хипервrски (хиперлинкови), а таговите, т.е. означувањето и референцирањето друга содржина преку клучните зборови, се користат и ретко, и несоодветно.[277] Голем дел од медиумските редакции не се интегрирани и се поделени на платформи во зависност од економската и политичката моќ од која трпат влијание. Голем дел од опишаната состојба се должи на отсуството на стратегија за користење на дигиталните медиуми.[278]

Во правниот систем на Република Северна Македонија, нормативната рамка која ја уредува слободата на изразување во дигиталното новинарство ја сочинуваат следните закони: Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета[279], Законот за медиуми[280] и

---

[276] Достапно на: https://www.osce.org/mk/fom/316166?download=true (пристапено на 27.08.2020 година).

[277] Достапно на: *https://travelsdocbox.com/Eastern_Europe/86952349-Ovaa-analiza-e-objavena-vo-ramkite-na-proektot-makedonija-vo-digitalnata-era-megju-pravata-i-odgovornostite-pri-komuniciranjeto-na-internet.html* (достапно на 27.08.2020 година).

[278] Текстот која претходи е претставен и во трудот на авторот, за конференцијата во шестиот семестар од третиот циклус на студии, а насловен „Ограничување на правото на слобода на изразување во светлина на правните инстиути клевета и навреда - Република Северна Македонија“, одбранет на 25.05.2021 година.

[279] Види Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета Службен весник на РМ, Бр.143/2012.

[280] Види Закон за медиуми „Службен весник на Република Македонија” бр. 184/2013 и 13/2014

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[281].[282] Законски одредби кои спаѓаат во поширокта област на правото на слободата на изразување се содржани и во Кривичниот законик, Законот за класифицирани информации, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер итн.[283] Судирот помеѓу правото на слобода на изразување од една страна, и правото на углед и чест, како и правото на приватност од друга страна, а кој се јавува како камен темелник на оваа дисертација, е оправданата основа за главните ограничувања на слободата на изразување во секое модерно демократско општество. Како одговор на овој судир кој како проблематика егзистира во сите земји на светот, се јавуваат законски механизми со чија помош се воспоставува рамнотежа помеѓу овие права, односно правото на слобода на изразување од една страна и правото на приватност и чест и углед, од друга страна.

За секој од овие закони, како и за целата подзаконска реулатива, која ја сочинува погоре споменатата нормативна рамка, подетално ќе биде елаборирано во тематските единици кои следат, а во контекст на ограничувањето на слободата на творештвото/изразувањето кај дигиталното новинарство. Во овој дел, значајно е да спомeнеме дека Законот за медиуми донесен 2013 година, а изменет веќе следната година, бил и е контроверзен по својата природа, исто како и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Самото носење на законите било проследено со преговори меѓу Владата и здруженијата на новинарите, бојкотирање на јавните расправии и јавни конфронтации. Предлог верзијата на законите била критикувана и од специјалните претставници на ОБСЕ за слободата на медиумите. На крајот од 2013 година било објавено дека е постигнат договор меѓу ЗНМ и Владата околу предлог текстот на законот, но тоа дополнително создаде раздор меѓу новинарите. Предмет на регулација на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се правата, обврските и одговорностите на радиодифузерите (пред сѐ радиото и телевизиите). Меѓу декларираните цели на овој закон е и унапредување на слободата на изразување, иако од неговото стапување на сила па сѐ

---

[281] Види Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на РМ, бр.184/13...132/17
[282] Види "*Macedonia in the digital age – between the rights and responsibilities while communicating on Internet*", Macedonian Institute for the Media (2015), p.76.
[283] Види Tahiri, Sefer & Adamcevski, Micer "*Reporting in the Public Interest - Protection of the Ethical Principles in the Media Reporting through the Work of the Press Complaints Commission. Council of Media Ethics of Macedonia*", (2017), p.22.

до денешен ден може да се заклучи дека не придонесе значително за подобрување на состојбите. Значителна новина во законот беше воведувањето на новиот орган, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, која го замени дотогашниот Совет за радиодифузија.[284]. Измените во Законот за медиуми ги изземаа електронските медиуми и публикации, а што претходно беше предмет на сериозна критика поради нивната преголема регулација. Измените во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги вклучија и нов став кој вели дека секое ограничување на содржините во медиумите да биде во согласност со практиката на ЕСЧП. Меѓутоа, ова остана само како гола декларација, бидејќи не беа пропишани дополнителни законски механизми за имплементирање на ова начело.

Оттука, во моментов, не постојат рестриктивни одредби кои опфаќаат мрежни медиуми (т.е. платформи) како блогови, независни портали за вести, веб-страници за граѓанско новинарство, форуми, социјални страници за медиуми, додека истовремено се зголемуваат стравувањата од ширење на појавата на „лажни вести“ и кампањи за дезинформации, кои можат потенцијално да се искористат за наметнување дополнителни рестрикциски регулативи кои го уредуваат правото на слобода на изразување преку интернет. Благодарение на блоговите, социјалните медиуми, порталите за вести и другите платформи, поединците кои живеат во Западен Балкан се изложени на поширок опсег на информации од јавен интерес и можат дури и да учествуваат во собирањето вести во кој процес самите можат да се јават во улога на „граѓански новинари“, која реалност става еден голем знак прашалник за тоа колку може да зборуваме за професионално новинарство во регионот на Западен Балкан, а особено внимание посветуваме во главите кои следат со приказ на примери од дигиталното новинарство.

[284] Достапно на *https://znm.org.mk/?page_id=1412&lang=en* (пристапено на 28.08.2020 година).

## 1.2 Ограничување на правото на слобода на изразување - национална безбедност

Пренесувањето и објавувањето информации коишто можат да ја загрозат националната безбедност не потпаѓаат под остварување на правото на слобода на изразување. Притоа, треба да се има на ум дека изразот „национална безбедност" опфаќа закани за територијалниот и националниот интегритет, но не ги опфаќа сите закани кон точно определена власт, туку постојат неколку специфични ситуации кои се појавуваат како повод за ограничување на правото на изразување:[285]

- *Предизвикување насилство;*
- *Предизвикување расна, верска и национална омраза;*
- *Повикување на уривање на уставниот поредок.*

Во сите овие случаи неопходно потребно е да постои директна врска меѓу злоупотребата на правото на слобода на изразување и фактичките последици што настанале. Тоа значи дека застапувањето определени идеи и нивно пласирање во јавноста е дозволено сѐ до моментот кога, како директна последица на таквиот говор, не се појави насилство или пак, на друг начин не се загрози социјалната кохезија.

## 1.3 Ограничувања на правото на слобода на изразување - Заштита на деловна тајна, заштита на јавниот морал и заштита на авторското право

Правото на слобода на изразување може да биде ограничено и кога станува збор за заштита на одредена деловна тајна. Во Република Северна Македонија не постои посебен закон за заштита на деловна тајна, а со тоа ни законска дефиниција на истата. Во рамките на ЕУ постои посебна директива која ја регулира деловната тајна.[286] Па, така сѐ додека се работи за деловна тајна која во себе не вклучува нарушување на јавниот интерес, нејзината заштита е легитимна.

---

[285] Види Ljubić D., "*Ustavi pojmovi prava, slobode, jamstva, načela, mogućnosti i zabrane*", Hrvatska pravna revija, Zagreb, 2011, str. 1.

[286] Види Directive (EU) 2016/943 of the European Parliament and of the Council of 8 June 2016 on the protection of undisclosed know-how and business information (trade secrets) against their unlawful acquisition, use and disclosure

Во однос на поставеноста на ова право кон заштитата на јавниот морал, потребно е да се истакне дека постојат бројни разлики помеѓу решенијата на земјите низ светот, бидејќи станува збор за една растеглива категорија, која во голема мера зависи од културниот контекст. Сепак, постојат генерални правила, како што е, на пример, грижата за правилниот развој на младата личност, кои изложувањето на младите на прекумерно насилство и порнографски материјал го сметаат за повреда на јавниот морал и повреда на правото на личноста да се развива во здрава средина, па оттука системот на рејтинзи и прагови во однос на ова прашање, постои речиси во сите земји.

# 2 ГЛАВА 2 - ПРАВНА НОРМИРАНОСТ И АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ВО ОДНОС НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНАТА ЗАШТИТА ОД КЛЕВЕТА И НАВРЕДА КАЈ ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 2.1 Појава, поим и нормираност на институтите клевета и навреда во правниот систем на Република Северна Македонија

Една од основните цели на оваа дисертација е да го пронајде балансот помеѓу судирот којшто постојано е во тек помеѓу правото на слободата на изразување кај дигиталните медиуми и правото на чест и углед, како и правото на приватност. За таа цел, а во светлина на насловот којшто го носи оваа дисертација сметаме дека е неопходно потребно да се разгледа заштитата од клевета и навреда којашто претставува ограничување на правото на слобода на изразување гледано од граѓанско-правен аспект, а разгледувани низ призмата на дигиталното новинарство.

Со цел детално прикажување на институтите клевета и навреда во светлина на нивно поимање како ограничувања на правото на слобода на изразување кај дигиталното новинарство, потребно е да се изврши нивно дефинирање. Оттука, правниот институт клевета бележи свои корени уште во Римското право, познат како кривично дело libellis famosis, за кое било предвидено и смртна казна. Денес, сè уште постојат законодавства во чии рамки клеветата носи статус на кривично дело, а како една од санкциите е превидена и казна затвор.

Честа и угледот претставуваат составен, неделлив дел од личноста на една индивидуа. По правило, честа се определува како збир на нематеријални вредности кои ги поседува секоја личност како единка, а истовремено, и како припадник на одредена општествена заедница. Истата се стекнува од моментот на раѓање. Од друга страна, пак, угледот претставува составен дел, компонента на честа, кој лицето го стекнува преку своето однесување и достигнување во животот. Со други зборови, честа се добива со самото раѓање, независно од другите околности и таа е неразделна од секоја индивидуа и еднаква по големина кај сите живородени човечки суштества, за разлика од угледот кој

човекот го гради од моментот на раѓање и може да се каже дека секој човек сам за себе ужива различен углед.

Основна цел која треба да се постигне е избалансираност помеѓу правото на слобода на изразување и заштитата на честа и угледот. Ниедно од овие права нема апсолутен карактер. Затоа треба да се види во кој дел овие права можат да ги шират своите концентрични кругови, притоа да влезат во резонанца или во поништување со круговите на другите права. Ова се чини дека е најтешкиот дел на кој треба да се даде одговор. Правото може да се јави како примарен регулатор, но фактот што ова се категории кои се доста апстракни и поединечно својствени за секоја индивидуа, тешко дека само со правни норми овој баланс може да се постигне.

Во Република Северна Македонија во 2012 година, е донесен Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, со кој впрочем, се декриминализираат правните институти клевета и навреда, а почитувајќи ги препораките на Советот на Европа. Процесот на декриминализација го иницираше Здружението на новинарите на Македонија, а на нивната иницијатива се придружија и другите граѓански организации што работат во областа на медиумите и слободата на изразувањето, со главна цел избегнување на појавата на самоцензурирањето на новинарите. Втората причина за декриминализација на клеветата беше големиот број на приватни кривични тужби за клевета против новинари, за кои Здружението тврдеше дека се користат како средства за вршење притисок и заплашување. Во моментот на декриминализација на навредата и клеветата, пред македонските судови се водеа околу 330 кривични постапки за навреда и клевета. Од таа бројка, а користејќи ја можноста да ја продолжат постапката, пред граѓанските судови беа префрлени 80-тина тужби за навреда и клевета против новинари. Од тој момент, бројката на активни тужби за навреда и клевета постојано опаѓа.

Појавата на клеветата се јавува како одговор на потребата за разрешување на конфликтот помеѓу честа и угледот на поединецот и правото на слобода на изразување. Но, што всушност претставува поимот на чест и углед во услови каде не постои единствена и концизна дефиниција на истите? Дали под нив е инкорпориран и негативниот углед, дали постои разлика помеѓу угледите на јавните личности, функционерите и обичните граѓани?

Прописите коишто го уредуваат правниот институт клевета ги исцртуваат границите на слободната критика и означуваат кога истата престанува да ужива заштита. При исцртување на тие граници, законодавците честопати поимите на углед и чест ги поврзуваат со поимот на достоинство како вредност која секоја индивидуа ја поседува и која нужно мора да биде заштитена во секое општество. Законите за човекови права имаат за цел да го штитат достоинството - еднакво за сите луѓе, без разлика дали се познати личности или не. Во нашиот правен систем, материјата поврзана со заштитата на угледот и честа е уредена со Законот за облигациони односи (член 625).

Освен определувањето на поимот клевета, овие прописи ги определуваат и санкциите за клевета, основите за исклучување на одговорноста за клевета, прашањето за извинување, реакција и демант како средства за ублажување на штетата по честа и угледот, прашањето за основата, висината и условите за определување на надоместот за клевета.[287] Од овие прописи, предмет на интерес на оваа дисертација е конкретно словото на нашиот закон, кој прави разлика меѓу поимите на клевета и навреда. Во оваа насока, потребно е да се нагласи дека во голем број правни системи оваа разлика не постои и воопшто навредата како правен институт. Причината за оваа состојба е поимањето на навредата како мислење или став на поединецот, а не изразување на невистина. Оттука, сметаме дека потребна е реформа на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда во насока на укинување на концептот на навреда. „Итните реформски приоритети на ЕУ", во областа на навредата и клеветата поставуваат барања за отстранување на „навредата" и со неа поврзаните дела од Законот, затоа што навредата не влегува во дефиницијата за клевета според член 10 од ЕКЧП кој пак, како што видовме погоре, ја определува слободата на изразување којашто не е апсолутно право и истата може да биде ограничена. При усвојување на законодавството за клевета и навреда, неопходно потребно е да се внимава на балансот со правото на слободата на изразување кое е од клучно значење за едно демократско општество, затоа што овозможува отворен проток на идеи и повикување на властите на одговорност. Овој документ (ЕКЧП) кој е од огромно значење за нашата земја како земја која без компромис чекори по патот на европските вредности, инсистира на намалување на бројот на случаи на тужби за навреда и клевета што ќе

---

287 Достапно на: *http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-en.asp?fileid=17588&lang=en3* (пристапено на 05.09.2020 година).

стигнат до судовите, а препораките се однесуваат на промените во процесните правила со зголемување на улогата на медијацијата, како и на улогата на саморегулацијата и воздржувањето од тужење на новинари од страна на политичарите.

Согласно став 1 од член 8 од Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда: „За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен, и може да знае, дека се невистинити“. Во однос на граѓанската одговорност за клевета, тој што е тужен во одредена судска постапка е должен да ја докажува вистинитоста на фактите содржани во тврдењето, односно во текстот што е авторски. Во случај на пренесена вест, текст или друга содржина, доколку таа е атрибуирана, интернет порталот што е тужен е должен да докаже дека таа била пренесена и дека тој не е нејзин автор. Во однос на докажувањето, доволно е да се докаже дека имал основна причина да поверува во вистинитоста на тврдењата. По исклучок не е дозволено докажување на вистинитоста на факти што се однесуваат на приватниот живот на тужителот, освен ако изнесувањето такви факти е сторено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење службена должност, на новинарската професија, на политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување, на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес. Ако клеветата се состои во јавно префрлање на друг дека сторил кривично дело или дека е осуден за такво дело, одговорноста е исклучена ако изјавата е дадена во јавен интерес и ако лицето што ја дало ќе ја докаже нејзината одговорност, вистинитост или ќе докаже дека имал основана причина да поверува во вистинитоста на таквите факти.[288] Ако изнесувањето на невистинитите факти се пренесува преку медиум, за тоа одговара авторот на текстот, а уредникот или неговиот заменик и правното лице одговараат врз начелото на претпоставена одговорност. Тужителот може да ги тужи сите одговорни во медиумот или дел од нив. Новинарот нема да одговара за клевета ако докаже дека клеветничката изјава му е наложена од уредникот или издавачот или неговиот текст е битно изменет од уредникот. Исто така, новинарот нема да одговара за клевета ако објавената изјава добила

---

[288] Види член 8 од З*акон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, Бр.143/2012).*

клеветнички карактер со нејзиното подготвување од уредникот со ставање наслови, поднаслови, фотографии, извлекување на делови од изјавата од нејзината целост, најави или друг начин.[289] Здружението на новинари на Македонија има изготвено анализа за тоа кои се најчестите причини за носење на вакви пресуди.[290]

Дефиницијата на навредата е дадена во член 6 став 1 од ЗГОНК, па така, за навреда одговара тој што: „со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази за друг понижувачко мислење, со кое се повредува неговата чест и углед".[291] Согласно овој Закон, одговорност за навреда постои доколку навредата се упатува во сериозна критика, во вршење на новинарската професија, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, а при тоа изнесување на понижувачко мислење за друг може да се утврди дека од начинот на изразувањето или од другите негови околности произлегува дека тоа нема значење на навреда или дека не предизвикало значителна повреда на честа и угледот на личноста и дека не е изнесено исклучиво со цел да се понижи личноста на друг или да се омаловажи неговата чест и углед. Исто така, Законот предвидува дека не е одговорен за навреда тој што ќе изнесе понижувачко мислење за носител на јавна функција во јавен интерес ако докаже дека тоа е засновано врз вистинити факти, или ако докаже дека имал основана причина да поверува во вистинитоста на таквите факти, или ако изјавата содржи оправдана критика или поттикнува расправа од јавен интерес или е дадена во согласност со професионалните стандарди и етика на новинарската професија.[292] Нема елементи на граѓанска одговорност за навреда доколку еден интернет портал пренесе изјава што е дадена во работата на Собранието на Република Северна Македонија, во работата на советите на општините и градот Скопје, во управна или судска постапка или пред народниот правобранител, пренесено мислење содржано во службен документ на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, органите на управата, судовите или други

---

[289] Достапно на : *https://travelsdocbox.com/Eastern_Europe/86952349-Ovaa-analiza-e-objavena-vo-ramkite-na-proektot-makedonija-vo-digitalnata-era-megju-pravata-i-odgovornostite-pri-komuniciranjeto-na-internet.html.* (пристапено на 12.09.2020 година).
[290] Види https://znm.org.mk/analiza-presudi-za-kleveti-i-navredi-n/ (пристапено на 01.08.2021)
[291] Види *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, Бр. 143/2012).*
[292] Види член 6 од *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, Бр. 143/2012).*

државни органи, соопштение или други документи на меѓународни организации или конференции, соопштение или друг документ за информирање на јавноста издадени од надлежни државни органи, установи или други правни лица, соопштение или друг службен документ од истраги за сторени кривични дела или прекршоци и во самата изјава се пренесени мислења изнесени на јавен собир, во судска постапка или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се известува за изјава што е јавно соопштена од друг.[293] Во согласност со професионалните новинарски стандарди, пренесувањето одредена изјава на друг треба да се атрибуира, односно, во насловот или во текстот со кој се пренесува одредена вест, треба да се назначи кој ја дал таа изјава. Според оваа дефиниција, за навреда се смета само онаа навредувачка изјава во која има намера за омаловажување. Тоа значи дека ако судот не гледа зла намера во некоја навредувачка изјава објавена во медиуми, може да го ослободи новинарот од одговорност. Одговорност за навреда постои ако со навредувачкото дејство се омаловажува угледот на правно лице, група лица или умрено лице. За навреда нема да одговара новинарот ако докаже дека објавувањето на навредливата изјава му било наложено од уредникот или содржината на неговата изјава е битно измената од уредникот. Исто така, новинарот не одговара за навреда ако објавената изјава добила навредлив каракер со нејзиното подготвување со наслов, надналов, поднаслов, фотогарфии или извлекување на делови од изјавата од нејзината целост. Истиот принцип се применува доколку уредникот докаже дека навредливата изјава објавена во медиум е наложена од издавачот.[294]

Во рамките на Законот предвидена е и заштита на изворот на информацијата како основа на принципите на новинарското работење. Па така, предвидено е дека од новинар или друго физичко лице што професионално врши дејност на информирање на јавноста, во судска постапка за утврдување граѓанска одговорност за навреда или клевета согласно со законот, не може да се бара да го открие својот таен извор на информации за фактите за кои е должен да ги докажува. Но, судот може да побара од тужениот да ги открие релевантните информации заради утврдување на вистинитоста на објавената

---

[293] Види член 7 од *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, Бр. 143/2012).*
[294] Види "*Остварување на правото на слобода на изразување- теорија и практика*", Здружение на граѓани Институт за човекови права Здружение за развој Центар за управување со промени, 2017.

информација, без притоа да се идентификува изворот на информацијата. Во Република Северна Македонија во пракса се среќаваат повеќе случаи на заштита на изворот на информации.[295]

Покрај основите за исклучување на одговорноста за клевета од член 9 ставови (2), (3) и (4) од овој закон, исклучена е одговорноста за тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг, што е дадено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ако се изнесува или пронесува тврдење што е содржано во соопштение, одлука или друг документ на државен орган, установа или правно лице, или е изнесено на јавен собир, во судска постапка или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица, или се пронесува тврдење што е јавно соопштено од друг. На лицето што го изнесува или пренесува таквото тврдење му е оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информации, на кое се повикува во својата одбрана; невистинитите факти, содржани во тврдењето, имаат споредно значење во однос на вистинитите факти на кои се однесува тврдењето и не ја менуваат целовитата смисла на вистинито тврдење или во средство за јавно информирање се изнесуваат факти што се однесуваат на прашања од јавен интерес со повикување на сериозни извори на сознанија за нивната вистинитост, спрема кои тужениот постапувал со потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.[296] За клевети во медиумите новинарите нема да одговараат ако се прнесуваат информации кои се однесуваат на прашања од јавен карактер со повикување на сериозни извори на сознанија на нивната вистинитост, спрема кои новинарот постапувал со потребна мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.[297]

---

[295] Види https://crithink.mk/pravila-na-igra-pome-u-novinarot-i-izvorot/ (пристапено на 01.08.2021)

[296] Види член 9 од *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, Бр. 143/2012)..*

[297] Достапно на: *https://crithink.mk/kako-novinarite-da-se-zashtitat-od-kleveta/* (пристапено на 14.09.2020 година).

Според нашиот Закон, а и според општоприфатените меѓународни практики, фактите во случај на судски спор за клевета прво ги докажува авторот на објавената изјава, во светлина на нашата теза, новинарот. Тој што пред суд ќе ја докаже веродостојноста на фактите не може да одговара за изјавите кои може и да имаат клеветнички карактер. Ако новинарот во текот на постапката не успее да ја докаже вистинитоста на фактите, тогаш за да не одговара за клевета треба да докаже дека имал причина да поверува во вистинитоста на фактите што ги објавил. Тоа подразбира дека новинарот поверувал на невистинити факти затоа што податоците ги добил од кредибилен извор на информации или дека му биле презентирани во форма на официјален документ. Трета можност новинарот да ја докаже неговата невиност за објавување на некоја клеветничка изјава е да покаже дека прашањето за кое пишува има јавен интерес. Овој принцип предвидува новинарите да не одговараат за објавување на клеветнички изјави ако за нивното објавување има јавен интерес, а со нив имало намера да се отвори дебата. Се смета дека новинарите имаат право преку таков жесток говор дури и да ја шокираат јавноста за да се предизвика реакција на одговорните за некое прашање од висок јавен интерес. Од исклучителна важност за новинарите е што во Законот има одредба со која вистинитоста на фактите не ја докажува само новинарот, туку и тужителот кога тој е носител на јавна функција, која одредба е силна алатка во рацете на новинарите затоа што во пракса има случаи кога функционери тужат за објавени новинарски текстови каде тие се обвинети за некоја злоупотреба, меѓутоа, ги кријат официјалните документи, а земајќи го предвид фактот дека на новинарите им е исклучително тешко да дојдат до потребните документи.[298] Таков е примерот со тужбата во која како странки се јавуваат поранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкуловска и тогашниот портпарол на СДСМ Петре Шилегов, при што првостепениот суд досудил оштетно побарување од 500.000 денари во корист на Јанкуловска. Постапувајќи по жалба, Апелациониот суд во Скопје, ја поништил пресудата на првостепениот суд и предметот го вратил на повторно одлучување, при што е досудено оштетно побарување од 200.000 денари. Во решението на Апелација било посочено дека при повторното разгледување првостепениот суд ќе има задача да утврди дали изнесените податоци се од јавен интерес, затоа што Јанкуловска во

---

[298] Достапно на: *https://www.pravdiko.mk/graganska-odgovornost-za-navreda-i-kleveta/* (пристапено на 14.09.2020 година).

тоа време била носител на функција и врз основа на тоа да се цени дали е нанесена клевета.[299]

Иницирањето на тужбата за надомест на штета како правна последица од одговорноста за навреда и клевета е условено со упатување на барање за извинување и јавно повлекување на содржината за која тужителот смета дека е клеветничка или навредлива, кое треба да биде објавено на истото место и во истиот обем во печатеното средство за јавно информирање или на интернет страницата, или во исто време и во ист обем, во електронските средства за јавно информирање или интернет страницата, како и информацијата на која се реагира, најдоцна во рок од 48 часа од денот на доставувањето на реакцијата. Ако навредата или клеветата е сторена по пат на средство за јавно информирање или компјутерски систем, оштетениот (се мисли на физичкото или правното лице што смета дека одредена содржина наменета кон него е клеветничка или навредлива) има право да поднесе барање за објавување одговор, демант или исправка во рок од седум дена од денот кога дознал дека е објавена, но не подоцна од еден месец од нејзиното објавување.[300] Средството за јавно информирање што ја објавило клеветничката или навредливата содржина (текст или сл.) го објавува демантот, одговорот или исправката во рок од два дена од доставувањето на барањето, во првиот нареден број, ако се работи за периодични изданија, или во друго средство за јавно информирање, ако се работи за непериодична публикација. Демантот, одговорот или исправката се објавува на истото место или време и во ист обем како и информацијата на која се реагира (наслов, наднаслов, поднаслов, текст во пишани средства за јавно информирање или интернет страница, најава во информативна програма, прилог).

Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во поглед на граѓанската одговорност за навреда, предвидува судот да може да досуди одреден износ на нематеријална штета поради одредена навредлива содржина само во случај ако лицето против кое е поведена судската постапка не се извинило и јавно не ја повлекло

---

[299] Види: https://akademik.mk/osnoven-sud-skopje-2-shilegov-da-plati-200-iljadi-denari-na-jankulovska-za-kleveta/ (пристапено на 01.08.2021)

[300] Види член 14 од *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, Бр. 143/2012*).

навредливата изјава или ако навредата ја повторило по судската одлука со која се забранува таквото повторување.[301]

Во однос на висината на паричниот надомест на штета за навредата и клеветата, судот ги зема во предвид сите околности на случајот, а особено околностите за имотната состојба на тужениот, како и дали тужителот ги презел сите дејства за ублажување на казната предвидени во членовите 13 и 14 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Висината на паричниот надомест на штета за навредата и клеветата е пропорционална со штетата нанесена на угледот на оштетениот, којшто исто така, може да бара од судот и надомест на материјална штета што се состои во вистинската штета и во изгубената добивка. Законот за граѓанска одговорност има одредена новина во смисла дека е утврден максималниот износ што смее да се досуди во случај против одреден новинар, уредник и правно лице за навреда или за клевета. За новинар максималниот износ е 2.000 евра во денарска противвредност; за уредник или лице што го заменува износ до 10.000 евра во денарска противвредност; за правното лице износ до 15.000 евра во денарска противвредност.[302] Тужителот може да поднесе тужба за надоместување на нематеријална штета за навреда и клевета три месеци од денот кога дознал за навредливите и клеветничките изјави против него, со кои била предизвикана штета по неговата чест и углед, но не подоцна од една година од денот кога изјавата била дадена пред трето лице. Ако тужителот умре во текот на судскиот процес, негов наследник може да ја продолжи постапката ако поднесе барање за тоа, најдоцна три месеци од смртта на тужителот. За да се избегне можноста тужбите за клевета да се одолговлекуваат и да се користат како средство за притисок врз медиумите, во Законот е предвидено постапката да биде итна. Во членот 22 од Законот се вели дека кога е поднесена тужба против новинар или медиум, судот е должен постапката да ја започне во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на тужбата. Судот постапката ја води без одложување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да спречи секаква злоупотреба на правата на странките. По поднесување на тужба, на барање на тужителот, судот може да одредува привремена

---

[301] Види член 16 од од *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, Бр. 143/2012).*

[302] Види член 18 од *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, Бр. 143/2012).*

судска мерка за да се спречи понатамошно објавување на навредливи и клеветнички изјави. Привремените мерки, според членот 23 од Законот, можат да се одредуваат само за навредливи или клеветнички изјави кои веќе се објавени и ако нивното понатамошно објавување би предизивикало непоправлива нематеријална штета. За привремени мерки судот одлучува три дена по приемот на барањето и забраната се однесува само на конкретна навредлива или клеветничка изјава. Судот може да го одбие барањето за изрекување на привремени судски мерки ако во конкретниот случај постојат основи за исклучување на одговорноста за навреда и клевета.

## 2.2 Клеветата и навредата во светлото на Законот за облигациони односи и Законот за парнична постапка

Сè повеќе земји ја исклучуваат кривичната одговорност за клеветата и навредата со што граѓанско-правниот механизам е најсоодветен механизам за утврдување на одговорност на лицето, кое наклеветило и за репарирање на штетата по честа и угледот на наклеветениот. Не може да се смета дека е клеветничко секое фактичко тврдење, кое е штетно за честа и угледот. Во таа насока се и одредбите од Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда според кој не може да се утврди одговорност за клевета за изјава, која е вистинита, што претставува имплементирање на принципите на Европскиот суд за човекови права, кој во повеќе пресуди потенцира дека вистинита објава, колку и да е штетна за честа и угледот, не може да биде предмет на осуда за клевета. Изнесувањето на лични и семејни прилики порано беше третирано како кривично дело, но со декриминализацијата на клеветата и навредата и ова дело го доби граѓанско-правниот статус во однос на неговата повреда.

Прашањето за товарот на докажување е уредено во чл. 205 од Законот за парнична постапка[303] каде е наведено дека секоја странка е должна да ги изнесе фактите и да предложи докази врз кои го заснова своето барање или со кои ги побива изводите и доказите на противникот. Иако, во одредбата се зборува за должност, всушност се работи за товар, бидејќи ако странката не го стори она што одредбата ѝ го наложува, штетните

[303] *Службен весник на Република Македонија*, бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15.

последици од тоа само неа ја погодуваат; таа не го сторила вистинито своето тврдење и нејзиното барање или приговор нема да бидат усвоени. [304]

Во многу случаи останува недефинирано чија треба да биде тежината на докажување. Дел се за наклонетост на тој товар кон некоја од страните, но се чини дека е најисправно да се избалансира ваквата обврска. Ако ги следиме правилата на парничната постапка, тужителот е тој врз којшто би требало да падне товарот за докажување во сите случаи. Во секој случај и да остане товарот на докажување врз тужениот – тужителот би требало да има товар да докаже дека изјавата е малициозна, со намера да наштети и да докаже реална репутација во средината во којашто се движи и живее.

Ако се земат измените на ЗГОНК, тогаш во случај кога станува збор за носител на јавна функција е и оној кој е носител на товарот за докажување и има законска можност да образложи конкретни факти кои се директно поврзани со вршењето на неговата функција доколку тужениот докаже дека имал основани причини за изнесување на тврдење што е од јавен интерес. Сето ова е во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови и права каде што носителите на јавни функции поради природата на својата функција и привилегиите коишто ги уживаат треба да бидат помалку чувствителни на јавна критика.[305]

Како процесни дејствија кои им стојат на располагање на странките во врска со докажувањето или изведувањето на докази како процесни дејствија чија цел е да го убеди судот во вистинитоста на наведените факти од кои зависи одлуката на спорот, им стојат на располагање доказните средства: исправа (чл. 215 од ЗПП), сведок (чл. 220 од ЗПП), вештак (чл. 235 од ЗПП), странката која го дава својот исказ (чл. 249 од ЗПП) и индициите (чл. 361 од ЗПП). [306]

Одговорноста за навреда и клевета се врзува со личноста за оној за кој се терети дека ја извршил, односно таа има субјективен карактер. Истото е дефинирано и во чл. 6 ст. 1 од ЗГОНК е наведено дека за навреда одговара тој што со намера да омаловажи, со

---

[304] Види Чавдар К.*Закон за парнична постапка со коментари, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар*, Второ изменето и дополнето издание, Академик, Скопје, 2011.

[305] Анализа на предлогот на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Центар за развој на медиуми [последен пат пристапено на 04.03.2021] https://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/02/Ekspertiza-Kleveta-i-navreda.pdf.

[306] Види Чавдар, К, Закон за парничната постапка - коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, трето издание и дополнето издание, Ададемик 2011.

изјава, однесување, објавување или на друг начин, ќе изрази за друг понижувачко мислење, со кое се повредува неговата чест и углед. Понатаму, во член чл. 8 ст. 1 од ЗГОНК е наведено дека „За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити. Субјективната одговорност за причинета штета е посебен вид граѓанско-правна одговорност. Посебно во таа смисла што кај неа, покрај деликтната способност на штетникот, неговото противправно дејствие, штетата која настанала од него и постоењето на каузалитетот (причинската врска) помеѓу нив, се бара уште и постоење на вина на страната на штетникот. Без нејзното постоење изостанува неговата за настаната штета. Од тоа јасно произлегува дека одговорност за штета и обврската таа да се надомести, не произлегува од самиот факт на нејзиното причинување, туку од фактот што штетното дејствие со кое таа била причинета може да му се припише во вина на штетникот. Во случајов, вината, покрај напред наведените општи услови (штетно дејствие, штетата и причинската врска), се јавува и како четврт, посебен услов, но уште и како основ врз кој се темели конкретната одговорност на штетникот. Тоа практично значи дека вината овде е основната причина, решавачка околност што ја оправдува одговорноста на ова дејствие. [307]

Според член 145 од Законот за облигациони односи вина постои кога штетникот причинил штета со намера или со невнимание (крајно, обично или друг степен на невнимание) предвиден со закон. Вина постои кога се презема дејствие што е недозволено, а лицето што делувало е способно за расудување. Степенувањето на вината зависи од интензитетот на способноста за расудување и од интензитетот на волјата дејствието да се преземе. Законот прави разлика помеѓу намерно и ненамерно причинување на штета. Делото е сторено намерно ако сторителот бил свесен за последиците кои ќе настанат од неговото делување, па сепак се согласил на нивното настанување. Па така, намерата може да биде директна или евентуална. Кај директната намера сторителот свесно сакал со своето однесување да му причини штета на друг, или во конкретниот случај за предметите со навреда и клевета, сторителот свесно со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази за друг

[307] Види Галев, Г., Дабовиќ Анастасовска, Ј., *Облигационо право,* 3-то изд., Просветно дело, Скопје, 2012.

понижувачко мислење, односно изнесува или пронесува невистинити факти за друго лице, ја повредува честа и угледот на оштетениот. Кај евентуалната намера сторителот немал непосредна цел со преземањето на одредено дејствие да му причини штета на оштетениот.

Претпоставената одговорност согласно чл. 159 и чл. 160 од ЗОО, се однесува на одговорност за штета од опасен предмет или опасна дејност, кога се претпоставува дека штетата настанала од таков предмет или од дејност чие вршење претставува зголемена опасност од настанување на штета за околината. Повикувањето на претпоставена одговорност во ЗГОНК е спротивно на одредбите од ЗОО, од причина што ваквата дејност не би можела да се третира како опасна дејност или предметот со кој се сторени да се третира како опасен. Одговорноста на овие лица кои можат да бидат тужени во некој спор како пасивно легитимирани за надоместување на штетата, може да се разгледува само како одговорност за штета по основ на вина согласно член 145 од ЗОО.

Во согласност со чл. 188 од ЗОО, во случај на повреда на личните права оштетениот може да бара на трошок на штетникот, објавување на пресудата, односно исправката, повлекување на изјавата со која е сторена повредата, или нешто друго со што може да се оствари целта која се постигнува со справедливиот паричен надоместок, а со што се сака да се постигне некаква морална сатисфакција со ваквото објавување.

## 2.3 Преглед на актуелна состојба во правниот систем на РСМ по повод граѓанска одговорност за клевета и навреда кај дигитални медиуми - анализа и приказ на релевантни експертски мислења и приказ на примери од судската пракса (анонимизирани)

Статистиката која произлегува од податоците добиени од оперативниот систем АКМИС којшто за својата работа го користи Основниот Суд Скопје 2 Скопје, како надлежен суд за решавање на предметите за споровите по повод граѓанска одговорност за навреда и клевета, покажува дека бројот на нерешени предмети за сите судови со проширена надлежност изнесува 108 предмети по повод граѓанска одговорност за клевета и навреда на крајот на 2020 година. Во тековната година се примени 71 предмети, а вкупниот број на решени предмети на крајот на извештајот е 53. Во 2019 година бројот на примени предмети за граѓанска одговорност за клевета и навреда изнесува 75 предмети, а

на крајот на годината биле решени 99 предмети. Во 2018 година бројот на примени предмети за граѓанска одговорност за клевета и навреда изнесува 70 предмети, додека на крајот на годината биле решени 104 предмети.

Со цел доближување и разбирање на проблематиката на ограничување на правото на слободата на изразување кај дигиталното новинарство, следи краток приказ на аноминизирани пресуди по повод граѓанска одговорност за клевета и навреда во чии рамки како една од страните се јавува дигитален медиум, поточно лице поврзано со работата на дигиталните медиуми. Така:

Во пресудата донесена на 18.06.2015 година каде како тужител се јавува Е.К., а во својство на тужени се јавуваат Д.Н. и правно друштво за издаваштво, графичка дејност и трговија, тужбеното барање на тужителот делумно се усвојува затоа што во својство на главен и одговорен уредник и издавач на порталот www.xxx.mk на истиот на ден х.х.2013 година објавиле текст со наслов „хххх, во кој се објавени невистинити факти штетни за честа и угледот на тужителот. Во рамките на пресудата се наведува дека тужителот се стекнал со сознание за објавените текстови веднаш по објавувањето на начин што за истото го известиле голем број негови пријатели и членови на семејството. Со оглед на тоа дека се почувствувал многу навреден и наклеветен како личност и како докажан стопанственик во државата и регионот, и сметал дека за него се изнесени невистини со кои му е повредена честа и угледот, веднаш по сознанието лично се обратил до првотужениот, по што остварил средба со него и побарал да го повлече објавениот текст. Со оглед на тоа дека обидот останал безуспешен, тужителот преку својот полномошник отпочнал со предметна постапка согласно законот. По однос на мериторната одлука на судот по поставеното тужбено барање судот утврдил дека истото е делумно основано, поточно утврдил основаност на тужбеното барање во делот на постоење на граѓанска одговорност на тужените за клевета и навреда, а барањето за надомест на нематеријална штета поради повреда на личните права на тужителот на чест и углед во предјавениот износ го одби како неосновано, поради следните причини:[308]

*Тужителот тужбеното барање во првиот дел го постави согласно одредбата од член 8 став 1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, според која за*

[308] Пресудата е добиена по поднесено барање од страна на докторантот за пристап до пресуди достапни во АКМИС системот при Основен Суд Скопје 2 Скопје, со цел изработка на предметната докторска дисертација.

*клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити.*

*Во одредбите од чл. 9 и 10 од истиот закон стриктно се предвидени основите во кој случај се исклучува одговорноста за клевета, додека за оние случаи кои не се регулирани во наведениот Закон, согласно член 2 од истиот, судот е должен да ја применува Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (чл.10) и практиката на Европскиот суд за човекови права.*

*Во контекст на цитираните одредби судот пред сè ги провери наводите на одбраната на тужените за исклучување на одговорнста за клевета предвидени во одредбите од член 10 од наведниот Закон со кои е регулирано во кои случаи е исклучена одговорноста за клевета со тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг што е дадено покрај останатото во вршење на новинарска професија во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси.*

*Во случајот судот, имајќи ги во вид сите околности на предметната правна работа и утврдените битни факти за донесување на одлуката, утврди дека наведените услови од цитираната одредба за исклучување на одговорноста на тужените за клевета не се исполнети. Ова од причина што навистина можеби од насловот на текстот на предметната содржина, судот би можел да прифати дека се работи за тема од јавен интерес како што наведува тужениот, за која граѓаните треба да бидат информирани. Меѓутоа, по однос на основаноста на предметната тужба судот имаше во вид дека во конкретниот случај објавените текстови со целосната содржина би ја оствариле ваквата намера на авторот во целост, доколку во истите не би биле опфатени спорните содржини со многу идентификациони детали кои директно се насочени кон личноста на тужителот, како приватно, така и професионално и кои, земени во целина упатуваат на заклучок дека авторот на текстовите не постапувал со доволна мера на претпазливост, туку дека без да изврши доволна и релевантна проверка на информациите, изнел невистинити факти за тужителот кои се подобни да ја дискредитираат неговата личност. Токму поради сето изложено, според мислењето на судот произлегува дека*

*имајќи ја во вид претпоставената одговорност на тужените од чл.8 ст. 4 од ЗГОНК, произлегува дека тие не постапувале со потребна мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.*

*По однос на правното прашање дали постојат основи за исклучување на одговорноста за клевета во смисла на чл. 10 од ЗГОНК според мислењето на судот, во конкретниот случај примена наоѓаат одредбите од ст.1 в.в. со т.4 кои предвидуваат дека исклучена е одговорноста за клевета со тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг ако во средство за јавно информирање се изнесуваат факти кои се однесуваат на прашања од јавен интерес со повикување на сериозни извори на сознанија за нивната вистинитост, спрема кои тужениот постапувал со потребна мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.*

*Во контекст на цитираните одредби судот имаше во вид и тоа дека согласно практиката на Европскиот суд за човекови права во Стразбур и правните мислења изразени во неговите пресуди, единствено се поставува прашањето дали првотужениот дејствувал праведно и одговорно при собирање и објавување на добиените информации. Конкретно во смисла на третирањето на ова прашање, судот има искажано свое правно мислење во пресудата во случајот (AXEL SPRINGER AG против Германија, Пресуда на судот во Стразбур од 07.02.2012 година) и тоа дека дури и во случај кога е прифатено дека информациите произлегле од сериозен извор, тоа значи дека само медиумот би можел да се потпре на својата веродостостојност, меѓутоа тоа не го ослободува од обврската да го балансира својот интерес за објавување на информациите во однос на правото на почитување на приватниот живот на одредено лице заштитено со чл.8 од Конвенцијата. Имено, таа балансирана примена би можела да се изврши само од страна на медиумот, бидејки тој „сериозен извор“ не бил во позиција да знае како и во каква форма би се објавиле информациите.*

*Поради овие причини судот е на мислење дека примена наоѓа ст.2 од членот 10 од Конвенцијата и тоа дека остварувањето на овие слободи не се апсолутни бидејќи тие вклучуваат и обврски и одговорности, па под определени услови можат да бидат ограничени и санкционирани ако тоа е предвидено со Закон и кога во едно демократско општество ќе се утврди дека користењето на слободата на изразување го повредува*

*угледот или правата на другите. При утврдувањето на ова пречекорување на маргината на правото на слободата на изразување на првотужениот, кое право генерално го има секое лице според ст.1 од Конвенцијата, судот ги имаше во вид сите погоре изложени околности на случајот, па поради тоа утврди дека се исполнети условите за утврдување на повредата од страна на тужените со санкционирање на пропустите во нивното однесување, погоре опишано, со тоа што судот утврди нивна одговорност за клевета спрема тужителот сторена на опишаниот начин.*

*Во случајот судот даде приоритетна заштита на правото на приватност на тужителот загарантирано со Конвенцијата кое, според мислењето на судот, во случајот ужива поголема правна заштита од правото на слобода на изразување заштитено со чл.10 од Конвенцијата на кое се повикува тужената страна. Ова од причина што во случајот тужените ги преминале дозволените маргини повикувајќи се на правото на слобода на изразување бидејќи согласно чл.10 ст.2 од Конвенцијата, остварувањето на овие слободи не е апсолутно бидејки истите можат да бидат ограничени и санкционирани ако тоа е предвидено со Закон и кога во едно демократско општество ќе се утврди дека користењето на слободата на изразување го повредува угледот или правата на другите.*

*Меѓутоа, судот утврди дека не се исполнети условите за досудување на паричен надомест на нематеријална штета на тужителот поради повреда на неговите лични права на чест и углед, бидејки според мислењето на судот, според сите околности на случајот, самото утврдување на повредата претставува правично задоволување за нематеријалната штета на тужителот. На вакво мислење се повикува и Европскиот суд за човекови права (Случајот GOODVIN против Обединетото кралство, пресуда од 27.03.1996 година по жалба бр.17488/90 ), а исто така, примена наоѓаат и одредбите од домашната легислатива и тоа одредбите од Законот за облигациони односи на кој упатува одредбата од чл.17 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Според одредбата од чл.9-а од Законот за облигациони односи произлегува дека секој има право на заштита на своите лични права, а како лични права помеѓу останатите се подразбира и правото на чест и углед. Според одредбата од чл.189 од истиот Закон, во случај на повреда на овие права, судот досудува справедлив паричен надомест ако смета дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа.*

Во пресудата донесена на ден 26.05.2017 година во случајот каде како тужител се јавува Б.С, а во својство на тужен се јавува М.С., тужбеното барање е одбиено како неосновано. Тужителот ја започнува граѓанската постапка од причина што на ден х.х.2015 година тужениот како автор во електронската публикација www.xxx.mk. со намера да наштети на честа и угледот на тужителката, изнел невистинити факти што се штетни за нејзиниот чест и углед, на начин што објавил текст со даден наслов и фотографија. Во рамките на пресудата се наведува дека на утврдување на спорниот битен факт кој е автор на предметниот објавен текст со наслов „хххх?“ којшто е предмет на тужбеното барање, видно од предложените и изведени докази, судот утврди дека од истите не произлегува дека тужениот М.С. е автор на истиот. Имено, авторството на тужениот не произлегува од предложениот и изведен доказ на оваа околност - скрин принтот од веб страницата на електронската публикација www.xxx.mk - на која е објавен спорниот текст со фотографијата од тужителката, со оглед на тоа дека никаде на оваа страница не е ставено името на авторот на текстот:[309]

*Товарот на докажување согласно одредбата од член 208 од Законот за парничната постапка е на страна на тужителот пред сè по однос на фактите во врска со идентитетот на лицето чија одговорност се бара за сторената клевета. При ваква состојба, кога тужителката не го докажа фактот дека тужениот е автор на предметниот текст со кој наводно е сторена клевета, судот утврди дека не се исполнети условите од член 8 став 1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета врз основа на кој би се утврдило дека постои било каков степен на одговорност на тужениот за предметната клевета спрема тужителката. Токму поради овие причини, судот натаму не се впушти во утврдување на фактите за вистинитоста или невистинитоста на предметните тврдења во текстот кои се предмет на ова тужбено барање, а бидејќи како што произлегува од предходно изложеното, не е исполнет основниот услов, а тоа е пасивната легитимација на тужениот која не се докажа за натаму судот да го испитува постоењето и на останатите услови од цитираната одредба. Имено, според наведената одредба за постоење на одговорност за клевета е потребно кумулативно да бидат исполнети сите наведени услови, а најпрво истата*

[309] Пресудата е добиена по поднесено барање од страна на докторантот за пристап до пресуди достапни во АКМИС системот при Основен Суд Скопје 2 Скопје, со цел изработка на предметната докторска дисертација.

*предвидува да е познат идентитетот на лицето чија одговорност се бара. Впрочем, одредбата започнува со тоа дека за клевета одговара тој што ..... и натаму следат останатите услови ...... за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити.*

*Поради изложените причини следуваше тужбеното барање на тужителката судот да го одбие како неосновано и тоа само од причина што тужителката со предложените и изведени докази не докажа дека тужениот е тој којшто во својство на автор на спорниот текст постапил на начин кој го предвидува одредбата од член 8 став 1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.*

*Без оглед што е од ирелевантно значење за веќе донесената пресуда, судот смета за потребно да напомене дека тужителката најпрво со предметната тужба, тужениот го посочи како одговорен за предметната клевета во својство на уредник и новинар на електронската публикација www.xxx.mk и во поткрепа на фактите за ваквото својство на тужениот М.С. како доказ приложи скрин принт од веб страницата на наведениот портал од xxx година од која во импресумот лицето М.С. е наведен како главен и одговорен уредник (сопственик).*

*Порталот, односно интернет веб страницата како електронска публикација претставуваше медиум според чл.2 ст.1 и ст.3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ број 184/13) до стапување на сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми на ден 23 јануари 2014 година кога со истиот електронските публикации беа исклучени од средства кои претставуваат медиуми. Со оглед на тоа, порталот www.xxx.mk не претставува медиум и истиот нема ниту уредувачка политика, ниту пак, главен и одговорен уредник. Тоа значи дека без оглед што на веб страницата на порталот www.xxx..mk М.С. е наведен како главен и одговорен уредник (сопственик), истиот во моментот на објавување на предметниот текст не можел да го има ова својство согласно Законот за измени и дополнувања на Законот на медиуми, па поради овие причини тужениот не може да биде пасивно легитимиран во оваа постапка ниту во својство на главен и одговорен уредник на порталот.*

Во пресудата донесена на ден 20.02.2018 година тужбеното барање на тужителот

С.Д. за утврдување на граѓанска одговорност за сторена навреда на тужениот А.М. затоа што истиот во својство на сопственик на интернет порталот www.xxx.mk на ден x.x.2016 година објавил текст со навредлива содржина кон тужителот и со изјавите во текстот го навредил и понижил тужителот со што му го нарушил угледот и честа на тужителот, се одбива како неосновано од причина што:[310]

*Според мислењето на овој суд согласно позитивната легислатива во нашата држава не е предвидена одговорност на сопственик на електронска публикација за каква што се смета интернет веб страница. Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми („Службен весник на РМ“ бр.13 од 23.01.2014 година) кој стапи на сила на ден 24.01.2014 година, електронските публикации се бришат во делот кој се однесува на дефинициите за значењето на одделни изрази од законот предвидени во чл.2 од истиот, така што истите повеќе не претставуваат медиуми кое значење го имаа со Законот за медиуми („Службен весник на РМ“ бр.184 од 26.12.2013 година). Според тоа, електронските публикации не претставуваат форма на уреднички обликувана програмска содржина. Меѓутоа, ниту во позитивниот Закон за медиуми кој е lex specialis, ниту пак во одредбите на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета не постои, ниту пред измените постоела одредба според која е предвидена граѓанска одговорност на сопственик на електронска публикација за навреда и клевета.*

*При ваква состојба, бидејки во нашето законодавство не е предвидена одговорноста на сопственик на електронска публикација, судот нема право според законот за случај којшто не е опфатен во нашето законодавство, своите пресуди да ги базира на правни образложенија содржани во пресудите на Европскиот суд за човекови права, дотолку повеќе што истите имаат свои специфичности во зависност од домицилното право на државите против кои е поднесена апликацијата. Токму поради овие причини, ЕСЧП при одлучувањето најпрво утврдува дали повредата на правото на која укажува апликантот е регулирана во домашното законодавство, односно дали постои легитимна цел која се заштитува, а доколку тоа не е случај, во својата пресуда ЕСЧП укажува дека постои повреда поради тоа што тужената држава во своето законодавство не регулирала одредено прашање и укажува дека тоа треба да го стори*

---

[310] Пресудата е добиена по поднесено барање од страна на докторантот за пристап до пресуди достапни во АКМИС системот при Основен Суд Скопје 2 Скопје, со цел изработка на предметната докторска дисертација.

*со цел да не се наштетува на правата на нејзините граѓани. Поради овие причини и без оглед што му е познато правното образложение на пресудата на ЕСЧП во случајот Делфи АС против Естонија, според мислењето на судот истото не може да го примени во конкретниот случај, токму поради фактот што тоа право не му го дава нашиот закон врз основа на кој судот ги темели своите одлуки. Овој суд, во прилог на правното образложение на пресудите ги прифаќа правните мислења искажани во пресудите на ЕСЧП кои се однесуваат само на случаите кои како повреда на право се предвидени и во нашето законодавство.*

*Поради овие причини, при состојба кога во нашето позитивно законодавство, а конкретно во одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета не е предвидена граѓанска одговорност за навреда и клевета на сопственик на електронска публикација, односно интернет портал, во какво својство е посочен тужениот во оваа постапка од страна на тужителот, следуваше судот, тужбеното барање на тужителот да го одбие како неосновано, без да се впушти во утврдување на фактите дали во спорните објавени изјави на интернет порталот xxx.mk на ден x.x..2016 година има елементи на навреда и клевета кон тужителот.*

Во пресудата донесена на ден 20.02.2014 година тужбеното барање на тужителите МКРМ и Е.К.М. делумно се усвојува и се утврдува граѓанска одговорност на тужениот И.И. за сторена клевета спрема тужителката затоа што истиот во својство на член на XXX на Прес-конференциите одржани на ден xxx година пред електронските и пишувани медиуми и тоа Дневник, Утрински весник, Вечер, Вест, Шпиц, Форум, Време, Нова Македонија, А1 Телевизија, Алфа ТВ, Телма ТВ, Курир, Е Репортер, РС Европа, Мак Факс, Инпрес, МТВ, Сител ТВ, Македонско сонце ТВ, МИА, Нетпрес, Алсат ТВ и Канал 5 ТВ со намера да наштети на честа и угледот на тужителката. Во рамките на пресудата се истакнува следното:[311]

*Согласно член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, секој човек има право на слобода на изразување кое право го опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување на информации или идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Според став 2 од истиот член на Конвенцијата*

---

[311] Пресудата е добиена по поднесено барање од страна на докторантот за пристап до пресуди достапни во АКМИС системот при Основен Суд Скопје 2 Скопје, со цел изработка на предметната докторска дисертација.

*остварувањето на овие слободи не се апсолутни бидејќи тие вклучуваат и обврски и одговорности, па под определени услови можат да бидат ограничени и санкционирани ако тоа е предвидено со Закон и кога во едно демократско општество ќе се утврди дека користењето на слободата на изразување го повредува угледот или правата на другите.*

*Европската конвенција за заштита на човековите права во нашето национално законодавство е имплементирана во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета според кој се гарантира слободата на изразување, но во определени услови таквата слобода може да биде санкционирана и ограничена во случај кога со слободното изразување се наштетува на правата на другите.*

*Согласно одредбата од чл.8 ст.1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, за клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити.*

*Тужениот во својата одбрана се повика дека како политичар согласно неговата позиција имал обврска да постапува на начинот на кој тоа го сторил заради заштита на јавен интерес.*

*Ваквите наводи на одбраната на тужениот во смисла на исклучување на неговата одговорност за предметната клевета согласно чл.10 ст.1 т.1 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета беа предмет на внимателна оцена од страна на судот, меѓутоа судот утврди дека во конкретниот случај наведените одредби не наоѓаат примена. Ова од причини што неспорно е својството во кое настапил тужениот при давање на спорната изјава, а тоа е дека се работи за политичар и дека делови од изјавата содржат факти кои наоѓаат поткрепа во документ на државен орган.*

*Според тоа, тужениот во овој дел од изјавата можел разумно да се потпре на наведеното официјално известување и за истото да се обрати на тужителот за било каква проверка на работата согласно законот. Доколку тужениот го сторил тоа на овој начин, истиот не би ја преминал маргината која подразбира критика и поттикнување на слободна дискусија за проблеми од јавен интерес кои во конкретниот случај се однесуваат на правилноста на работењето со кое раководи тужителката. Во овој дел изјавата содржи многу сериозни обвинувања неподдржани со докази кои не*

*придонесуваат за формирање на јавното мислење на начин достоен за заштита во едно демократско општество. Ова нешто, несомнено укажува на општата поента на изјавата на тужениот која како целина ја презентира на јавноста, а која нѐ упатува на заклучок дека тужениот постапувал искрено и со добра намера, па секако, истата може да придонесе кон поткопување на довербата на граѓаните во легалното работење на тужителката. Во овој контекст, судот смета за потребно да напомене дека начелото утврдено со правото дека постои повеќе слобода на дејствување при примена на слободата на изразување во областа на политички говор или дебата, или по прашања од јавен интерес или во случаи на критикување на политичари, на кое исто така се повика тужениот, според мислењето на овој суд не треба да се толкува дека го дозволува објавувањето на какви било непроверени клеветнички изјави. Ова начело, едноставно значи дека во областите споменати погоре и во однос на политичари, одреден степен на претерување во тврдења или дури одреден степен на навреда треба да се толерира и не треба да биде санкциониран. Меѓутоа, начелото не значи дека угледот на политичарите е оставен на милоста на медиумите или други лица кои се занимаваат со политика, или пак дека таквиот углед нема право на истата правна заштита како онаа на кој било друг поединец. Угледот е света вредност за секое лице, вклучително и политичарите и е заштитен како човеково право според Конвенцијата за доброто на секој поединец без исклучок. (Пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур во случајот Линдон, Очаковски – Лоренс и Жули против Франција број на жалба 21279/02 и 36448/02 од 22 октомври 2007 година, а особено во делот од согласувачкото мислење на судијата Лукис Лукаидес кој постапувал како член на советот, како и пресудата во случајот Бразилие против Франција 71343/01 од 11 ноември 2006 година).*

*Напротив, судот, хронолошки гледано од целината на доказите утврди дека тужениот најпрво можел за многу битно прашање од јавен интерес и многу сериозно обвинување кое подлежи на кривична одговорност, најпрво да го искористи правото на институционална заштита согласно законот, а не со давање на изјави за медиуми со сериозни обвинувања непоткрепени со докази.*

*Врз основа на утврдената фактичка состојба и сето претходно изложено, судот оцени дека тужениот при давањето на своите изјави за медиумите не постапувал со цел да го оствари своето право на слобода на изразување согласно чл.10 од Конвенцијата,*

*бидејќи согласно истиот член, тој имал обврска да преземе поголеми мерки на претпазливост, водејќи сметка за заштита на правата на другите и презумпцијата на невиност, а не да дејствува според сопствената проценка, туку според сериозни настани чија материјалност би можела да се докаже или негира за да ги докаже своите тврдења.*

*При одлучувањето, како што е погоре наведено, судот особено ја имаше во вид одредбата од чл.10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и упатувачката одредба од чл.2 ст.2 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета на оваа Конвенција и практиката на Европскиот суд за човекови права содржана во неговите пресуди. Во овие рамки, судот при донесувањето на одлуката се раководеше од фактот дека се работи за постоење на две неутрални и подеднакво важни права кои не се хиерархиски поставени едното во однос на другото. Притоа, судот водеше сметка за праведната рамнотежа, односно балансот помеѓу заштитата на слободата на изразување како што предвидува чл.10 и заштитата на репутацијата на оние против кои се дадени спорните тврдења, право кое како аспект од приватниот живот е заштитено со чл.8 од Конвенцијата.*

*Тужбеното барање на тужителката во поглед на височината, судот делумно го усвои.*

*При определувањето на паричниот надомест на име нематеријална штета поради повреда на угледот и честа на тужителката, судот ги имаше во вид сите околности на конкретниот случај, особено височината на штетата да биде пропорционална со легитимната цел што тужителката бара да ѝ биде заштитена како што предвидуваат одредбите од чл.16 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и во смисла на ст.4 од наведениот член, фактот дека тужениот не понудил извинување или на друг начин не направил сериозен обид да ги отстрани штетните последици на клеветата и тоа од иницирањето на кривичната до завршување на оваа постапка.*

*Во смисла на наведениот член, како и одредбите од чл.9-а од Законот за облигационите односи кој предвидува дека секој има право на заштита на своите лични права, а како лични права помеѓу останатите се подразбираат и правата на чест и углед, како и одредбата од чл.189 од наведениот Закон кој предвидува дека во случај на*

*повреда на овие права судот досудува справедлив паричен надомест ако оцени дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, следуваше судот делумно да го усвои тужбеното барање по однос на предјавениот износ и одлучи како во изреката на пресудата.*

По приказ на пресуди по предметите по повод граѓанска одговорност за клевета и навреда кај дигитални медиуми со компаративен пристап за нивно одлучување од страна на судот пред и по измена на Законот за медиуми, сметаме дека е неопходно потребно да дадеме приказ од извршените интервјуа со судии од Основниот Суд Скопје 2 Скопје, кои постапувале/постапуваат по предмети од клевета и навреда, а во светлина на правното егзистирање на овој институт кога во рамките на постапување се опфатени и дигиталните медиуми. Оттука, следи интервјуто спроведено со судија Весна Калковска како долгогодишен и истакнат судија во Основен суд Скопје 2 Скопје, а кој до неодамна беше еден од двајцата судии кои единствено постапуваа по предмети од клевета и навреда во рамките на судот:

**Прашања за интервју:**

**1. Кој е впечатокот којшто Вие како судија од предметната област, а по години постапување во судски предмети по истата, го добивате - дали посебниот закон којшто ги уредува правните институти клевета и навреда води кон ефективно справување со појавата на ширење на лажни вести во РСМ?**

**2. Дали во моментов согласно постојната состојба постои зрелост и потреба за изменување на одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета?**

**3. Во која насока се неопходни промени на законските одредби?**

**4. Кои се предизвиците со коишто еден судија треба да се соочи при донесување одлука во судски процеси по повод клевета и навреда упатени со употреба на дигитални медиуми, имајќи ја предвид брзината со која технологијата се менува?**

**5. Согласно состојбата од завршените судски процеси, дали во РСМ неосновано се ограничува слободата на изразување кај дигиталното новинарство и доколку да, кои се причините за истото?**

**6. Дали при постапувањето, судиите доволно се осврнуваат на праксата на**

**Европскиот суд за човекови права и дали се повикуваат на актуелните Директиви коишто ја уредуваат авторско-правната заштита на делата на новинарите?**

**7. Дали институтот на парична надомест за сторена нематеријална штета се јавува како соодветен коректив на сторената повреда на чест или углед на повредената страна?**

**8. Дали во РСМ често се донесуваат прекумерни суми за парична надомест за сторена нематеријална штета за клевета или навреда и дали сметате дека на тој начин доаѓа до повреда на правото на слобода на изразување на медиумскиот работник?**

**9. На кој начин медиумските работници можат да се заштитат од прекумерно органичување на правото на слобода на изразување при креирање на своите текстови?**

**10. Дали во РСМ постои политичко мешање во процесот на одлучување по предмети од клевета и навреда и кои се начините со кои еден судија може да се заштити од истото?**

***Одговори на интервју:***

***1. Генерално, да. Ова од причина што во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета се имплементирани одредбите на Европската конвенција за човекови права, особено чл.10 од истата и судот при одлучување ги има во предвид и Законот и Конвенцијата. Но, секако, останува потребата од подобрување на законот во делот за ширење на лажни вести преку електронските медиуми што и онака е проблем во светот, а дотолку повеќе што со Законот за измени и дополнување на Законот за медиуми од 2014 година електронските публикации се избришани како медиуми во традиционална смисла на зборот, односно како средства за јавно информирање со уредувачка политика.***

***2. Да, токму во посочениот дел со цел да се отстрани разноликоста при донесување на судските пресуди и да се примени законот, а не заклучоци на одделите на Апелационите судови кои не обврзуваат.***

***3. Во делот кој го споменав по однос на спорни изјави објавени преку електронските***

***публикации ( социјални мрежи, портали...) како и во делот на предвидените износи за надомест на штета за новинарите и правните лица (радиодифузери и издавачи на медиуми) кои според мене се дискриминаторски затоа што се предвидени само за оваа група физички и правни лица.***

***4. Во овој дел судијата особено треба да ги има потребните знаења и од областа на информатичката технологија кои се битни за утврдување на околностите, начинот, местото и времето на објавата на спорната клеветничка/навредлива содржина кои влијаат на одлуката на судот. Во овој дел, судиите при оцена на предложените докази од странките во досегашната пракса главно ја употребуваат сопствената едукација и способност, а во дел кога е предложен доказ и кога е можно истиот да се изработи врз основа на расположливите докази, судот користи вештачење од областа на дигиталната форензика. Во овој дел, треба де се напомене и фактот дека и странките, а особено нивните полномошници, адвокати, не секогаш се доволно спремни да обезбедат квалитетни докази со сите потребни елементи кои ќе послужат како база за изработка на вештачење.***

***5. Согласно судската пракса, генерално сметам дека немало случај на неосновано ограничување на слободата на изразување кај дигиталното новинарство, дотолку повеќе и поради позитивната законска регулатива во оваа област која ја споменав погоре (т.1 и т.2).***

***6. Секако, во секој конкретен предмет каде што е можна примена на праксата на ЕСЧП судот истата ја применува во образложението на своите пресуди, токму поради имплементацијата на Европската ковенција за човекови права во нашето домашно законодавство, а конкретно и во Законот за граѓанска одговрност за навреда и клевета кој содржи упатувачка одредба за примена на практиката на ЕСЧП. Од друга страна, во досегашната практика на судовите не ми е познато дека согласно поставените тужбени барања во предметните тужби против новинарите имало случаи во кои се применувале актуелните Диреткиви коишто ја уредуваат авторско-правната заштита на делата на новинарите, ниту пак дека новинарите се повикале на заштита на нивни авторски дела.***

***7. Кога ќе се имаат во предвид сите релевантни околности кои ги предвидуваат одредбите од Законот за граѓанска одговоност за навреда и клевета при***

***определување на надоместокот на нематеријална штета, според мое мислење, во практиката на судовите најчесто институтот на парична надомест за сторена нематеријална штета се јавува како соодветен коректив на сторената повреда на чест или углед на повредената страна.***

***8. Во РСМ судовите при донесување на пресудите не досудуваат прекумерни суми за парична надомест за сторена нематеријална штета за клевета или навреда, а најчесто ваквите тужби за сторена навреда или клевета од страна на новинарите се одбиваат, а во усвоените случаи се досудуваат минимални износи на надомест на штета, така што не се повредува правото на слобода на изразување на медиумскиот работник.***

***9. Медиумските работници можат да се заштитат од било какво, па и прекумерно органичување на нивното право на слобода на изразување при креирање на своите текстови само доколку ги применуваат стандардите и правилата на новинарската професија, етичкиот кодекс на новинарите, како и навремено и вистинито известување на јавноста врз основа на сериозни извори на сознанија.***

***10. Моето мислење во врска со одговорот на прашањето за постоење на политичко мешање во процесот на одлучување по предмети од клевета и навреда во РСМ е дека истото пред сѐ зависи од професионалниот однос, совесноста и стручноста на секој судија при вршењето на судската функција и доколку судијата постапува на овој начин, тој изразува спремност соодветно да се справи со евентуален притисок од било какво, па и политичко мешање во неговата работа.***

Следи приказ на интервјуто спроведено со истакнатиот судија Кети Германова како судија од Основен Суд Скопје 2 Скопје, којшто истовремено се јавува и како активен член на работните групи за измена и креирање на законските решенија за остварување на правото на слобода на изразување во рамките на медиумите и пошироко.

Прашања и одговори за интервју:

**1. Кој е впечатокот којшто Вие како судија од предметната област, а по години постапување во судски предмети по истата го добивате - дали посебниот закон**

**којшто ги уредува правните институти клевета и навреда води кон ефективно справување со појавата на ширење на лажни вести во РСМ?**

***По предметите по кои постапувам за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета во последните 4 години, посебниот Закон со чл.6 ја дефинира навредата, а со чл.8 клеветата. Досегашната примена на ЗГОНК се покажа како ефективно справување со лажните вести во насока на утврдување на одговорност на „тој“ што шири лажни вести, но напредокот на технологијата, интернетот, лесниот и брз пристап до истиот, како етер преку кој се пренесуваат информации, преземаат истите, ја наметна потребата и самиот закон да треба да содржи одредби во таа насока за да може и да се интервенира.***

**2. Дали во моментов, согласно постојната состојба, постои зрелост и потреба за изменување на одредбите од Законот за клевета и навреда?**

***Да, осумгодишната примена на ЗГОНК и воспоставената судска пракса ја наметна потребата за изменување на ЗГОНК, а особено неизедначената судска пракса во насока на одговорноста на порталите кои беа избришани од Законот за медиуми, чл.11 и чл.8 ст.3 од ЗГОНК и нивната примена во конкретни случаи, ја наметна потребата од ЗГОНК да се изменат, дополнат одредбите од ЗГОНК со кои се уредува одговорноста кај истите.***

**3. Во која насока се неопходни промени на законските одредби?**

***Кога се постапува по тужба за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета како проблем се појави пасивната легитимација, односно кон кој е насочено тужбеното барање во случај кога клевета или навреда е сторена преку средство за јавно информирање - електронска публикација, а која нема импресум од кој би се утврдил кој е главен и одговорен уредник, авторот на текстот – изјавата или лицето кое го заменува и правното лице. Во чл.8 ст.3 наведено е кој одговара за клевета, но се појави проблем кога тужбеното барање е насочено кон сопственикот на правното лице и во овие случаи се истакнуваше приговор за немање на пасивна легитимација и кои приговори беа прифаќани и тужбените барања беа одбивани. При постапување по овие предмети, односно кога е потребно да се интервенира во слободата на изразување, го применуваме трослојниот тест на ЕСЧП. Првиот чекор е дали интервенцијата е предвидена со закон и тука се појави проблемот односно во чл.8 се***

*наведени кои се одговараат за клевета преку средство за јавно информирање бидејќи и нема правна празнина за да се примени чл.3 од ЗГОНК, односно директно да се применат одредбите на Европската конвенција за заштита на основните човекови права и становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди. Во оваа насока се појави и неизедначена судска пракса и ја наметна потребата во националниот закон да се воведат измени кои се во тек, односно во месец декември 2020 година во работната група во која бев и јас член се дискутираше во оваа насока и постои волја да се дополни чл.8 ст.3, односно по правното лице да се додаде, сопственикот на правното лице, а сето ова во насока точно да се знае кој може да биде пасивно легитимиран во конкретниот спор.*

**4. Кои се предизвниците со коишто еден судија треба да се соочи при донесување одлука во судски процеси по повод клевета и навреда упатени со употреба на дигитални медиуми, имајќи ја предвид брзината со која технологијата се менува?**

*Како што претходно напоменав со кои предизвици се соочивме, но сметам дека технологијата треба да даде решение во насока за спречување, техничко оневозможување за сторување клевета, навреда упатени преку дигитлни медиуми.*

**5. Согласно состојбата од завршените судски процеси, дали во РСМ неосновано се ограничува слободата на изразување кај дигиталното новинарство и доколку да, кои се причините за истото?**

*Сметам дека не е неосновано бидејќи судиите постапуваат согласно важечките, позитивните законски прописи.*

**6. Дали при постапувањето, судиите доволно се осврнуваат на праксата на Европскиот суд за човекови права и дали се повикуваат на актуелните Директиви коишто ја уредуваат авторско-правната заштита на делата на новинарите?**

*Да, и за таа цел се организираат обуки преку Академијата за судии и јавни обвинители, Павел Шатев, а на кои сум учествувала и учесник сум на обука за обучувачи за чл.10 од ЕКЧП.*

**7. Дали институтот за парична надомест за сторена нематеријална штета се јавува како соодветен корректив на сторената повреда на чест или углед на повредената страна?**

*Тука треба да се постапува со особено внимание и претпазливост како и следење на*

***праксата на ЕСЧП во насока да не се доаѓа до чилинг ефект во насока на одвраќање во остварување на правото на слобода на изразување.***

**8. Дали во РСМ често се донесуваат прекумерни суми за парична надомест за сторена нематеријална штета за клевета или навреда и дали сметате дека на тој начин доаѓа до повреда на правото на слобода на изразување на медиумскиот работник?**

***Сметам дека се следи напредок, односно во последно време судската пракса укажува на тоа дека не се досудуваат високи суми, а сметам дека токму високите суми за надомест на нематеријална штета доведуваат до чилинг ефектот кај медиумскиот работник и затоа треба со големо внимание и претпазливост да се постапува и одлучува при досудувањето на нематеријална штета, а пред сè, следејќи ја и праксата на ЕСЧП и во оваа насока следуваат измени на чл.18 од ЗГОНК, односно намалувањето на износите кои судот би ги досудил како надоместување на нематеријална штета предизвикана со навреда или клевета од новинар во вршење на новинарска професија.***

**9. На кој начин медиумските работници можат да се заштитат од прекумерно органичување на правото на слобода на изразување при креирање на своите текстови?**

***Сметам дека тоа треба да се дискутира во рамките на новинарската фела, а за поздравување е донесениот Регистар на онлајн медиуми од Советот за етика кој и ни е од помош при постапувањето за сторена клевета преку онлајн медиуми.***

**10. Дали во РСМ постои политичко мешање во процесот на одлучување по предмети од клевета и навреда и кои се начините со кои еден судија може да се заштити од истото?**

***Од моето досегашно искуство немало политичко влијание на било кој начин во моето постапување и одлучување по предмети од навреда и клевета. Секој судија се заштитува со доследна примена на одредбите од Уставот, ЗГОНК и ЕКЧП во постапувањето по предметите од клевета и навреда.***

Досега прикажаното нè води до заклучок дека поголемиот број од тужбите во Основниот Суд Скопје 2 Скопје, за случаи за клевета и навреда во кои едната страна е

новинар што работи во онлајн медиум, се отфрлаат со образложение дека „порталот нема пасивна легитимација“. Со ова, судиите практично не ги признаваат порталите за медиуми, врз основа на поднесен приговор за „недостиг од пасивна легитимација“ од страна на тужените, без разлика дали тужениот е правно лице, сопственик-регистрант на онлајн медиумот, главен уредник според објавен импресум или автор на изјавата, која пракса пред сè, се должи на фактот што со измените на Законот за медиумите од 2014 година се избришаа зборовите „електронска публикација“ и според тоа, судиите во своите образложенија нотираат дека онлајн медиумите „не се средства за јавно информирање“, а со тоа и не се легитимирани да бидат одговорни за нанесена штета преку објава на интернет портал. Но, за други судови, како на пример, во Охрид и Битола нема дилема дали порталите се медиуми или не, па тие постапуваат по тужбите, а постојат и пресуди од 2017 година потврдени од Апелациониот суд во Битола[312], со кои се утврдува одговорност за нанесена нематеријална штета за навреда и клевета од страна на интернет портал/уредник/автор.[313] Освен тоа, праксата на скопскиот граѓански суд е спротивна и на судот од Стразбур, кој интернет медиумите ги третира на ист начин како и традиционалните медиуми.

Оттука, судовите имаат различна практика за тоа дали онлајн медиумите се средства за јавно информирање или не, кога одлучуваат во случаи за клевета и навреда. Разликата во признавањето или непризнавањето може да биде добиена или отфрлена тужба за клевета и навреда, додека оваа правна небулоза ја користат и самите новинари и сопственици на портали со цел да избегнат одговорност за клевета и навреда. Бројките покажуваат дека од година во година сè повеќе опаѓа бројот на случаи за клевета и навреда против новинари, па оттука клеветата и навредата помалку се користат како инструмент за притисок врз новинарите и медиумите, а поголем број од случаите се новинар против новинар, што пак кажува нешто за солидарноста помеѓу колегите.

Значајно да се напомене е дека во моментот на подготовка на дисертацијата, се актуализираше прашањето за намалување на казните кои медиумите и новинарите би ја платиле како оштета за клевета и навреда. Така, на прес-конференцијата на 27.07.2021 година, министерот за правда Бојан Маричиќ најави и измени на повеќе закони, меѓу кои

---

[312] Види: https://lokalno.mk/sudii-ne-gi-priznavaat-portalite-za-mediumi-vo-sluchaite-za-kleveta-i-navreda-2/ (пристапено на 01.08.2021)
[313] Достапно на: *https://www.pravda.gov.mk/* (пристапено на 15.09.2020 година).

и на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, со кој значително се намалува оваа сума од 2000 евра на 400 евра. Воедно било објавено дека во Владата поминале измените на Кривичниот законик, со кои заштитата на медиумските работници и жените се издигнува на многу повисоко ниво. Според министерот, овие измени ќе придонесат за намалување на случаите за напади и закани кон новинари: „Во иднина нападот врз медиумските работници ќе се третира исто како напад врз службено лице. Воведуваме строги казни за закана за напад врз новинари. Дополнително, во иднина Обвинителството ќе постапува по службена должност при вакви случаи. Ова беше едно големо барање на Здруженијата на новинари, чиј претставници активно учествуваа во работната група која ги подготвуваше измените на Кривичниот законик", истакна министерот на прес-конференцијата. Дополнително, преку имплементација на Истанбулската конвенција, законски се допрецизира заштитата на жените и се внесуваат нови кривични дела кои досега кај нас не постоеле, а со нив законски се штитат жените од вознемирување и напади.[314]

Според мониторингот извршен од страна на проектот „Опсерваторија на медиумските реформи", спроведуван од „Метаморфозис", досега, „не е извршено ревидирање на законодавството, односно Законот за граѓанската одговорност за навреда и клевета и процедуралните правила со цел да се усогласат со практиката на Европскиот суд за човековите права, според УПР и препораките на Прибе.[315] Оттука, како една од основните цели поставени во насока на зголемување на слободата на медиумите во интернет просторот е токму ревидирање на Законот за граѓанската одговорност за навреда и клевета и процедуралните правила со цел да се усогласат со практиката на Европскиот суд за човековите права, како и дополнително усогласување со судската пракса од член 10 од Европската конвенција за човекови права при применување на Законот од страна на судовите. Една од целите е и ревидирање на процедуралните правила, поддршка и промоција на поголемо користење на саморегулацијата како алтернатива за судско постапување и гарантирање, а на кој начин ќе се постигне ефект кој во јавноста ја крева свеста за важноста на професионалните стандарди на новинарската професија.

---

[314] Достапно на: *https://republika.mk/vesti/makedonija/marichikj-napravivme-zakonski-izmeni-so-koi-zashtitata-na-mediumskite-rabotnici-i-zenite-se-izdignuva-na-povisoko-nivo/* (пристапено на 01.08.2021 година).
[315] Достапно на : *https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/03/OMR_izveshtaj_2.pdf* (пристапено на 15.09.2020 година).

Нашето судство во голема мера е критикувано и за бавното процесирање на тужбите до тужените коешто претставува уште една причина зошто судските постапки за навреда и клевета траат премногу долго, што е во целосна спротивност на Законот за граѓанската одговорност за навреда и клевета, кој во член 22 став 1 предвидува овие постапки да бидат итни". Ова пред сè, се должеше на фактот што до неодамна во Основен Суд Скопје 2 Скопје, како надлежен за постапување по повод овој вид на тужби, а како најпрометен, по предметите за клевета и навреда постапуваа само двајца судии, кои истовремено постапуваа и по други судски предмети поведени според друг материјален закон. Следи да видиме дали измените секој судија од Основниот Суд Скопје 2 Скопје да постапува по предмети од областа на клевета и навреда, ќе вродат со плод. Конечно, неопходна е постојана обука на сите правни професионалци што работат на оваа тема односно судии, адвокати, јавни обвинители па дури и млади правници, студенти, приправници, стручни соработници итн. Обуките, генерално, би биле во насока на слободата на изразување и најважно, студирање и примена на ЕКЧП и праксата на Судот за човековите права во Стразбур, како и континуирана едукација на новинари и медиумски работници во насока на почитување на Кодексот на етиката на новинарите и Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

# 3 ГЛАВА 3 - АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА - ГРАНИЦИ ИЛИ ПРОШИРУВАЊА НА ОБЕМОТ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО РАМКИТЕ НА ДИГИТАЛНОТО НОВИНАРСТВО – ПРАВНА РЕАЛНОСТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 3.1. Историска појава и регулираност на авторското право и сродните права со меѓународните правни инструменти и ЕУ законодавството

Историјата на авторското право датира уште од времето на откривањето на печатарската машина и со поширокото описменување на луѓето. Од правен аспект, потеклото на авторското право во Европа се врзува со Велика Британија каде што во почетокот на 17 век се појавуваат монополи на печатници и приватни регистранти на авторски дела, па англискиот парламент поради загриженоста од неконтролирано печатење на книги и други пишани документи, го донесува Актот за регулирање на печатарството во 1662 година, со кој се регулира печатењето и дистрибуцијата на овие материјали. Овој акт подразбирал и креирање на посебен регистар на интелектуални дела каде што се депонирале копии од делата со што се штителo и авторското право.[316] За воспоставување на еден вид на прва законска рамка за авторското право може да зборуваме години подоцна, со донесување на Актот за авторско право од 1710 година (популарно наречен Законот на Ана – Statute of Anna) кој го носи Британскиот парламент, а кој акт за првпат обезбедува правна заштита на авторското право, овој пат регулирано од страна на Обединетото Кралство и судовите наспроти практиката од минатото кога ова било во приватни раце.[317] Овој акт им обезбедува на издавачите правна заштита во времетраење од 14 години и по истекот на овој временски рок, правата му се враќаат повторно на авторот. Актот за авторско право од 1710 година става крај на стариот систем

[316] Види Дабовиќ Анастасовска, Јадранка, Пепељугоски, Валентин „*Авторско право и сродни права*", Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2015 година, стр 27.
[317] Види Дабовиќ Анастасовска, Јадранка, Пепељугоски, Валентин „*Авторско право и сродни права*", Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2015 година, стр 27.

кога само литература одобрена согласно стандардите за цензура на властите, можела да се печати. Ова значи дека овој акт дава поголема слобода во издавачката дејност.

За разлика од common law системот на Велика Британија, во Франција, после Француската револуција, Националното собрание стоело на ставот дека објавен интелектуален труд по природа е јавна сопственост, односно дека авторското право се препознава како исклучок на овој принцип затоа што треба да се компензира авторот за неговата работа. Дополнително, во 1793 година во Франција, бил донесен нов закон според кој на авторите им се дава ексклузивно право да ги продаваат и дистрибуираат нивните дела, а истото право било пренесено на нивните наследници и продолжувало 10 години по смртта на авторот.[318]

Денес, авторското право и сродните права бележат свое бреме на силна правна заштита во бројни меѓународни правни инструменти. Оние коишто се од големо значење и за нашата земја, се Конвенциите на ООН, како земја членка на оваа огранизација:[319]

• Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) од 1948 год.

• Меѓународен пакт за граѓански и политички права (18/01/1994)

• Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (18/01/1994)

• Конвенција за основање на Светската организација за интелектуална сопственост (08/09/1991);

• Бернската конвенција за заштита на книжевните и уметничките дела (08/09/1991);

• Светската (Универзална) конвенција за авторско право (17/11/1991);

• Конвенција за дистрибуција на сигналите за пренос на програми преку сателити (17/11/1991).

Понатаму, ратификувани се и овие договори:

• Договорот на СОИС за авторско право (04/02/2004);

• Договорот на СОИС за изведби и фонограми (20/05/2005);

• Меѓународната конвенција за заштита на уметниците изведувачи, фонограмски продуценти и радиодифузните организации (02/03/1998);

• Конвенцијата за заштита на фонограмски продуценти од недозволено умножување на нивните фонограми (02/03/1998);

---

318 Види Дабовиќ Анастасовска, Јадранка, Пепељугоски, Валентин „*Авторско право и сродни права*“, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2015 година, стр 28

319 Достапно на: *https://www.un.org/en/* (пристапено на 21.09.2020 година).

• ТРИПС договорот (04/04/2003) – кој договор е администриран од страна на Светската трговска организација, која не е во рамките на системот на ООН.

Република Македонија ги има ратификувано следните документи донесени од страна на Советот на Европа во однос на оваа тема:[320]

• Статут на Советот на Европа (09/11/1995);

• Конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи и протоколите кон истата (10/04/1997);

• Европска конвенција за копродукција во кинематографијата (03/06/2003);

• Конвенција за компјутерски криминал и протоколите кон истата (15/09/2004);

• Европска конвенција за култура (24/11/1995);

• Европска социјална повелба (31/03/2005).

Гледано од аспект на земја којашто упорно чекори кон патот на здружување кон широкото европско семејство и инсистира на почитување на европските вредности, не смееме да ги заборавиме и Директивите на Европската Унија, иако за нив детално говоревме во изминатите страни, а кои ја обработуваат проблематиката на авторското право и сродните права:[321]

- Директива 91/250/ЕЕЗ за законска заштита за компјутерски програми (од 14.05.1991 година);
- Директива 92/100/ЕЕЗ за законот за изнајмување, позајмување и поврзани права на индустриска сопственост (од 19.11.1992 година);
- Директива 93/83/ЕЕЗ за авторско право и поврзаните права применливи на сателитско емитување и кабловски пренос (од 27.09.1993 година);
- Директива 93/98/ЕЕЗ за хармонизација на времетраењето на заштитата на авторското право и поврзаните права на индустриска сопственост (од 29.10.1993 година);
- Директива 96/9/ЕЗ за правната заштита на базите на податоци (од 11.03.1996 година);
- Директива 2001/84/ЕЗ за правото на авторот з а препродажба на оригинално уметничко дело (од 27.09.2001 година);

---

[320] Достапно на : *https://www.coe.int/mk/web/skopje/the-council-of-europe* (пристапено на 21.09.2020 година).
[321] Достапни на *https://eur-lex.europa.eu/homepage.html* ( пристапено на 21.09.2020 година).

- Директива 2001/29/ЕЗ која хармонизира одредени аспекти од авторското право и поврзаните права во информатичкото општество (од 22.05.2001 година), позната уште како *Infosoc directive*;
- Директива 2004/48/ЕЗ за спроведување на правата на интелектуална сопственост (од 29 април 2004 година).

## 3.2 Поим и нормираност на авторско право и сродни права за електронски медиуми во РСМ

Авторско право е систем од норми со кои се уредуваат односите поврзани со уметничките креации, односно делата кои по правило се оригинални интелектуални творби во областа на литературата, науката и уметноста.[322] Како највисок правен извор од палетата извори на авторското право и сродните права во правниот систем на Република Северна Македонија се јавува Уставот на Република Северна Македонија од 1991 година, во чии рамки се гарантираат правата кои произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид на творештво и државата се обврзува да ги поттикнува, помага и штити научниот и технолошкиот развој, предвидено со член 47, а истовремено согласно членот 55 од Уставот се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото и се определува обврската Република Северна Македонија да обезбеди еднаква правна положба за сите субјекти на пазарот.[323]

Основен правен извор со којшто е уредена материјата на авторското право и сродните права во нашиот систем е Законот за авторско право и сродни права од 2010 година и истиот е менуван во 2011, 2013, 2015 и 2016 година.[324]

Останати правни извори коишто се од исклучителна важност за уредување на авторско-правната заштита кај електронските медиуми се:

- Законот за медиуми;[325]
- Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;[326]

---

[322] Види Дабовиќ - Анастасовска, Јадранка, Здравева, Неда, Гавриловиќ, Ненад, „*Авторско право и сродни права за електронски медиуми - прирачник*", Центар за развој на медиуми, Скопје, 2014 година
[323] Достапно на: *https://www.google.com/search?q=ustav+na+rm&oq=ustav+na+rm&aqs =chrome..69i57j0l3j0 i22i30.1416j0j4&sourceid=chrome&ie=UTF-8* ( пристапено на 21.09.2020 година).
[324] Види *Службен весник на Република Македонија бр. 115/2010; 140/2010; 51/2011 и 147/2013; во натамошниот текст ЗАПСП.*
[325] Види *Службен весник на Република Македонија бр. 184/2013 и 13/2014*.

- Законот за електронски комуникации;[327]
- Законот за облигацони односи.[328]

Нашиот Закон за авторско право и сродни права, при дефинирање на поимот авторско дело се повикува на она што е Библија за авторско-правната заштита - Бернската конвенција за заштита на книжевните и уметничките дела, па оттука, авторско дело во смисла на овој закон е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма. За авторско дело се сметаат особено:[329]

1) пишано дело (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);

2) компјутерска програма како пишано дело;

3) говорно дело (предавање, говор, беседа и други дела од иста природа);

4) музичко дело, со или без текст;

5) драмско, драмско-музичко, кореографско и пантомимично дело;

6) фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската;

7) аудиовизуелно дело (кинематографско и друго дело изразено со подвижни слики);

8) дела на ликовната уметност (слика, цртеж, графика, скулптура и друго);

9) дела од архитектурата;

10) дела од применетата уметност и дизајнот и

11) картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата и науката.

Како авторско дело се смета и преработка на авторско дело, доколку ги исполнува условите определени со закон.

---

[326] Види „*Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19, 42/20, 48/21 и 77/21.*

[327] Види „*Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21.*

[328] Види „*Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 и 123/13.*

[329] Достапно на: *https://www.wipo.int/edocs/lexdocs/laws/mk/mk/mk038mk.pdf* (пристапено на 21.09.2020 година).

Она што е од посебен интерес за нашето истражување е и поимот на медиумски содржини, поточно нормативниот термин - содржини на медиуми, кој поим е дефиниран во рамките на Законот за медиуми како авторски дела кои се објавуваат, односно емитуваат преку медиум, заедно со сите видови информации (вести, мислења, известувања, извештаи и други информации). Во оваа насока, потребно е да се напомене дека не е секоја содржина авторско дело, затоа што Законот за авторското право и сродните права предвидува дека дневните и други вести што имаат карактер на обични, медиумски информации, едноставни факти и податоци, не се сметаат за авторско дело, па не уживаат авторско-правна заштита, токму поради недостигот од индивидуален придонес на авторот како една од неопходните карактеристики за авторско правна заштита на едно дело.[330]

Покрај авторското дело, во рамките на нашиот правен систем егзистираат и поимите аудивизуелно дело, кое во смисла на ЗАПСП, е кинематографско или друго дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без звук, без разлика на видот на носачот што го содржи, додека филмското дело како посебен вид на дело во смисла на овој закон е изедначено со аудиовизуелното дело.

Една од главните проблематики којашто се јавува во нашата земја е и дилемата дали интернет медиумите како своевидна платформа во која се објавуваат содржини претставува медиум согласно со Законот за медиуми. Согласно последните измени на Законот за медиуми (Сл. весник на Република Македонија бр.13/2014 година), како медиум се сметаат средствата за јавно информирање, односно каков било вид комуникација како весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и да се задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност. Медиуми не се билтените, каталозите и другите форми на публикации, независно од средството за објавување, наменети исклучиво за огласување, за образовниот систем или за деловна кореспонденција, за работата на трговските друштва, установите, здруженијата, политичките партии, државните и судските органи, јавните претпријатија, правни лица со

[330] Достапно на : *https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/legislation/Zakon_za%20_mediumi_konsolidiran_15102015.pdf* (пристапено на 22.09.2020 година).

јавни овластувања и верските организации. За медиуми не се сметаат и весниците и билтените на образовните институции, „Службен весник на Република Македонија“, публикациите на единиците на локалната самоуправа, плакатите, летоците, проспектите и транспарентите. Согласно наведеното, интернет порталите, не се сметаат за медиуми, а одредбите од овој закон, кои важат за сите медиуми, се применуваат на регулација на нивното функционирање.[331]

Една од основните дефиниции на кои е потребно да посветиме внимание е законската дефиниција на поимот автор под кој се смета физичкото лице што го создало авторското дело и на него му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото. Поточно, за автор се смета лице чие име, псевдоним, код или друг знак, на вообичаен начин е означен на делото, односно неговите примероци или е наведен при објавувањето на делото, додека не се докаже спротивното, во согласност со ЗАПСП. Во случај кога авторот не е познат, ниту пак, може тој да се определи, авторското право го остварува лицето кое законски го објавило авторското дело, сѐ додека идентитетот на авторот не е утврден. Кога ќе се утврди авторот, лицето кое законски го објавило авторското дело, е должно имотната корист стекната од остварувањето на авторското право да му ја предаде на авторот, доколку со договор меѓу нив поинаку не е определено.

Согласно Законот за медиуми, авторите или креаторите на содржини ги уживаат овластувањата кои произлегуваат од слободата на медиуми, која слобода не е апсолутна и истата е ограничена со забраната за објавување, односно емитување на содржини во медиумите со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Северна Македонија, се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.[332]

Коавтори се две или повеќе лица кои авторското дело го создале во соработка. Авторското право им припаѓа на сите тие лица. За секое користење на делото кое е создадено од коавтори потребна е согласност од секој од коавторите. Одделен коавтор не

---

[331] Достапно на : *https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/legislation/Zakon _za%20_ mediumi_konsolidiran_15102015.pdf* (пристапено на 22.09.2020 година).
[332] Види член 4 од *Законот за медиуми „Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013 и 13/2014.*

може да одбие да даде согласност од причини што се спротивни на начелото на совесност и чесност.[333]

Автори на аудиовизуелно дело се: писателот на сценариото, главниот режисер и главниот сниматeл. Во случај кога анимацијата од кој било вид е суштински елемент на делото, за автор се смета и главниот цртач. Во случај кога музиката е суштински елемент на делото, за автор се смета и авторот на музиката посебно создадена за користење во аудиовизуелно дело.

Во случај кога авторското дело е создадено од работник при исполнување на неговите работни обврски или по упатство на работодавачот (во натамошниот текст: авторско дело од работен однос), се смета дека материјалните права на авторот на тоа дело, исклучиво му се пренесени на работодавачот за време од пет години по завршувањето на делото, доколку со колективен договор, односно со договор за работа не е поинаку определено. По истекот на овој рок, материјалните права му припаѓаат на работникот, со тоа што работодавачот може да побара нивно повторно исклучиво пренесување, доколку му плати на работникот надоместок за секој одделен вид материјално право. Кога авторското дело е создадено во работен однос, авторот има право на надоместок за секое изнајмување, при што авторот не може да се откаже од ова право. Исто така, работникот го задржува правото да го користи авторското дело создадено од работниот однос во рамките на своите собрани дела.[334]

Оттука, во оваа насока, се повикуваме и на член 2 став 4 од Законот за медиуми, согласно кој новинар е лице кое врши активности на прибирање, анализа, обработка, обликување и/или класифицирање на информации кои се објавуваат во медиум и е вработен кај издавач на медиум или има склучено договор со истиот или е лице кое врши новинарска дејност како самостојно занимање (слободен новинар). Не случајно е поставен овој член, токму во овој дел од причина што и самите новинари се наоѓаат во улога на медиумски работници во соднос со своите издавачи и уредници. Така, во Законот за медиуми, во член 2 став 3 дадена е и дефиниција на издавач на медиум како физичко или правно лице кое врши дејност на издавање на печатен медиум, или емитување на радио и

---

[333] Види член 12 од *Законот за авторското право и сродни права на Република Македонија „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2010; 140/2010; 51/2011 и 147/2013, 154/15 и 27/16* .
[334] Види Дабовиќ- Анастасовка, Јадранка, Здравева, Неда, Гавриловиќ, Ненад, “*Авторско право и сродни права за електронски медиуми- прирачник*”, Центар за развој на медиуми, Скопје, 2014 година.

телевизиски програми (радиодифузери), е самостоен во уредничката политика, односно во спроведувањето на програмскиот концепт на медиумот и истиот е одговорен за своето работење согласно со овој и друг закон. Во член 8 став 1 од овој Закон, предвидено е дека секој издавач на медиум мора да има одговорен уредник кој е новинар и кој го именува и разрешува издавачот на медиум, додека поимот на уредништвото во издавач на медиум е определен во следниот член од овој Закон како тело кое се состои од одговорен уредник и уредници, а може да вклучува и други програмски соработници. Доколку издавачот на медиумот нема уредници, тогаш одговорниот уредник самиот ја врши функцијата на уредништво. Значително е да се спомене и членот 11 од Законот за медиуми којшто предвидува (1) на новинарот не може да му се раскине договорот за работа, да му се намали платата или промени позицијата во уредништвото или редакцијата, односно да му се намали или прекине исплатата на договорениот надоместок или нејзин дел, како и да му се намалат или укинат и некои од другите права утврдени во Законот за работни односи, заради изнесување на свое мислење и став, доколку се во согласност со професионалните правила на новинарската професија. Во ставот (2) од истиот член се истакнува дека новинар има право да одбие да изготви, напише или да учествува во составување на прилог чија содржина е против професионалните правила на новинарската професија за што на одговорниот уредник му доставува писмена изјава.

Она што се јавува како едно клучно прашање е кога авторското право на авторското дело му припаѓа на авторот? Одговорот е сосема едноставен, со самото создавање на авторското дело. За таа цел, Министерството за култура на РСМ води евиденција на автори кои се државјани на Република Северна Македонија. Таа се води врз основа на барање на авторот доставено до Министерството, но уписот во евиденцијата не е услов за стекнување на авторското право.

За разбирање на суштината на постоењето на авторското право и сродните права и нивниот соодност со правото на слободата на изразувањето/творештвото, потребно е да ја разгледаме самата структура на авторското право. Авторското право претставува единствено право и е неразделно од авторското дело. Тоа содржи исклучиво морални права, исклучиво материјални права и други права, определени со закон.

Моралните права го штитат авторот во однос на неговата лична и духовна (интелектуална) врска со делото. Моралните права траат во различни рокови. Моралното

право за откажување трае додека авторот е жив. Моралните права за признавање и означување на авторството, и за заштита на интегритетот на авторското дело, траат и по истекот на роковите за траење на материјалните права. За остварување и заштита на правото на признавање на авторството, и правото на заштита на интегритетот на делото по смртта на авторот, покрај наследниците, се надлежни и соодветното (струково) здружение на автори, лицата кои имаат правен интерес, како и Македонската академија на науките и уметностите. Оттука, како исклучиви морални права, нашиот Закон за авторско право и сродни права, ги распознава следните морални права:

- **Право на признавање на авторството**: Ова право означува дека авторот има право на признавање на своето авторство над делото. Поточно, авторот има право неговото име, псевдоним или друга ознака, да бидат назначени на секој примерок од делото, односно да бидат наведени при секое јавно користење на делото, освен доколку авторот, во пишана форма, изречно не изјави дека не сака неговото авторство да биде наведено, или доколку при користењето, тоа е технички невозможно или несообразно. Во поглед на ова право на авторите на медиумските содржини, а согласно Законот за медиуми, неколку аспекти се специфични. Прво, името и презимето на авторот на содржината задолжително мора да биде објавено на соодветно место. Второ, во случај смислата на содржината значително да се промени во постапката на уредничка обработка, таа не смее да се објавува под името на авторот без негова согласност. Доколку се постапи спротивно, за тоа одговара одговорниот уредник. Дополнително, медиумот има обврска да ги објави името и презимето на лицето, односно фирмата носител на авторско право за објавени содржини, освен за радиопрограмите.[335]
- **Право на прво објавување**: Ова право означува дека авторот има право на прво објавување на своето авторско дело и на определување на условите за неговото објавување.
- **Право на заштита на интегритетот на делото**: Авторот има право да се спротивстави на менување, деформирање или сакатење на делото што може

[335] Види Дабовиќ- Анастасовка, Јадранка, Здравева, Неда, Гавриловиќ, Ненад, „*Авторско право и сродни права за електронски медиуми - прирачник*“, Центар за развој на медиуми, Скопје, 2014 година

да им наштети на неговата личност, чест и углед, како и на уништување на делото. Согласно Законот за медиуми, дозволена е еден вид на отстапка од ова морално право, дозволувајќи менување на содржината во постапка на уредничка обработка, но сепак го штити авторот барајќи негова изречна согласност така променатата содржина да се објави под негово име. Ако содржината, спротивно на забраната на авторот, се објави под негово име, а авторот смета дека со тоа му е нарушен угледот, според Законот за медиуми тој има право на надоместок на штета според Законот за облигациони односи.

- **Право на откажување**: Ова право означува дека авторот може да му го откаже правото на користење на делото на носителот на неговото материјално право, доколку натамошното користење може да им наштети на неговата личност, чест и углед. Доколку авторот го стори тоа, тој е должен на носителот да му ја надомести штетата која тоа откажување ја предизвикува. Притоа, носителот на правото е должен во рок од три месеци од приемот на откажувањето да му ја соопшти на авторот висината на штетата што треба да се надомести. Доколку тоа не го стори, по истекот на рокот, откажувањето станува полноважно. Со откажувањето на правото, материјалното право му се враќа на авторот.

Карактеристично за моралните права е тоа што во основа, авторот по правило, не може да се откаже од овие права, ниту пак, тие се преносливи на друго лице.

За разлика од моралните права, материјалните права ги штитат имотните интереси на авторот од неговото авторско дело. Авторот има исклучиво право да дозволи или забрани користење на неговото дело, или негови примероци од други лица, освен во случаи определени со закон. Како материјални права ЗАПСП ги познава следните материјални права на авторот:

- **Право на умножување на делото**: Умножување е запишување, односно снимање авторско дело на материјална или друга соодветна подлога (електронска и друга), како и изработка на еден или повеќе примероци на делото, во целина или во делови, непосредно или посредно, времено или трајно, со какви било средства и во каков било облик.

- **Право на пуштање во промет на делото**: Пуштање во промет е понудување на јавноста заради продажба или друг вид пренос на сопственичкото право, или на правото на владение на оригиналот или на примероците на делото, вклучувајќи го и увозот и изнајмувањето, а го опфаќа и правото на надоместок од послугата.
- **Право на јавно соопштување на делото**: Јавно соопштување на делото е: (1) јавно изведување; (2) јавно пренесување; (3) јавно изложување; (4) јавно прикажување; (5) радиодифузно емитување; (6) реемитување и (7) ставање на располагање на јавноста.

Материјалните права траат за време на животот на авторот и 70 години по неговата смрт. Кога делото го реализирале повеќе автори (коавтори), рокот на траење се смета од смртта на авторот кој последен починал. Кога рокот не тече од смртта на авторот или авторите, а делото не било законски објавено, авторското право трае 70 години по неговото создавање. Роковите на траење на заштитата на авторското право започнуваат да течат од 1 јануари од годината што следи по настанот, што е основа за пресметување на роковите.

Како други права на авторот, ЗАПСП ги наведува следните права: право на пристап и на предавање; право на следство (право на надоместок од препродажба); право на надоместок од умножување за приватно користење; право на надоместок од изнајмување и право на надоместок од послуга.

Предмети на сродни права се изведбите на уметниците - изведувачи, фонограмите на произведувачите на фонограми, видеограмите на филмските продуценти, програмите на радио-телевизиските организации, изданијата на издавачите и базите на податоци на нивните изготвувачи. Сродните права се стекнуваат со нивното создавање односно емитување. Министерството за култура води евиденција на носители на сродни права кои имаат седиште во Република Северна Македонија. Таа се води врз основа на барање на авторот доставено до Министерството, но уписот во евиденцијата не е услов за стекнување на сродно право. Траењето на правата е различно за секој вид сродно право. Оттука, во насока на нашето истражување, одредбата од Законот за медиуми предвидува и за објавување на носителот на авторското право на објавените содржини, но изречно не наведува дека треба да се објави и носителот на сродните права. Отстапка постои во

поглед на објавувањето содржини во печатен медиум и во радиопрограмите каде ваквото наведување на носителот на правото не е задолжително. Според Законот за медиуми, датумот на продукцијата (месец и година) на фонограмот (аудио дело) и неговото потекло, како и информациите кога е тоа создадено од независна продукција, мора соодветно да бидат објавени. Според Законот за медиуми, името и презимето на носителот на авторското право, датумот на продукцијата (месец и година) на видеограмот (аудиовизулено дело) и неговото потекло, како и информациите кога е тоа создадено од независна продукција, мора соодветно да бидат објавени.

Посебно интересна проблематика е и прашањето кога одредено лице може да користи туѓи авторски дела, а одговорот во суштина е поделен на три големи групи:

- **ако за тоа постои дозвола од авторот**, односно ако на некое лице му се пренесени правата - авторот може на други лица да пренесе одделни материјални права, на начин и под услови определени со ЗАПСП. Пренесувањето воопшто кажано, може да се врши со наследување, со договор или на друг начин - со дозвола, изјава, согласност и слично. Кога пренесувањето на материјалните права се врши со договор, неопходно потребно е договорот да биде склучен во писмена форма, во спротивно, истиот не произведува правно дејство. Со договор не може да се пренесе: авторско право како целина, морални права и непознати видови користење авторско дело. Договорот особено мора да содржи:[336] вид на правата што се пренесуваат, обемот на правата, дали правата се пренесуваат исклучиво или неисклучиво, територијата за која се однесува пренесувањето на правата, времетраење на пренесувањето и авторскиот надоместок.

Спорните или нејасните одредби во договорот за пренос на правото се толкуваат во интерес на авторот. Пренесувањето на материјално право може да биде исклучиво или неисклучиво. Со исклучивото пренесување на материјално право, се дозволува само едно лице да го користи делото, при што од користење се исклучени авторот и кое било друго лице. Со неисклучивото пренесување, материјално право, се дозволува лице да го користи делото, при што од користењето не се исклучени авторот или кое било друго лице. Авторскиот надоместок се определува според принципот на правичност, видот на делото,

[336] Види *Закон за облигациони односи „Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013.*

видот и обемот на правото на користење што се пренесува, времетраењето и други важни околности за неговото користење. Авторскиот надоместок може да се определи во еден фиксен износ, како дел (процент) од остварениот приход од користење на делото, или како комбинација на двете. На договорот за пренесување на материјално право соодветно се применуваат прописите за облигационите односи. Носителот на кој му било пренесено материјално право на авторот не може, без дозвола на авторот, тоа право натаму да го пренесе на други лица, доколку со договор поинаку не е определено.

- **Со дозвола на авторот со или без надоместок**, само доколку делото е објавено. Ова користење може да се врши само во посебни случаи, доколку не е во судир со нормалното користење на делото и доколку неразумно не ги повредува легитимните интереси на авторот. Авторското дело може да се користи без плаќање надомест во следните случаи:[337]
  - Времено умножување на авторско дело, кога умножувањето е од минлив или случаен карактер и/или е составен и суштински дел на технолошки процес, доколку умножувањето само за себе нема независно економско значење и чија единствена цел на умножувањето е да овозможи пренесување податоци во мрежа меѓу трети лица преку посредник или да овозможи законско користење на делото;
  - Умножување што се врши од страна на јавни библиотеки, образовни институции или музеи и архиви заради остварување на нивната дејност, и без непосредна или посредна економска или комерцијална цел;
  - Снимање авторско дело од страна на радио-телевизиска организација која има дозвола за емитување на делото, доколку го сними со сопствени средства и за сопствени потреби, и под услов да го избрише во рокот во кој ја има дозволата за емитување. Доколку снимката има посебна документарна вредност може да биде предадена и сочувана во јавен архив;
  - Користење дела заради илустрирање во образовни или научни истражувања до степен оправдан со некомерцијалната цел која треба да се постигне, под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;

[337] Види *Закон за авторското право и сродни права „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2010; 140/2010; 51/2011 и 147/2013, 154/15 и 27/16.*

- Користење авторски дела за потребите на лица со посебни потреби на начин кој е непосредно поврзан со посебната потреба, до степен што таа го бара и без комерцијална цел;
- Умножување и јавно соопштување написи, статии и други слични дела за актуелни стопански, политички, религиозни и други слични теми, заради известување на јавноста, до степен оправдан со целта, освен ако тоа не е посебно забрането од страна на авторот под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;
- Користење делови на авторски дела (цитати), во научни истражувања, за настава, критика, полемика или преглед, во обем и до степен потребен за конкретната намена и под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;
- Користење дела за целите на јавната безбедност или во судска, парламентарна или административна постапка;
- Користење политички говори, како и извадоци од јавни предавања и слични дела до степен оправдан со информативната намена, под услов да се наведе името на авторот и изворот, освен доколку тоа не е возможно;
- Користење дела за време на верски обреди или други службени одбележувања организирани од органите на државната власт и единиците на локалната самоуправа;
- Користење архитектонски и вајарски дела трајно сместени на јавни места (улици, плоштади, паркови и слично);
- Користење дела од областа на ликовната и применетата уметност, архитектурата, индустрискиот дизајн и фотографските дела изложени на јавни изложби или на аукција од страна на организаторот, на плакати или каталози изработени без комерцијални цели до степен неопходен за промовирање на настанот;
- Преработка на дело во пародија, карикатура или пастиш, под услов преработката да не создава забуна во однос на оригиналот на делото и авторството и ако преработката е во рамките на дозволеното користење на делото;

- ❖ Умножување на авторско дело на носач на тон и слика, јавно соопштување на делото од тој носач, како и јавно соопштување на делото што се емитува, во продавници, на саеми и други места каде што се демонстрира работата на апарати за снимање, умножување и пренесување на тон и слика, во мерка што е неопходна за демонстрирање на работата на апаратите. Записите/снимките создадени по оваа основа веднаш се бришат;
- ❖ Случајно (споредно) вклучување авторско дело во друг материјал;
- ❖ Користење цртежи или проекти на архитектонски објект заради негова реконструкција и јавно соопштување и ставање на располагање на јавноста на авторско дело заради истражување или лично усовршување на определени места во јавни научни, културни, образовни и други установи од сличен карактер, доколку делото не може да се купи, или за негово користење не е потребна дозвола, а е дел од колекциите/фондот на установите.

Од особен интерес за медиумите е законската одредба која дозволува, без плаќање надомест, јавно да се соопшти наслов од напис, статија и друго слично дело за актуелни стопански, политички, религиозни и други слични теми, во електронска публикација преземена од друга електронска публикација или од друг извор заради известување на јавноста, освен ако тоа не е посебно забрането од страна на авторот, односно носителот на правото, под услов да се наведе изворот, како и името на авторот доколку тоа е возможно.

Користењето на авторското дело со плаќање надоместок се однесува на следниве случаи:

Умножување на хартија или на сличен носач на запис по пат на фотокопирање или која било слична техника или друг процес со слични ефекти, со исклучок на нотните записи на музичко дело и

Умножување на кој било носач на запис што ги врши физичко лице за приватно користење без посредна или непосредна комерцијална цел.

- o **по истекот на авторското односно сродните права**

Кога говориме за авторско право и сродни права, потребно е да посветиме внимание и на начините на остварување на авторското право од страна на неговите носители. Во таа смисла, ЗАПСП разликува три начини на остварување и тоа: индивидуално, лично, односно преку застапник и колективно преку организација за

колективно управување со правата, на начин и под услови определени со самиот закон. Тука акцентот го ставаме токму на колективното управување со правата кое инкорпорира правни работи со корисниците на правата, собирање надоместоци од користењето, нивна распределба и заштита на правата пред државни органи и други субјекти. Колективно се управуваат авторското право и сродните права само за објавени авторски дела и за објавени предмети на сродните права. Во случај на колективно управување, правата се пренесуваат неисклучиво (член 120, став 5).[338] Права што колективно се управуваат, по правило, се:

- Јавно соопштување несценско музичко и несценско книжевно дело;
- Право на авторот на надоместок од правото на следство;
- Право на авторот на надоместок од јавна послуга;
- Право на надоместок на автор и изведувач за изнајмување фонограми или видеограми;
- Право на надоместок на изведувач за радиодифузно емитување и друго јавно соопшување на својата изведба што, сама по себе, е радиодифузна или е направена од снимка;
- Право на надоместок на изведувач и на произведувач на фонограми од единствениот надоместок од јавно соопштување на фонограми со изведби издадени за комерцијална цел;
- Право на надоместок на автор и издавач од умножување на хартија или на сличен носач на запис, по пат на фотокопирање или која било слична техника со слични ефекти, за приватно користење;
- Право на надоместок на автор, изведувач и произведувач на фонограмот од умножување на фонограм за приватно користење;
- Право на надоместок на автор, изведувач и произведувач на видеограмот (филмски продуцент) од умножување на видеограм за приватно користење и
- Право на кабелско реемитување авторски дела и предмети на сродни права кое, како исклучиво право, задолжително се управува колективно, освен правото на

[338] Види *Закон за авторското право и сродни права „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2010; 140/2010; 51/2011 и 147/2013, 154/15 и 27/16.*

емитување од радио-телевизиска организација, независно дали се работи за нејзиното сопствено право или правото и е пренесено од друг носител на правата.

Колективно управување со авторското право и сродните права може да врши правно лице основано од носители на правата (физички и/или правни лица) за колективно управување со правата, која организација работи во свое име, а за сметка на носителите на правата и истата за да може да работи потребно е да има добиено дозвола од страна на Министерството за култура. Кога вршењето радиодифузна дејност е поврзано со користење право што колективно се управува, надлежниот орган за издавање дозвола/решение за вршење на дејноста, ќе издаде дозвола/решение доколку вршителот на дејноста претходно склучил договор со надлежна организација за колективно управување.[339]

Авторското право и сродните права својата правна заштита првенствено ја наоѓаат во Законот за авторско право и сродни права, а процесните дејствија се одвиваат согласно Законот за парнична постапка. Нормите на Законот за парнична постапка имаат супсидијарна примена, во случај да не е поинаку уредено со Законот за авторско право и сродни права.

Отпочнувањето на постапка пред суд и покренување на парница е со тужба пред месно и стварно надлежен суд (член 175 од ЗПП). Постапката за заштита на авторското право и сродните права, и покрај супсидиерната примена ЗПП е општа парнична постапка и истата почнува да тече со доставувањето на тужбата на тужениот. Одоговорот на тужба е задолжителен, во рок што ќе го определи судот, кој не може да биде пократок од 15 дена од доставувањето на тужбата, ниту подолг од 30 дена од денот на приемот на тужбата.

Во парничната постапка пасивна легитимација уживаат сите лица кои извршиле повреда на авторското право и сродните права, односно лицето што учествувало во таа повреда, а за да се определи дали едно лице учествувало во повредата се применуваат правилата на адекватен каузалитет. Учеството во повредата може да има квалификатив на

---

[339] Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не содржи изречна законска одредба дека почитувањето на обврските на РТВ организациите во поглед на авторското право и сродните права е услов за издавање и обновување на дозволата. Неговиот претходник – Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/2005; 19/2007; 103/2008; 152/2008; 6/2010; 145/2010; 97/2011; 13/2012 и 72/2013), на пример, во член 67 став 2, определуваше дека почитувањето на условите и обврските утврдени со Законот за авторското право и сродните права е услов за обновување на дозволата. Во Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, изречени одредби - член 141 и 143 постојат само во поглед на реемитувањето.

соизвршителство, помагање, поттикнување итн., но ова не е релевантно од аспект на граѓанско-правната заштита на авторското право и сродните права. Во случај кога постојат повеќе сторители на повредата на некое право од Законот за авторско право и сродни права, секој од нив солидарно одговара за повредата.

По приемот на тужбата се преземаат следниве процесни дејствија во насока на подготовки за главна расправа: претходно испитување на тужбата, доставување на тужбата до тужениот на одговор, одржување на подготвително рочиште и закажување на главна расправа. По одржувањето на главната расправа, судот истата ја заклучува и донесува пресуда, доколку не ја отфрлил тужбата поради процесни пречки.

Во однос на надлежноста на судовите важат општите начела и тоа, стварна, месна и функционална надлежност. За парниците околу авторското право и сродните права стварно надлежни се редовните судови со проширена, а месно надлежен е судот на живеалиштето на тужениот. Во однос на функционалната надлежност, во прв степен е надлежен Основен суд, по жалба е надлежен Апелациониот суд, а по вонредни правни лекови е надлежен Врховниот суд.

Доколку се утврди дека со повреда на право од ЗАПСП е сторена материјална штета, лицето овластено за заштита има право да побара надоместок за сторената материјална штета и за загубена добивка и истиот се определува во износ што тужениот би го платил доколку побарал законско користење на правото (вообичаен надоместок), односно во износ пропишан со соодветни тарифи, односно со општ договор. Ситуацијата е различна доколку се утврди повреда на моралните права. И во тој случај, судот може да пресуди на авторот или на изведувачот да им се исплати праведна парична оштета за претрпена повреда на неговата личност, чест и углед, односно за неимотна штета, доколку утврди дека околностите на случајот, посебно степенот на повредата и нејзиното траење, тоа го оправдуваат. За сè што не е определено со тој закон се применуваат одредбите за надомест на нематеријална штета согласно Законот за облигациони односи.

Доколку материјално или друго право или сродно право е повредено со намера или крајна небрежност, носителот на правото може да побара во граѓанска постапка исплата на договорениот или правичниот надомест за тој вид користење, зголемен за 200%, независно дали заради повредата претрпел имотна штета. При одлучувањето по барањето за плаќање казна и одмерувањето на нејзината висина, судот ќе ги има предвид сите

околности на случајот, посебно степенот на вината на тужениот, износот на договорениот или вообичаениот надомест, како и превентивната цел на казната, а доколку имотната штета е поголема од казната, носителот на правото има право да побара разлика до целосното обештетување.

Организациите за колективно управување согласно ЗАПСП се директно вклучени во донесувањето тарифа, односно надоместок за користење на авторските дела и преметите на сродни права со кои таа управува, и исто така, го следи користењето на правата од носителите на истите. Организациите за колективно управување ги прибираат утврдените надоместоци од корисниците и вршат нивна распределба на носителите на правата во согласност со закон и општите акти.

По паралелна споредба и анализа на ЗАПСП и Законот за медиуми, сметаме дека е потребно да се истакне анализата на Законот за медиуми вклучена во Извештајот за слобода на интернет во Република Македонија од 2017 година:[340] којашто истакнува дека медиумската заедница и денес го смета тој закон за непотребен и одвишен, сметајќи дека сите прашања од функционирањето на печатените и онлајн медиумите, освен прашањата што се регулирани со други општи закони, треба да бидат препуштени на саморегулација. Во фокусот на расправата дали и колку да се регулираат онлајн медиумите била дефиницијата за медиумите од Законот и прашањето дали тоа што во неа изречно не се спомнува терминот интернет медиуми (или интернет портали или интернет страници), како ни терминот „електронски публикации“ што најчесто се користи во таквите дефиниции, значи дека Законот не треба да се применува за нив. Дефиницијата вели дека „Медиумите се средства за јавно информирање, односно каков било вид комуникација како што се весници, магазини, програми на радио и телевизија, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и да се задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност“. Таа е фокусирана на начинот на производство (уреднички обликувани) и објавување на содржините (дневно или периодично), а не нужно на платформите што се користат за нивно објавување. Според некои (во таа група припаѓа и авторот на овој преглед), зборовите „...и други средства за

---

[340] Достапно на: *https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/09/Sloboda-na-internet-vnatresni-%D0%9C%D0%9A.pdf* (пристапено на 27.09.2020 година).

дневно и периодично објавување уреднички обликувани содржини...“ ги опфаќаат и медиумите што известуваат и објавуваат исклучиво на интернет и на други нови дигитални платформи. Сепак, преовладува мислењето дека онлајн медиумите се оставени надвор од секаква регулација.

Конечно, следи коментар за Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги од 2013 година којшто го замени Законот за радиодифузна дејност од 2005 година кој бил донесен под изговор за усогласување на македонското законодавство со Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги, од Извештајот за слобода на интернет во Република Македонија од 2017 година, којшто во целост соодветствува со нашето мислење:[341] сепак, Законот (заедно со Законот на медиуми) наиде на спротивставување на медиумската заедница од неколку причини. Првата била огромната тајност во која се одвиваше процесот на неговата подготовка и одбивањето на тогашната власт да ги претстави нацртите, во различни фази на подготовка, пред јавноста и да ги отвори за јавна расправа. Следна замерка во моментот на носењето на Законот се однесуваше на промената на концептот на регулаторното тело од поранешниот Совет за радиодифузија, замислен како експертско тело, во тело од агенциски тип – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во која Советот на Агенцијата е комбинација на управен и надзорен (или советодавен) одбор, а главните надлежности и моќта на одлучувањето во голема мерка се пренесуваат на директорот на Агенцијата. Најголемата замерка, видлива од досегашното спроведување на ЗААВМУ, е фактот што регулаторното тело ги нема потребните иструменти, овластувања и надлежности да се справи со презаситеноста на радиодифузниот пазар, проблем што лежи во основата на сите проблеми во нашиот медиумски сектор. Законот воопшто не ги спомнува интернет медиумите, односно „електронските публикации“. Дополнително, тој не содржи никакви упатства ниту за третманот на интернет страниците на радиодифузерите, радијата и телевизиите, иако тие дефинитивно се дел од продукцијата на содржини во новите конвергентни медиумски пракси. Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е во процес на менување и дополнување. Во овој круг на измени, фокусот е на составот и концептот на регулаторното тело, како и на финансирањето на јавниот радиодифузен

---

[341] Достапно на*: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/09/Sloboda-na-internet-vnatresni-%D0%9C%D0%9A.pdf* (пристапено на 27.09.2020 година).

сервис и составот на неговиот Програмски совет. Останува да се види дали во некоја идна фаза на измени на законот ќе се разгледува и можноста за внесување на онлајн медиумите во законодавната рамка, особено ако се знае дека измените на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на ЕУ, со која македонското законодавство треба да се усогласи, планира вклучување барем на дел од аудиовизуелните содржини достапни преку платформите за размена на видеосодржини.

### 3.3 Преглед на актуелна состојба во правниот систем на РСМ на односот авторско право и сродни права и право на слобода на творештво кај дигитални медиуми - приказ на релевантни експертски мислења и приказ на примери од судската пракса (анонимизирани)

Со цел креирање слика за актуелната состојба на судската пракса во правниот систем на РСМ на односот авторско право и сродни права и право на слобода на творештво кај дигитални медиуми, истакнуваме статистички податоци од „Прелиминарниот извештај за состојбите поврзани со примената на Законот за авторско право и сродните права“:[342] Статистиката на Министерството за правда од 2013 година покажува дека бројот на нерешени предмети за сите судови со проширена надлежност (кои согласно Законот за судови се овластени да ги решаваат предметите за споровите од областа на авторското право и сродните права) изнесува 12 предмети од областа на авторското право и сродните права на почетокот на извештајот. Во тековната година се примени 7 предмети, поднесени се 3 барања за времени мерки. Од вкупниот број на случаи 1 е усвоен, 1 отфрлен и 1 повлечен. Вкупниот број на решени предмети е 6, а вкупниот број на нерешени предмети на крајот на извештајот е 14. Постапката во овие предмети пред основните судови вообичаено трае од 6-12 месеци. Статистиката на Министерството за правда од 2013 година покажува дека бројот на нерешени предмети за сите Апелациони судови изнесува 4 предмети од областа на авторското право и сродните права на почетокот на извештајот. Во 2018 година се примени 8 предмети, од кои 3 се потврдени. Вкупниот број на решени предмети е 3, а вкупниот број на нерешени предмети на крајот на извештајот е 2. Постапката во овие предмети пред основните судови

---

[342] Достапно на: *https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2018/04/1.4-Preliminaren-izveshtaj-avtorski-prava.pdf* ( пристапено на 01.10.2020 година).

вообичаено трае од 3-6 месеци. Понатамошните статистики на Министерството за правда за годините 2014 и 2015 година покажуваат само вкупен број на предмети од областа на граѓанското право и трговското право, каде спаѓаат и предметите од областа на авторското право и сродните права, без издвојување на посебна статистика за овој тип на предмети. Истата методологија е употребена и во годишниот извештај за работата на Основниот суд Скопје 2 Скопје за 2014, 2015 и 2016 година. Досега не се забележани разлики во судството кон различни категории граѓани во оваа област, како медиумските работници од традиционалните и онлајн медиумите, или корисниците на интернет и социјалните мрежи.

Согласно податоците обезбедени од оперативниот систем АКМИС којшто функционира во рамките на работењето на Основниот Суд Скопје 2 Скопје, во 2018 година биле примени 12 предмети од областа на авторското право и сродните права, додека на крајот на годината се решени 10 предмети. Во 2019 година примени се 18 предмети од областа на авторското право и сродните права, додека на крајот на годината се решени 21 предмет. Во 2010 година примени се 18 предмети од областа на авторското право и сродните права, а на крајот на годината решени се 13 предмети. На крајот на годината вкупно нерешени се 22 предмети.

За визуелизирање на актуелната состојба за примена на Законот за авторското право и сродни право во нашата земја, а на територија на дигиталното новинарство, претставувавме две пресуди, по ист основ, донесени по повод тужби од страна на ист тужител. Имено, станува збор за повреда на авторското право на фотограф којшто фотографирал познат рок музичар за време на неговиот рок концерт, а подоцна таа фотографија е објавувана од страна на интернет портали без дозвола од страна на авторот и без наведување на неговото име или псевдоним на истата.

Па така, во рамките на првата пресуда тужбеното барање на тужителот Ж.П. од Р. Србија се усвојува. Се утврдува дека тужителот е автор на фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш., фотографирана на x.x.1988 година, објавена на веб порталот www.xxx.com.mk на xx.xx.2016 година. Се утврдува дека тужениот Друштво за производство, трговија и услуги XXX увоз-извоз ДООЕЛ од Скопје, недозволено и спротивно на Законот за авторско право и сродните права, сторил повреда на моралните и материјалните права кои произлегуваат од фотографското дело на тужителот, на начин што ја објавил фотографијата на Б.Џ.Ш., без дозвола од авторот на делото.

Барањето на тужителот за надомест на трошоците на постапката делумно се усвојува.

Се задолжува тужениот Друштво за производство, трговија и услуги XXX ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ од Скопје, да му ги надомести на тужителот, трошоците на постапката во вкупен износ од 344.030,00 денари денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоци на постапката се одбива како неосновано.

Во рамките на пресудата се истакнува дека:[343]

*Во тужбата и на главна расправа тужителот преку својот полномошник наведе дека е уметнички фотограф и дека на ден xx.xx.1988 година во Смедерево, Србија се одржал концертот на Б.Џ.Ш., на кој тужителот го фотографирал Б.Џ.Ш, со дозвола од фотографираното лице. Наведе дека од страна на тужениот на ден xx.xx.2016 година била објавена статија за Б.Џ.Ш. со наслов „xxx“, каде што недозволено и спротивно на Законот за авторско право и сродните права, била изложена предметната фотографија, авторското дело на тужителот. Со цел, мирно и спогодбено решавање на настанатиот спор, тужителот преку својот полномошник доставил поднесок до тужениот на ден xx.xx.2017 година, за вонсудски надомест на штета поради недозволено користење на фотографското дело, и наведе дека тужениот со писмено известување од xx.xx.2017 година, официјално се произнел и се оградил од било каква одговорност во врска со објавата на предметната фотографија сакајќи да прикаже дека предметната слика е од друг веб портал и не го прифатил предлогот на тужителот за вонсудска спогодба. Тужителот наведе дека, со вака извршените дејствија, тужениот сторил груба повреда на авторското право на тужителот, преку објавување на неговото авторско дело - фотографско дело без дозвола од носителот на праавото и сторил повреда на одредбите од Законот за авторското и сродните права од чл. 17ст.2 , чл.20 ст.1 и ст.2 , чл.21. Наведе дека следствено, тужениот со вака извршените дејствија сторил грубо кршење на одредбите од Законот за авторско право и сродните права бидејќи постапил спротивно на чл.22, 26, 27 и 37. Тужителот преку својот полномошник наведе дека јасно и недвосмислено е автор на фотографското дело*

[343] Пресудата е добиена по поднесено барање од страна на докторантот за пристап до пресуди достапни во АКМИС системот при Основен Суд Скопје 2 Скопје, со цел изработка на предметната докторска дисертација.

*и е единствен легитимен и законски носител на правото врз авторското дело. Тужениот со објавувањето на предметната фотографија сторил повреда на авторското право на тужителот бидејќи без знаење, назначување и согласност од авторот - сега тужителот, ја објавил предметната фотографија за комерцијални цели, а секое објавување, користење или умножување на делото од страна на трети лица е во спротивност на одредбите од Законот за авторско право и сродните права. Според наведеното, тужителот предложи судот во целост да го усвои тужбеното барање и да утврди дека е автор на фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш, фотографирана на xx.xx.1988 година, објавена на веб порталот xx.xxt.mk и да утврди дека тужениот недозволено и спротивно на Законот за авторското и сродните права, сторил повреда на моралните и материјалните права кои произлегуваат од фотографското дело на тужителот, на начин што ја објавил фотографијата на Б.Џ.Ш , без дозвола од авторот на делото....*

*Тужителот Ж.П. од Р. Србија е уметнички фотограф. На ден xx.xx..1988 година кога се одржал концерт на Б.Џ.Ш. во Смедерево, тужителот ова лице го фотографирал. Веб порталот www.xxx.com.mk, чиј сопственик е сега тужениот Друштво за производство, трговија и услуги xxx ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, на ден xx.xx.2016 година ја објавил фотографијата со ликот на пејачот Б.Џ.Ш. во текст, со наслов „xxx “. Тужителот е автор на фотографијата со ликот на пејачот Б.Џ.Ш. Тужениот нема склучено писмен договор за отстапување на материјалните права за објавување на фотографијата на лицето - пејачот Б.Џ.Ш. со авторот на фотографското дело - тужителот. Со објавувањето на фотографијата создадена од тужителот на ден xx.xx.2016 година на веб страната чиј сопственик е тужениот, тужениот го повредил материјалното право на тужителот, а бидејќи и името на тужителот како автор на фотографското дело не било наведено во објавата на тужениот, тужениот го повредил и моралното право на тужителот.*

*Горната фактичка состојба судот ја утврди од доказите изведени во постапката.*

*Од увидот со фотокопија од фотографија на ликот на Б.Џ.Ш од 1980 година каде во десен долен дел од фотографијата стои xxx, фотокпија од негативот на истата фотографија - судот изврши и увид во оригинал негативите на истата фотографија на*

*подготвително рочиште од хх.хх.2017 година, со наод и мислење изготвен од вешто лице хх од областа на заштита на авторското право и други сродни права и правата од интелектуална сопственост од х. 2017 година, контакт фотографии - најблиску до оригиналот - 3 примероци, контакт фотографија - две, судот утврди дека тужителот е автор на фотографско дело - фотографија со ликот на Б.Џ.Ш, создадена од негова страна на ден хх.хх.1988 година.*

*Од принт од интернет страната на тужениот со наслов ххх, судот утврди дека тужениот на ден хх.хх.2016 година објавил статија во која била изложена фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш., создадена од тужителот.*

*При вака утврдената фактичка состојба, следуваше судот да одлучи како во изреката на пресудата од следните причини:*

*Во чл.12 ст. 1 од Законот за авторски и сродни права е одредено дека авторско дело, во смисла на овој закон, е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма. Во ст.2 т.6 од истиот член е одредено дека за авторско дело се смета особено фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската.*

*Во чл. 17 ст.1 од ЗАСП е одредено дека автор, во смисла на овој закон, е физичко лице кое го создало авторското дело, а во ст.2 од истиот член е одредено дека на авторот му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото.*

*Во чл.18 ст.1 од ЗАСП е одредено дека како автор се смета лице чие име, псевдоним, код или друг знак, на вообичаен начин е означен на делото, односно неговите примероци или е наведен при објавувањето на делото, додека не се докаже спротивното, во согласност со овој закон.*

*Во чл.20 ст.1 од ЗАСП е одредено дека авторското право е единствено право и е неразделно од авторското дело, а во ст.2 од истиот член е одредено дека авторското право содржи исклучиви морални права, исклучиви материјални права и други права, определени со овој закон.*

*Во чл.21 ст.1 од ЗАСП е одредено дека моралните права го штитат авторот по однос на неговата лична и духовна (интелектуална) врска со делото. Во ст.2 од истиот член е одредено дека авторот ги има следниве исклучиви морални права: право на*

*признавање на авторството; право на прво објавување; право на заштита на интегритетот на делото и право на откажување, а според ст.3 од истиот член авторот не може да се откаже од правата од ставот (2) на овој член.*

*Во чл.26 ст.1 од ЗАСП е одредено дека материјалните права ги штитат имотните интереси на авторот од неговото авторско дело. Во ст.2 од истиот член е одредено дека авторот има исклучиво право да дозволи или забрани користење на неговото дело, или негови примероци од други лица, освен во случаи определени со овој закон.*

*Во чл.28 од ЗАСП е одредено дека авторот при користењето на авторското дело, или неговите примероци ги има следниве исклучиви материјални права: право на умножување на делото; право на пуштање во промет на делото; право на јавно соопштување на делото и право на преработување на делото.*

*Во чл.37 од ЗАСП е одредено дека ставање на располагање на јавноста, во смисла на овој закон, е авторско дело да се соопшти на јавноста, безжично или жично, вклучувајќи интернет или други комуникациски мрежи, на начин којшто секому овозможува пристап кон делото, од место и во време што самиот го избира.*

*Во чл.65 ст.1 од ЗАСП е одредено дека авторот може пренесувањето на материјалните права на други лица, да го врши со пишан договор, доколку со овој закон поинаку не е определено, а во ст.2 од истиот член е одредено дека договорот од ставот (1) на овој член што не е склучен во пишана форма, не произведува правно дејство. Според ст.3 од истиот член договорот од ст.1 на овој член содржи особено вид на правата што се пренесуваат, нивниот обем, исклучиво или неисклучиво, територијата за која се однесува пренесувањето на правата, времетраење на пренесувањето и авторскиот надоместок.*

*Видно од доказите изведени во постапката е дека тужителот на ден xx.xx.1988 година го фотографирал лицето Б.Џ.Ш. и дека истиот во смисла на чл. 17 ст.1 од ЗАСП е автор - физичко лице кое го создало авторското дело, фотографско дело - фотографијата во смисол на чл. 12 ст.2 т.6 од ЗАСП. Судот цени дека тужениот со објавувањето на статијата на неговиот веб портал www.xxx.com.mk на xx.xx.2016 година во која била изложена фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш., создадена од тужителот на ден xx.xx.1988 година, сторил повреда на материјалното и моралното право на*

*тужителот како автор на неговото фотографско дело, а кое авторско право е единствено право и неразделно од авторското дело на тужителот. Ова дотолку повеќе што тужениот во статијата објавена на неговата веб страница со изложување на фотографијата создадена од тужителот истата е ставена на располагање на јавноста, без притоа да склучи писмен договор со тужителот како автор на фотографското дело за истото, со согласност на тужителот да биде пренесено на друго лице во конкретниот случај со тужениот. Со ваквото дејствие на тужениот, судот цени дека во конкретниот случај сторил повреда на правото на тужителот која заштита е предвидена во чл.26 од ЗАСП.*

*Судот ги ценеше наводите на тужениот дека тужителот авторското право го заштитил на xx.xx.2017 година, која околност и не беше спорна помеѓу странките, а статијата со фотографијата е објавена на xx.xx.2016 година во период кога не постоела правна заштита на ова авторско право и дека затоа и не постои никаква повреда од страна на тужениот со објавување на ова авторско фотографско дело без дозвола од носителот на правото, бидејќи истото не било заштитено согласно ЗАСП, но истите не ги прифати. Ова од причина што од доказите изведени во постапката се утврди дека тужителот ја создал фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш. на ден xx.xx.1988 година и согласно чл.17 ст.2 од од ЗАСП на авторот - тужителот му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото. Исто така, судот ги ценеше наводите на тужениот дека во конкретниот случај тужителот не докажа дали добил согласност од лицето за да биде фотографирано, но истите не ги прифати и не беа од влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што тоа претставува интерен однос помеѓу тужителот како фотограф и тужениот како фотографирано лице и кое доколку било фотографирано без негова дозвола истото би иницирало кривична постапка и би било предмет на оценување на кривичен суд. Судот исто така, ги ценеше наводите на тужениот дека во конкретниот случај тужениот постерот го добил од страна на организаторот xx со конкретни информации за предметниот настан и дека од таа причина, тужителот при неговиот обид вонсудски да го реши спорот од страна на тужениот бил препратен до организаторот, но истите не ги прифати и не беа од влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што тужителот овој факт не го поткрепи со соодветен доказ и судот цени дека тужениот со самото објавување на*

*статијата на ден xx.xx.2016 година со изложување на фотографијата создадена од тужителот преку интернет достапен на јавноста, со ваквото дејствие сторил повреда на материјалното и моралното право на тужителот како автор и истиот постапил спротивно на цитираните одредби од Законот за авторско право и другите сродни права.*

*Имајќи го предвид сето наведено, следуваше судот да одлучи како во изреката на пресудата и да го усвои тужбеното барање на тужителот.*

Кај втората пресуда, тужбеното барање на тужителот Ж.П. од Р. Србија се усвојува. Се утврдува дека тужителот е автор на фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш., фотографирана на х.х.1988 година, објавена на веб порталот www.xxx.mk на xx.xx.2014 година. Се утврдува дека тужениот Друштво за трговија и услуги XXX ДООЕЛ од Скопје, недозволено и спротивно на Законот за авторско право и сродните права, сторил повреда на моралните и материјалните права кои произлегуваат од фотографското дело на тужителот, на начин што ја објавил фотографијата на Б.Џ.Ш., без дозвола од авторот на делото.

Се задолжува тужениот, Друштво за трговија и услуги XXX ДООЕЛ од Скопје, да му ги надомести на тужителот, трошоците на постапката во вкупен износ од 250.780,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоци на постапката се одбива како неосновано.

Во рамките на пресудата се истканува следното:[344]

*Во тужбата и на главна расправа, тужителот преку својот полномошник наведе дека е уметнички фотограф и дека на ден xx.xx.1988 година во Смедерево, Србија се одржал концертот на Б.Џ.Ш., на кој тужителот го фотографирал Б.Џ.Ш, со дозвола од фотографираното лице. Наведе дека од страна на тужениот на ден xx.xx.2014 година била објавена статија за Б.Џ.Ш. со наслов „ххх“, каде што недозволено и спротивно на Законот за авторско право и сродните права, била изложена предметната фотографија, авторското дело на тужителот. Со цел за мирно и спогодбено решавање на настанатиот спор, тужителот преку својот полномошник доставил поднесок до*

[344] Пресудата е добиена по поднесено барање од страна на докторантот за пристап до пресуди достапни во АКМИС системот при Основен Суд Скопје 2 Скопје, со цел изработка на предметната докторска дисертација.

*туженият на ден xx.xx.2017 година, за вонсудски надомест на штета поради недозволено користење на фотографското дело, по кое туженият не се произнел. Притоа, биле остварени неколку состаноци со цел спорот мирно да се реши, но сите обиди за вонсудско решавање на спорот останале без успех. Тужителот наведе дека, со вака извршените дејствија, туженият сторил груба повреда на авторското право на тужителот, преку објавување на неговото авторско дело - фотографско дело без дозвола од носителот на праавото и сторил повреда на одредбите од Законот за авторско и сродните права од чл. 17 ст.2, чл.20 ст.1 и ст.2, чл.21. Наведе дека следствено, туженият со вака извршените дејствија сторил грубо кршење на одредбите од Законот за авторско право и сродните права бидејќи постапил спротивно на чл.22, 26, 27 и 37. Тужителот преку својот полномошник наведе дека јасно и недвосмислено е автор на фотографското дело и е единствен легитимен и законски носител на правото врз авторското дело. Туженият со објавувањето на предметната фотографија сторил повреда на авторското право на тужителот бидејќи без знаење, назначување и согласност од авторот - сега тужителот, ја објавил предметната фотографија за комерцијални цели, а секое објавување, користење или умножување на делото од страна на трети лица е во спротивност на одредбите од Законот за авторско право и сродните права. Оттаму, тужителот предложи судот во целост да го усвои тужбеното барање и да утврди дека истиот е автор на фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш, фотографирана на xx.xx.1988 година, објавена на веб порталот xx.mk и да утврди дека туженият недозволено и спротивно на Законот за авторското и сродните права, сторил повреда на моралните и материјалните права кои произлегуваат од фотографското дело на тужителот, на начин што ја објавил фотографијата на Б.Џ.Ш., без дозвола од авторот на делото. Во завршните зборови полномошникот на тужителот наведе дека туженият не доставил докази од кои ќе произлезе спротивното, односно дека истиот не сторил повреда на авторско право. Притоа, наведе дека, иако наведената фотографија била јавно достапна на пребарувачот Гугл, сепак на истата, како и на сите други фотографии имало назнака во вид на предупредување дека фотографијата може да претставува авторско дело и да подлежи на авторско право, па туженият морал да провери чие авторско дело е истата и да побара согласност од авторот за објавување на истата. Наведе дека од сите докази може да се утврди дека тужителот е автор на*

*фотографијата и дека нему му припаѓа авторското право согласно чл.17 ст.2 од Законот за авторското право и сродните права, како и согласно чл.5 ст.2 од Бернската конвенција за заштита на книжевните и уметничките дела, која е ратификувана од Р. Македонија, според која не се бараат никакви формалности за авторот да се стекне со негово авторско право врз авторското дело, а тужениот спротивно на чл.26 од Законот за авторското право и сродните права, не побарал согласност од тужителот пред истата да ја објави за комерцијални цели.*

*Судот, ценејќи го секој доказ посебно и сите заедно во склоп на една целина, согласно чл.7 и 8 од Законот за парнична постапка, ја утврди следната фактичка состојба:*

*Тужителот Ж.П. од Смедерево Р. Србија е уметнички фотограф. На ден хх.хх.1988 година кога се одржал концерт на Б.Џ.Ш. во Смедерево, тужителот ова лице го фотографирал.*

*Тужителот како автор на фотографијата на Б.Џ.Ш своето авторско дело го внел во евиденцијата на авторски дела и предмети од сродни права и го депонирал во Завод за интелектуална сопственост на Република Србија под реден број 6363 на хх.хх.2017 година.*

*На веб порталот хх.mk, чиј сопственик е тужениот, на ден хх.хх.2014 година била објавена статија за Б.Џ.Ш со наслов: „ххх“ каде била објавена и предметната фотографија со ликот на пејачот Б.Џ.Ш.*

*Тужениот нема склучено писмен договор за отстапување на материјалните права за објавување на фотографијата на лицето - пејачот Б.Џ.Ш со авторот на фотографското дело – тужителот, ниту пак името на тужителот како автор на фотографското дело било наведено во објавата на тужениот.*

*Горната фактичка состојба судот ја утврди од доказите изведени во постапката.*

*Од увид во фотокопија од фотографија на ликот на Б.Џ.Ш од 1980 година каде во десен долен дел од фотографијата стои Живан Вања Панич, фотокопија од негативот на истата фотографија, а судот изврши и увид во оригинал негативите на истата фотографија на подготвително рочиште од хх.хх.2017 година, од наод и мислење изготвен од вешто лице хх од областа на заштита на авторското право и други сродни*

*права и правата од интелектуална сопственост од х 2017 година, контакт фотографија - најблиску до оригиналот, контакт фотографија од негативите, судот утврди дека тужителот е автор на фотографско дело - фотографија со ликот на Б.Џ.Ш, создадена од негова страна на ден хх.хх.1988 година.*

*Од доказите, судот утврди дека дека тужениот на ден хх.хх.2014 година објавил статија во која била изложена фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш., создадена од тужителот.*

*При вака утврдената фактичка состојба, следуваше судот да одлучи како во изреката на пресудата од следните причини:*

*Согласно чл.5 ст.2 од Бернската конвенција за заштита на книжевните и уметнички дела од 09.09.1886 година, дополнета во Париз на 04.05.1896 година, изменета во Берлин на 13.11.1908 година, дополнета во Берлин на 20.03.1914 година, изменета во Рим на 02.06.1928 година, во Брисел на 26.06.1948 година, во Стокхолм на 14.07.1967 и во Париз на 24.07.1971 година, а ратификувана со Закон за ратификација од страна на Собранието на СФРЈ на 12.03.1975 година, објавен во Службен лист на СФРЈ бр.14 од 21.03.1975 година, уживањето и вршењето на овие права не подлежат на никакви формалности, тоа е независно од постоењето на заштитата во земјата на потеклото на делото. Според тоа, вон одредбите на оваа конвенција, обемот на заштитата и правните средства загарантирани на авторот заради заштита на неговите права, исклучиво се определуваат со законодавството на земјата во која се бара заштитата.*

*Во чл.12 ст. 1 од Законот за авторски и сродни права е одредено дека авторско дело, во смисла на овој закон, е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма. Во ст.2 т.6 од истиот член е одредено дека за авторско дело се смета особено фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската.*

*Во чл. 17 ст.1 од ЗАСП е одредено дека автор, во смисла на овој закон, е физичко лице кое го создало авторското дело, а во ст.2 од истиот член е одредено дека на авторот му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото.*

*Во чл.18 ст.1 од ЗАСП е одредено дека како автор се смета лице чие име, псевдоним, код или друг знак, на вообичаен начин е означен на делото, односно неговите*

*примероци или е наведен при објавувањето на делото, додека не се докаже спротивното, во согласност со овој закон.*

*Во чл.20 ст.1 од ЗАСП е одредено дека авторското право е единствено право и е неразделно од авторското дело, а во ст.2 од истиот член е одредено дека авторското право содржи исклучиви морални права, исклучиви материјални права и други права, определени со овој закон.*

*Во чл.21 ст.1 од ЗАСП е одредено дека моралните права го штитат авторот по однос на неговата лична и духовна (интелектуална) врска со делото. Во ст.2 од истиот член е одредено дека авторот ги има следниве исклучиви морални права: право на признавање на авторството; право на прво објавување; право на заштита на интегритетот на делото и право на откажување, а според ст.3 од истиот член, авторот не може да се откаже од правата од ставот (2) на овој член.*

*Во чл.26 ст.1 од ЗАСП е одредено дека материјалните права ги штитат имотните интереси на авторот од неговото авторско дело. Во ст.2 од истиот член е одредено дека авторот има исклучиво право да дозволи или забрани користење на неговото дело, или негови примероци од други лица, освен во случаи определени со овој закон.*

*Во чл.28 од ЗАСП е одредено дека авторот при користењето на авторското дело, или неговите примероци ги има следниве исклучиви материјални права: право на умножување на делото; право на пуштање во промет на делото; право на јавно соопштување на делото и право на преработување на делото.*

*Во чл.37 од ЗАСП е одредено дека ставање на располагање на јавноста, во смисла на овој закон, е авторско дело да се соопшти на јавноста, безжично или жично, вклучувајќи интернет или други комуникациски мрежи, на начин којшто секому овозможува пристап кон делото, од место и во време што самиот го избира.*

*Согласно чл.55 од ЗАСП, авторското право е заштитено за време на животот и 70 години по смртта на авторот на делото, а дури потоа станува јавно.*

*Во чл.65 ст.1 од ЗАСП е одредено дека авторот може пренесувањето на материјалните права на други лица, да го врши со пишан договор, доколку со овој закон поинаку не е определено, а во ст.2 од истиот член е одредено дека договорот од ставот (1) на овој член што не е склучен во пишана форма, не произведува правно дејство.*

*Според ст.3 од истиот член, договорот од ст.1 на овој член содржи особено вид на правата што се пренесуваат, нивниот обем, исклучиво или неисклучиво, територијата за која се однесува пренесувањето на правата, времетраење на пренесувањето и авторскиот надоместок.*

*Од доказите изведени во постапката судот неспорно утврди дека тужителот на ден xx.xx.1988 година го фотографирал лицето Б.Џ.Ш. и дека истиот во смисол на чл.17 ст.1 од ЗАСП претставува автор - физичко лице кое го создало авторското дело - фотографијата во смисол на чл. 12 ст.2 т.6 од ЗАСП. Судот исто така, неспорно утврди, а и тужениот не оспори дека на ден xx.xx.2014 година на веб порталот вистина.мк објавил статија за Б.Џ.Ш. со наслов: „xxx“, каде била објавена и предметната фотографија.*

*Од вака утврдените факти, а имајќи ги предвид цитираните законски одредби, судот цени дека тужениот со објавувањето на статијата и предметната фотографија на неговиот веб портал xxx.мк на xx.xx.2014 година сторил повреда на материјалното и моралното право на тужителот како автор на неговото фотографско дело, а кое авторско право е единствено право и неразделно од авторското дело на тужителот. Ова дотолку повеќе што тужениот со изложување на фотографијата создадена од тужителот истата ја ставил на располагање на јавноста, без притоа да склучи писмен договор со тужителот како автор на фотографското дело, на кој начин, со согласност на тужителот би можело истото да биде пренесено на друго лице, во конкретниот случај, тужениот. Со ваквото дејствие судот цени дека тужениот во конкретниот случај сторил повреда на правото на тужителот чија заштита е предвидена во чл.26 од ЗАСП.*

*Со објавувањето на фотографијата создадена од тужителот на ден xx.xx.2014 година на веб страната на тужениот, тужениот го повредил материјалното право на тужителот, а како и името на тужителот како автор на фотографското дело не било наведено во објавата на тужениот, тужениот го повредил и моралното право на тужителот.*

*При одлучувањето судот ги ценеше наводите на тужениот дека тужителот авторското право го заштитил дури на xx.xx.2017 година, а статијата со фотографијата е објавена на xx.xx.2014 година, во период кога не постоела правна*

*заштита на ова авторско право, па оттаму и не постои никаква повреда од страна на тужениот со објавување на ова авторско фотографско дело без дозвола од носителот на правото, бидејќи истото не било заштитено согласно ЗАСП, но истите не ги прифати. Ова од причина што од доказите изведени во постапката се утврди дека тужителот ја создал фотографијата со ликот на Б.Џ.Ш. на ден xx.xx.1988 година и согласно чл.17 ст.2 од од ЗАСП на авторот, односно тужителот во конкретниот случај му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото.*

*Судот го ценеше и приговорот на тужениот за недостиг на пасивна легитимација, со оглед на тоа што истиот нема третман на издавач на медиум како средство за јавно информирање, бидејќи интернет страницата не претставува средство за јавно информирање, но истиот го одби како неоснован. Ова од причина што, едно од материјалните права согласно чл.28 од ЗАСП е правото на јавно соопштување на делото, а како еден од облиците на ова право е ставање на располагање на јавноста согласно чл.37 од истиот закон. Тужениот го повредил ова право со тоа што предметната фотографија ја објавил на својата веб страница, на која спротивно на чл.37 од ЗАСП била ставена фотографијата на располагање на јавноста, со оглед што веб страницата, иако нерегистрирана како медиум за јавно информирање, секому овозможува пристап кон делото, од место и во време што самиот го избира.*

*Судот ги ценеше и наводите на тужениот дека фотографијата ја презел од пребарувачот Гугл незаштитена, односно на истата не било наведено името на тужителот како автор, па тужениот не знаел, ниту можел да знае кој е авторот на таа фотографија, но истите не ги прифати. Ова од причина што, иако фотографијата била достапна на пребарувачот Гугл, кој им е достапен на сите, сепак покрај фотографијата има предупредување дека истата може да подлежи на заштита на авторско право. Оттаму, судот цени дека тужениот бил должен при пребарувањето, а пред да ја преземе и употреби таа фотографија, да провери дали е познат и кој е авторот на соодветната фотографија, дали истиот е жив или починат и кога, како и да побара согласност од авторот за натамошна употреба на фотографијата со нејзино објавување или на друг начин.*

*Судот воедно го ценеше и фактот дека тужениот не докажа дека имал добиено*

*ваква согласност од тужителот во форма на соодветен писмен договор.*

*Имајќи го предвид сето наведено, следуваше судот да одлучи како во изреката на пресудата и да го усвои тужбеното барање на тужителот.*

Во оваа насока, потребно е да се истакнат делови од Програмата на Владата на РСМ 2017-2020 година, како одговор на прашањето што е потребно да се направи со цел воспоставување рамнотежа на односот помеѓу слободата на изразувањето и остварувањето на авторското и сродните права кај дигиталното новинарство. Пред сè, Владата дава насоки дека ќе настапи со законски и суштински измени за враќање на идентитетот и самопочитта на културните работници и творците во институциите. Фокусот ќе биде ставен на авторите и соодветното валоризирање на нивниот авторски труд. Ќе се зајакне транспарентноста во работењето на колективните организации за заштита на авторското и сродните права, ќе се зајакне контролата над употребата на авторското право и нивното остварување, континуирано ќе се засилува заштитата и на самите автори, но и на корисниците на авторското право што се под надлежност на министерството. Владата ќе го стимулира создавањето програми и творештво со врвен уметнички квалитет.

Оттука, цел на Владата на Република Северна Македонија е создавање медиумски простор за непристрасно и објективно информирање на граѓаните, бидејќи само вистински информирани граѓани можат слободно да донесат одлука за иднината на својата држава.[345] Владата ќе промовира реформи во медиумската сфера согласно клучните мерки на групата невладини организации изнесени на конференцијата „Предлози за итни демократски реформи“:[346]

Постапките за промени ќе ги спроведеме транспарентно и со вклучување на сите релевантни чинители од оваа област. Нашата намера е на печатените и на електронските медиуми да им обезбедиме слобода за информирање на граѓаните, за артикулација на нивните потреби и за развој на медиумскиот бизнис. Радиодифузерите ќе добијат еднаков третман во насока на развивање на здрава конкуренција меѓу медиумските куќи. Во оваа

[345] Достапно на : *https://vlada.mk/programa* (пристапено на 03.10.2020 година).
[346] Достапно на: *https://vlada.mk/node/18048* (пристапено 03.10.2020 година).

реформа клучни се регулаторните тела членки на ЕУ. На чело на тие тела, во соработка со граѓанскиот сектор, ќе поставиме искусни, непристрасни и докажани професионалци.[347]

Најавени планови за промени согласно планот „3-6-9“, чие спроведување се сметаше за најприоритетно за Владата на Република Северна Македонија, се следните потреби и планови за промени релевантни за евентуалните промени на законодавството во оваа област:[348] Во делот на граѓанското општество Владата се обврзува дека граѓанското општество „ќе го третира како рамноправен партнер и коректор на нејзините одлуки, со целосно право, граѓанското општество да партиципира во градењето на политиките, да сугерира и критикува. Владата има намера дијалогот со граѓанското општество да биде континуиран, транспарентен и целосно инклузивен“. Дел од мерките предвидуваат „зголемување на минималниот број денови за консултации на ЕНЕР (Единствен национален електронски регистар на прописи) од 10 на 20 дена, со измена на Деловникот за работа на Владата“ и „воспоставување механизам со цел да се обезбеди во владина процедура да влегуваат, пред сѐ, законите и подзаконските акти што ја имаат поминато процедурата по ЕНЕР и се придружени со сите потребни акти“. Во делот на медиумите - Владата се обврза да „гради партнерство со асоцијациите и со граѓанскиот сектор, со цел да го ослободи медиумскиот простор од какви било институционални или персонални влијанија, вклучително и финансиска зависност“. Меѓу другото, предвидено е одржување јавна консултација со медиуми, медиумски здруженија и граѓански организации и подготвување предлог-измени на Законот за медиумите и Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, кои ќе овозможат примена на Етичкиот кодекс за известување во и надвор од изборите, како и за зајакнување на независноста и на капацитетот на медиумскиот регулатор и на јавниот радиодифузен сервис. На краток рок, Владата ќе направи целосна ревизија на Нацрт-стратегијата за реформа на правосудниот систем и ќе почне да гради атмосфера на слободно судство, без политички притисоци, со цел да обезбеди простор и за неопходните законски измени на среден и долг рок. Предвидени се низа консултативни процеси што ќе водат кон законски измени со цел јакнење на капацитетот на судскиот систем.

---

[347] Достапно на: *https://freedomhouse. org/report/freedom-world/2016/macedonia 15 Reporters without Borders: Macedonia. https://rsf.org/en/macedonia* (пристапено на 03.10.2020 година).
[348] Достапно на: *https://vlada.mk/plan-3-6-9* (пристапено на 03.10.2020 година).

Во месец декември 2020 година беше организиран дводневен настан во рамките на проектот *„Промовирање на медиумска и информациска писменост и зајакнување на независните медиуми во Западниот Балкан“,* што го спроведува Албани асошиејтс од Лондон, заедно со регионални организации за развој на медиумите, меѓу кои и Македонскиот институт за медиуми.[349] Заклучоците од овој настан упатуваат на потребата од измени и дополнувања на Законот за авторско право со цел дополнително препознавање на авторските новинарски трудови што би се зел предвид како важен аспект во идни судски постапки во кои новинарите би ги барале своите права. Според досегашната практика, трошоците за судски постапки пред граѓанските судови се скапи и тоа е една од причините зошто новинарите и фоторепортерите ретко се осмелуваат да тужат, што резултира и со многу скромна судска пракса. Високите административни трошоци во судска постапка, исто така можат да придонесат кон затворање на некои онлајн медиуми кај кои се утврдило дека неовластено објавувале фотографии без претходна согласност од авторите. Во македонското судство, без разлика дали станува збор за граѓанскиот или кривичниот суд, потребни се дополнителни обуки на судиите за овие теми, имајќи предвид дека има мала пракса за овие дела. Ова е посебно важно на долг рок, затоа што само преку правични пресуди кои се во согласност со праксата на ЕСЧП, медиумските работници ќе имаат поголема доверба во правосудниот систем.

Како главни цели предвидени за остварување на рамнотежата на односот помеѓу правото на слободата на изразување и остварувањето на авторското право и сродните права кај дигиталното новинарство, се истакнуваат зајакнувањето на нивото на хоризонтална и вертикална усогласеност на работата на државните институции во поглед на спроведување на заштитата на авторското право и сродните права, како и зајакнување на односите помеѓу граѓанското општество во целина, со цел подобрување на заштитата на авторското право, кои цели можат да бидат реализирани преку промена на постоечкиот Закон за авторско право и сродни права, како и поврзаните прописи со цел опфаќање на односите и повредите од онлајн средината, социјалните мрежи и клауд базите. Неопходно потребно за остварување на основните цели е и подигнување на свеста во јавноста за потребата од заштита на авторското право и сродните права, преку имплементација на

---

[349] Достапно на: *https://mim.org.mk/mk/novosti/1252-rabotenjeto-na-profesionalnite-mediumi-na-udar-na-plagijatorstvoto* (пристапено на 18.12.2020 година).

кампањи и проекти, но не по цена да се ограничи правото на слободата на изразување, како и инсистирање на алтернативните начини на решавање на споровите, а посебно арбитражата и медијацијата, за повреда на авторското право и сродните права, како поефикасни од судскиот начин на решавање на споровите.

# 4 ГЛАВА 4 – САМОРЕГУЛИРАЊЕТО И САМОЦЕНЗУРИРАЊЕТО НА ДИГИТАЛНИТЕ МЕДИУМИ – ТЕКОВНИ СОСТОЈБИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во овој дел ќе ја разгледаме позицијата во која се наоѓа нашата земја на полето на слободата на медиуми. Имено, според последната листа на слобода на медиумите за 2020 година, изготвена од страна на невладината организација „Репортери без граници“ со седиште во Париз, Република Северна Македонија се искачи од 95 место на кое била пласирана изминатата година, на 92 место со средна оценка од 31,28 поени, од вкупно 180 држави и територии колку што се опфатени со анализата. Започнуваме токму со препораките содржани во извештајот подготвен од страна на оваа организација, бидејќи во негови рамки во делот за нашата земја, акцентот е ставен токму на саморегулацијата, рекламирањето на медиумите, како и условите за работа на новинарите и медиумските работници. Рекламирањето на медиумите се смета како моќна алатка за контрола на медиумите од страна на власта, што во рамките на нашиот систем останува како можност на локално ниво, додека на централно ниво власта го намалила државното рекламирање на медиумите. Како многу значаен чекор, организацијата го смета формирањето на Регистарот на професионални онлајн медиуми[350], во кој има околу 70 члена, иницијатива која промовира саморегулација на овие медиуми со почитување на Кодексот на новинарите.

Значајно е да напоменеме дека во момент кога во нашиот правен систем недостасува законска регулатива која експлицитно прецизно го регулира поимот на онлајн медиуми, како и нивното функционирање, саморегулирањето може да биде многу моќна алатка за создавање на позитивна атмосфера за остварување на правото на слободата на изразувањето кај дигиталното новинарство, но само и само доколку почива на постулатите на професионалното новинарство и медиумската зрелост и одговорност, што за жал, видно од состојбата за која сведочиме, не е случај кај нас. Истакнуваме, ова не значи дека во

[350] Достапно на: https://promedia.mk/main

нашиот систем не постојат закони коишто ги уредуваат оналјн медиумите, напротив, постои широка палета на закони кои нормираат поим или сегменти од остварувањето на правото на слободата на изразувањето кај дигиталното новинарство, одговорноста на новинарите, нивните права и обврски, но токму таа широка палета на закони, создава конфузност при точното определување на поимот на онлајн медиумите и пред сѐ нивното остварување. Така, Законот за медиуми, Кривичниот законик[351], Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за спречување и заштита од дискриминација[352], Законот за авторското право и сродни права, Законот за заштита на лични податоци[353], Законот за слободен пристап до јавни информации, Законот за архивски материјали и други, се само дел од оваа палета на закони, а значајно е да се напомене и дека голем дел од проблемите со кои се соочуваат и се предизвикани со појавата и примената на оналјн медиумите можат да се решат со примена на обичајното право.[354]

Сепак, она што се јавува како најголем проблем кај нас кога станува збор воопшто за новинарство, е појавата на т.н. парамедиуми, посебно во интернет просторот. Како што истакнува Зоран Ричлиев:[355] „Анонимноста којашто е карактеристична за сите веб субјекти и леснотијата да се направат нови веб-сајтови со формирање на парамедиуми – субјекти коишто дејствуваат како медиуми, а во суштина не се тоа: тие немаат новинари, не создаваат оригинални содржини, немаат уредничка структура и нивната цел не е да го заштитат јавниот интерес. Друг феномен кој оди во истата насока е колонизирањето на постојните информативни веб-страници со слаб интегритет во кластери коишто се управувани од еден центар со зголемена еднострана политичка агенда. Политичките и економските центри преземаат или создаваат многубројни веб-страници чијашто

---

[351] Види Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13)

[352] Види Законот за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година

[353] Види Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20)

[354] Достапно на: “*Регулирање на медиумите: Компаративна студија” (literatura.mk)* (пристапено на 07.10.2020 година).

[355] Види Ричлиев, Зоран, “*Препораки за зголемен интегритет и професионално ниво на онлајн медиуми*”. Здружение на новинари на Македонија, 2017 година година (достапно на *http://znm.org.mk/?attachment_id=3873&lang=en*) и пример Ричлиев, Зоран (2017) “*Препораки за зголемен интегритет и професионално ниво на онлајн медиуми”*. Здружение на новинари на Македонија (достапно на *http://znm.org.mk/?attachment_id=3874&lang=en*). (пристапено на 07.10.2020 година).

единствена цел е не да информираат, туку да го изобличат јавното мислење со лажни вести, пропаганда и полувистини. Регулаторната рамка што би важела за професионалните медиуми, а којашто доброволно би се придржувала кон високо професионални и етички стандарди, а којашто не би важела за „парамедиумите“ коишто воопшто не го земаат во предвид јавниот интерес, туку се заинтересирани само да манипулираат со јавното мислење, само би ја зголемиле регулаторната неурамнотеженост, наместо да пробаат да ја поправат истата“.

Во последните неколку години, видно и од напредокот на нашата земја во однос на слободата на медиумите, направени се значителни чекори за создавање на силен систем на саморегулација на медиумите. Иако, во поголем дел од извештаите подготвени од страна на организиции чија главна цел е остварување и подобрување на слободата на медиумите, РСМ е предупредувана за недостатокот од квалитет за онлајн медиуми. Но, пред да започнеме на разгледување на актуелната состојба, напредоците кои ги бележиме и недостатоците со кои се соочуваме, потребно е да посветиме внимание на Здружението на новинари на РСМ, нивните акти, пред сè, Кодексот на новинари, Советот на честа и секако, Советот за етика во медиумите во Македонија.

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) е здружение на професионалните новинари од Република Северна Македонија. Основано е на 17 февруари 1946 година во Скопје како Здружение на професионалните новинари на Народна Република Македонија „...На седумнаесетти февруари 1946 година, во салата на Градскиот народен одбор во Скопје, на повик на Акциониот одбор за основање на Здружение на професионалните новинари на Народна Република Македонија, се состанаа новинарите од следниве скопски редакции: „Нова Македонија“, „Трудбеник“, „Единство“, Радио Скопје и дописништвото на агенцијата Танјуг и го основаа првото здружение на новинарите во историјата на Македонија.[356] ЗНМ е независно, самостојно, невладино и непартиско здружение, чија цел е да биде промотор и заштитник на професионалните стандарди и на слободата на изразување. Како посебни цели и задачи на ова здружение се издвојуваат:[357]

---

[356] Достапно на: „*Историјат – Здружение на новинари на Македонија*“ *(znm.org.mk)* (пристапено на 10.10.2020 година).

[357] Достапно на: „*Здружение на новинари на Македонија – Членка на Меѓународната федерација на новинари IFJ Основано 1946*“ *(znm.org.mk)* (пристапено на 14.10.2020 година).

1. Одбрана на слободата на печатот, радиото, телевизијата и на другите медиуми;
2. Борба против нивна злоупотреба, создавањето монополи и било какви форми на цензура на штета на вистинитото, целосното, непристрасното и навременото информирање на јавноста;
3. Заштитување и унапредување на слободите, правата и одговорноста на новинарите, врз основа на Уставот и законите на Република Македонија, Статутот и актите на ЗНМ, како и меѓународните документи што се однесуваат на слободата на јавните гласила и остварувањето на изразувањето и информирањето како основни човекови права;
4. Заштита на угледот и достоинството на новинарот и новинарската професија, да ја заштитува и поттикнува слободата на критичкиот и креативниот труд; и
5. Застапување на членовите, претставување пред општествената заедница, активно учество при подготовката на законските прописи и меѓународни конвенции од интерес на професијата и одбрана на професионалниот интерес согласно Кодексот на новинарите на Македонија. (член 8 од Статутот на ЗНМ)[358]

Во рамките на Статутот на ЗНМ се истакнува дека ова здружение ги остварува заштитата на слободата, правата и интересите на новинарите и преку: јавен протест; информирање на домашните и меѓународните организации, институции и медиуми; информативен бојкот; информативен молк; повик на штрајк (член 9). Член на ЗНМ може да биде секој новинар во Република Северна Македонија кој ги исполнува условите за членство согласно Статутот и со актите на Здружението. Редовен член може да биде новинар кој најмалку една година се занимава со новинарство. Придружни членови можат да бидат лица кои соработуваат со ЗНМ на теми поврзани со слободата на изразување, кои повремено се занимаваат со новинарство или поранешни редовни членови чие членство од причини наведени во Статутот на ЗНМ постојано или повремено преминало во придружно. ЗНМ прима и почесни членови, со одлука на мнозинството членови на

[358] Достапно на: https://znm.org.mk/statut-2/

Управниот одбор. Почесни членови можат да бидат и странци. Под поимот „новинарство“ во овој Статут и во актите на Здружението, се подразбира :[359]

- Објавени пишувани, изговорени, сликовни или on line статии: извештај, вест, коментар (белешка или осврт, општествена хроника, статија, рецензија), критика, карикатура, есеј, интервју, репортажа, патопис, цртички, како и наслови, најави и редактура;
- Уредување и редакција на текстови;
- Уредувачки работи во уредништвата на печатените и електронските медиуми и новинските агенции, како и на интернет порталите;
- Информирање со фотографија, електронска слика, филм и карикатура што ги објавуваат професионални фоторепортери, сниматели и карикатуристи, но само доколку им е тоа главно занимање (член 17).

Во рамките на Статутот на ЗНМ, како орган на ЗНМ е дефиниран и Советот на етика составен од пет членови кои ги избира Собранието на ЗНМ од редовните членови на ЗНМ. Работниот кворум на овој Совет е три члена. Членовите на Советот на честа од својот состав избираат Претседател. Мандатот на членовите на Советот на честа е четири години, со можност за повторен избор. Мандатот е неделив. Во случај на предвремен престанок на членството во Советот на честа на некој член, новиот член на Советот на честа, кој ќе го замени, ќе го доврши неговиот мандат.

Како посебни функции на Советот на честа се издвојуваат:

- Мониторинг на остварувањето на начелата и одредбите на Кодексот на новинарите на Македонија;
- Разгледување случаи и покренување постапки што се однесуваат на членови на ЗНМ;
- Самостојно јавно реагирање и изнесување вредносни мислења/судови во случај на повреда на начелата и одредбите на Кодексот на новинарите на Македонија;

---

[359] Достапно на: „*Здружение на новинари на Македонија – Членка на Меѓународната федерација на новинари IFJ Основано 1946“ (znm.org.mk)* (пристапено на 14.10.2020 година).

- Самостојно покренување или предлагање расправа во другите тела на ЗНМ за појавите во јавното информирање со што се кршат начелата и одредбите на Кодексот на новинарите на Македонија;
- Покренување иницијативи до Управниот одбор на ЗНМ за промена на законски одредби или подзаконски акти што ги оневозможуваат или ги кршат начелата и одредбите на Кодексот на новинарите на Македонија;
- Ангажирање надворешни експерти и консултанти за потребите на своето работење.

Основна цел на овој Совет е да се грижи и да ги промовира етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство наведени во Кодексот на новинарите на Македонија. Доброто или етичното новинарство секогаш е во интерес на јавноста. Тоа нуди информации кои се точни, проверени, избалансирани. За таа цел, секој граѓанин може да достави претставка до Советот на честа ако се сомнева дека некој новинар во неговото известување ги прекршува професионалните стандарди и етика. Советот на честа има обврска да ја разгледа претставката и да утврди дали новинарот известувал согласно со Кодексот на новинари. Советот на честа е формиран во 2001 година со широка медиумска поддршка на медиумската и меѓународната заедница, додека согласно текстот, негова примарна цел е остварување на слободата на медиумите преку почитување на вистината од страна на новинарите, со што истовремено се обезбедува остварување на правото на јавноста да биде информирана како што е уредено со нашиот Устав. Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот. Врз основа на овие принципи и етички вредности:[360]

- Новинарот има право на слободен пристап до сите извори за информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно

[360] Достапно на: *Кодекс на новинарите на Македонија – Здружение на новинари на Македонија (znm.org.mk)* (пристапено на 14.10.2020 година).

шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

- Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста.
- Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.
- Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.
- Новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.
- Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија. Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата.
- Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.
- Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.
- Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.
- Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа

(национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

- Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.
- Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.
- Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.
- Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.
- Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.
- Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.
- Новинарот има право да одбие работна задача доколку е во спротивност со принципите на овој Кодекс.

Сметаме дека е потребно да се истакне дека одредбите на Кодексот на новинари на Македонија се однесуваат и на дигиталното новинарство и новинарите коишто својата работа ја остваруваат преку интернет медиумите.

Со текот на годините, работата на Советот на честа бележи успеси, додека недостатоците на неговата работа пред сѐ, се препишуваат на политичките поделби помеѓу новинарите, видно ограничените ресурси за работа на случаи со прекршување на етиката и недостиг од партнерство со другите медиумски актери: менаџментот, претставниците на граѓанското општество и експертите во областа на медиумската етика.

Како актуелен тип на саморегулација на медиуми во медиумскиот простор во РСМ се формираше Советот за етика на медиумите којшто по својата структура претставува трипартитен модел на саморегулаторно тело, составено од претставници од редовите на сопствениците на медиуми, новинарите и корисниците - јавноста, на кој

начин новинарите се соочуваат со двојна одговорност како насочена кон самите себе и својот еснаф, така и кон корисниците, а се во духот на самата појава на саморегулацијата како заложба на професионалците од медиумите доброволно да служат на јавниот интерес, почитувајќи ги основните професионални и етички стандарди на новинарството. Имено, Советот за етика на медиумите се формираше во 2014 година и истиот претставува невладина, неполитичка и непрофитна организација која, по принципот на слободна волја, ги здружува своите членови заради остварување на целите и дејностите утврдени со Статутот на организацијата и со општите принципи на мисијата и визијата на СЕММ (Советот за етика во медиумите во Македонија). Советот е орган за саморегулација на медиумите и својата активност, главно, ја базира врз утврдување на јавни морални санкции за оние медиуми кои не ги почитуваат професионалните/етичките стандарди, Кодексот на новинарите и принципите на Меѓународната федерација на новинарите. Советот се залага за одржување и унапредување на етиката и на професионалните стандарди во медиумите, како за своите членки, така и општо во медиумската заедница во Македонија. Воедно ја следи и ќе реагира на секое нарушување на етичката и професионалната реалност, генерално и силно, и постојано ќе се залага за слободата на говорот, борбата против цензура и автоцензура, како и за отстранување на сите пречки за медиумите и новинарите за да работат во согласност со правилата на професијата и моралните норми во новинарството. СЕММ се стреми медиумите во Македонија да ги прифаќаат принципите на професионалното и етичкото новинарство, постојано грижејќи се за слободата на мислата, на говорот и интересите на јавноста. Истовремено, ја поттикнува јавноста да ја поддржува саморегулацијата и да придонесе медиумите да бидат непристрасни, независни и урамнотежени во својата работа.[361]

Како главни цели на СЕММ се истакнуваат: [362]

- Заштита на правото на јавноста да добие објективна и целосна информација, која ќе биде во согласност со етичките норми. Таа заштита во случај на спорна содржина се обезбедува преку непристрасен и професионален процес на проценка на содржината и на поплаката за истата, по што ќе се преземат постапки во согласност со Статутот и Деловникот на Комисијата за жалби при Советот.

---

[361] Достапно на: *semm.mk* (пристапено на 18.10.2020 година)
[362] Достапно на: (semm.mk) ( пристапено на 18.10.2020 година)

- Заштита на медиумите преку постојано подигнување на нивниот углед, преку грижата за секојдневно спроведување на стандардите во професијата од самите медиуми, но и преку медијацијата како процес кој ја подигнува довербата меѓу јавноста и медиумите.
- Промовирање на доброто и професионално новинарство на сите можни начини што му стојат на располагање на СЕЕМ како целина и на секоја членка на Советот одделно.
- Подигнување на свеста на јавноста за професионалните и етички стандарди кои треба да ги почитуваат медиумите.
- Унапредување на етичките правила и норми преку унапредување на Кодексот на новинарите.
- Намалување на случаите на судско разрешување на спорови меѓу јавноста/читателите и гледачите со медиумите.
- Заштита на слободата на медиумите и правото на јавноста да биде информирана.
- Спречување на влијанието на државата, политичките партии и другите центри на моќ врз медиумите.
- Штитење на интересите на јавноста преку обезбедување независен, ефикасен и правичен процес на решавање на поплаки за медиумските содржини.
- Промовирање на квалитет во медиумските содржини, усвојувајќи јасни и практични упатства за работењето на уредниците и новинарите.
- Подигнување на свеста на јавноста за професионалните и етички стандарди кои треба да ги почитуваат медиумите.
- Создавање амбиент за самокритичност, самосвесност и отчетност на медиумите кон публиката.
- Олеснување на пристапот на публиката до медиумите.
- Унапредување на етичкиот кодекс на новинарите.
- Намалување на сите форми на цензура и самоцензура во новинарството.
- Намалување на судските спорови меѓу јавноста и медиумите околу новинарските/медиумските содржини.
- Ширење на медиумската писменост, почнувајќи од најранливата категорија на јавноста - децата и малолетниците.

- Ширење на принципите на доброто новинарство, преку промоција на професионалните и етичките стандарди во специјализираните медиумски образовни институции/установи (школи, факултети, универзитети).

При евентуално прекршување на Кодексот, СЕММ одлучува по претставките на граѓаните и ќе изрекува морална осуда. Медиумите што се членови на СЕММ се обврзани да ги почитуваат и да ги објавуваат одлуките на телото. Накратко следи приказ на случај по кој одлучувал СЕММ, а кој е директно поврзан со остварувањето на слободата на изразување на новинар кај дигитален медиум од една страна, и правото на приватност на извесен пратеник од друга страна: пратеник против интернет портал за навредлива содржина. Пратеник од Собранието на РМ покренал претставка пред Комисијата за жалби на СЕММ, во однос на содржина објавена на интернет страница на албански јазик, која објавила содржини во кои кон пратеникот се користат навредливи зборови и квалификации. Пратеникот барал повлекување на текстот и јавно извинување од порталот. Советот започнал процес на медијација, контактирал со одговорните во интернет медиумот, кои сметале дека нивниот текст е козерија, која не подлежи на оценки на професионалните и етичките стандарди, но се согласиле со дел од наводите на претставката и со тоа текстот да биде повлечен, но не сметале дека е потребно за него да се извинуваат. СЕММ понатаму контактирал со пратеникот за да му го соопшти ставот на редакцијата и да го праша за неговите понатамошни намери во врска со постапката, но пратеникот понатаму не контактирал за оваа претставка со СЕММ. Одлуките и мислењата на Комисијата за жалби при СЕММ се објавуваат јавно на веб-страницата на Советот за етика.[363]. Статистичките податоци во врска со работата на Комисијата јавно ги објавува на својата веб-страница.[364]

Од досегашната работа на телото може да се забележи дека од година во година неговата работа се подобрува, на што укажува фактот дека сè поголем број значајни општествени фигури почнуваат да го користат како механизам. Како најголеми недостатоци на работата на ова тело се препишуваат неприфаќањето на телото од страна на дел од медиумската заедница и медиумите, необјавувањето на одлуките од страна на

363 Види Македонски институт за медиуми, „*Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет*“, 2015 година, Скопје, достапно на: *mim.org.mk* (пристапено на 20.10.2020 година )

[364] Достапно на https://semm.mk/komisija-za-zhalbi/statistichki-pregledi (пристапено на 26.04.2021)

прекршителите, со што се губи ефектот на морална санкција, како и недоволната информираност на јавноста и граѓаните за постоењето и начинот на функционирање на овој механизам.

Како срцев импулс во светлина на оваа дисертација, а во насока на саморегулацијата на медиумите како начин на остварување на слободата на медиуми во интернет просторот е здружувањето на десетина интернет портали во Асоцијација на интернет портали на Македонија во август 2013 година, со цел остварување и заштита на нивните авторски право и подобрување на условите во бизнис средината. Ова здружение се јави како одговор на донесувањето на Законот за медиуми во 2013 година, со обид да се вклопи во одредбите како гаранација за остварување на правата на дигиталните новинари, што за жал, не стана случај имајќи го предвид фактот дека Законот за медиуми не го уредува и инкорпорира поимот на онлајн медиуми во рамките на своите одредби. Оттогаш, ова здружение досега не бележи никаква јавна активност во медиумскиот простор.

Надвор од оваа доза на претставување на саморегулаторната реалност на медиумите во нашата земја, професионалците од оваа област постојано алармираат за безобразното кршење на она што е наречено професионално новинарско однесување, стандарди и етички приници од страна на медиумски работници и обични лаици со таков назив затскриени зад маската на мрежните медиуми. Во таа насока, посебно Македонската асоцијација за медиуми истакнуваше за привилегиите кои ги уживаат интернет медиумите во однос на ТВ медиумите, а коишто можат да објават што сакаат, како сакаат и кога сакаат без да се соочат со можност да им бидат изречени какви било санкции. За оваа проблематика говори и фактот дека голем дел од мрежните медиуми се без уреднички одбор или воопшто информации за медиумските работници кои се дел од нив. Досегашните истражувања покажуваат дека кај овој тип на медиуми редакциите со соодветна структура се вистинска реткост, новинарите кои работат за нив често се ангажирани на скратено работно време, но ги имаат истите должности како оние кои се вработени на полно работно време, но не истите права. Оттука и палетата на содржини со коишто располагаат и ги пуштаат во јавниот етер сѐ со голема доза на невистинитост и истовремено се силното копје кое ги крши основните етички и професионални стандарди на новинарската професија, во име на сензационализмот и актуелноста. Кога станува збор

пак за остварувањето на правото на слободата на изразување, како еден од главните проблеми кои се јавуваат со појавата на интернет медиумите е токму злоупотребата на авторското право, на кој начин, најголема штета трпат изворните автори. Така, еден од најпознатите примери во оваа насока е случајот со младите креатори од Велес за ширење на лажни вести преку веб-страниците, којшто сериозно ја доведува во прашање вербата на аудиторимот во медиумите. Доколку го разгледаме веб-сајтот на ЗНМ, ќе наидеме на одлуки коишто ја потврдуваат опишаната состојба за дигиталните медиуми во нашата земја и кои сведочат за кршењето на принципите на вистинитост и пренесување на точност на информации од страна на неколку мрежни медиуми[365]. Но, да не заборавиме да истакнеме дека и покрај оваа состојба сепак, постојат и такви дигитални медиуми коишто инсистираат на почитување на етичките и професионалните стандарди, коишто имаат јасна и транспарентна сопственичка и уредничка структура, а за што говори и фактот дека Советот за етика во медиумите на Македонија како дел од својот состав бележи и 16 онлајн медиуми како свои членови, а кои се обврзани да ги се придржуваат кон Кодексот за етика на новинарите, Статутот на СЕММ и одлуките на Комисијата за жалби по печатот.

И покрај ваквата неславна ситуација, голем дел од нашата медиумска заедница упорно се противи на било каква законска или барем soft law регулација на интернет медиумите, којашто понатаму подразбира и официјален регистар на онлајн медиуми, како и надлежно тело или министерство кое би раководело со истиот. Како најсилни аргументи на своја страна, претставниците на медиумската заедница ја истакнуваат можноста од сериозно ограничување на слободата на изразување во интернет просторот, злоупотребите од страна на власта при имплементација на законската регулатива, како и задушување на медиумскиот плурализам и демократијата во земјата воопшто. Овој став беше потврден и од страна на ЗНМ, во која насока претседателот на ЗНМ, Насер Селмани, истакнал:[366] „Повеќе закони значат помала слобода за медиумите, ЗНМ ја отфрла идејата за регулирање на медиумската содржина и секој професионален новинар треба да се спротивстави на државата да ја оценува нивната работа како новинари. Новинарската етика се решава со механизми за саморегулација“.

---

[365] Достапно на: https://semm.mk/komisija-za-zhalbi/statistichki-pregledi/853-2020 (пристапено на 22.07.2021 година).

[366] Достапно на: *ssnm.org.mk* (пристапено на 22.10.2020 година).

Понатаму, Марина Тунева, како извршен директор на СЕММ укажува на следното: „Најсилните аргументи за развивањето и поддршката на саморегулацијата се тоа што таа ја штити уредувачката слобода, помага да се намали државното влијание врз медиумите и да се развива квалитет во нив. Воедно, претставува и доказ за медиумската одговорност и им помага на граѓаните полесно да пристапат на медиумите со свои реакции и очекувања во однос на известувањето. Според неа, доколку медиумите се придржуваат кон стандардите на професионалност, лесно е да се детектираат и да се пресретнат обидите за притисоци и цензура и потенцира дека колку повеќе „владее“ саморегулацијата, толку помали ќе бидат обидите за непотребна регулација од страна на државата која секогаш носи ризици и закани по слободата на медиумите. „Осуетувајќи ги обидите за цензура или самоцензура, во соработка со медиумите, кои се многу значаен партнер во саморегулацијата, се обидуваме јавно да ги истакнеме и да дебатираме за проблемите, активно залагајќи се за нивно спречување. Преку тоа што јавноста реагира на непрофесионалноста во известувањето, меѓу другото, ни помага да откриеме и кои се причините што стојат зад тој непрофесионализам. Неретко, цензурата и самоцензурата биле пријавувани како проблем, а кога тие сè уште постојат во новинарската пракса се поткопува интегритетот. Штетата кон јавноста е голема, а медиумот ја запечатува својата судбина“ е само дел од нејзиниот став кога станува збор за саморегулацијата на дигиталните медиуми.[367]

Како еден значаен датум неопходно да се заокружи на календарот за успехот на саморегулацијата на дигиталните медиуми е 18 декември 2019 година, кога Здружението на новинари на Македонија ЗНМ и Стопанската комора, го објавија Регистерот на професионални онлајн медиуми. Овој регистер треба да ѝ биде од помош на јавноста, но и на бизнис заедницата, полесно да ги распознаваат професионалните од непрофесионалните медиуми. Критериумите според кои еден медиум може да влезе на оваа листа се: при своето работење се придржуваат до новинарскиот кодекс, да имаат транспарентно сопственишство, импресум. За разлика од мислењата на Тунева и Селими, нивниот колега Лирим Дулови, претседател на Асоцијацијата на печатени медиуми има став дека треба да постои одреден регистер на онлајн медиуми, но тој да биде на некој начин озаконет. Оттука, тој истакнува дека: „Нашата цел е порталите посебно да бидат

---

[367] Достапно на: *ssnm.org.mk* (пристапено на 22.10.2020 година).

идентификувани во ова време кога најголем проблем се лажните вести. Многу е важно да се знае кој ја пласира информацијата и дали тоа се новинари или не. Новинарството би било заштитено со регулацијата, односно регистрацијата за која се залагаме“. Тој објаснува дека нивната идеја (на асоцијацијата) е всушност начин за идентификување на онлајн медиумот, односно јасно и обврзително да биде означено чиј е медиумот, кој е уредник, да има регистрирано фирма, за да се знае кој стои зад сето тоа и кој на крајот плаќа даноци на државата. „Немаме ништо против саморегулацијата и таа според мене, е добра. Но, од друга страна, луѓето кои имаат лоши намери да се затскриваат зад професионалното новинарство, многу му наштетуваат. Не е можно на ист пазар, некои на државата да плаќаат даноци, а други да не подлежат на никакви законски обврски. Зошто за телевизиите кои сѐ уште се главни медиуми важат сите закони, а на други им се дозволува анархија“.[368]

Друг пример за поздрав е формирањето на онлајн платформа (http://kolektif.mk/) од страна на група фоторепортери, на која се објавуваат професионални фотографии кои потоа можат да се откупат од страна на медиуми. Ова претставува форма на саморегулација која во иднина може да прерасне и во механизам кој ќе го штити авторското право на фоторепортерите. Во оваа насока, Томислав Георгиев, фоторепортер, вели: „Со оглед на трендот на префрлување на медиумите во интернет просторот каде што императив е брзината на известување, како и ситуацијата на лоши буџети во медиумскиот бизнис, направивме интернет платформа или првата специјализирана фотографска агенција преку која ја покриваме територијата на државата со дисперзирани фотографи од поголемите македонски градови, со цел за навремено и професионално известување со краен производ кој е адаптиран на ниските буџети. Во принцип се креира своевидна дигитална архива на фотографии од вести, фотографии кои креираат вест и генерички фотографии создадени од професионални фоторепортери кои можат да се користат како илустрации во секакви едиции и публикации“.[369]

На глобално ниво, она што ја прави саморегулацијата поефикасна од регулацијата на дигиталните медиуми во услови на континуирани промени на медиумската

---

[368] Достапно на: *ssnm.org.mk* (пристапено на 22.10.2020 година).

[369] Види Македонски институт за медиуми, „*Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет*“, 2015 година, Скопје, достапно на: *mim.org.mk* (пристапено на 23.10.2020 година )

технологија, е нејзината флексибилност, брзина на постапките кои ги предвидува за решавање на споровите во споредба со долгите и сложени парнични постапки, како и нејзината економска исплатливост како за владите, така и за самото општество. Нејзината најголема слабост е природата на необлигаторност и морален притисок за остварување на должностите од донесените одлуки по даден спор. Иако, веб-сајтовите можат да отстранат дадена проблематична содржина во улога на оналјн медијатори, не постои гаранција дека истата нема да се појави на друго место во интернет просторот. Она што мора да се постави како прашање на дилемата саморегулација - регулација на дигитални медиуми, е дали саморегулацијата е ефективна за да се постигне целта на јавен интерес или регулативата е строго неопходна за да се постигне таа цел? При промовирање и постигнување на некои цели од легитимен јавен интерес, саморегулацијата е прв избор затоа што тоа е помалку ограничувачко во однос на слободата на изразување.

Иако, поголем дел од аргументите тежнеат кон тоа дека не постои потреба од нова законска регулатива за справување со проблемите со дигиталните медими и дека истата само може да доведе до пререгулираност на областа, нашиот став е различен и во насока на носење на нова регултива која на јасен начин ќе ги определи основните поими на дигиталното новинарство и која ќе претставува законска мајка на технолошката алатка која треба да претставува силно оружје во борбата против ширење на лажните вести во нашиот интернет простор, за коешто детално станува збор во последниот, трет дел од оваа докторска десертација. Имено, сметаме дека саморегулацијата на медиумите како најефикасен механизам за остварување на правото на слободата на изразување кај дигиталното новинарство е возможна само доколку има јасна и силна законска основа за остварувањето на дигиталното новинарство воопшто. Секако, самото постоење на оваа законска регулатива не би означувало никаква промена, доколку истата не се применува и доколку не се победи актуелноста на несанкционирање на нелегалните појави на интернет и неодговорноста на нивните носители и креатори. Од таа причина, неопходно потребно е менување на духовниот и мисловниот концепт на нашето граѓанство кога станува збор за новинарство воопшто. За воопшто да помислиме дека постои малку надеж да посведочиме на истото, промените треба да започнат од самите институционални врвови како и највлијателните актери на медиумската заедница. Неопходен е континуиран дијалог помеѓу медиумските претставници, новинарите и надлежните институции. Самото

членство на интернет медиумите во саморегулаторните тела придонесува за брендирање на овие медиуми како кредибилни медиуми кои работат професионално и нудат веродостојни информации на јавноста на интернет. Саморегулирачкото тело, СЕММ, заедно со новинарската и медиумската заедница во Македонија, треба да ги популаризира овие принципи меѓу интернет медиумите и интернет заедницата. Понатаму, потребна е континуирана едукација на медиумските актери од интернет индустријата, кои неопходно мора да ги почитуваат етичките и професионалните стандарди, кои пак од друга страна, имајќи ја предвид брзината со која се случуваат технолошките промени во медиумската средина, потребно е да бидат надополнувани. Како клучна се јавува и улогата на медиумската писменост на аудиториумот, која треба да им помогне на корисниците да препознаат која вест е лажна, која претставува само обид за искривување на реалноста, како и да придонесе за нивно распознавање на изворите на вестите. Оттука, се препорачува СЕММ да иницира или да се вклучи во проекти или други иницијативи за подобрување на медиумската писменост на публиката, чие подобро разбирање на медиумската реалност и медиумската содржина ќе го олесни изборот на квалитетна содржина и извори на интернет.

Од посебна важност е последната проблематика во однос на состојбите со интернет медиумите во нашата земја, а таа е како доаѓа до основање на еден интернет медиум, кое тело е одговорно за регистрација на домеин имињата и сосема накратко, што е домеин име. За еден интернет медиум да може да има било каква економска корист која per se стои во позадина и на самото новинарство како професија, потребно е да основа трговско друштво согласно Законот за трговски друштва во една од наведените форми: - јавно командитно друштво (ЈКД); - командитно друштво (КД); - друштво со ограничена одговорност (ДОО и ДООЕЛ) (доколку се основа на едно лице, се именува друштво со ограничена одговорност на едно лице); - акционерско друштво (АД); и - командитно друштво со акции (КДА), а сè со цел интернет медиумот да започне да се движи низ траекториите на пазарот. Она што се бележи од досегашниот правен сообраќај во нашата земја на оваа тема е дека најчесто физичките лица, за вршење на трговската дејност интернет портал, се одлучуваат да основаат трговско друштво во форма - друштво со ограничена одговорност (ДОО/ДООЕЛ), од една единствена причина, што кај оваа форма на друштва одговорноста што основачите ја имаат во поглед на обврските на друштвото е

ограничена. [370] Друг начин да се внесе еден интернет медиум во правниот сообраќај е истиот да биде формиран од страна на здружение на граѓани, согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации, каде владее начелото на непрофитност, а основањето на интернет медиумот се препишува на целите за заштита и развој на демократијата на едно општество.

За да може да започне со вршење на својата дејност на интернет медиумот, трговското друштво или здружението на граѓани потребно е да закупи домеин име од еден од четирите овластени интернет агенти за регистрација на домен, а чија листа ја има на веб-страницата на МАРнет како јавна установа којашто врши јавна дејност согласно Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа – МАРнет е донесен и објавен на 20.9.2010 година во Службен весник на РМ бр.124. Правото да регистрираат .mk домен го имаат сите физички и правни лица. Со тоа МАРнет стекнува статус на правно лице со запишување во Централниот регистар на РСМ. Со назначувањето на директор, МАРнет официјално започнува со работа. Мисијата на МАРнет е обезбедување на услуги на национално ниво и меѓународно поврзување на Македонската академска истражувачка и образовна заедница и поддршка на нивните истражувачки и образовни активности; промовирање и дисеминирање на употребата на информациските и комуникациските технологии, посебно во академскиот и истражувачкиот сектор; одржување и управување со националниот ДНС, меѓународно претставување и членство; водење на политика и развој на националната академска мрежа. Управувањето со МАРнет се врши од страна на Управниот одбор. Членовите на одборот се именуваат и разрешуваат од страна на Владата на РСМ. Членовите на Управниот одбор се именуваат врз принципот на стручност и компетентност и принципот на соодветна и правична застапеност. Со Правилникот за организацијата и управувањето со врвниот македонски .МК домен и врвниот македонски .МКД домен (во понатамошниот текст - Правилник) се регулираат прашањата на организацијата и управувањето со врвниот македонски .mk домен и врвниот македонски .мкд домен, видови поддомени во .mk и .мкд домените и користењето на истите, називите на поддомените, регистрацијата и бришењето на поддомените во .mk и

---

[370] Достапно на: Македонски институт за медиуми, „*Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет*“, 2015 година, Скопје, достапно на: *mim.org.mk* (пристапено на 27.10.2020 година )

.мкд домените, права и обврски на корисниците на поддомени, начинот на упатување за решавањето на спорови и други прашања во врска со водењето на врвните македонски домени и регистрираните поддомени во .mk и .мкд домените. Согласно одредбите на овој правилник, МАРнет е надлежна да:[371] − спроведува постапка за регистрација на домените согласно со овој Правилник; − извршува технички работи поврзани со постојано и стабилно функционирање на примарниот именски опслужувач за сите .mk и .мкд домени; − го води Регистарот; − спроведува постапка за именување на регистрари; − спроведува арбитражна постапка како што е утврдено со закон и овој Правилник; − врши други работи утврдени со закон и другите акти. Бројот на домени кој може да ги регистрира еден регистрант е неограничен. Домените се регистрираат на период од една до десет години, со право на продолжување по истекот на периодот на кој е регистриран доменот. Регистрираните домени се запишуваат во Регистарот. Регистарот од претходниот став се води во електронска форма, а податоците запишани во него се јавно објавени на интернет страницата на МАРнет и се достапни за увид. Не е дозволено копирање на Регистарот. Регистрација на домени врши МАРнет. Правото да вршат регистрација на домени, МАРнет може да го пренесе и на трети лица во својство на регистрари, со кои ќе биде склучен договор. Барање за регистрација на домен регистрантот поднесува кај регистрар по негов слободен избор. Страните се упатуваат настанатите спорови во врска со регистрација на домен да ги решаваат пред постојаната арбитража при МАРнет во согласност со Правилникот за арбитражна постапка при Македонска академска истражувачка мрежа МАРнет. Управниот одбор на МАРнет донесува Правилник за арбитражна постапка за решавање на спорови при регистрација на домен.

[371] Достапно на: *pravilnik-mk-mkd.pdf (marnet.mk)* (пристапено на 27.10.2020 година).

# ДЕЛ ТРЕТИ - ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКО-ТЕХНОЛОШКО РЕШЕНИЕ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ШИРЕЊЕ НА ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ ВО НАШАТА ЗЕМЈА, КАКО И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ

Последниот, трет дел, од оваа докторска десертација има за цел да ги сублимира претходните два дела и по приказ на актуелните проблеми со кој се соочува како на глобално, на регионално ниво, така и на ниво на нашата земја да понуди насоки за градење на информатичко-технолошко решение кое ќе го надмине ширењето на лажните вести како производ на дигиталната ера и истото ќе ја докаже и четвртата посебна хипотеа поставена во рамките на оваа десертација која гласи: ***Правото и нормативната рамка не секогаш можат да го следат рапидниот развој на новите технологии, затоа познавањето на техничките мерки за заштита и користењето на информатички технолошки механизми се она што успешно ја надополнува правната рамка и понекогаш дава поефикасна заштита од правните прописи.***

Како круна на сето досега прикажано, следи последната глава посветена на претставување на предлог нормативно решение на сите предизвици и недостатоци со којшто се соочува нашиот правен систем во однос на регулирањето и ограничувањето на правото на слободата на изразување кај дигиталното новинарство. Истата ја претставува и последната посебна хипотеза поставена во воведот на оваа десертација која гласи: ***Во нашата држава покрај подобрување и измена на правните прописи за заштита на авторското право и сродните права, правото на приватност, заштитата на честа и угледот во дигиталната сфера, неопходно е да се донесе посебен правен пропис за сузбивање на лажните вести.***

# ГЛАВА 1 – ИНФОРМАТИЧКО-ТЕХНОЛОШКО РЕШЕНИЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРОБЛЕМОТ НА ШИРЕЊЕ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР - СИМБИОЗА ПОМЕЃУ ПРАВОТО И ТЕХНОЛОГИЈАТА, КОМПРОМИС ПОМЕЃУ ПРАВОТО НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ДРУГИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Дигиталното новинарство, онака како што претходно го дефинираме, во многу отстапува од она каква е перцепцијата на неговите конзументи. Дали интернетот ја отвори „вратата на ѕверот“ или „ѓаволот дојде по своето“ се чини дека двата синоними се поистоветуваат. И не треба да се оди подалеку, туку само да се „гугла“, за судот, за тоа какво е денес дигиталното новинарство да го видиме преку личен пример, доколку и во најмал дел сме оставиле општествен белег во било која форма. Тука, бројноста на објавите, сензационалноста на насловите, спонзорирањата на линковите во гуглањето, на преден план би ги исфрлиле лажните вести за најголемите умови од „жолтиот печат“, наспроти нивните епохални достигнувања кои би биле маргинализирани затоа што според читателската критика - недостасува сензационалност.

Желбата да се стави ред во безредието е онаа која нѐ води низ целото творење во оваа докторска досертација. Техниката нема чувства, неа не можете да ѝ се заканите, не може да ја фатите на емоции, не може да ѝ се додворувате. Дигиталното новинарство е сепак, информатичко-технолошки процес на творење, во кој ИТ технологијата е таа која го акцелерира неговото влијание. Без неа, сѐ е класично творештво.

Традиционалното македонско верување „од што е болката, од тоа е и лекот“ или пак латинското „Vis con Vi repulit“ или во превод „силата со сила се победува“, ме водеше во изнаоѓање на можните решенија за скротување на наездата на „слободни творци“ чија слобода многу често некој повредува и му наштетува.

Предлогот даден во оваа докторска дисертација, како алатка за санирање на последиците од штетите на дигиталното творештво, ќе биде можна правна алатка за

ставање ред во дигиталното новинарство, искажан преку нацрт-текст на предлог-закон за истото, а кој во исто време може да биде „рецептура“ за изготвување на агресивниот, практичниот производ, кој би дал in concreto информатичко-технолошка дигитална алатка, за систематизирање на дигитално-новинарските творби. Затоа и низ текстот којшто ќе следи, ќе провејува наратив кој ќе биде во функција на давање насоки како да се изгради едно такво информатичко-технолошко решение, за оние кои се занимаваат со претворање на идеите во софтвер да имаат обработена идеја која ќе треба да ја пресликаат во еден од програмските јазици.

## 4.1 Информатичко-технолошко решение за разграничување на творештвото од копирањето и разграничување на известувањето од лажните вести

Во воведниот дел на оваа глава употребивме две поговорки кои послужија како главен мотив за креирање на информатичко-технолошко решение кое во продолжение ќе биде опишано. Едната од нив е латинската „Vis con vi repulit“ или „силата со сила се победува“. Главна причина за широката експанзија на лажните вести како „творештво на дигиталното новинарство“ е токму лесната достапност и „user friendly“ софтверските платформи и алатки за креирање на дигитални мултимедијални записи кои понатаму се публикуваат на интернет и со тоа го добиваат називот „дигитална вест“. Веќе зборувавме за речиси автоматизираните генератори на лажни вести кои доколку ги напаѓате со законски решенија е исто како од оној кој ве напаѓа со сабја вие да се браните со лист хартија. Технички добро – најдобро скриени зад VPN (Virtual private network)[372] мрежи, и remote desktop сервиси[373] кои како потенцијален креатор на веста можат да го вперат прстот кон било кој од речиси 8 милјарди луѓе на планета Земја, а уште покомплицирано и кон виртуелна машина која со вештачка интелигенција е прецесиран machine learning, правото (законите) како такви, ги прави безмалку „смешен бранител“. Оттука, „дигиталниот новинар“ повеќе би го барале со некаква тужба In rem, односно да ја постигнеме правната и моралната сатисфакција ако успееме појавно да го казниме дигиталното творештво со тоа што технички нема да постои, отколку да одиме со In

[372]Достапно на: https://mk.wikipedia.org/wikivpn (пристапено на 07.12.2020 година).
[373] Достапно на: https://en.wikipedia.org/wiki/Remote_Desktop_Services (пристапено на 07.12.2020 година).

personam тужба, преку која би го барале персонално, како физичко лице, творецот на дигиталната творба.

Втората поговорка, изворно македонската „од што е болката, од тоа е и лекот“, само како поткрепа на погоре напишаното, а како предвесник на тоа што следи, дека битката со лажните вести во дигиталното новинарство, ќе ја прикажам како „борба на две информатичко-технолошки решенија“, при што во втората би бил инкорпориран предлог-законот за сузбивање на лажните вести и како егзекутива на правните норми, наместо човечки фактор би била вештачката интелигенција по зададен алгоритам.

Ваквото информатичко-технолошко решение се очекува да стави ред помеѓу читателите, но и помеѓу самите творци. Се чини дека тоа второто е и побитно, затоа што ако се продуцираат помалку лажни вести и читателите ќе имаат почиста дигитална околина. Процесот на чистење би бил следен речиси во сите фази – креирање, продукција, истражување, па дури и предлог санкционирање.

Структурата на информатичко-технолошкото решение е следната:

- модул за едитирање на новинарски текст;
- модул за публикување на новинарски текст;
- модул за проверка на новинарски текст;
- модул за приговор по новинарски текст;
- модул за резултати од истрага;
- модул за анализи.

### 4.1.1 Модул за публикување на новинарски текст

Новинарските текстови во електронското новинарство бараат одредени познавања од информатичките техники, кои во зависност од софтверската платформа на која се прикачуваат, можат да бидат пониско или повиско нивелирани. Софтверските платформи, самите по себе се исто така, раслоени според комплицираноста, па така истите можат да се стандардизирани шаблони по кои различни домејни само визуелно ги променуваат боите и банерите кои се присутни на платформата, додека костурот, односно стеблото на платформата е сосема исто, па сè до уникално креирани платформи кои, на само за нив својствен начин, ја прикажуваат содржината. Ова многу лесно може да се увиди само со

мала анализа на неколку македонски домејни, при што и визуелно се забележува дека образецот (темплејтот) на двата домејна е ист.

На пазарот на дигитални производи лесно и релативно ефтино можат да се најдат платформи кои се Plug and play, па на купувачот му останува само истата да ја персонализира и да ја хостира како своја платформа. Така на пример:

- https://www.motocms.com/
- https://themeforest.net/
- https://www.templatemonster.com/
- https://creativemarket.com/

каде што веќе од 50 американски долари можат да се купат готови (обрасци) темплејти кои само треба да се преуредат. Ова е една од главните причини за експанзијата на електронските медиуми, затоа што лесната достапност до „производ кој ќе креира производ“ роди многу индиувидуалци кои денес се сметаат за новинари. Компаративно гледано, тоа е она истото кога благодарение на софтверските пакети кои овозможуваат креирање на дигитални музички звуци, многу индивидуалци се сметаат за музичари.

Преку текст ќе ја прикажеме идејата до која дојдовме при истражувањето за овој труд, а кое според нас, ако не целосно, но во речиси целосен опфат, би можело да го реши проблемот со електронските медиуми. Сето ова, ставено на хартија, понатаму не треба да остане само така, туку ќе треба да претставува водилка кон изработка на софтверскиот пакет.

Што треба да овозможи модулот на информатичко-технолошкото решение за публикување на текстови?

Секој новинар кој сака да добие верификација за својот труд - дека истиот е пишуван во рамки на предвидените процедури за објавување на текстови, мора истото да го направи преку даденото информатичко-технолошко решение. Овде е многу битно да се напомене и тоа да провејува како мисла низ целиот текст на трудот, секаде каде се зборува за информатичко-технолошко решение и законско решение, дека со ова во никој случај не се задира во содржината на објавениот труд. Ова е само формализирање на истиот, со цел процедурата да роди правна сигурност и процесно-правно олеснување при евентуален спор.

Секој новинар кој има акредитација[374] добива корисничко име и лозинка за најава во системот за процесирање на публикувани текстови. Во профилот на новинарот се чуваат општи лични податоци за истиот, број на акредитација и листа на домејни (електронски списанија) каде новинарот има право да објавува. Со ова се врши разделување на творците кои поминале процедура како би биле новинари и творците кои под псевдоними, анонимно или пак, под лажни имиња објавуваат текстови, кои понатаму тешко влегуваат во процес на идентификација и со тоа во правна несигурност.

Во делот од овој модул насловен како ОБЈАВИ НОВ ТЕКСТ, автоматски се генерира број под кој текстот кој новинарот сака да го пишува, е зачуван во системот. На ваков начин, секој од новинарските текстови добива системска уникатна идентификација преку која ќе биде препознатлив во големиот број на текстови (еден вид на ЕМБГ на текстот). Ова раѓа многу бенефиции, но најбитно е дека на овој начин би се разликувале новинарските текстови кои имаат ист наслов, понатаму ќе се разграничуваат новинарските текстови кои поминале низ системот и новинарските текстови кои се креирани надвор од него, а со самото тоа се врши и нивно правно диференцирање.

Следствено на тоа, се појавуваат и другите полиња кои задолжително треба да се пополнат за да биде текстот „според правилата на игра". Неколку полиња се овде круцијални, не само од технички аспект туку и од правен, а и од морален и етички.

- Поле – време на веста.
- Поле – место на случување.
- Поле – возраст за која е наменето.
- Поле – област за која се пишува.
- Поле – степен на сензационалност.

### 4.1.2 Време на веста

При секое креирање на новинарски текст многу е важно да се определи времето за кое новинарскиот текст се однесува (точно определено време на настанот доколку е краткотраен настан или настан во миг, или пак, временски интервал за кој новинарскиот

[374] Системот нема да има за цел да издава акредитации, туку врз база на веќе постојниот систем за кредитација, ќе врши регистрирање на веќе акредитираните новинари.

текст се однесува доколку е некоја анализа или сторија). Определувањето на временскиот податок е автоматски врзан со светското време преку Google сервисот за Светски часовник, при што се води сметка и за различните временски зони кои би можеле да се појават.

Зошто е ова поле важно? Заради фактот што многу од новинарските трудовите се објавуваат како настани кои по насловот алудираат на нешто што е актуелно, со цел да предизвикаат сензационалност, а при отворање на содржината и при детално читање на истата, се забележува дека настанот е случен многу одамна и дека станува збор за повторување на вест од поодамна, која по насловот треба да предизвика читаност и сензационализам, следејќи ја логиката на читање само на насловите. По истата логика, многу од текстовите по својот наслов, во недостаток на временскиот податок, се злоупотребуваат во политички цели, сѐ со цел настани од поодамна да создадат чувство дека се дел од денешницата.

### 4.1.3 Место на случување

Се јавува потребата од внесување на географската положба каде се случил настанот за кој се известува или пак на која географска положба или географско простирање се информациите/анализите на кои текстот се однесува. Дефинирањето на географската местоположба е на различни нивоа, со оглед на фактот дека одреден настан или пак одреден текст зависно од тоа од каков вид е, може да биде многу детално определен (со точна адреса), да биде пошироко определен (подрачје од населено место или пак целото населено место, регион од држава, цела држава, регион од континент, цел континент), или пак да биде глобален настан или текст кој се однесува на некоја анализа која опфаќа глобален проблем.

За таа цел, може да се користат веќе постојни сервиси на Google, преку кои се врши дефинирање на геогрaфската положба и географското простирање.

Зошто ова поле е важно? Исто како и претходното, во трка за кликови и лајкови, а со тоа и борба за факторизирање во дигиталниот медиумски простор, многу од новинарските текстови по својот наслов внесуваат голема забуна и заблуда помеѓу читателите, особено кај оние кои се водат само по насловот на текстот. Така, текстови кои

во својот наслов, пред сè, содржат најава за негативни настани, доколку не ги прочитате и останете само на насловот, многу лесно може да стекнете мислење дека се случени во нашата држава. При отворање на текстот многу често се согледува дека местото на настанот воопшто не е кај нас, туку во сосема различна држава. Примери за ова има речиси безброј.

### 4.1.4 Возраст за која е наменет текстот

Дефинирањето на возраста на лицата за кои е соодветна содржината е нешто што телевизиската индустрија почна да го применува пред неколку години и што како пракса се покажа дека може да дава добри резултати во превенција на асоцијални појави или социјални деструкции. При креирање на новинарскиот текст, творецот на истиот задолжително мора да го внесе податокот за возраста за која текстот е наменет. Градациите се движат во неколку степени и тоа:

- Текст наменет за целата читателска публика;
- Текст наменет за читателска публика над 7 години;
- Текст наменет за читателска публика над 14 години;
- Текст наменет за читателска публика над 18 години;

Јасни се границите зошто е оваа градација, а тоа е затоа што и правото во зависност од одговорностите но и правата, ја истакнуваат истата градација според годините.

Зошто е ова важно? Како што беше кажано погоре, различниот вид на текстови од содржински аспект може девијантно и деструктивно да влијаат врз читателската популација. Со градирањето на новинарските текстови според возраста на читателите јасно е дека нема да се спречи целосно елиминирање на прекршувањето на ваквата поделба на текстовите, но сепак, е овозможено да се превенира доколку како сервис понатаму се нуди на некои софтверски решенија или пак, како пакет на некои интернет прелистувачи.

Сведоци сме на влијанието кое новинарските текстови во дигиталните платформи го имаат врз читателите, особено кај помладите, кои соодветно на возраста креираат погрешна слика за реалноста преку истите. Тука, пред сè е манипулацијата со лажните вести, кои во дадена возраст од животот многу тешко се објаснуваат, а уште потешко се

бришат од мислите на младиот читател. Исто така, новинарски текстови со вознемирувачка содржина, кои или дејствуваат депресивно или пак раѓаат инкриминирачки мисли во главите на помладите читатели. Во многу нешта, ако не и најмногу, вината за изместените општествени вредности се должи на пренатрупаноста со текстови за „лажни херои“ кои длабоко пенетрираат во себевреднувањето на приватниот живот на читателот, терајќи го туѓото да го цени повеќе од своето.

### 4.1.5 Област во која се пишува

Заради предефинирање на целните групи кои новинарските текстови треба да ги опфатат и заради првична селекција од страна на читателите, дали одреден текст е во рамките на нивната област на интерес, а меѓу другото и заради статистички потреби и анализи за покриеноста на известувањето од одредени области, потребно е воведување на селектирање на областа во која новинарскиот текст се пишува. При креирање на самиот текст, авторот на истиот селектира од веќе зададените области на пишување (медицина, автомобилизам, домашна политика, култура, црна хроника...) при што има опција да избере и област која не е наведена во листата, под делот – друго – каде треба текстуално да ја внесува областа во која ќе пишува, па доколку дојде до тоа што е последно наведено, истото треба понатаму да биде одобрено од администраторот на системот. Со оглед на фактот дека одредени текстови може да се интердисциплинарни, системот нуди можност текстот да биде категоризиран во максимум 5 области во кои навлегува содржината на текстот.

Зошто е ова важно? Како што спомнавме погоре, придобивката од внесување на овој сегмент при подготовката на објавувањето на еден текст е повеќекратна. Пред сè, секој читател ќе може да ги филтрира новинарските текстови според полето на својот интерес. Тоа значи дека кога ќе наиде на новинарски текст кој не е од областа која е интересна за него, нема воопшто да троши време преку содржината да дознае дека насловот не соодветствува на истата. Исто така, овој сегмент од статистичка гледна точка, може да е од голема полза при креирање на новинарски политики во глобала, но и во секоја новинарска куќа поооделно. Позитивниот импакт кој ваквата структуираност на тематиките ќе го има врз новинарството во целина, ќе се огледа и во детектирање на

евентуална презаситеност на одредени области во новинарското известување, наспроти области кои се несразмерно покриени или несоодветно покриени. Анализата може да води и до податоци за најчитани области, што понатаму може да се користи и за креирање на социјален и трендовски профил генерално или парцијално, а сето тоа да доведе кон заклучоци кои можат да дадат друг позитивен импакт. Сѐ на сѐ, ова претставува еден импут кој може да даде многу „излези“.

### 4.1.6 Степен на сензационалност

Семтаме дека експанзијата на пишување со големи букви „степен на сензационалност“ на почетокот на веста кај нас се достигна со појавата на т.н. „политички бомби“[375] кога пред повеќе или помалку сензационална или скандалозна содржина во новинарската творба се пишуваше и сѐ уште се пишува БОМБА..., па следи текстот на насловот. Слично на ова, пред сѐ заради постигнување на прв впечаток при читање на насловот, сѐ почесто среќаваме ...СКАНДАЛ, СКАНДАЛОЗНО, НЕВЕРОЈАТНО, ЕКСКЛУЗИВНО... И во сето ова нема ништо незаконски, или пак со висока доза на толеранција, неетички, доколку не се знае дека мотивацијата за сето ова е привлекување на читателот за да се добие клик повеќе. Тргнувајќи го настрана маркетиншкиот трик кој се прави со тоа, сето ова задира и во сржта на темата на овој труд, а тоа е одговорноста односно штетата која ваквите новинарски појави ја носат со себе. Имено, со било кој од погоре наведените „префикси“ пред вистинскиот дел од насловот, веќе веста за која се пишува, а која може да е поврзана со личност или личности, добива оцена и суд од страна на читателите кои читаат само наслови. При читањето на текстот може да се испостави дека во истиот нема ништо „бомбастично, ексклузивно, скандалозно или неверојатно“, но перцепцијата за личноста или личностите актери во текстот кај повеќето од читателите ќе остане само врз основа на насловот. Сето ова раѓа елементи за правна одговорност. Токму затоа, при креирање на новинарскиот текст во информатичко-технолошкото решение е дефинирано поле кое е задолжително за внесување и каде се дефинира степенот на сензационалност.

[375] Терминот се употребува за прикажување на содржини од политичкиот живот, кои имаат контроверзна или сомнителна содржина. За првпат како термин во Република Северна Македонија, е употребен од страна на тогашниот лидер на опозицијата Зоран Заев во 2015 година.

Степенот на сензационалност го дефинираве преку категоризација на истиот и тоа:

- Новинарски текст за настан;
- Новинарски текст за анализа;
- Новинарски текст за личност;
- Новинарски текст за компанија.

При што авторот треба да избере една од следните категории:

- Текст во кој авторот известува за настан;
- Текст во кој авторот дава свое гледање на настан, личност или компанија;
- Текст во кој авторот користи сублимати од повеќе текстови;
- Текст во кој авторот целосно има преземено содржина од друг веќе објавен текст.

На овој начин читателот однапред ќе знае каква е природата на изворот на текстот кој го чита и согласно со тоа, полесно ќе може да го креира својот суд за прочитаното, без сугестивно да се води од самиот наслов. Се разбира, ваквите категории се дадени како предлог и нивното конечно дефинирање може да трпи промени врз основа на анализата и сугестиите од новинарската фела и читателската публика.

Ваквата уреденост на внесување на воведните податоци при креирање на новинарски текст е одраз на моментално присутната фактичка ситуација. Како што зборувавме и погоре, праксата за водење на регистар на професионални онлајн медиуми е веќе присутна кај нас. Како многу значаен чекор, организацијата Репортери без граници го смета формирањето на Регистарот на професионални онлајн медиуми, во кој има околу 70 члена, иницијатива која промовира саморегулација на овие медиуми со почитување на Кодексот на новинарите. Како што напоменавме, ова информатичко-технолошко решение нема за цел регулација на саморегулацијата, туку овозможување и одржливост на саморегулацијата. Затоа и во понуденото предлог-законско решение, државниот механизам не се јавува како управител на процесот на саморегулација, туку како еднаков чинител кој е еден вид на „технички мецена“ на ваквиот процес на саморегулација. Државниот апарат, ќе го воспостави, но нема да го регулира ваквиот процес во делот на внатрешната саморегулација. Ваквиот пристап не отстапува од веќе споменатите теории дека саморегулацијата може да биде воспоставена со закон, но не и водена од власта.

Секако, силата на законот произлегува од силата на апаратот за државна принуда, затоа што единствено апаратот за државна принуда е оној кој му дава сила на било кој правен акт, а кој треба да произведува erga omnes дејствие. Затоа, никако не смеат да се сметаат за цензура или пак друг вид на нарушување на саморегулацијата, задолжителноста на полињата кои треба да ги содржи еден објавен текст, бидејќи, токму недостатокот на овие полиња е и причината за „труењето“ на медиумскиот простор. Ваквото набројување на „состојките“ на веста, потсеќа на набројување на состојките на производите кои ги купуваме... Зар би купиле производ ако не знаеме кога е произведен, не знаеме каде е произведен, не знаеме за која возраст е наменет... Така и при „купување“ на онлајн новинарски текстови, иако се бесплатни, ги плаќаме со највредното – нашето време. Ова е природен процес на селекција на понудата со цел да се насочи поцелно кон потрошувачката.

Поради сите овие факти, досегашното техничко претставување на информатичко-технолошкото решение не бара правни модификации заради решавање на судири со други законски решенија кои се веќе присутни.

### 4.1.7 Модул за уредување на текст

По селектирање на основните влезни параметри за текстот кој авторот сака да го публикува, информатичко-технолошкото решение го води кон делот од модулот кој служи за уредување на новинарскиот текст. Како и секоја текстуална целина, така и новинарската е составена од помали и поголеми сегменти (параграфи, целини, алинеи), но како основа при утврдување на единица за уредување/едитирање ја земаме реченицата. Зошто реченицата?

Од формално-правен аспект, клеветничка изјава или навреда може да биде само една реченица која претставува затворена мисловна целина. Согласно тоа, независно од големината на самиот текст (може да биде и неколку илјади реченици) она што ќе иницира правен однос согласно предметот на интерес на мојата докторска дисертација е само една реченица. Затоа и ако ги погледнете тужбените барања за клевета и навреда анализирани во овој труд, истите најчесто не се однесуваат на целокупниот текст или на поголеми делови, туку тужбените барања се токму против единечната реченица, а

понекогаш и само кон дел од истата. Токму поради оваа причина и се одлучивме при креирање на овој дел од информатичко-технолошкото решение, реченицата да биде таа која ќе служи како влезен параметар на секој автор.

Како технички би требало да изгледа уредувањето на текстот?

По внесување на влезните параметри, како што кажавме погоре, информатичко-технолошкото решение води кон модул кој претставува стандарден текст едитор, со речиси сите функционалности кои еден текст уредувач (едитор) ги поседува. Тука само ќе ги набројам функционалностите како што се графичко и текстуално уредување на текст, вметнување на слики, видеа и други мултимедијални содржини, поставување надворешен линк (hyperlink) врз одреден дел од текстот и слично.

Тука би сакала да внесам еден принцип кој понатаму низ текстот повеќекратно ќе го употребувам, а изворно би го нарекла „Извор на реченицата", во насока на веќе напишаното дека реченицата ќе биде единица мерка во составот на новинарскиот текст. Извор на реченицата би значело покажување на оригинерноста, (потеклото) на напишаната реченица, односно дали е тоа реченица, мисла на самиот автор (оргинален текст) или тоа е реченица која тој од некаде ја презел, или е реченица која тој ја парафразирал или слично. Сето ова, по завршување на секоја реченица, авторот ќе треба преку селектирање на истата да избере за каков вид на оригинерност станува збор.

Имено, голем проблем во докажувањето на намерата при клеветничкото обвинување е испитување на намерата на авторот дали и каква била таа. Одбраната понекогаш се состои во тоа да се повикува на тоа дека текстот е само преземен, или пак, дека станува збор за парафразирање на нешто што на друго место било кажано, па следствено на тоа, следувал и заклучок според размислувањата на авторот или слично. Никако не е намерата да се врши било каква контрола на авторското творење, туку напротив, „ставање корени" на сите искажани мисли, а со тоа, народски кажано:

- доколку станува збор за преземање на текст, кој пак можеби е преземен од некој друг текст, да се знае „кој прв почна";
- доколку станува збор за текст којшто е автономен авторски текст, да се знае дека „секој сам е ковач на својата судбина";
- доколку станува збор за текст којшто е парафразиран од некој друг текст, да се провери дали е нешто налик на детската игра „расипан телефон";

- доколку станува збор за текст во кој само се пренесува некоја информација која од страна на официјални лица е публикувана, да се знае дека треба да се запази принципот „don’t kill the messanger“ итн.

Сите овие селекции на различен начин ја градираат „клеветничката и навредливата намера“ кај авторот, затоа што не е иста намерата, барем не онаа која може да се процени, не мислам на латентната, кога авторот сам искажува свои ставови наспроти ситуација на пренос на туѓи. Или синоним на тоа, не може да се смета ист степенот на вина кога разумот креира, наспроти copy-paste пренесувањето на текст.

Токму затоа и произлезе ваквиот начин на анексирање на секоја реченица со својата оригинерност. Затоа што во судската постапка ќе е искучително битно за сите чинители во парничната постапка – авторот, потенцијално оштетениот и судот.

Зошто е битно за авторот? Преку однапред дефинираното потекло на реченицата од неговиот новинарски текст, тој исто така, однапред ја дефинирал и својата улога, а со тоа и насочувањето на евентуалната тежина на докажување. Би набројала неколку „патокази“ за докажување на вина:

- доколку е текст кој самиот го напишал – докажувањето директно е насочено кон него;
- доколку станува збор за реченица која ја селектирал како преземена, тогаш докажувањето на вината може да го пренасочи кон лицето кое го создало или објавило линкуваниот текст;
- доколку станува збор за текст во кој се парафразира некоја претходно објавена информација, „стрелките би покажале“ и кон него но и кон авторот од каде се зародило парафразирањето;
- доколку станува збор за пренесен текст од јавна информација на официјална институција, тогаш „улицата е едносмерна“ и таа води кон институцијата; итн.

Од аспект на претпоставено оштетениот, ова е доста значајно за да може своето тужбено барање од самиот почеток правилно да го насочи, да се добие ефикасност на постапката, да се добие на економичност на постапката како и да се зацврсти правната сигурност преку навремено запазување на рокови.

- Правилното насочување на постапката е значајно, а со ова се подобрува истото, затоа што согласно погоре кажаното, претпоставено оштетениот добива патоказ кој

да му биде тужена страна. Евентуалното лутање „без знаци“ може да доведе до „правен кружен тек“ и епско докажување „што е постаро – јајцето или кокошката?“

- Ефикасноста на постапката е секако поврзана со првото, а ефикасноста по дефиниција е извршената работа поделена со времето потребно за неа. Со ваквата методологија, времето за завршување на судските постапки би се намалило, а кога именителот се намалува –дропката (ефикасноста) има поголема вредност.
- Економичност на постапката – доста објаснувано во процесните права, овде од наш аспект само парафразирање дека непотребното вклучување на многу чинители во судскиот процес само прави финансиски трошоци, а на крај, некој тоа мора да го плати. Независно која и да е од странките, економичноста на постапката се мери во тотал сумата која е потрошена во процесот.
- Запазувањето на роковите, кои кај нас се дефинирани во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, пред сѐ мислам на навремено поднесување на барање за извинување и следствено на тоа, поднесување на тужба, кои по својата природа се преклузивни, може многу лесно да биде пропуштено доколку претпоставено оштетениот тргне од почеток во погрешен правен, без да ги следи насоките кои погоре ги дефиниравме. Имено, „лутајќи“ и барајќи извинување од „copy-paste авторот“ ќе ги пропушти роковите за оригинерниот автор. Предложената методологија на директирање кон одговорноста, значително ќе ја намали ваквата опасност.

Ваквиот модул на дефинирање на изворноста на сегментите од новинарскиот текст, исто, слично или можеби и најбитно значење има во креирањето на читателската култура. Зошто е тоа така? Многу битно за секој читател е однапред да може да ја предвиди веродстојноста и изворот на текстот со кој се запознава. Имено, мора да се сложиме дека не е сеедно да расудувате по текст којшто има незнаен или сомнителен, или друг вид на степен на недокажана изворност, наспроти текст на којшто секоја реченица му е однапред дефинирана од каде потекнува. Ваквиот начин на таргетитрање на изворите ќе даде неколку бенефиции:

- Текстовите коишто се copy-paste од друг извор за читател којшто сака да навлезе во содржината и автентичноста на информацијата, ќе стане непримамлив, заради тоа што читателот користејќи ја својата логика ќе се директира на оригинерниот текст

објавен и прикажан во линкувањето. Но, ова е нормално, заради тоа што „водата е најчиста на изворот“ и „секој сака да пие вода од изворот“. Според тоа, за очекување е дека порталите коишто објавуваат copy-paste текстови ќе станат неатрактивни и читателите ќе почнат да ги избегнуваат, ориентирајќи се кон вистинскиот извор на информацијата, а од друга страна, намалувајќи се бројот на посетите на порталите, логично е да се намали и финансискиот приход на истите, со тоа, за очекување е дека многу од нив и ќе згаснат. Овој процес не треба да се сфаќа „трагично“ заради тоа што пренатрупаноста со портали е една од главните причини за намалување на довербата на читателите во нив, а и акцелератор на процудирање на лажни вести.

- Читателите со текот на времето ќе го искристализираат и ќе ги рангираат самите автори во зависност од тоа колку истите се цитирани во туѓите текстови. Затоа и алатката треба да дава графички и статистички приказ, за тоа, кој автор колкупати е цитиран, бројот на објавени текстови коишто со него се поврзуваат и слично.
- Можните бенефиции од сето ова би можеле да се почувствуваат и во рангирање од негативен аспект на автори кои добиле најмногу критики, поплаки или друг вид на негативни реакции врз текстовите коишто тие ги објавуваат и на еден начин да се изгради и степен на доверба од читателите кон секој од авторите. Овој степен графички треба да се прикажува и во информатичко-технолошкото решение, на начин што читателите при официјална најава може да даваат свој суд во вид на оценување за секоја искажана мисла на авторот. Од друга страна, модулот за којшто ќе зборуваме подолу, а тоа е модулот за електронско поднесување на тужби за клевета на портали, ќе овозможи и ранграње на авторите по бројот на поднесени тужби. Сето ова, во законско смислено решение би можело да доведе, а во предлог-законот кој е составен дел од овој труд е и наведено дека по одреден број добиени пресуди со коишто се докажува вината на авторот за навреда и клевета, може да се случи времена или трајна забрана на вршење на новинарската професија. Ваквиот тип на забрани може да се препознаат во веќе постојните законски решенија, но забрани за друг вид на професионална активност, со тоа што, со предлог-законското решение кое е спомнато погоре, би добило lex specialis третман.

Во овој сегмент од дефинирањето на функционалностите на предложеното информатичко-технолошко решение не се бараат никакви промена на позитивно-правните норми од причина што станува збор за техника на пишување на текстови. Во многу што овој дел треба да се уреди со подзаконски акт, од причина што номотехнички ваков вид на уредување на поведение не е во „надлежност“ на законски решенија. Затоа и во предлог-законското решение кое подолу ќе го претставиме, не навлегуваме во техникалиите на пишување на новинарски текстови. Она што привлекува внимание, секако, е дефинирањето на реченичната целина како основен мотив за раѓање на правен основ, како клетка која понатаму се развива во создавање на правно дело согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и може да отпочне правен процес преку кој засегнатите страни, согласно законот, вонсудски или судски ќе ги решаваат недоразбирањата. Но, ова во никој случај не може и не треба да значи било какво нормирање на начинот на изразување. Барањето да се утврди изворот на информацијата, поточно видот на изворот на информацијата е барање за „педигрето“ на реченицата, но не и за нејзината „генетска анализа“.

Затоа овој дел од информатичко-технолошко решение не е и не треба да биде предмет на правна анализа од аспект на својата дозволеност, туку треба да биде третиран како техника која треба да се уредува со технички норми, подзаконски акти, повеќе во вид на упатства или прирачници, отколку со чисти правни општи подзаконски акти.

### 4.1.8 Дозвола за линкување на текстови

Во насока на сè погоре кажано за дефинирање на изворот на информацијата, односно делот од новинарскиот текст којшто се објавува, а заради поголем ред во „сообраќајот на текстови“ и согласно препораките од Европската Унија и соодветните регулативи, информатичко-технолошкото решение поседува модул со којшто по линкување на даден текст, односно по дефинирање на изворот од каде текстот потекнува, авторот на линкуваниот текст (лично или неговиот портал), добива барање за одобрување на линкувањето, независно од тоа дали е цел параграф или дали е една реченица или цел параграф, да биде споделен на другиот портал, а со тоа да се прикаже дека информацијата којашто се прикажува е информација којашто потекнува од него. На барањето треба да се

одговори во одреден временски период, и доколку не се одговри, се смета дека одобрувањето е дадено.

Се разбира, лицето коешто сака да објави туѓ текст, може тоа да го направи без одобрување, но сето тоа понатаму раѓа правни импликации, коишто се предмет на регулирање во авторското и други сродни права.

Опцијата за погоре наведеното во моментов служи за алгоритам којшто ќе проверува веродостојност на текстовите во рамки на самата база креирана во информатичко-технолошкото решение, но и на текстови коишто се јавно објавени на интернет, користејќи ги пред сè пребарувачките сервиси на Google. Ова дава можност, понатаму системот да се развива во насока на овозможување на други анализи, за кои во текот на текстот ќе зборуваме.

Ваквата можност е веќе дискутирана погоре, за што постојат и правни норми кои го нормираат линкувањето, пред сè во делот на Законот за авторското право и сродните права нормативно е уредено линкувањето. Овој модул само ќе овозможи технички подобро следење на линкувањето на текстови, особено на т.н. длабоко линкување (deep linking), затоа што истиот овозможува линкување не само на страници (pages) внатре во структурата на домејнот, туку дава можност да се линкува и дел од самиот текст. Со тоа, на микро ниво се овозможува да се воспостави контрола, како на заштитата на авторските права врз објавените текстови, така и воспоставување на релација помеѓу напишаното, преземеното и одговорноста за навреда и клевета согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

### 4.1.9 Поднесување тужби и жалби преку електронскиот систем

Како што веќе наведовме, со измените на Кривичниот законик клевета и навреда беа декриминализирани и се предвиде само граѓанска одговорност согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевата, па со тоа процесните дејствија продолжија да се одвиваат пред граѓанските судови, наместо како дотогаш, пред кривичните. Со тоа пораснат е и бројот на поднесени тужби за клевета и навреда, што дополнително ја оптеретува работата и на така веќе пренатрупаните граѓански судови, особено во поголемите градови. Со цел да се поедностави процедурата (секако тоа подразбира

промена на, пред сѐ, двата суштински закони поврзани со ова, Законот за парнична постапка и Законот за граѓанска одговорнст за навреда и клевета) преку ваквиот електронски систем за кој зборуваме во овој труд, се овозможува поднесување на електронска тужба за искажани клевети и навреди во текот на новинарските текстови.

Како е предвидена целата процедура?

- Лицето кое смета дека се искажани невистинити податоци и факти за него, има можност официјално да се најави на ваквото информатичко-технолошко решение, преку системот за регистар на население (сѐ уште е во изработка од страна на Министерството за информатичко општество и администрација), со што неговата најава добива формална и материјална легитимност преку ваквата идентификација. Откако ќе се најави на системот, лицето има можност да го селектрира текстот за којшто смета дека има навредлива или клевентничка содржина и преку тоа да поднесе тужба за истото. Откако ќе го селектира текстот, системот автоматски генерира тужба, која е предефинирана од параметрите коишто можат да се извлечат од претходно внесените податоци и тоа: името на тужителот се презема од податоците преку кои тој се има логирано, а се преземаат од Регистарот на население. Податоците за тужениот се преземаат од податокот којшто е внесен за линкување на реченицата или речениците, во кои се смета дека се искажани клевети или навреди, односно доколку текстот е оригинерен на самиот автор, тогаш податоците се преземаат за самиот автор. Доколку текстот е преземен од некој друг портал или автор, тогаш податоците се преземаат од авторот или порталот, којшто првично ја има креирано реченицата или речениците.
- Податоците за судот, односно за надлежноста на судот се преземаат под местото каде што авторот има адреса или порталот има седиште, регистрирано седиште, но поради спецификите на порталите, системот дава можност, „електронскиот" тужител самиот да ја определи месната надлежност на судот.
- Во делот на образложение на тужбеното барање, системот отвора текстуален прозорец каде тужителот го наведува образложението за своето тужбено барање, исто така постои можност и за прикачување на документи, за докажување во вид на атачмент, дали е тоа скениран документ, слика или линк од некоја друга објава, кои заедно со образложението треба да послужат за неговото докажување. За

постапката да биде целосно дигитализирана постои можност за елекстронска наплата на судската такса преку кредитна картичка или пак трансфер на сметка.

- Доколку станува збор за тужен кој е регистриран во системот, автор, сите податоци околу тужбеното барање ги добива електронски, со што и опцијата може да дава одговори на тужбеното барање и се одвива по електронски пат.
- Доколку станува збор за лице или портал кое не е дел од ваквиот електронски систем, судот добива нотификација дека станува збор за тужен кој не е дел од истиот, а кој не е дел од системот, и судот согласно предложените законски измени има обврска на трошок на тужителот (кои стануваат и трошоци на постапката), да ги испечати и во хартиена форма да ги достави до тужениот. Доколку дојде до ова, судот по електронски пат го известува тужителот дека материјалите се поднесени во хартиена форма до тужениот, а со тоа известувајќи го дека понатаму процесните дејствија ќе продолжат во хартиена форма. Доколку лицето или порталот којшто е тужен е дел од системот, тогаш истото е обврзано согласно предложениот закон во прилог на овој труд, постапката да ја води во електронска форма. Придобивките од електронскиот начин на водење на постапките наспроти хартиеното водење на постапките, несомнено се на страната на првиот.

Несомнено овој модул раѓа потреба од законски измени, пред сè во делот на процесното право, заради недефинираноста на ваквиот начин за отпочнување и водење на парница во постојниот Закон за парничната постапка[376]. Но, како што ништо не е еднаш засекогаш дадено, така и правните норми и правото воопшто „се создадени да им служат на луѓето", а не да се робува на истото, за да се имплементира овој модул е неопходно или измена на постојниот Закон за парничната постапка, каде ќе се дефинира посебна постапка (најсоодветно би било во постојниот ЗПП да се додаде оваа можност каде би можело да се додаде во глава дваесет и шеста, под насловот Посебни постапки) за делата за клевета и навреда кои произлегуваат од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, или пак, како што е прикажано во нашиот предлог-закон, со носењето на овој lex specialis за сузбивање на лажни вести, да се даде правна можност за постапување на

[376] Види: Закон за парнична постапка (пречистен текст) Сл весник на РСМ 7/2011 од 20.01.2011 https://www.slvesnik.com.mk/Issues/FB78A5380E7B004BBFF77315435A17BF.pdf

ваквиот алгоритам. Ниту едната, ниту другата опција не е невозможна, можеби е и „прашање на стил“ која од опциите на нормативно уредување би била прифатена, што пак отвора една друга димензија на правно размислување, веќе присутна со децении во Република Северна Македонија, а тоа е кодификацијата на правото, со која ваквите „слатки дилеми“ би се решиле. И како што кажавме, не е ова природна појава да не може да се модифицира, пандемијата покажа дека многу од процесите можат да се одвиваат онлајн, така што сето тоа само охрабрува дека и водењето на процесните активности по дигитален пат, ако пред неколку години беа за конзервативните правници незамисливи, сега за истите се дел од „новата реалност“.

Затоа треба да се охрабрува секоја промена која во процесните дејствија носи економичност, ефикасност и поголема инклузивност, а со ова се постигнуваат сите три споменати карактеристики.

### 4.1.10 Графичко уредување на новинраски текст и негово преземање на порталите

Предлогот којшто се дава, во ниту еден момент не треба да се помисли дека има за цел да изврши влијание врз содржината на текстовите коишто ќе се објавуваат. Тоа во неколку наврати е кажано погоре, докажано преку немешањето во ниту еден случај во содржината на текстовите и по ниту еден, ниту етички, ниту правен основ, не смее да биде поинаку. Она што се има за цел преку ваквиот начин на правно и техничко нормирање на објавување на текстовите е да се постигне унифицираност во формата, а преку таквата форма да се дојде и до некоја сигурност на сите „конзументи“ на новинарските текстови. Наредно прашање коешто се отвора е како ова ќе влијае врз формата и содржината на интернет порталите?

Уште еднаш напоменуваме дека содржината во ниту еден случај нема да е детерминирана од ваквиот систем, но формата е онаа којашто ќе претрпи одредени модификации кои во повеќето од случаите од порталите и нема да предизвикаат визуелни поместувања, заради тоа што начинот на импортирање на текстот напишан преку системот, нема да доведе до тоа, веќе постојните форми на домашните портали какви што ние ги познаваме, во голем дел визуелно да наликуваат на идејата којашто овде ја

претставуваме, а за останатите, со мали модификации, лесно би се приглагодиле. Ако ја погледнеме структурата на најпосетуваните портали кај нас, ќе видиме дека тие се структурирани на начин што во горниот дел обично стои логото и банер со реклами, во левиот страничен дел стои панел за навигација, а во десниот стојат неколку банери со реклами. Централниот дел е оној којшто е отстапен на текстот којшто се објавува и тука текстот или е локално пишуван на самата страница, или се презема од некоја локална база. За да може ваквиот дел да добие и „интелегентна функционалност“, во насока на сè она што погоре го зборувавме, она што ќе биде детерминирано од предложените законски решенија и од информатичко-технолошкото решение, е само централниот дел со соодветниот текст. Останатата структура на порталот останува непроменета и таа секогаш е модифицирана и структурално и визуелно од страна на хостингот.

Како е планирано да се одвива текстуалното поврзување:

- Текстот којшто е веќе внесен во системот добива одредена идентификациона ознака и линк којшто му е познат на авторот на текстот и на оној со којшто тој ќе ја сподели.
- Системот нуди алгоритам за поврзување преку кој може да се преземаат претходно внесените вести. Алгоритмот за поврзување нуди неколку видови на автентификација со цел само авторизирани надворешни лица да може да ги преземаат вестите. Имено, секој портал ќе добие соодветено корисничко име и лозинка со кои може да се автентифицира и да ги преземе вестите.
- Текстот и мултимедијалните содржини во него можат графички да се преуредат на најсоодветен начин во зависност од структурата на порталот, при што нема можност да врши промена во содржината на истиот. Зошто е тоа така? Заради тоа што систем не се гради доколку е дозволено надворешно поместување на неговата содржина и второ, доколку има потреба за модификација на текстот, било да е тоа суштинска или да е граматичка, или друг вид на печатна или техничка неисправност, истото треба да се направи преку апликацијата за внесување на текстот.

- Откако ќе се изврши импортирање на текстот и евентуалните останати содржини по истиот, целиот процес завршува со кликнување на копчето ОБЈАВИ ЈАВНО и во тој момент текстот станува јавно достапен за целокупниот аудиториум.

-Каде е оправданоста на ваквото техничко нормирање на објава на текстовите? Никој нема право, а со ова гледаме дека и нема ни намера да се меша во содржините на порталите коишто служат за нивно промовирање и на начинот како тоа ќе го вршат, како што се банери со ознаки на порталот и слично, ниту пак да се меша во начинот како ќе е структуиран еден портал. Сугестијата којашто погоре ја дадовме за централно поставување на текстот е само сугестија но не и правило заради тоа што е ирелевантно во кој дел од порталот еден текст се наоѓа, но само ја следевме логиката на повторување на ваквата форма кај голем број од порталите. Тоа апсолутно не значи дека хостингот на порталот нема суверена можност текстот да го позиционира според своите желби. Така што, комплетно сувереноста на хостингот е во негови раце. Доколку порталот се одлучи да биде дел од системот за којшто зборуваме, тогаш е нормално својата содржина да ја црпи од местото каде што е централизирано, а истата таа содржина е без никакви ограничувања внесена од него самиот. Но, не може да зборуваме за нормирање доколку немаме унифицирана форма на објава на текстовите, заради тоа што многу често несоодветната форма или различната форма се користи како правен изговор за неможност за остварување на одредено право или е затскривање зад некоја неправда. Со ваквиот начин порталите коишто се дел од системот стануваат дел од едно „творечко семејство“ кое им дава правна сигурност, поголема репутација кај читателите и додадена вредност на интелектуалната сопственост. Друга бенефиција од ваквиот начин на објавување на текстовите е што читателите можат да вршат самостојно селектирање на она што ќе го читаат или не, и доколку увидат дека порталот којшто го посетуваат не е дел од системот на вакво објавување на текстови, може да се создаде перцепција кај јавноста дека порталите надвор од системот не се во системот заради желбата од манипулирање, спинување, односно извртување на реалноста и објективното известување.

Овој модул во никој случај не носи со себе потреба за било какви законски измени во делот на постојните закони. Истиот како и други споменати модули дава техничка можност за спроведување на сѐ она кон кое се тежнеело и се тежнее – ред во онлајн медиумите без да се навлегува во слободата. Ова е типичен технички модул, кој само го позиционира слободно напишаниот текст од страна на авторот, со цел да има унифицираност во методите на прикажување. И тоа не е некоја новина која сега се воведува, а не е позната од претходно, туку е само технички начин на нејзино остварување. Затоа и ваквата нормираност, ако воопшто може така да се нарече, не треба да е со законско решение, туку со подзаконски акти, пред сѐ упатства и прирачници, како би се воспоставила флексибилна можност во случај на промена поради унапредување на технологијата да може новите технологии да се применат, а за тоа да не постои законска пречка.

### 4.1.11 Контролирање на текстовите во системот „кон надвор“

Она за што досега зборувавме беше контролирање на текстовите во рамки на базите на текстови, со коишто располага самиот систем, но како што ништо на земјава не е завиткано во стаклено ѕвоно, односно не е неотпорно на надворешни влијанија, а секако постои опасност дека со овој начин претставен погоре, може да се обвини за некакво монополизирање на текстовите, е развиена и опцијата текстовите коишто се објавени во рамките на самиот систем да се проверат соодветно, како од аспект на повторување на реченици, односно плагијаторство, така и од аспект на правни импликации коишто би можеле да ги предизвикаат, а импликациите се врз текстови на портали кои не се „членки на системот“. Имено, системот нуди можност корисникот да селектира одреден дел од текстот, параграф, реченица или слично, во којшто ќе утврди дали текстот којшто го селектирал се појавува во истата содржина и на портали коишто се надвор од системот.

Ова има двојна улога и тоа:

- за читателот има улога на „отворање на очите шеснаесет“ на начин што ќе може да осознае работи за текстот којшто го чита, дали потекнува од некој портал којшто е непроверен, ќе може да направи анализа за веродостојноста на истиот, преку тоа

што ќе утврди кој од текстовите се појавил прв, односно кој од кого копирал и да создаде свој суд за текстот објавен во системот и соодветно на тоа да поднесе и даден коментар, односно забелешка.

- за креторите на текстовите ова е алатка преку која ќе добијат линк до сите текстови објавени на интернет, коишто по својата содржина се исти, односно копирани од нивните и со тоа да добие и претстава за можни злоупотреби на неговите текстови. Ова се прави, инженерски кажано, во позадина со пребарувачките алатки на трите најголеми пребарувачки алатки во светот.

Отворањето на системот „Кон надвор“ е доста корисна алатка, без да има било какви законски импликации, сѐ со цел да се добие попрегледен пристап до она што е предмет на пишување внатре во системот, а со цел да се оневозможи затскривање на авторите само внатре во самиот систем. Ова раѓа можност обичниот граѓанин да ги спознае двата света – „надворешниот и внатрешниот“ и да може да направи дистинкција, што сѐ продуцира „контролираната средина“, а што има во „медиумската џунгла“.

## 4.2 Прекершочни одредби

Моќта на пишаниот збор претставува „меч со две острици“, препознаен и во народните изреки, позитивната – „добриот збор железни врати отвора“ и негативната – „што може зборот да уништи, не може ни една војска“. Токму поради тоа и сериозноста во пристапот на искажаниот збор преку новинарските текстови мора да се олицетворува и со одредени прекршочни одредби (казнените одредби беа тргнати во 2017 година), но прекршочните одредби и тоа како треба да предизвикуваат страв поради кој секој од новинарските текстови треба да биде добро осмислен и правно, етички и морално коректен. Прекршочните одредби можеме да ги поделиме во два дела и тоа:

- одредби коишто се однесуваат на креаторот на текстот,
- одредби коишто се однесуваат на содржината на самиот текст,
- одредби кои се однесуваат на интернет порталот каде текстот е објавен.

Прекршочните одредби коишто се однесуваат на самиот текст се најмалкубројни и тие се однесуваат само на текстот којшто е објавен, па како единствена санкција е текстот да биде отстранет од интернет порталот. Досегашната пракса кај печатените медиуми во

случај на правна етичка или морална некоректност на текстовите, а согласно Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда беше дека следи демант на пишаната вест или пак извинување за објавената, како одговор за повредата на угледот и честа. Но, „трагата од закованиот клинец“ останува откако ќе го извадите клинецот. Па така и трагата од испечатениот збор останува и по демантот и извинувањето. Кај дигиталното објавување на текстови, оваа можност е со повисок степен на сатисфакација, со тоа што текстовите коишто се бришат заради демантирање или извинување, повеќе не може да се најдат на интернет мрежата, но одредени пребарувачи коишто во себе чуваат офлајн содржини, сепак зачувуваат историја на вака објавените текстови. Тоа дава одредена можност сепак, да остане бледа трага. Санкцијата којашто мислам дека треба да се примени за текстот којшто содржи правно морални или етички повреди, во ваков случај објавени преку системот опишан погоре, секако дека треба да остане иста, односно текстот да биде избришан од база, во соодветна порцедура на докажување, но тоа раѓа и некои други импликации кои е добро да се разгледаат. Се поставува прашањето, што со ваквите текстови кои веќе некаде во други текстови се цитирани, односно линкувани, и дали автоматски треба да се избришат и од тие текстови. Можеби исправноста е дека бришењето на таквите текстови во целост најкоректно ќе ја отслика казната кон текстот, со тоа што ќе го поништи во целост во сите негови појави и форми, од друга страна раѓа една нелогичност заради тоа што автоматското бришење на сегменти од текстот во други тестови каде е цитиран односно линкуван, би значело и нарушување на структурата од една страна, но и нарушување на функционалноста, односно целовитоста на таквиот текст којшто црпи делови од „казнетиот текст“. Поради ваквите специфики, информатичко-технолошкото решение треба да е направено така што „казнетиот текст“ ќе се избрише во целост, а сегментите коишто се копирани од него во други текстови, остануваат, но добиваат друга боја, текстот добива друга боја, со тоа одвраќајќи го вниманието на читателот дека зад тој сегмент од текстот постои одредена забелешка и наместо линк до објавениот текст, читателот го носи до пресудата на надлежниот суд со која текстот е избришан, со тоа запознавајќи го читателот не само за фактичката состојба дека истиот е избришан, туку, читателот има можност да се запознае и за причините за бришење.

Како оди бришењето на текстот? Администраторот на информатичко-технолошкото решение има овластување доколку одреден текст треба да се избрише по соодветна судска

пресуда, да изврши бришење, при што внесува линк до пресудата со која текстот е избришан. Самото информатичко-технолошко решение води листа на избришани текстови и истата е јавно достапна за сите граѓани.

Казната којашто може да се изрече врз авторот на делото, може да биде или трајна или времена забрана за вршење на дејност, односно забрана за објавување на текстови или парична казна, заради нанесување на материјална или нематеријална штета со објавениот текст. Сето ова ќе зависи од висината на штетата која со текстот се сторила и ќе треба да биде одмерена од страна на судот. Второто, е познато досега и во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, постои можност секој оној којшто ќе се најде како оштетен преку даден текст, да може од авторот на истиот да побара материјална оштета. Но, првиот дел на видот на казнувањето кој треба да послужи за еден вид на отстранување на идни потенцијални текстови коишто би предизвикале потенцијални „штетни" текстови, можеби е она во коешто треба да се има поголема верба дека работите би се промениле на подобро. Зошто е тоа така? Заради тоа што, висината на паричните глоби коишто се изрекуваат законски е нормирана на одреден максимум, но праксата вели дека и покрај сериозноста на повредите коишто можат да настанат, истите многу често не соодветствуваат со причинетата штета и во одредени случаи авторите дури го имаат пресметано овој „трошок" кога свесно објавуваат одредени невистини. Материјалната штета може да достигне и до неколку милиони евра, доколку текстот е насочен кон берзански чувствителна компанија или може да биде нематеријална, доколку се загрозува или се напаѓа нечиј личен или семеен интегритет, каде што и покрај тоа што доаѓаат под придавката нематеријални, штетите можат да бидат непроценливи. Токму заради тоа е битна одредбата од изрекувањето на казнувањето, каде што на творецот на таков текст би му се оневозможило трајно или времено да нанесува штета на ваков начин, со тоа што, трајно или времено ќе му се забрани официјално да може да објавува текстови. Јасно е дека овој автор понатаму може да користи туѓи профили за објавување на текстови, но и самото туѓо користење на текстови со себе носи одредени санкции. Од тие причини, во информатичко-технолошкото решение треба да е предвидено дека се изготвува листа на автори врз коишто е изречена прекршочна одредба и тоа доведува до одредено рангирање, односно бодување на самите автори. Доколку авторите извршат одреден вид на прекршоци, односно делото го повторат во даден временски период, доколку станува збор

за времено одземање, тогаш повторувањето на истото може да доведе и до трајна забрана за објавување на текстови (нешто слично на казнувањето во ракометот).

Изрекувањето на санкции кон самиот портал којшто објавува, може да се подели на два дела и тоа, изрекување на санкции кон портали коишто сами креираат новинарски текстови и изрекување на санкции кон портали коишто служат како хаб на објавување на текстови. Санкциите се и треба да бидат различни, заради тоа што степенот на вина во едниот и другиот случај не е ист. Во првиот случај, вината целосно е на самиот портал, а со тоа и санкцијата треба да биде целосно насочена кон него и таа може да биде најблага, односно наредба за бришење на текстот, понатаму, времено санкционирање за објавување на сајтот, трајно санкционирање за објавување на сајтот, односно дисконектирање од системското решение или пак, најстрога забрана за пристап до сајтот и бришење на домејнот од страна на провајдерот каде што е регистриран. Првично, некои од санкциите, особено последната, бараат промени во правната регулатива за регитрација на домејни и некои од нив ќе имаат потреба од синхронизација со правните регулативи на ICANN, за да можат да бидат применливи.

Бидејќи во позитивно-правните норми во Република Северна Македонија не постојат соодветни норми кои би изрекувале прекршочни санкци за ваков тип на прекршоци, а од друга страна, јасно е дека не постои поведение без страв од санкција, неминовно е да се дефинираат и прекршочни санкции. Согласно позитивната номотехника, Законот за прекршоците би била едната опција за местото каде овие прекршоци би можеле да го најдат своето место, но присутна е и праксата, прекршоци да се дефинираат и во посебните закони. Ние се определивме за втората, од причина што упатувачките норми многу често се проблематични за лица кои по вокација не се правници, па тоа може да доведе до непознавање на правото од разбирливи причини. Затоа во предлог-законското решение ги сместуваме и прекршочните одредби како што ги дефиниравме и погоре.

## 4.3 Примена на системот од страна на судовите

Како што беше кажано и погоре, физичките или правните лица коишто сметаат дека нивното право на приватност, нивната чест и углед или пак, етичките и моралните гледишта им се повредени, имаат можност преку истиот да поднесат соодветна тужба, а

претходно и да ги запазат нормите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, преку поднесување на барање за извинување, за да го остварат своето право. Накратко објаснивме и како сето тоа функционира, а сега би се задржале и подетално. Секое правно или физичко лице (правните лица преку застапник по закон, а физичките лица лично или преку застапник по закон), со логирањето во системот преку Централниот регистар на население, доколку се однесува на физички лица или пак, преку логирање во Централниот регистар на Република Северна Македонија, имаат можност да ја селектираат содржината од објавениот текст, со којашто сметаат дека се повредува некое од погоре наведените права или чувства, притоа, може да селектираат само една реченица или пак одреден параграф или целиот текст. Откако ќе селектираат, системот дава можност граѓанинот преку избор на опција да поднесе барање за извинување, кое станува јавно за сите читатели, од причина превентивно да се слушне и страната која смета дека некое право и е повредено со посебно обележување на таквиот текст за и самиот читател да има информација дека врз дадениот текст „е фрлен сомнеж“, со што би можел да има и критички осврт кон истото. Но, со оглед на презумпцијата на невиност за фрлениот сомнеж, вредно е да се размисли, дали барањето за извинување треба по автоматизам да станува јавно достапно, или пак треба да помине некаков филтер на одобрување по што би станал видлив. Ова прашање е вредно за дискусија, а одоговорот можеби лежи во проток на време, после кој, откако е поднесено барање за извинување, а пред истекот на рокот за извинување, доколку нема никаква реакција од страна на креаторот на текстот, истото барање да стане јавно достапно. Системот е автоматски направен да го следи Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, така што по селектирање на дадениот текст, истиот автоматски генерира по претходно зададен урнек, податоци коишто се генерички веќе недефинирани, а на подносителот му дава дијалог прозорец, каде што може да внесува текст преку којшто ќе го заснова своето приговарање. Тоа значи дека, првично системот генерира барање за извинување, коешто се испраќа по електронски пат до креаторот на текстот и до сите оние коишто служат како извотр на информацијата. Сите засегнати страни во законски предвидениот рок можат да дадат свој одговор на упатените забелешки, односно обвиненија и истите се споделуваат со сите чинители во постапката. Следствено на тоа, може да се смета дека е ова еден вид на „првично изведување на докази преку сослушување на странки“ во евентуалната подоцнежна постапка која би

следувала, а тоа е поднесување на тужбено барање, доколку со одговорот на извинувањето не е задоволено барањето на подносителот. Подоцнежната фаза, според материјалното право би била поднесување на тужбено барање, заради утврдување на клеветнички или навредливи искази во објвениот текст. Системот ја следи и оваа динамика, така што по завршување на законски предвидениот рок од 30 дена од поднесување на барањето за извинување, истиот упатува барање за произнесување до подносителот, во коешто тој има можност да одбере една од трите опции:

- Се откажувам од поднесување на тужба, заради тоа што креаторот на информацијата соодветно се извини.
- Се откажувам од поднесување на тужба, без наведување на причините.
- Продолжувам со поднесување на тужба.

  Со оглед на одговореното, следуваат и три понатамошни сценарија, во однос на направените модификации на објавениот текст.

1. Доколку подносителот на барањето за извинување избрал дека се откажува од понатамошно поднесување на тужба, поради тоа што креаторот на текстот, односно авторот, се извинил, останува модификацијата на самиот текст, како во објавениот, така и структурално надолу по изворите на текстот, дека за дадениот сегмент од текстот е поднесено, имало одредени приговарања, но дека креаторот на текстот се извинил за објавениот текст. За граѓаните кои сакаат детално да се запознаат со содржината на барањето и со даденото извинување, системот нуди можност преку соодветен линк да се запознаат со целокупната кореспонденција по дадениот текст. Со тоа, на најтранспарентен начин може да се генерира мислење како за текстот во целина, така и за неговите сегменти, но и при вкрстена анализа да се извлечат и некакви согледувања за авторот или порталот каде што се објавени.
2. Доколку подносителот на барањето за извинување се реши да го повлече ваквото барање, поради останати причини, тогаш поднесеното барање за извинување и во иницијалниот текст и во структурално поврзаните текстови, останува непроменет, односно се бришат претходно нанесените забелешки и линкувања, односно правнички кажано, се врши реституција на иницијалната форма на текстот.
3. Доколку граѓанинот не е задоволен од даденото извинување и реши да продолжи понатаму со поднесување на тужба, системот генерира тужба согласно внесениот

терк, при што е оставено на подносителот, како што кажавме, сам да ги образложи тужбените барања и да прикачи соодветни докази за истото. Оваа постапка подетално ќе ја разработиме.

Тука се поставува едно многу битно прашање, а тоа е дали ваквата широка поставеност на поднесување на приговори, особено кога правото познава таканаречени „парничари од навика“ кои би можеле „да го оптеретат системот“, но и креаторите на текстовите и самите портали, заради тоа што би губеле голем временски период за да одговорат на сите барања на кои се повикани. Таксата којашто треба да ја плати секој подносител, во зависност од тоа дали ќе добие извинување, ќе му биде надоместена од оној којшто се извинил или ќе биде на негов трошок, доколку се откаже од самото барање, или ќе влезе во процесните трошоци, доколку се одлучи да продолжи во понатамошна постапка. Ваквата такса, во никој случај не треба да се сфати како оневозможување на правдата поради економски причини, туку намалување, односно анулирање на можните злоупотреби од страна на несовесни граѓани или правни лица. Сепак, финансискиот издаток треба да биде еден филтер којшто сето ова ќе го оневозможи, а од друга страна, со оправданоста на поднесувањето на барањето за извинување, издатокот се враќа во целост. Доколку се избере опцијата за поднесување на тужбено барање, генерираната тужба се поднесува до авторот на текстот и порталот, како тужени страни, заради добивање на одговор по тужбено барање, до структурално поврзаните текстови (до самите автори и до порталите и до месно и стварно надлежниот суд), заради запознавање со истото. Целокупната кореспонденција е по електронски пат, што значи дека тужбеното барање, одговорот на тужбеното барање, произнесувањето од страна на субјектите од поврзаните текстови и судот, сите тие се добиваат во електронска форма и кумулативно се дистрибуираат по електронски пат до сите останати чинители. На ваков начин, сите од засегнатите страни, во која и да било улога, имаат увид во сè она што би можело да биде доказна материја во постапката. Електронскиот начин на комуникација не е само економичен во ваквиот случај, не е само оправдан, туку е и најлогичен, заради тоа што средството коешто е користено во креирање на проблематизираниот текст е од ИКТ природа, согласно тоа, и постапката треба да е од истата природа. Затоа, не може да се каже дека ИКТ опремата и средствата коишто би се користеле, хардверски или софтверски, можат да бидат формална или пак суштинска пречка за спроведување на

ваквата постапка, од причина што сите чинители активно се служат со ваквата технологија за самото креирање на текстовите. Она што можеби би останало некаква слаба алка во спроведувањето на ваквата правна активност е екипираноста, кадровска и техничка, на самите судови. Хардверската структура на судовите и не би требало да е некаков проблем, заради тоа што ваквиот систем не бара посебни перформанси, а може да се смета дека сè повеќе и персоналната структура на судиите и стручните соработници е ИКТ подготвена за сето ова.

Државна контрола или самоконтрола на ваквиот систем?

Од аспект на прифаќање на ваквиот метод на работа, како од авторите така и од страна на граѓаните, битно прашање коешто треба да се одговори е, како ваквиот систем ќе биде контролиран, во зависност од тоа дали администрирањето на истиот ќе биде во надлежност на државна институција или ќе биде оставен на новинарската професија, која би требало оваа алатка сепак, да ја добие „како подарок“. Јасни се тенденциите на саморегулација на новинарската професија, од една страна, но и недостатокот на критичка мисла и критичко согледување, како и новинарска солидарност, внатре во професијата, преку коишто аспекти се критикува и концептот на саморегулација. Се чини дека би било правилно, ваквиот систем да биде администриран, од страна на државен орган, каде што делот на администрирањето би бил институционален, односно државен, а делот на надзорот би бил оставен на независната новинарска професија. Ваквиот предлог – хибриден режим на контрола би значело инволвирање на двете страни, државната и новинарската, од што може да се прави check and balance на целокупниот процес. Најсоодветна институција којашто би можела да одговори на ваквата поставеност, можеби е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, каде што би се формирале двете контролни тела, едното за апликатива на избор на соодветни државни институции и другото за контрола на предлог на независната новинарска професија. На ваков начин би се постигнал балансот помеѓу институционалната и саморегулирачката контрола.

Ова како надоврзување на претходно кажаното дека две се опциите за овој модул да се имплементира во процесното право – или промена на постојниот Закон за парнична постапка – или дефинирање на правните норми во посебен закон. Ние се определивме за втората од причина што ваквата материја е доста специфична и доколку се стави во морето од норми во процесните закони, може дел од нив погрешно да бидат ставени во

контекст. Затоа овој модел својата правна сила би ја црпел од предложениот предлог-закон во форма на модел.

# 5 ГЛАВА 2 – НАЦРТ-ЗАКОН ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ЛАЖНИ ВЕСТИ

Пред да преминеме на презентирање на предложените материјални норми со кои сакаме да му дадеме и правен живот на предложеното информатичко-технолошко решение, уште еднаш ќе се осврнеме зошто е потребно оваа материја да биде регулирана со посебен закон (lex specialis).

Лицата кои се занимаваат со дигитално новинарство, се многу често лица кои по вокација не се правници и затоа е најлесно овие одредби да им бидат одделени од останатите правни норми кои некако навлегуваат во оваа проблематика. Инфилтрирањето на овие правни норми во веќе постојните законски решенија, може да ги „контаминира“ и едните и другите, па да дојдеме до 60 нијасни на сино, без притоа да имаме ништо чисто „црно на бело“. Затоа, во недостиг на никаква кодификација на нашите позитивно правни норми, се чини дека е најисправно „секој да си гледа сам за себе“. Секако дека упатувачките норми ќе останат да дорегулираат сѐ она што не сме успеале да го предвидиме тука, во овој нацрт-предлог законски текст. Останува да напоменеме уште еднаш дека сепак, е форма која допрва треба да се развива за да стане „зрела за усвојување“.

**Член 1**

**Цели на законот**

Целта на овој закон е да се спречи злоупотребата на објавување на содржини со невистинита содржина на интернет порталите, проверка на веродостојноста на изворот на информации, поедноставување на процедурите за докажување на веродостојноста на објавените содржини на интернет порталите, систематизација и ординација на објавените новинарски текстови на интернет порталите, како и поедноставување на процедурите за заштита на граѓанските права од овој вид пред надлежните судови.

**Член 2**

**Дефинирање на поими**

Поимите употребени во овој закон го имаат следното значење:

**„Извор на реченицата“** – претставува определување на потеклото на мислата искажана во самата реченица. Тоа може да биде реченица која е преземена од друг текст, може да биде реченица која е автономен авторски текст, реченица која е парафразиран текст од некој друг текст, или реченица со која се искажува некоја информација која од страна на официјални лица е публикувана.

**„Софтверски пакет“** – претставува дигитално креирано авторско дело преку кое се врши публикување и уредување на содржините на новинарскиот текст кој треба да се објави, врши компарација на објавената содржина со претходно објавените, врши линкување на објавените содржини со веќе објавените, врши анализи за веќе објавените содржини, како и овозможува комуникација со судските органи заради поведување на процесни дејствија кои произлегуваат од содржините на објавените текстови.

**„Софтверски модул“** е дел од софтверскиот пакет преку кој се извршуваат поединечни функционалности на софтверскиот пакет.

**Член 3**

Софтверскиот пакет преку своите модули треба да овозможи едитирање на новинарски текст, публикување на новинарски текст, проверка на новинарски текст, приговор по новинарски текст, резултати од проверката, како и модул за анализи на проверените текстови.

**Член 4**

Секое дело креирано преку софтверскиот пакет добива единствена дигитална верификација.

Софтверскиот пакет во никој случај не смее да ја ограничи содржината и формата на трудот кој во него се внесува.

Софтверскиот пакет мора да биде прилагоден да одговори на сите барања кои техниката за обработка на текст ги познава.

Листата на техничките можности за обработка на текст и нивниот опис ја создава Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 5**

Секој новинар кој има акредитација добива корисничко име и лозинка за најава во системот за процесирање на публикувани текстови.

Во профилот на новинарот се чуваат:

- општи лични податоци за истиот,
- број на акредитација и
- листа на домејни (електронски списанија) каде новинарот има право да објавува.

**Член 6**

При креирање на нов новинарски текст секој од новинарските текстови добива системска уникатна идентификација преку која ќе биде препознатлив.

**Член 7**

При креирање на новинарскиот текст, задолжително се внесуваат следните полиња

- време на веста
- место на случување
- возраст за која е наменето
- област за која се пишува
- степен на сензационалност.

**Член 8**

При уредување на текстот, софтверскиот пакет треба да овозможи задолжителна функционалност со која ќе се внесат соодветни карактеристики на секоја реченична целина поединечно.

Софтверскиот пакет треба да овозможи детерминирање на изворот на реченицата.

**Член 9**

Софтверскиот пакет треба да овозможи поврзување на напишаната реченица со изворот на реченицата и на недвосмислен начин, преку линкување со помош на насочување на линкот да го однесе читателот кон изворот на реченицата.

Доколку станува збор за реченица чиј извор е самиот автор, во тој сучај софтверскиот пакет треба да овозможи соодветно категоризирање.

**Член 10**

Текстот кој треба да се линкува со текстот од каде се презема, задолжително треба да се линкува со истиот за што авторот на изворниот текст добива нотификација.

Софтверскиот пакет треба да му овозможи на носителот на авторското право на текстот кој се линкува, да може поединечно да ги одобрува или отфрла барањата за линкување или да му овозможи автоматски да ги одобрува или отфрла барањата за линкување.

**Член 11**

Софтверскиот пакет треба да овозможи поведување на постапка за заштита од клевета и навреда согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Системот треба да ги овозможува следните функционалности:

-лицето кое смета дека се искажани невистинити податоци и факти за него, официјално да се најави на софтверскиот пакет по што го селектира текстот, системот автоматски генерира тужба, која е предефинирана од параметрите коишто може да се извлечат од претходно внесените податоци и тоа: името на тужителот се презема од податоците преку кои тој се има логирано, а се преземаат од Регистарот на население, податоците за тужениот се преземаат од податокот којшто е внесен за линкување на реченицата или речениците, во кои се смета дека се искажани клевети или навреди, односно доколку текстот е оригинерен на самиот автор, тогаш податоците се преземаат за самиот автор, а доколку текстот е преземен од некој друг портал или автор, тогаш податоците се преземаат од авторот или порталот којшто првично ја има креирано реченицата или речениците; податоците за судот, односно за надлежноста на судот се преземаат под местото каде што авторот има адреса или порталот има седиште, регистрирано седиште, но поради спецификите на порталите, системот треба да даде можност, „електронскиот“ тужител самиот да ја определи месната надлежност на судот.

- Заради образлагање на тужбеното барање системот отвора текстуален прозорец каде тужителот го наведува образложението за своето тужбено барање. Софтверскиот пакет треба да даде можност и за прикачување на документи за докажување во вид на додаток.

- За тужениот кој е регистриран во системот како автор, сите податоци околу тужбеното барање ги добива електронски.
- Тужениот треба да има можност на тужбеното барање да дава одговори по електронски пат.
- доколку станува збор за лице или портал кое не е дел од софтверскиот пакет, судот добива нотификација дека станува збор за тужен кој не е дел од истиот, а кој не е дел од системот, и судот согласно предложените законски измени има обврска на трошок на тужителот да ги испечати и во хартиена форма да ги достави до тужениот и судот по електронски пат го известува тужителот дека материјалите се поднесени во хартиена форма до тужениот.

Доколку лицето или порталот којшто е тужен е дел од системот, тогаш истото е обврзано постапката да ја води во електронска форма.

**Член 12**

Авторите на новинарските текстови можат без ограничување да ги преземаат своите текстови и да ги импортираат на своите веб-домејни.

Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни комуникации и претставници на новинарските здруженија изготвуваат Правилник за процедурите за преземање на текстови од софтверскиот пакет.

Администраторот на софтверскиот пакет е должен да го имплементира Правилникот од став 2 од овој член.

**Чен 13**

**Прекршочни одредби**

Доколку во судска постапка биде утврдена одговорност за искажани клевета или навреда, судот може да изрече една од следните прекршочни санкции.

- текстот кој е предмет на прекршочни санкции да биде отстранет од интернет порталот, а со тоа да се избришат и линковите каде тој текст се појавува или соодветно да се обележи дека текстот кој е прекршочно санкциониран е избришан во својот извор.

- трајна или времена забрана за вршење на дејност на авторот на текстот, односно забрана за објавување на текстови или парична казна, заради нанесување на материјална или нематеријална штета со објавениот текст.
- пресуда за бришење на текстот, времено санкционирање за објавување на софтверскиот пакет, трајно санкционирање за објавување на софтверскиот пакет или забрана за пристап до домејнот од територијата на Република Северна Македонија или бришење на домејнот од страна на провајдерот доколку е регистриран во Република Северна Македонија.

Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни комуникации и претставници на новинарските здруженија изготвуваат Правилник за техничко спроведување на прекршочните санкции според овој Закон.

Администраторот на софтверскиот пакет е должен да го имплементира Правилникот од став 2 од овој член.

**Член 14**

Софтверскиот пакет треба да овозможи целосно запазување на процедурите за барање на јавно извинување и објава на демант согласно одредбите од овој закон и Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

**Член 15**

Софтверскиот пакет треба да овозможи целосна персонализирана вклученот на судовите и судиите до истиот и интеракција во делот на поднесените предмети до судот, целокупниот историјат на постапката водена преку софтверскиот пакет како и можност за следење на извршување на судските пресуди.

**Член 16**

Владата го определува администраторот на софтверскиот пакет од редот на министерствата, органите на државната управа или трговски друштва основани од државата.

**Член 17**

За сè што не е предвидено во овој закон ќе се применуваат одредбите од **Закон за авторското право и сродните права, Закон за граѓанска одговорност за навреда и**

**клевета, Закон за облигациони односи, Закон за парнична постапка и Закон за прекршоци.**

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

# ЗАКЛУЧОК

Кои се границите на слободата на изразување, наспроти другите општетствени и правни активности, како да се максимизира слободата на изразување, а да не е на сметка на органичување на другите права, како правото во национални и меѓународни рамки прави баланс помеѓу формалното и неформалното регулирање, односно саморегулацијата на медиумите, кои се резултатите од заложбите на Европската Унија за правно регулирање и како овие норми се имплементирани кај нас, дали можеме и како да се бориме со појавата на лажните вести, разгледувано од аспект на човековите права, а во светлина на ограничување на правото на слободата на изразување/творештво? Сите овие прашања, подробно обработени и во потпрашања беа обработени во оваа докторска дисертација. Дилемите кои произлегоа, беа ставени во најдобрите можни одговори на истите, за на крај, од сето тоа да произлезе и конкретен предлог за информатичко-технолошко решение кое треба да е апликативна примена на сѐ ова што како дилема и како факти беше претходно наведено.

Имено, слободата на изразување, односно на творештво е вградена во сите уставни документи на демократските држави и конвенции за човекови права, таа е темелник на демократијата и оние кои ја имаат власта во свои раце не треба да ја злоупотребуваат истата за да застанат на една или на друга страна. Таквите документи ја заштитуваат слободата на изразување. Американскиот Врховен суд вели: „Според првиот амандман, не постои лажна идеја. Но колку и да изгледа опасно некое мислење, ние се потпираме на неговата корекција не според совеста на судии или порота, туку според споредбата со други идеи“.[377] Во праксата на Европскиот суд за човекови права стои дека „Слобода на изразување... се однесува не само на информации и идеи кои се примаат со одобрување или се сметаат за ненавредливи или безначајни, туку и на такви кои навредуваат, шокираат или ја нарушуваат државата или кој било сектор. Такви се барањата за плурализам, толеранција и отворен ум без кои и не постои демократско

[377] Види US Supreme Court, Gertz v. Welch, 418 U.S. 323 (1974)

општество“.[378] Овие аспекти, како и многу други ги претставивме во рамките на главата посветена на правото на слободата на изразување, која е следбеник на првата глава посветена на поимот на дигиталното новинарство, како еден од основните поими на кои се темели оваа докторска дисертација.

Новинарството навистина треба да биде седма сила. Новинарите достојни за тоа име ќе го сметаат за своја должност верното придржување кон овде изнесените начела; во рамките на законите на секоја земја, новинарот ќе ја почитува само надлежноста на своите колеги во прашањата кои се однесуваат на професијата и ќе го отфрлат секое мешање на властите или на било која друга инстанца.

Денес, порастот на интернетот и мрежната комуникација ги заобиколува овие „чувари на влез“ и овозможува секој корисник да се најде во улога на писател, радиодифузер или издавач. На почетокот оваа промена водена со појавата на интернетот била поздравена и оценета како многу позитивна поради создавањето на нов глобален, безграничен простор кој има капацитет да ја избегне традиционалната цензура. Денес, се разбира, мрежата станува сè поконкурентен, затворен и национализиран простор, каде што можностите и новите форми на доминација и контрола го повторуваат предизвикот за егзистенција на слободата на изразување во модерната ера.

Она што се јавува како интерес и на самиот читател од овој аспект, е како да се спречи ширењето на лажните вести, или на јазикот на правото, кои се можностите со кои располагаме за ограничувањето на правото на слободата на изразување да добие епитет „оправдано“ од граѓанско-правен аспект. Распространувањето на лажните вести може да се спречи технички со неколку можности. Најтешкиот дел е како да се избегне мешањето на властите со слободниот проток на идеи, содржини и информации. Предложените мерки треба да покажат дали на ист начин ги третираат лажните и точните содржини, дали на ист начин ги третираат штетните од нештетните содржини, дали е потребно постоење на орган за вистината или повисок ред кој би одлучил дека одредена содржина е лажна или штетна. Ако на сето тоа одговориме потврдно, тогаш наидуваме на вмешување во слободата за испраќање и примање информации и ќе се појави потешкотија во дефинирањето на лажните или штетни содржини.

---

[378] Види European Court of Human Rights. „Handyside v. United Kingdom“. *http://cmiskp.echr.coe.int/tkp197/view.asp?action=html&documentId=695376&portal=hbkm&source= externalbydocnumbe r&table=F69A27FD8FB86142BF01C1166DEA398649*

Доколку се потврди дека одредена мерка ја подобрува конкурентноста на содржини, го подобрува квалитетот на содржините кои се шират, го подобрува приемот и разбирањето на содржините од страна на корисниците, дава информации за потеклото на содржините, им нуди контрола на корисниците за она што сакаат да го видат или прочитаат и им нуди избор при довербата за филтрирање содржини, тогаш просторот за комуникација ќе забележи значително подобрување.

Дополнително на техничките начини за борба против лажни вести и нетехничките можат да го ограничат штетното влијание на лажните вести, а погоре ја спомнавме медиумската писменост. На тоа ќе го додадеме квалитетното новинарство и поддршката за истото. Оттука, најдобри технички методи и пристапи за борба против лажните вести би биле следните:

- Системи за борба против лажни вести – брзо ги откриваат и означуваат лажните вести и пропагандни елементи поттикнати од странски власти или странски невладини органи и тие можат да бидат дел од националните ситеми за одбрана на кибер просторот,
- Сервиси за проверка на факти – прават евалуација на содржините, ги означуваат и распоредуваат според квалитет, а може да ги користат и податоците од системите од првата точка, но важна во овој дел е конкурентноста на повеќе такви сервиси за корисниците да имаат право на избор,
- Овластување за корисниците на платформите – им дава контрола на корисниците врз платформата и нејзината персонализација, корисниците сами го избираат системот за проверка на факти или рангирање на квалитет и влијаат врз алгоритмите кои го одредуваат истакнувањето на содржините.
- Овластување за интернет корисниците – се обезбедува сигурна карактеристика за не-следење на корисниците во насока на заштита на нивната приватност, избирајќи екстензии за заштита на интернет страници или интернет врски со доверливи и веродостојни содржини.

Пред појавата на интернетот постоела опасност дека властите можат да ги сопрат чекорите од процесот опишан погоре и да го потиснат или контролираат говорот. Тоа се заштитило на уставо ниво. Од друга страна, се сметало дека соодветни луѓе ги уредуваат и објавуваат содржините, со тоа доброволно одржувајќи контрола на

квалитетот и преземајќи одговорност за своите постапки. Начинот на споделување содржини на интернет мрежата е повик за законодавците и високите власти да размислат за интерпретацијата на слободата на изразување.

Фокусот на оваа докторска дисертација несомнено е поставен на важноста и остварувањето на правото на слободата на изразување/творештво во рамките на своите граници, разгледувани од граѓанско-правен аспект. Но, несебично мора да си признаеме дека не можеме да дебатираме за остварување на едно од основните човекови права без да го поставиме во паралела со остварувањето на авторското право и сродните права. Со цел да ја разбереме и анализираме таа паралела во рамките на правниот систем на Република Северна Македонија, се осврнавме кон појавата на авторското право и сродните права, како и нивната нормираност со меѓународните правни инструменти и законодавните алатки на Европската Унија.

Во рамките на истражувањето посебно внимание посветивме на разгледување на ограничувањето на правото на слободата на изразување низ призмата на граѓанското право, на што е и посветена третата глава од првиот дел на оваа дисертација. Во следната глава детално ја разгледавме правната поставност и актуелните состојби со кои се соочува правото на слободата на изразување кај дигиталното новинарство во борбата со лажните вести кај земјите од регионот - Албанија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Србија. Со истражувањето и прикажаното во првите четири глави од првиот дел ја докажавме и првата посебна хипотеза која гласи: ***Границите на слободата на изразување во дигиталното новинарство треба да се во функција на пронаоѓање на вистинскиот баланс помеѓу почитувањето на правото на приватност и почитувањето на авторското и сродните права.*** Задача на овој дел и докажувањето на седмата глава од првиот дел ја посветивме на правото на слободата на изразување кај дигиталното новинарство и ограничувањата со кои се соочува истата при новите појави на ширење на лажните вести во рамките на законодавството на Европската Унија, каде што особено внимание е посветено како на ИнфоСок Директивата, така и на новата Директива за авторско право и сродните права на Дигиталниот единствен пазар и за изменување и дополнување на Директивите 96/9 / ЕЗ и 2001/29 / ЕК од 17.04.2019 година, а во чии рамки е докажана и втората посебна хипотеза која гласи: ***Авторско-правната***

***заштита на медиумските текстови во Европската Унија се соочува со најголемиот правен предизвик во својата историја.***

Она што можеме да го заклучиме од анализата на вториот дел посветен на правната нормираност на правото на слободата на изразување кај дигиталното новинарство како и неговите ограничувања, неговата примена во пракса и во законодавниот простор при употреба на институтите клевета и навреда, како и неговата релација во однос на авторското право и сродните права во дигиталниот простор во рамките на правниот систем на Република Северна Македонија е дека она што е зародиш на сите проблеми со кои се соочува кога станува збор за ширење на лажни вести е отсуството на медиумска писменост како во медиумскиот простор, така и во образовниот систем. За таа цел, неопходна е соработка и вклучување на медиумите и медиумските организации, како и нивна финасиска и секаков друг вид поддршка за зголемување на едукативната димензија. Понатаму, неопходно е менување на долгогодишната култура на неказнивост и неспроведување на легислативата или нејзино половично и селективно спроведување. Нашиот правен систем изобилува со закони кои ја опфаќаат проблематиката на правото на слободата на изразување - Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за спречување и заштита од дискриминација, но и во делот на Законот за работни односи и Законот за авторското право и сродните права, Законот за медиуми, Кривичниот законик, Законот за пристап до информации од јавен карактер и други. Она што нам ни се чини како постоечки проблем од прикажаното во вториот дел е моментот на несинхронизираност, различна и нееднаква примена и решавање на проблемите кои ги носи ширењето на лажните вести, поточно остварувањето на правото на слободата на изразување во дигиталниот простор, поради постоењето на бројни одредби кои ја уредуваат оваа проблематика во различни законски решенија. За таа цел, во последниот дел од оваа дисертација нудиме нацрт-предлог Закон за сузбивање на лажни вести, којшто е во насока на потврдување на петтата потхипотеза од оваа дисертација: ***Во нашата држава покрај подобрување и измена на правните прописи за заштита на авторското право и сродните права, правото на приватност, заштитата на честа и угледот во дигиталната сфера, неопходно е да се донесе посебен правен пропис за сузбивање на лажните вести.***

Во рамките на истражувањето разгледан е и концептот на саморегулација на медиумите од поим до примена, со посебен осврт на примената и уреденоста на овој концепт во Република Северна Македонија, а со кое истражување ја докажуваме и третата посебна хипотеза која гласи: ***Саморегулацијата на медиумите и покрај суштинскиот елемент на автономност на регулирање, во позадина постулатите на саморегулирањето потребно е да ги црпи од императивни норми.***

Сумирајќи од наведеното во светлина на поимот на саморегулација на медиумите, важно е да се препознае двојноста на карактерот на саморегулацијата на медиумите и неговите импликации. Прво, саморегулацијата е појава којашто дозволува бесплатна размена на идеи и мислења потребна за функционирање на демократијата, а воедно и овозможува мешање на државата во слободата на медиумите. Второ, има улога на социјален актер во остварување на правата, особено во изборот за тоа дали и како да се опфаќаат настаните, а на кој начин медиумите можат да дејствуваат на општествено одговорен начин. Токму ова двојност на саморегулацијата ја прави толку суштинска нејзината улога на полето на остварување на правото на слобода на изразување. Сепак, саморегулацијата воопшто не е едноставна по својата природа и истата поставува барања на секое ниво на медиумските организации, како до самите новинари, така и до уредниците и менаџерите на медиумите, пред сè за пристапот на медиумот во процесот на производство на содржина и целокупното негово однесување. Брзиот развој на природата на мрежните медиуми и комплексот правни прашања поставени од глобализираната средина, ја ставаат саморегулацијата во срцето на развојот на медиумскиот пејзаж. Постојат два главни принципи ако прифатиме дека саморегулацијата е неопходна алтернатива на државата како контрола на медиумите. Прво, сите медиумски актери, имаат обврски професионалните или деловните активности на медиумите да ги поддржуваат во насока на заштита и унапредување на слободата на изразување. Второ, сите такви обврски треба да бидат експлицитни и транспарентни и истовремено да бидат предмет на редовно известување во јавната сфера. И двата услови се од суштинско значење доколку саморегулацијата е претпоставена да ја заштити слободата на изразување во прв ред, а не само економските интереси на самите медиуми.

Она на коешто најмногу инсистираме и кое претставува темел на оваа докторска дисертација од проста причина што во истото гледаме (нај)соодветно решение како за

проблемот на ширење на лажните вести, така и за изнаоѓање компромис помеѓу правото на слободата на изразување и останатите човекови права преку негово органичување, гледано од граѓанско-правен аспект е информатичко-технолошко решение кое го претставуваме во рамките на претпоследната глава каде што ја докажуваме и претпоследната посебна хипотеза која гласи: ***Правото и нормативната рамка не секогаш можат да го следат рапидниот развој на новите технологии, затоа познавањето на техничките мерки за заштита и користењето на информатички технолошки механизми се она што успешно ја надополнува правната рамка и понекогаш дава поефикасна заштита од правните прописи.***

Она што вреди да се потенцира е дека меѓународните извештаи за состојби на медиумите бележат низа подобрувања во однос на изминатите години. Така, Република Северна Македонија, во извештајот за 2015 година е рангирана на 117 место од 180 држави на листата на Светскиот индекс на слободата на печатот на Репортери без граници. „Состојбата во која се наоѓаат медиумите во Македонија остана лоша и во 2014 година, година што беше одбележана со злоупотреба на законодавството за навреда и клевета и политички мотивираната распределба на државните реклами“, се вели во Индексот на слободата на печатот за 2015 година.[379] Извештајот го наведува и случајот на Томислав Кежаровски кој беше осуден, како што вели извештајот, за „наводно откривање на идентитетот на заштитен сведок“ и намалувањето на казната од 4 и пол на 2 години од страна на Апелацискиот суд. Фактот што, и покрај напредокот од шест места, оценката за Македонија е полоша за 0.17 индексни поени во споредба со 2014 година, Извештајот го поткрепува со наведување на проблемите во известувањето со кои се соочуваат новинарите, односно случајот кога припадници на полицијата принудија неколку репортери да ги избришат фотографиите и снимките направени за време на протестот за кој известувале.[380]

За споредба, Македонија бележи скок од 14 места на ранг-листата на организацијата „Репортери без граници“ за слободата на печатот и во 2019 година се наоѓа на 95 место. За домашната јавност тоа е добра вест, но упатените предупредуваат

---

[379] Достапно на: *https://nvoinfocentar.mk/slobodata-na-mediumite-vo-makedonija-najlosa-vo-evropa/* (пристапено на 03.09.2020 година).

[380] Достапно на: *https://www.slobodnaevropa.mk/ D0%BD%D0%B5-%D0%B5-%D1%80%D0%BE%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0/29889500.html* (пристапено на 03.09.2020 година).

дека ситуацијата не е розова и оти предизвиците во медиумската сфера остануваат. „Не е лошо, но остануваат сè уште предизвици. Она што го наведуваат, претпоставувам дека се должи на донесените закони во медиумската сфера со коишто се отвора простор за натамошни реформи во медиумскиот сектор, но и ние сметаме дека допрва претстојат вистинските работи за да се дојде до вистинско унапредување не само на слободата на медиумите, туку целосно на медиумскиот сектор“, вели претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски.[381] Главна забелешка на извештајот е состојбата во јавниот сервис, МРТВ, каде што Владата сè уште не спровела реформи и поради што, како што се наведува, програмата на јавниот сервис продолжува да ги служи интересите на поранешната владејачка конзервативна партија, ВМРО-ДПМНЕ. „Репортери без граници“ предупредуваат дека културата на неказнивост продолжува да владее во земјата, иако не се регистрирани напади врз новинарите во текот на минатата година во Македонија и безбедноста на новинарите бележи значителен напредок. Само два од 59 регистрирани напади врз новинари во последните години биле предмет на истрага и добиле завршница. Во делот на законските регулативи, организацијата за заштита на новинарите забележува дека се потребни измени во делот за клевета и пристапот до државни информации. Се укажува на фактот дека на земјава ѝ недостига значително подобрување во стратешкиот пристап кој ќе овозможи развој и напредок во медиумската сфера. Инаку, овој е најдобриот резултат за слободата на медиумите во Македонија во последните пет години.

На самиот крај, повторно би се навратиле на веќе спомената римска поговорка, дека силата со сила се победува или латински (vis con vi repulit), па така и наездата на лажни вести генерирани пред сè, благодарение на лесната достапност со софтверските алатки, може да ја сузбиеме преку соодветна „контра“ софтверска алатка. Тешко е да се очекува дека ова во целост ќе го реши проблемот, но ќе ги подели оние вести кои се „институционализираат“, наспроти оние кои ќе останат „сива зона“ или „жолт печат“. Ништо во светот не успеало во целост да се искорени, поради различни причини, општествени или природни, но сето ова треба вестите надвор од ваквиот систем да ги фрли во втор план. Ова ќе даде една правна рамка за нивно селектирање, но мотивацијата

[381] Достапно на: *https://meta.mk/skok-od-14-mesta-za-makedoni-a-na-indeksot-za-sloboda-na-mediumite-infografik/* (пристапено на 03.09.2020 година).

и намерата за пишување на лажните вести секако дека не може да се очекува да исчезнат. Политиката секогаш ќе го најде својот мотив за ваквите лажни вести да ги користи, како што и сувите гранки се користат за потпалување на оган, иако „не држат жар“.

Економијата во денешно време, потпирајќи се сè повеќе на маркетиншки трикови, а за жал, сè помалку на креирање на додадени вредности, односно префрлување од сад во сад, со цел да се прикаже економска активност или пак, „нишање на возот, за патниците да добијат чувство дека се возат“, ќе продолжи да ги користи лажните вести, заради pump and dumping механизмите на берзи или убедување во релативноста на економските параметри. Лесната достапност до софтверските алатки за креирање на портали, ќе ги држи во живот мотивите OTW (one time website), преку кои ќе се врши атак врз моралниот интегритет на јавните личности од сите сфери. Проблемот со лажните вести е глобален, нивната пенетрација во, условно кажано, домашниот веб-простор е слободна, што значи дека тешко ќе се заштитиме од внесување на вести со домашна содржина од надвор.

Но, она што е целта на целиот овој труд е да се покаже дека Дарвиновиот принцип на селекција во природата може да го примениме и во медиумскиот простор, заради тоа што, силината којашто вестите филтрирани преку системот ќе ја имаат во однос на оние коишто се надвор од него, треба да ги остави без храна (читатели и реклами), оние коишто се занимаваат со лажни вести. За читателите тоа дава иницијална перцепција за веродостојноста на текстот, заради тоа што истиот е веќе ослободен од трагањето на иницијалниот извор на информација, а позитивно мотивиран да ја чита информацијата, знаејќи дека авторот на истата и правно и морално може да одговара, доколку истата е неточна.

Хармонијата којашто би се чувствувала внатре во системот и редот на нештата како текстовите се поврзуваат, ќе придонесат за доста анализи кои би можеле да утврдат во која насока новинарските текстови би требало да се движат, од аспект на содржинската застапеност, застапеноста согласно годините на читателите, односно согласно публиката кон која текстот е наменет, како импути во развојот на новинарството во целина, а од друга страна, сето ова би довело и до анализи за тоа во кој правец се движи новинарството, од аспект на коректноста, што би се согледало во делот на прифатени тужбени барања, понатаму, од аспект на индивидуалниот морален и

интелектуален капацитет на самите автори, преку анализа на поднесените приговори за секој новинар поединечно, а согласно тоа и иста анализа и за самите медиуми. Анализи кои ќе дадат одговор на тоа колку е новинарството инвентивно, односно колку оригинерни текстови настануваат, а колку текстови само се копираат и пренесуваат, а сето тоа во функција на тоа да се одделат истражувачите новинари од „препишувачите“.

За системот да заживее, неопходно е сите засегнати страни, но пред сѐ активните чинители, а тоа се новинарите, да го сфатат ова како нешто свое и креирано за нив, со цел елиминирање на нелојална конкуренција која преку лажни вести прави сензационалност на сметка на квалитет на истражувачка сторија која може да биде копирана или погрешно парафразирана и неколкумесечниот или годишен труд да биде засенет од само една лажна вест, по принципот на обојување на белата боја во која дури и да ставите црна боја, во соодност 1:100, никој веќе нема да каже дека тоа е бела боја, туку некаква нејзина нијанса или сосем друг назив на бојата. Новинарите - корисници на системот, бенефитот од истиот треба да го гледаат и во тоа што перцепцијата на читателите за текстови објавени преку системот, ќе биде дека неговиот автор се согласил да има и одговорност за напишаниот текст и логично да се очекува дека сериозноста со којашто таквите текстови ќе бидат сфатени, ќе биде поголема. Жолтиот печат ќе остане (за фаќање сеир), но и ќе биде надвор од правниот систем. Кога сте во некој систем, имате два момента, едниот е обврската кон системот, односно обврската за негово функционирање, но од друга страна, се и правата коишто ќе ги имате од користење на некој систем. Многу од тие права би можеле да бидат поврзани и со добивање на државна помош, помош од меѓународни институции, помош од здруженија и организации итн. Доколку некој нема што да крие и е сигурен во напишаното, тогаш ова ќе го смета за свој „новинарски дом“.

Согласно горенаведеното и страниците кои претходат, сметаме дека е докажана и главната хипотеза на која се потпира овој труд: ***Ограничувањата на правото на слобода на изразување во дигиталното новинарство се оправдани само доколку се во функција на заштита на останатите универзални човекови права.*** Свесни дека ширењето на лажните вести е само мал предизвик од морето предизвици кои со себе ги носи интернет експанзијата, како непоправливи љубители на изнаоѓање решенија на

загадочни правнички лавиринти, до нашето следно читање, останете ни медиумски писмени, правно коректни, добро информирани и слободно изразени.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Allcott, Hunt & Gentzkow, Matthew, 2017. „*Social Media and Fake News in the 2016 Election*". Journal of Economic Perspectives, vol. 31(2).
2. Ananay, Aguilar, „*The New Copyright Directive: Fair remuneration in exploitation contracts of authors and performers – Part 1, Articles 18 and 19*" (15 July 2019)- Kluwer Copyright Blog.
3. Axhamn, „*The New Copyright Directive*": Collective licensing (2019).
4. Bernd Justin, Jütte, „*Reconstructing European copyright law for the digital single market: between old paradigms and digital challenges*" (Nomos, 2017).
5. Bowman, Shayne; Willis, Chris, „*We media. How audiences are shaping the future of news and information. Reston*", VA: The American Press Institute, 2003.
6. Brennen, Bonnie; Dela-Cerna, Erika, „*Journalism in Second Life*". Journalism studies, v. 11, n. 4, 2011.
7. Bridy, Annemarie, „*Faith in Filters and the Fate of Safe Harbors*" (22 May 2019).
8. Brogi Elda, „*Parcu luigi Pier, the evolving Regulation of the Media in Europe as an Instrument for Freedom and Pluralism*", Robert Schuman centre for advanced studies, 2014.
9. Bruns, Axel, Gatewatching: „*Collaborative online news production*". New York: Peter Lang, ISBN: 978 0 820474328, 2005.
10. Burton, Jonathon „*News-game journalism: History, current use and possible futures*". Australian journal of emerging technologies and society, v. 3, n. 2, 2005.
11. Buttarelli, Giovanni, „*Comments of the European Data Protection Supervisor on Article 13 of the proposal for a directive of the European Parliament and of the Council on copyright in the Digital Single Market*" (3 July 2018).

12. Cabrero-Rubio, Cristina , „*Periodismo digital en Bolivia*“. La Paz: Plural Editores, ISBN: 978 9990575989, 2005.

13. Campbell, A. „*Self-Regulation and the Media*“, Federal Communications Law Journal, 51 (11), 1999.

14. Камбовска Маја „*Регулирање на онлајн платформите: Политиката на ЕУ и нејзината рефлексија врз политиките во Република Северна Македонија*“, Со Дијалог кон ЕУ, Скопје, јуни 2020 година.

15. Christian, Hissen, „*Public service Media in the Information society. Media division, directorate general of human Rights*“, Council of europe, 2011.

16. Christophe, Geiger, „*Promoting Creativity through Copyright Limitations, Reflections on the Concept of Exclusivity in Copyright Law*“, 125152010.

17. Chung, Deborah S.; Nah, Seungahn, „*The effects of interactive news presentation on perceived user satisfaction of online community newspapers*“. Journal of computer-mediated communication, v. 14, n. 4, 2009.

18. Creech C. Kenneth, „*Electronic Media Law and regulation*“ 5th Edition, Focal Press, 2000.

19. Дабовиќ- Анастасовка, Јадранка, Здравева, Неда, Гавриловиќ, Ненад, „*Авторско право и сродни права за електронски медиуми- прирачник*“, Центар за развој на медиуми, Скопје, 2014 година.

20. Дабовиќ Анастасовска, Јадранка, Пепељугоски, Валентин „*Авторско право и сродни права*“, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2015 година.

21. Davies, Gillian, „*Copyright and the Public Interest*”, 2nd ed., 10 (2002); Pamela Samuelson, “*Copyright, Commodification, and Censorship: Past as Prologue - But to What Future?*“ Commodification of Information Conference (1999).

22. Fazlić, Arman „*E journalist – editorial*“, 52 (2018): https://bhnovinari.ba/wp-content/uploads/2018/04/52enovinar.pdf.

23. Fletcher, Richard, Cornia, Alessio, Graves, Lucas, and Kleis Nielsen, Rasmus, 2018. „*Measuring the reach of “fake news” and online disinformation in Europe, Global*

*Initiative"*, Reuters Institute for the Study of Journalism. Reutersinstitute.politics.ox.ac.uk. n.d. Web. 4 Aug 2019.

24. Geller E. Paul, International Copyright: „*The Introduction, in: International copyright law and practice*", § 2(1)(b) (L. Bently, ed), 2016.
25. Ghosh, Dipayan and Ben Scott, „*Digital Deceit: The Technologies Behind Precision Propaganda on the Internet*", New America Public Interest Technology, January 23, 2018.
26. Gillespie, Tarleton, „*How Social Networks Set the Limits of What We Can Say Online*", WIRED, June 26, 2018.
27. Goldenstain Paul and Hugenholtz P. Bernt, „*International copyright*", 3rd ed., 208, 2012.
28. Holoubek, Michael, Kassai, Klaus, „*Traimer Mathias, gründzüge des Rechts der Massenmedien*", springerWiennewyork, 2014.
29. Howard, Philip N., Bolsover, Gillian, Bence Kollanyi, Bradshaw, Samantha, and Neudert, Lisa-Maria. „*Junk News and Bots during the U.S. Election: What Were Michigan Voters Sharing Over Twitter*?" Data Memo 2017.1. Oxford, UK: Project on Computational Propaganda.
30. Kai Shu, Amy Sliva, Suhang Wang, Jiliang Tang, and Huan Liu. „*Fake news detection on social media: A data mining perspective*". ACM SIGKDD Explorations Newsletter 19, no. 1 (2017).
31. Koch, Tom, „*Journalism for the 21st century*": Online information, electronic databases and the news. New York: Greenwood, ISBN: 978 0 313277504, 1991.
32. Lamoureux L. Edward, Baron L. Steven, Steward Claire, „*Intellectual property law and the interactive media*", Lang 2009.
33. Lee, Timothy B.. „*The top 20 fake news stories outperformed real news at the end of the 2016 campaign*". Vox. 16 Nov. 2016. Web. 4 Aug 2019.
34. Ljubić D., „*Ustavi pojmovi prava, slobode, jamstva, načela, mogućnosti i zabrane*", Hrvatska pravna revija, Zagreb, 2011.

35. Lyman, Ray Patterson, Understanding the Copyright Clause, „*Author's Right, Copyright and the Public's Right to Information*“, in: New directions in copyright law, Vol. 5, 24 (F. Macmillan, ed), 2007.

36. MacKinnonetal, Rebecca, „*Fostering Freedom Online: The Role of Internet Intermediaries*“ (UNESCO, 2014).

37. Мајхошев, Андон, „*Медиумско право*“, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Правен факултет Штип, септември 2015 година.

38. Masuda, Yoneji, „*The information society as post-industrial society*“. Bethesda, MD: World Future Society, ISBN: 978 0 930242152, 1998.

39. Merges P. Robert, „*Justifying Intellectual Property*“, 2011.

40. Nevue, Dave. „*How Many People See Your Facebook Posts*?“ – Revised 2017. Nevue Fine Art and Marketing. 22 Sept. 2015. Web. 14 Aug 2019.

41. Nielsen, Jakob „*The end of legacy media*“ (newspapers, magazines, books, TV networks)”. NN/g Nielsen Norman Group, 1998.

42. Nielsen, Jakob, Multimedia and hypertext: „*The internet and beyond*“. Boston: AP Professional, ISBN: 978 0 125184083, 1995.

43. Nimmer, David, „*Fairest of Them All*“ and Other Fairy Tales of Fair Use, 66 Law and Contemp.probs. 263, 282 (2003).

44. Orwell, George. „*Politics and the English Language*“, First published: Horizon. — GB, London. — April 1946.

45. Page, Marie. „*A new definition of Facebook's News Feed algorithm | LinkedIn*“. Linkedin.com. 22 Oct. 2016. Web. 14 Aug 2019.

46. Pavlik, John V. „*Journalism and new media. New York*“: Columbia University Press, ISBN: 978 0 23111483, 2001.

47. Pepeljugoska Kostovska, Ana ,,Human rights and Intellectual Property“, Iustinianus Primus Law Review, special eddition 2020.

48. Perigoe, Ross , „*Ten-year retrospective: Canada and the United States in the age of digital journalism*". Journal of media practice, v. 10, n. 2-3, 2009.

49. Poort, Joost and Pedro Quintais, João, „*The Levy Runs Dry: A Legal and Economic Analysis of EU Private Copying Levies*" (2013) 4 J.I.P.I.T.E.C. 205 para 1.

50. Reda, Julia, „*EU copyright reform: Our fight was not in vain*" (18 April 2019).

51. Reese, Stephen D, „*The new geography of journalism research: Levels and spaces*". Digital Journalism, n. 4, v. 7, 2016.

52. Richter, Felix. „*Infographic: 30% of U.S. Adults Get News on Facebook*". Statista Infographics. 20 Mar. 2018. Web. 4 Aug 2019.

53. Runcheva- Tasev, Hristina, Aleksov, Martin „Article 10 ECHR: *Freedom of expression in the context of trademarks*", Iustinianus Primus Law Rewiev, special eddition 2020.

54. Ричлиев, Зоран, „*Препораки за зголемен интегритет и професионално ниво на онлајн медиуми*". Здружение на новинари на Македонија, 2017 година.

55. Савески, Ненад „(Де) Криминализација на кривичните дела Клевета и Навреда" - , Скопје, Мај 2012

56. Salaverría, Ramón „*Ideas para renovar la investigación sobre medios digitales*". El profesional de la información, v. 24, n. 3, 2015.

57. Samuelson, Pam, „*Legally Speaking: Europe's Controversial Digital Copyright Directive Finalized*", Communications of the ACM, Vol. 19/2019.

58. Selk. Avi, „*A running list of companies that no longer want the Daily Stormer's business*". Washington Post. 16 Aug. 2017. Web. 14 Aug 2019.

59. Senftleben, Martin, „*Bermuda Triangle – Licensing, Filtering and Privileging User-Generated Content Under the New Directive on Copyright in the Digital Single Market*" E.I.P.R. 2019, 41(8).

60. Smith, Jeff. „*Designing Against Misinformation – Facebook Design – Medium*". Medium. 20 Dec. 2017. Web. 13 Apr. 2018.

61. Smith, Lydia. „*Spain blocks Catalan independence websites in bid to prevent referendum*“. The Independent. 28 Sept. 2017. Web. 14 Aug 2019.

62. Steensen, Steen; Ahva, Laura, „*Theories of journalism in a digital age: An exploration and introduction*“. Digital journalism, v. 3, n. 1, 2015.

63. Stream SEO. „*10 Best Google Adsense Alternatives (2018 Edition)“.* Stream SEO. 17 Aug. 2012. Web. 14 Aug 2019.

64. Tahiri, Sefer & Adamcevski, Micer „*Reporting in the Public Interest - Protection of the Ethical Principles in the Media Reporting through the Work of the Press Complaints Commission. Council of Media Ethics of Macedonia*“, (2017).

65. Tambini, D., Leonardi, D.. „*The privatisation of censorship: self-regulation and freedom of expression*“, In: "Codifying cyberspace: communications self-regulation in the age of internet convergence, London: UCL Press, 2008.

66. Urban, Jennifer, Karaganis, Joe, and Schofield, Brianna, „*Notice and Takedown: Online Service Provider and Rightsholder Accounts of Everyday Practice*“ (November 1, 2017).

67. Usadel, Philipp. *„Copyright law and the access to education and knowledge in the digital age: matching limitations and exceptions in Portugal, Brazil and Mozambique“.* Dissertation. Maastricht University: Shaker, 2016.

68. Vitaliev, D. „*Content and Censorship*“. In APC ICT Policy Handbook, November 2009.

69. Vosoughi, Soroush, Roy, Deb, and Aral, Sinan. „*The spread of true and false news online*“. Science 359, no. 6380 (2018).

70. Williams, Andy; Harte, David, „*Hyperlocal news*“. In: Witschge, Tamara; Anderson, C. W.; Domingo, David; Hermida, Alfred (eds.). The SAGE handbook of digital journalism. London: SAGE, 2016.

71. Wolf, Cornelia; Godulla, Alexander, „*Potentials of digital longforms in journalism. A survey among mobile Internet users about the relevance of online devices, Internet-specific qualities, and modes of payment“. Journal of media business studies, v. 13, n. 4, 2016.*

72. Zdraveva, Neda, „*Freedom of expression vs. Right to privacy: The role of ECHR in modelling civil liability for damage*“, Iustinianus Primus Law Review, special eddition 2020.

73. Шкариќ, Светомир, Силјановска - Давкова, Гордана, „*Уставно право*“, 2009.

КОРИСТЕНИ ОНЛАЈН ПУБЛИКАЦИИ

1. BuzzFeed. „*How Teens in The Balkans Are Duping Trump Supporters with Fake News*“. BuzzFeed. n.d. 4 Aug 2019.
2. Center for Human Rights in Iran. „*Iran’s Severely Disrupted Internet During Protests: 'Websites Hardly Open'*“. Center for Human Rights in Iran. 2 Jan. 2018. Web. 14 Aug 2019.
3. „Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions: A Digital Single Market Strategy for Europe“. COM(2015) 192 final, 06.05.2015.
4. „*Fake news definition and meaning*“, Collins English Dictionary. Collinsdictionary.com. 4 Aug 2019.
5. „*Fighting Fake News: transparency, responsibility and Internet literacy needed* | News | European Parliament“. EU. n.d. 4 Aug 2019.
6. „*Final report of the High Level Expert Group on Fake News and Online Disinformation*“. Digital Single Market. n.d. 4 Aug 2019.
7. „*Macedonia in the digital age – between the rights and responsibilities while communicating on Internet*“, Macedonian Institute for the Media (2015).
8. Македонски институт за медиуми, „*Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет*“, 2015 година, Скопје.
9. „*Measuring the Information Society*“, ITU, 2010, Executive Summary.

10. „*Media Ownership and Its Impact on Media Independence and Pluralism*“ (Ljubljana: The Peace Institute and the Institute for Contemporary Social and Political Studies, 2004).
11. „*Online Harms White Paper*“ (Department for Digital, Culture, Media & Sport et al, April 8, 2019).
12. OSCE Representative on Freedom of the Media (2008) „*The media self-regulation guidebook*“.
13. „*Остварување на правото на слобода на изразување - теорија и практика*“, Здружение на граѓани Институт за човекови права Здружение за развој Центар за управување со промени, 2017.
14. „*Regulation on Security Assessment of Internet Information Services Having Public-Opinion Attributes or Social Mobilization Capabilities*“ (Cyberspace Administration of China, November 15, 2018).
15. „*The Collins Word of the Year 2017 is....*“, Collins English Dictionary Collinsdictionary.com. n.d. 4 Aug 2019.
16. „*The Freedom Online Coalition Joint Statement on State Sponsored Network*“ Disruptions” (Freedom Online Coalition, 2017).
17. „*The Information Technology*“ [Intermediaries Guidelines (Amendment) Rules]” (Ministry of Electronics and Information Technology, December 24, 2018).
18. Wikipedia Contributors. „*Domain Name System*“. Wikipedia, the Free Encyclopedia. Wikipedia Foundation, n.d. Web. 14 Aug 2019.
19. „*ZenMate SafeSearch - Fake News Detector“.* Zenmate.com. 12 Apr. 2018. Web. 14 Ауг 2019.

КОРИСТЕНИ ПРАВНИ АКТИ

1. *Art. 17(5) DSM Directive. (Text with EEA relevance)* (notified under document number C(2003) 1422) (OJ L 124, 20.5.2003.

2. *Bill No. 608767-7: On Amendments to the Federal Law "On Communications" and the Federal Law "On Information, Information Technologies and Information Protection"" (State Duma Committee on Information Policy, Information Technologies and Communications*, April 22, 2019.
3. *Directive (EU) 2019/790 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 on copyright and related rights in the Digital Single Market (DSM Directive).* E.I.P.R. 2019, 41(7).
4. *Directive 2014/56/EU of the European Parliament and of the Council* of 16 April 2014.
5. *Директива 2001/29/ЕЗ која хармонизира одредени аспекти од авторското право и поврзаните права во информатичкото општество* (од 22.05.2001 година), позната уште како Infosoc directive.
6. *Директива 2001/84/ЕЗ за правото на авторот на препродажба на оригинално уметничко дело* (од 27.09.2001 година).
7. *Директива 2004/48/ЕЗ за спроведување на правата на интелектуална сопственост* (од 29 април 2004 година).
8. *Директива 91/250/ЕЕЗ за законска заштита за компјутерски програми* (од 14.05.1991 година).
9. *Директива 92/100/ЕЕЗ за законот за изнајмување, позајмување и поврзани права на индустриска сопственост* (од 19.11.1992 година).
10. *Директива 93/83/ЕЕЗ за авторското право и поврзаните права применливи на сателитско емитување и кабловски пренос* (од 27.09.1993 година).
11. *Директива 93/98/ЕЕЗ за хармонизација на времетраењето на заштитата на авторското право и поврзаните права на индустриска сопственост* (од 29.10.1993 година).
12. *Директива 96/9/ЕЗ за правната заштита на базите на податоци* (од 11.03.1996 година).
13. *Устав на Република Македонија,* донесен на 17 ноември 1991 година, и објавен во „Службен весник на РМ“ број 52 од 22.11.1991 година.
14. *Закон за авторското право и сродни права на Република Македонија* „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2010; 140/2010; 51/2011 и 147/2013, 154/15 и 27/16 .

15. *Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги* „Службен весник на Република Македонија” бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014 и 132/2014.
16. *Законот за електронските комуникации* „Службен весник на Република Македонија” бр. 39/2014.
17. *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета* Службен весник на РМ, Бр.143/2012.
18. *Закон за медиуми* „Службен весник на Република Македонија” бр. 184/2013 и 13/2014.;
19. *Закон за облигациони односи* „Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013.

## КОРИСТЕНИ ДОМЕЈНИ

*1. http://agk-ks.org*
*2. http://assembly.coe.int*
*3. http://bezomrazno.mk*
*4. http://copyrightblog.kluweriplaw.com*
*5. http://library.fes.de*
*6. https://link.springer.com*
*7. http://makedonskosonce.com*
*8. http://map.opennet.net*
*9. http://ssnm.org.mk*
*10. http://www.assemblee-nationale.fr*
*11. http://www.balkancsd.net*
*12. http://www.bsr.org*
*13. http://www.digitalnewsreport.org*
*14. http://www.fosspatents.com*
*15. http://www.gazetazyrtare.com*
*16. http://www.iprhelpdesk.eu*
*17. http://www.medialawinternational.com*

18. *http://www.sindikatmedija.me*
19. *http://www.studentworldonline.com*
20. *http://www.unesco.org*
21. *https://accountablejournalism.org*
22. *https://allpartywritersgroup.co.uk*
23. *https://balkaninsight.com*
24. *https://books.openedition.org*
25. *https://cadmus.eui.eu*
26. *https://cms.law*
27. *https://cpj.org*
28. *https://crithink.mk*
29. *https://crta.rs*
30. *https://datasociety.net*
31. *https://dijalogkoneu.mk*
32. *https://edition.cnn.com*
33. *https://edri.org*
34. *https://euobserver.com*
35. *https://eur-lex.europa.eu*
36. *https://fdocuments.us*
37. *https://freedomhouse. org*
38. *https://freemuse.org*
39. *https://ipkitten.blogspot.com*
40. *https://law.unimelb.edu.au*
41. *https://legalealbania.com*
42. *https://lrus.wolterskluwer.com*
43. *https://meta.mk*
44. *https://metamorphosis.org.mk*
45. *https://mim.org.mk*
46. *https://nvoinfocentar.mk*
47. *https://op.europa.eu*
48. *https://papers.ssrn.com*

49. *https://pen-international.org*
50. *https://privacyinternational.org*
51. *https://rankingdigitalrights.org*
52. *https://repository.upenn.edu*
53. *https://safejournalists.net*
54. *https://search.coe.int*
55. *https://seemo.org*
56. *https://serbia.mom-rsf.org*
57. *https://slideplayer.com*
58. *https://travelsdocbox.com*
59. *https://unesdoc.unesco.org*
60. *https://vistinomer.mk*
61. *https://vlada.mk*
62. *https://www.amazon.com*
63. *https://www.article19.org*
64. *https://www.balcanicaucaso.org*
65. *https://www.bbc.com*
66. *https://www.bloomberg.com*
67. *https://www.bmjv.de*
68. *https://www.ceps.eu*
69. *https://www.cidh.oas.org*
70. *https://www.coe.int*
71. *https://www.communia-association.org*
72. *https://www.create.ac.uk*
73. *https://www.dnb.com*
74. *https://www.echr.coe.int*
75. *https://www.eff.org*
76. *https://www.ener.gov.mk*
77. *https://www.eulex-kosovo.eu*
78. *https://www.europarl.europa.eu*
79. *https://www.freedomonlinecoalition.com*

80. *https://www.ftc.gov*
81. *https://www.gov.uk*
82. *https://www.government.nl*
83. *https://www.gradjanske.org*
84. *https://www.european-views.com*
85. *https://www.icj.org*
86. *https://www.ifj.org*
87. *https://www.irex.org*
88. *https://www.ivir.nl*
89. *https://www.kla.tv*
90. *https://www.kofiannanfoundation.org*
91. *https://www.kultura.gov.rs*
92. *https://www.le.ac.uk*
93. *https://www.lexadin.nl*
94. *https://www.lexology.com*
95. *https://www.liberties.eu*
96. *https://www.media.ba*
97. *https://www.mioa.gov.mk*
98. *https://www.nytco.com*
99. *https://www.ohchr.org*
100. *https://www.osce.org*
101. *https://www.pravda.gov.mk*
102. *https://www.pravdiko.mk*
103. *https://www.presserat.at*
104. *https://www.rak.ba*
105. *https://www.rcfp.org*
106. *https://www.researchgate.net*
107. *https://www.slobodnaevropa.mk*
108. *https://www.sobranie.mk*
109. *https://www.tandfonline.com*
110. *https://www.telemedicus.info*

111. *https://www.theguardian.com*
112. *https://www.trin.cam.ac.uk*
113. *https://www.un.org*
114. *https://www.vzs.ba*
115. *https://www.wikiwand.com*
116. *https://www.wipo.int*
117. *https://www.youtube.com*
118. *https://www.zslaw.rs*
119. *https://znm.org.mk*
120. *https://ukimmk-my.sharepoint.com*